**УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"-СКОПЈЕ**
**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**
**ИНСТИТУТ ЗА ИСТОРИЈА**

# ТРАНЗИЦИЈАТА ВО ЗЕМЈИТЕ НА ИСТОЧНА ЕВРОПА ПО ПАДОТ НА БЕРЛИНСКИОТ ЅИД
**(ДОКТОРСКА ТЕЗА)**

**МЕНТОР** **КАНДИДАТ**
**ПРОФ. Д-Р МАРГАРИТА ПЕШЕВСКА** **М-Р ГОРАНЧО ЈАКИМОВ**

**СКОПЈЕ 2014**

## *Предговор*

Есента во 1989-та година падна Берлинскиот ѕид. Како симбол на вештачката поделба помеѓу Западна и Источна Европа, помеѓу демократијата и комунизмот, ѕидот падна мирно, без пролевање на крв, а со тоа слободата повторно почна да се шири низ нашиот континент. Дваесетина години подоцна, НАТО почна да се трансформира од алијанса на Студената војна во проширен безбедносен клуб, кој започна да се соочува со глобалните предизвици; а Европската Унија инкорпорира многу источноевропски земји, овозможувајќи им на многу граѓани да си ги подобрат животните стандарди и слободно да патуваат. Во Германија дваесетина години по падот на ѕидот, луѓето од Исток и Запад ја слават годишнината од своето повторно обединување како и основањето на Федералната Република, чиј демократски и економски успех беше во голема мера обликуван од првиот канцелар Конрад Аденауер. Во Западен Балкан, дваесет години по настаните во 1989-тата година политичкиот пејсаж драматично се промени, а независна Македонија (како и другите соседни земји) се на прагот од евроинтеграцијата. Граѓаните од Западен Балкан сакаат да се приклучат кон ЕУ што е можно поскоро. Европската Унија особено е привлечна за младите луѓе кои сакаат да уживаат во можностите што ги нуди живеењето во рамките на европската заедница. Последиците од времето кога постоеше Берлинскиот ѕид сеуште се чуствуваат и тие треба да претставуваат лекции за сите нас особено за политичките елити кои што се наоѓаат на власт и кои што треба да ги водат своите земји по патот на демократската транзиција. Периодот на комунизмот и социјализмот во земјите од Источна Европа ќе остави длабока трага во животите на многу луѓе кои што ќе страдаат поради нивното различно политичко убедување или критикување на актуелните власти. Во периодот на транзиција голем дел од социјалистичките лидери и нивни соработници ќе успеат да извлечат големи придобивки и сеуште ќе имаат влијание врз политичките процеси на донесување на одлуки. Сеуште

постојат институции од поранешните режими кои фунционираат не реформирани во новите државни структури и влади.

Демократската транзиција не е само промена на симболи, владини институции и имиња, туку пред се таа претставува промена на менталитетот кај луѓето кои живееле во поранешните комунистички земји. Поради тоа што владите на младите демократии не би требало да ги повторуваат грешките на старите - демократиите на Источна Европа - со разбирање на минатото - имаат можност да се движат директно и да создадат соработка кон заедничката цел на евроинтеграција.

## *Вовед*

Со завршувањето на Втората светска војна ќе биде заклучено едно од најнесреќните поглавија од долгата историја на европскиот континент. Но и покрај завршувањето на оваа војна во 1945 година, европските земји уште долги години ќе ги чувствуваат и ќе мора да живеат со последиците од неа. Со самото доаѓање на крајот на војната, до израз ќе дојдат разликите во интересите на големите сили, сојузници во антихитлеровата коалиција. Токму од таа причина и покрај исклучително добриот економски развој на поедини земји, европскиот континент и понатаму ќе остане поделен, а на обете страни на т. н. железна завеса ќе бидат распоредени, и конвенцијални сили и илјадници боеви глави.

По завршувањето на војната ќе дојде до прераспределба на политичката, општествената, економската и воената моќ во светот. Од војната Европа ќе излезе разрушена и економски уништена, а од друга страна САД ќе излезе економски зајакната и несомнено претставувала моќен меѓународен фактор, заедно со СССР. Повеќе од било кога, ќе биде разнишана самодовербата кај европските сили, а одлуките за политичката иднина на Европа ќе бидат носени во Вашингтон и Москва. Наместо да настапи период на разбирање помеѓу народите, состојбата ќе тргне во спротивен правец.

Европа во 1945 година ќе се соочи со криза не само затоа што ќе ја изгуби доминантната положба, туку затоа што ќе биде загрозен самиот опстанок на континентот. Релативното опаѓање на влијанието на Европа е долготраен и тежок процес кој што ќе започне многу порано, како последица од политичките, економските, општествените и во ништо помалку важни демографските движења. Тоа ќе биде резултат од двете светски војни, кои што некои ги нарекуваат и европски граѓански војни, од фашистичката агресивна тиранија и нараснатите националистички страсти.

Материјалните загуби во Европа во Втората светска војна, ќе бидат неспоредливо поголеми отколку во Првата светска војна. Големи делови од Европа ќе бидат буквално опустошени и претворени во рушевини и тоа: Полска и Русија, Југославија и Грчка, Италија и Северна Франција, Белгија и Холандија, а во последните месеци од војната и Германија. И Русите и Германците при повлекувањето се држеле до политиката на „запалена земја", и како резултат на таа политика ниту еден град во Европа нема да остане сосема неоштетен. Некои градови, како што е на пример Варшава, ќе биде толку уништен што се поставувало прашањето дали воопшто ќе може да се обнови. Берлин, Германската престолнина, исто така ќе биде претворен во крш и шут. Огромно оштетување ќе им биде направено на Булоњ, Авр, Руан и Брест во Франција, а делови од Холандија ќе бидат поплавени или потполно потопени. Во Италија најмногу ќе настрадаат индустриските и трговските центри, Наполи, Милано и Торино. Делумно ќе бидат уништени и многу други градови како на пример: Пиза, Верона, Лион, Будимпешта, Ленинград, Киев, Краков и многу други. Со претворањето на овие градови во рушевини, поголем дел од нивното население ќе остане без своите домови, покуќнината, облека и обувки, а цела Европа ќе се најде на прагот од закана со глад, поради недостатокот од храна. Сето ова ќе ја направи Европа политички неспособна и ќе биде доведена до економско уништување.

Европа освен економската ќе ја изгуби и културната превласт во светот. Под притисок на тоталитарните режими уште во триесеттите години од XX-тиот век голем дел од научниците, а посебно од Германија, ќе избегаат во САД. Престижот на европските високоучилишни установи ќе го заземат американските универзитети, а Њујорк ќе стане позначаен книжевен, музички и уметнички центар од било која европска престолнина.

Историјата на повоената Европа нема да биде секаде иста, од причина што тука не се работи за историја на еден континент, туку за историја на многу држави. Постојат заеднички црти и заеднички правци, но ќе постојат и многу несогласувања пред се поради различните национални особености и интереси. Токму од овие причини европската соработка ќе се одвива многу

бавно, и ќе биде пропратена со постојано самопотврдување на националните политики.

Политичката карта на Средна и Источна Европа по завршувањето на војната коренито ќе биде изменета. Источна Европа освен со името, со се друго ќе му припадне на СССР. Германија повеќе нема да биде единствена, а малите и средни држави од Западна Европа нема да бидат способни сами да се бранат, и нема да можат да опстанат самостојно, ниту политички, ниту економски. Британија иако ќе биде една од победничките, во 1945 година ќе биде исто толку сиромашна како и поголемиот дел од европските држави. За да ја добие војната таа ќе мора да се задолжи, а за да опстане по завршувањето на војната ќе мора да продаде третина од своите прекуокеански имоти. Нејзината економија ќе биде целосно зависна од увозот на прехрамбени производи и поголем дел од потребните суровини. Франција ќе биде ослабена во скоро ист обем, но иако помалку зависна од увозот, и таа ќе биде соочена со економски проблеми, инфлација и политичка нестабилност.

Во првите години по завршувањето на војната комунистичките партии од Западна и Средна Европа имале големи шанси да победат на изборите, затоа што тие ќе одиграат значајна улога во движењата на отпор во поголемиот дел од земјите кои ќе се најдат под нацистичка окупација. Тие со симпатии ќе гледаат кон Сталин и СССР кој што по војната ќе излезат во најголема воена сила на европско тло. Од таа причина, а главно поради стравот дека Сталин нема да се задоволи со претворањето на Источна Европа во советска зона на влијание, многу од државите на Европа ќе прифатат да соработуваат помеѓу себе и ќе дојде до формирање на Атлантскиот пакт (НАТО). Но најверојатно Сталин воопшто немал намера да ја нападне Западна Европа, а и самата политика на Сталин на прекројување на Источна Европа по советски модел нема да допринесе за подобрување на советската безбедност.

Смртта на Сталин, во 1953 година нема да донесе никаква промена во односите помеѓу двата блока. Сталиновите наследници ниту во еден момент

не само што нема да помислат да го намалат своето влијание во Источна Европа, туку нема ниту да покажат спремност да дозволат полиберален комунистички режим, што Унгарија (1956 год.) и Чехословачка (1968 год.) ќе го почуствуваат на своја кожа. Хрушчов, Брежњев и нивните соработници ќе бидат убедени дека комунистичкиот систем функционира сосем добро и дека ќе го добие натпреварот со Западот. Според нивното мислење непостоела никаква потреба за реформи, а камоли за радикални промени.

Односите помеѓу големите сили во 80-те години на XX век се повеќе ќе добиваат нови правци кои недвосмислено укажувале дека конечно доаѓало до крај на студената војна. До промена во политиката на СССР ќе дојде после победата на реформските сили во 1985 година, иако уште од многу порано небеше тајна дека комунистичкиот систем веќе не функционира. Економското заостанување на источноевропските земји ќе го зголеми песимизмот кај нивните граѓани бидејќи немало никаков раст во економијата како што се тврдело, животниот век бил скратен, била зголемена смртноста кај новороденчињата, зголемена била продажбата на алкохолот, и сето ова ќе биде огледало на Истокот. Сето ова докажувало дека Москва нема капацитет, елан и правец за да се справи со неизбежната пропаст, но и покрај ваквата реалност советските лидери ќе тврдат дека во блиска иднина Истокот ќе го стигне Западот, па дури и ќе го престигне. Оваа теорија можела да биде реалност се додека земјите од Источниот блок практично биле изолирани од надворешните информации, со што биле оневозможени да направат споредба со својата, и реалноста во земјите од Западна Европа. Причината за ваквото заостанување на Истокот ќе мора да ја бараме кај нестручните планери, негрижата на високите и делумно на ниските чиновници кои никогаш не ги сработувале зададените задачи и ги лажирале статистичките податоци, а биле и се повеќе корумпирани. Можеме слободно да кажеме дека локалните партиски секретари владееле со земјите како спахии од XIX век. Лошото водење на земјоделството ќе доведе до уништување на селото, односно масовна миграција од село во град.

Но главна причина за промените кои што ќе се случат нема да биде економскиот фактор, туку губењето на довербата помеѓу оние кои што владеат и оние со кои што владеат, односно вербата во системот и неговата доктрина. Веднаш по доаѓањето на Горбачов на власт ќе биде направена радикална ревизија на советската внатрешна и надворешна политика. Откако ќе биде согледано дека земјите од Источна Европа економски и воено го исцрпуваат СССР ќе биде одлучено на секоја земја да и биде дозволено да тргне по свој пат. Со тоа всушност ќе биде овозможено во земјите од Источна Европа да бидат воспоставени демократски (односно подемократски влади) и ќе биде започнат процесот на десоветизација на Источна Европа, а со тоа ќе биде отворен патот кон заеднички европски дом и конечно ќе му биде ставено крај на политичкото уредување кое ќе го подели континентот, и со години ќе предизвикува напнатост.

Рушењето на Берлискиот ѕид и обединувањето на двете Германии, ќе претставува посебен момент за отпочнување на процесот на обединување на европските земји, иако до пред само неколку години никој не би поверувал дека е можен таков развој на настаните. Истовремено овој настан симболично ќе значи пад на социјализмот, Европско обединување, и почеток на една нова историја на Европскиот континент. Но и покрај сите позитивни моменти процесот на транзиција односно промени во обединета Германија ќе се одвива многу бавно, а главна причина ќе биде големата економска разлика помеѓу Источна и Западна Геманија. И покрај големите вложувања изедначувањето на двата дела ќе оди многу тешко.

За тоа колку биле спротивставени двата блока, доказ е тоа што во овој период, додека во земјите од Западна Европа се случувале интеграциони процеси, во земјите од Источна Европа ќе започне процес на крајна дезинтеграција познат како период на транзиција, од која што нема да биде поштедена ниту една земја од источноевропскиот блок. Но сепак Истокот ќе добие можност да оди кон демократизација и пазарна економија.

Сите овие случувања значеле рушење на империјата на Источниот блок, односно победа на Западот над Истокот и завршување на студената војна, но и почеток на нови делби во меѓусебните односи во светот.

Земјите во кои ќе биде срушен социјализмот на почетокот со голем ентузијазам гледале на промените и се надевале дека тие ќе донесат повисок стандард на живеење. Но како минувало времето надежта кај нив постепено ќе почне да гасне бидејќи тие опфатени од транзицијата минувале низ многу критичен период. Ќе дојде до брзо опаѓање на производството поради распадот на источниот пазар, а овие земји требало да бидат конкурентни на западните пазари со производи кои во никој случај неможеле да се споредат по квалитет и цените со оние од Западот. Дополнителна потешкотија ќе биде воведувањето на рецесија од страна на западните земји со што тие си ги заштитувале своите производи.

Промените, односно транзицијата во земјите од Источна Европа, требало да придонесе да дојде до обединување на целиот стар континент на политички, воен и економски план. За да можат да бидат постигнати стандардите на земјите од Западниот свет, од народите кои ја преживувале транзицијата се барала се поголема издржливост во остварувањето на реформите. За да им го олеснат патот, за да ја остварат својата цел, земјите од Западот ќе им дадат огромна финансиска помош на своите соседи од Истокот.

Резултатите од процесите кои што ќе се случат во Источна Европа, односно постсоцијалистичката транзиција и интегрирањето во Европската Унија се видливи. Процесот на трансформација на општественото уредување, освен што ќе значи преминување од еден вид во друг, во секоја земја опфатена од овој процес, ќе биде различен. Некои ќе успеат многу брзо да го завршат тој процес и нивниот успех ќе биде награден со интегрирање, односно со влез во Европската Унија.

## ГЛАВА I: Комунизмот во Источна Европа

### 1. *Промениṫе во земјиṫе на Исṫочна Европа ṗо Вṫораṫа свеṫска војна*

Најдолгата и најразорна војна во современата историја, односно Втората светска војна, во Европа ќе заврши со капитулирањето на Германија на 7 мај 1945 година.[1] Документот со кој што ќе капитулира Германија ќе биде потпишан во Ремс, помеѓу фелдмаршалот Јодл во име на Вермахтот[2], и генерал-полковникот Бедел Смит во име на американските и британските сили.[3] Следниот ден во вечерните часови на 8 мај 1945 година ќе биде одржана слична церемонија во Берлин со што ќе бидат завршени непријателствата и помеѓу Русија и Германија.[4] На оваа церемонија советската делегација ќе биде предводена од маршалот Георгиј Жуков, американската од генералот Спаатс, британската од маршалот Тедер а француската од генералот Делатр де Тесињ. Делегацијата од Германија ќе биде предводена од фелдмаршалот Кајтел.[5] Според овој договор непријателствата ќе престанат во 23 часот и 01 минута по средноевропско време.[6]

Пред да биде потпишано примирјето дел од Франција, Белгија и Италија и цела Источна Европа веќе ќе бидат ослободени, а во рацете на нацистите ќе се наоѓа мал дел од Германија, Норвешка, Данска и делови од Чехословачка. Хитлер ќе изврши самоубиство во својот бункер неколку дена

---

[1] Jeremy Isaacs and Taylor Downing, Cold War. London 1998, str. 19.
[2] Така се нарекувале вооружените сили на Германија од 1935 до 1945 година.
[3] Други светски рат том III, Београд: „Народна књига", 1982 година, 351 стр.
[4] При потпишувањето на Документот во Ремс, руски и француски офицери ќе бидат само сведоци.
[5] А. К. Соколов, В. С. Тяжельникова, Курс Советской истории 1941-1991. Москва: „Вьісшая школа" 1999, стр. 116.
[6] М. И. Семиряги, Страняі Центральной и Юго-восточнои Европьі по Второй мировой войне. Москва 1972, 112.

дена пред потпишувањето на капитулацијата, а Мусолини при обидот за бегство ќе биде фатен и обесен од страна на партизаните.

По завршувањето на Втората светска војна политичката карта на Европа, односно картата на Средна и Источна Европа ќе биде коренито променета. Во целата ситуација најголем добитник ќе биде СССР односно повторно ќе ги заземе балтичките земји[7] кои што за првпат ќе ги присвои во 1940 година, ќе ја анектира источна Прусија, на Финска ќе и ја одземе областа Петсамо и Карелија, на Чехословачка ќе и ја одземе Поткарпатската област, а на Романија ќе и ги одземе Бесарабија и Буковина.[8] Уште во септември 1939 година врз основа на пактот со Германија[9], СССР ќе го окупира источниот дел од Полска, територија која што за време на војната ќе ја изгуби, но во 1944 година повторно ќе ја окупира и ќе остане во негови раце и откако ќе заврши војната. Како компензација за изгубената територија на исток, Полска ќе добие проширување на својата територија на запад со повеќе од 200 км, на сметка на претходната германска територија на линијата Одра-Ниса. Ваквата промена на границата односно ваквото навлегување на Полска во некогашниот дел на Германија и протерување на милиони Германци од своите вековни огништа, ќе предизвика огромни административни проблеми во Германија. Западните сили ваквата промена на границата, на Потсдамската конференција, ќе ја прифатат со негодување бидејќи повеќе од очигледно ќе биде дека ваквата територијална промена многу лесно можела да се претвори во извор на политички немири токму во срцето на Европа.[10]

Германија како што ќе биде договорено уште пред завршувањето на војната ќе биде поделена на окупациони зони.[11] Според решението на земјите сојузнички донесено на 5 јуни 1945 година, Германија ќе биде поделена на четири окупациони зони. Источните области: Саксонија, Тирингија, Бранденбург и Мекленбург ќе бидат под контрола на СССР. Во британската

[7] Летонија, Латвија и Естонија
[8] Волтер Лакер, Историја Европе 1945-1992. Београд: „Клио", 1999 година, 34 стр.
[9] Пактот бил потпишан помеѓу министрите Рибентроп и Молотов на 23 август 1939 година.
[10] А. К. Соколов, В. С. Тяжельникова, Op. cit., 117.
[11] Првиот протокол за поделба на Германија на окупациони зони ќе биде потпишан уште на 12 септември 1944 година во Лондон.

зона влегувале: Рајнската област, Рур, Долна Саксонија и Северна Германија, а американската и француската зона се наоѓале во јужниот дел од Германија. Главниот град Берлин иако се наоѓал во руската зона бил поделен на четири сектори.[12] Повеќе од јасно ќе биде дека ваквата поделба ќе води кон создавање на две германски држави со различни општествени уредувања.

Иако со потпишувањето на Атланската повелба било предвидено дека по завршувањето на војната секоја нација ќе има право на самоопределување, некои одлуки кои што ќе бидат донесени по завршувањето на војната ќе бидат неправедни и сосема спротивни од веќе признатите начела за самоопределување.[13] По завршувањето на Втората светска војна етничките проблеми воопшто нема да бидат земани во предвид. Главно прашање ќе биде рамнотежата на силите и односот Исток-Запад.[14]

Токму поради сложеноста на етничката карта на Источна Европа одбележувањето на новите граници нема да биде така едноставно, а со самото тоа и решавањето на етничките проблеми ќе биде многу сложено. Како пример ќе ја земеме Трансилванија, област на која полагале право и Романија и Унгарија. Меѓутоа, унгарските доселеници се наоѓале на источниот дел од Тансилванија кој што е најоддалечен од Унгарија, а делот кој што се наоѓал покрај Унгарија бил населен со Романци. Праведното решавање на овој проблем единствено би можело да биде постигнат со некој вид на компромис или со создавање на мноштво од мини држави. Компромисот за решавање на етничките прашања главно зависел од улогата на географските и економските фактори и посебно од улогата на поедини земји во самата војна, односно дали се наоѓале на страната на победниците или губитниците.

За време и по завршувањето на Втората светска војна ќе се случи најголемата миграција во Европа каква што нема да биде запаметена векови наназад. Повеќе од четириесет милиони луѓе ќе бидат истерани од своите домови и претворени во бегалци. Откако ќе заврши војната во Германија ќе

[12] М. И. Семирјаги, Op. cit.,131.
[13] Други светски рат том I, Београд: „Народна књига", 1982 година, 284 стр.
[14] Волтер Лакер, Op cit., 36.

има околу шест милиони раселени лица односно воени заробеници и принудни работници. Од германските области источно од линијата Одра-Ниса и од Чехословачка и Унгарија, во Западна Германија ќе побегнат околу десет милиони Германци. Ваквата миграција од советската зона во Западна Германија ќе продолжи се до подигањето на Берлинскиот ѕид во 1961 година.

Миграција на населението ќе има и во Финска односно во областа Карелија, ќе има и стотици илјади раселени Пољаци, Украинци, Латвијци, Евреи и други. Откако ќе биде исцртана политичката карта на Источна Европа со склучувањето на Договорот помеѓу СССР, Југославија, Романија, Чехословачка и Унгарија за размена на малцинставата ќе се случи нов бран на миграција на населението. Стотици илјади Полјаци од областите кои што ќе му припаднат на СССР ќе мигрираат во новодобиените западни територии. Северните области од Чехословачка во кои што претходно живееле Судетските Германци ќе бидат преземени од страна на доселеници Чеси и Словаци.[15]

Овие миграциони процеси повторно ќе ја исцртуваат картата на Средна и Источна Европа, односно ќе биде прекината германската колонизација кон Исток и вековното движење на Пољаците и Литванците кон Исток. Таа ќе биде заменета со руско движење на запад, а тоа ќе предизвика доаѓање на голем број на бегалци во Западна Германија.

## 2. *Воспоставување и функционирање на еднопартискиот систем во земјите на Народна демократија*

На крајот од војната цела Источна Европа и Балканскиот Полуостров, со исклучок на Грција, Албанија и Југославија, ќе бидат под советска окупација, и сите овие земји со исклучок само на Грција официјално ќе бидат наречени земји на Народна демократија, односно ќе станат советски

[15] Ibid, 38.

сателити.[16] Политиката на СССР и Сталин ќе има една единствена цел: изградување на бранична зона преку целата западна граница на земјата. Ова ќе биде се со цел за да биде осигурана Русија дека никогаш повторно нема да биде нападната од тлото на Европа. Од таа причина ќе биде и настојувањето на Сталин во сите ослободени земји од страна на Црвената Армија да бидат поставени на власт просоветски режими, преку кои тој ќе ја има комплетната контрола во сите овие земји. Но и покрај целата воена моќ на СССР и Сталин остварувањето на ваквата политика нема да се одвива така лесно. Во многу региони Комунистите сеуште ќе бидат малцинство. Така на пример во Унгарија на изборите одржани во ноември 1945 година и покрај влијанието на Советската армија, Комунистите ќе освојат само 17% од вкупниот број на гласови. Комунистите во Полска нема да се осмелат да организираат избори до јануари 1947 година. Единствено во Чехословачка, на изборите одржани во мај 1946 година, Комунистите ќе освојат 38% од вкупниот број на гласови и Министри од редовите на Комунистите ќе партиципираат во демократски избраната влада на чело со претседателот Едвард Бенеш[17].

Политичкиот развој на настаните во сите овие земји во првите десет години после 1945 година ќе се движи по слични патишта. Во првите моменти во сите овие земји ќе бидат воспоставени коалиции од сите партии, со исклучок на фашистичките и екстремно десните партии. Но при составувањето на новите влади Сталин ќе инсистира министрите за внатрешни работи, правда и економија да бидат поставувани од редовите на Комунистичките партии.[18] На овој начин ќе биде обезбедена контролата над полицијата и внатрешната безбедност од страна на комунистичките партии кои пак ќе бидат под директно влијание на СССР и Сталин. После година - две овие коалиции ќе бидат заменети со нови во кои што комунистите ќе ги добијат раководните функции и конечно „народниот фронт" ќе биде заменет

---

[16] Ibid., 101.

[17] Едвард Бенеш (28 мај 1884 -3 септември 1948 год.) е вториот претседател на независна Чехословачка од 1935 до 1938 година и од 1945 до 1948 година кој што по доаѓањето на комунистите ќе даде оставка.

[18] Jeremy Isaacs and Taylor Downing. Op. cit., 28.

со еднопартискиот комунистички режим. Но процесот нема да запре на оваа точка, туку ќе продолжи со чистки внатре во комунистичките партии. Први жртви на овие партиски чистки ќе бидат партиските водачи кои што ќе бидат обвинети за националкомунистичко скршнување и тоа: Рајк во Унгарија, Гомулка во Полска, Патраскану во Романија и Трајчо Костов во Бугарија.

### *а) Германија*

Создавањето на двете Германии ќе биде резултат на одлуките кои ќе ги донесат сојузниците на антихитлеровската коалиција на Конференцијата одржана во Потсдам. Во Потсдам Германија ќе биде поделена на четири окупациони зони (американска, британска, француска и советска) за одредено време, кои ќе бидат под команда на големите сили, а ќе биде избран и Совет со седиште во Берлин, кој и самиот ќе биде поделен на четири сектори.[19] Советот ќе биде формиран со цел да се укине нацизмот и да се создадат услови за демократско уредување, а со поделбата на Германија требало да и биде оневозможено повторно да зајакне и да се претвори во сила која би можела да предизвика повторно војна. Но кризата околу улогата на Советот ќе избие веднаш после неговото формирање од причина што претставниците на американскиот, британскиот и францускиот дел ќе се определат за капитализам додека оние од советскиот дел за социјализам. Имено Советот немал никакво влијание, затоа што секој ќе работи по своја волја.[20]

Веднаш после завршувањето на војната политичкиот живот во Германија нема да бележи некоја посебна активност. Во општиот хаос кој што владеел во 1945 и 1946 година многу поважно ќе биде да се обезбеди храна и место за живеење отколку учество во политиката. Целата одговорност за водењето на иднината на Германија ќе падне во рацете на окупационите сили. Од страна на СССР веднаш по завршувањето на војната ќе бидат востановени

[19] Маргарита Пешевска, Светот во транзиција, Скопје 2002, стр. 77.
[20] Ibid, 78.

политички партии во нивната окупациона зона, во британската тоа ќе се случи во август 1945, во американската во септември, а во француската во декември истата година. Но ако го земеме во предвид фактот дека тоа е време кога окупаторската власт била присутна во сите нивоа, можеме лесно да сфатиме колкава била улогата на тие партии.[21]

Во Источна Германија уште пред да бидат завршени борбите, со авион од Москва во Берлин, ќе пристигне Волтер Улбрихт[22] и останатите комунистички лидери. Со помош на окупационата армија тие за кратко време ќе ја претворат Комунистичката партија во моќен политички фактор.[23] На 21 и 22 април 1946 година ќе биде одржана првата конференција на Единствената социјалистичка партија на Германија (Sozialistische Einheitspartei Deutschlads-СЕД) која што ќе биде формирана со обединување на Комунистичката партија на Германија (КПГ) и Социјалдемократската партија на Германија (СДПГ).[24] Со ова обединување социјалдемократите едноставно ќе се стопат во Комунистичката партија.[25] Ова ќе претставува значаен момент за идниот развој на настаните во Источна Германија.[26] На изборите одржани во октомври 1946 година СЕД ќе освои 47,8% од вкупниот број на гласови, а другата половина ќе и припадне на граѓанските партии односно на Христијанско-демократскиот сојуз (ХДС) 26,5% и на Либерално-демократската партија (ЛДП) 22,7%.[27] Присуството на советската армија ќе му овозможи на СССР да изврши револуција одозгора, односно сите промени во општествено-политичкиот живот ќе бидат донесени преку декрети без изјаснување на народот. Во 1946 година ќе бидат формирани акциони

[21] Norman M. Naimark, The Russians in Germany: A History of the Soviet Zone of Occupation, 1945-1949. Harvard University Press 1995, str. 132.
[22] Волтер Улбрихт (!893-1973) ќе биде централна личност од источногерманските лидери и оваа положба ќе ја задржи повеќе од дваесет години. Типичен послушник на Сталин, инаку нема да биде ниту добар говорник ниту идеолог, но ќе биде способен организатор и енергичен шеф на партијата.
[23] Волтер Лакер, Op. cit., 111.
[24] Историô внешне$ политики СССР 1945-1976, том II, Москва: „Наука" , 1977 година, стр. 68.
[25] Од КПГ (со 600 000 членови на чело со Вилхелм Пик) и СПГ (со 680 000 членови на чело со Ото Гротевол) ќе биде формирана СЕД.
[26] М. И. Семиряги, Op. cit.,133.
[27] Историô внешне$ политики СССР 1945-1976, Op. cit., 69.

друштва кои требало да работат за СССР на име на исплаќање на репарации.[28] Овој систем ќе биде составен од 213 претпријатија под контрола на Советите, кои што не дозволувале во нивната работа да се мешааат западните земји.[29] Во првите две години после завршувањето на војната од страна на СССР во Источна Германија ќе биде спроведувана остра политика, спроведување на аграрна реформа, одземање на големите имоти, фабрики и уметнички богатства, која што неминовно ќе предивика тешкотии и против комунистите ќе се свртат не само средната класа туку и голем дел од работниците и селаните.[30] Ова ќе доведе до лош резултат за комунистите на локалните избори одржани во зимата 1945/46 во советската зона по што ќе дојде до болшевизирање на партијата и отстранување на сите независни политички партии.

Ваквото постепено наметнување на комунистичка диктатура во Источна Германија во текот на 1945/1946 година ќе предизвика радикална промена во политиката на западните окупациони сили. Од страна на Советскиот Сојуз во 1946 година ќе биде одбиен и предлогот на Хари Труман[31] со кој се предвидувало четирите земји кои го спроведувале окупациониот систем да склучат договор според кој се предвидувала демилитаризација на 25 години.[32] Ваквиот став на Советскиот Сојуз, од страна на Запад ќе биде оценет како цел за воведување на комунизам во цела Германија.

Силните реакции на Советскиот Сојуз на секоја критика од страна на западните сили, постепено ќе ги предизвика Американците и Британците да ја прилагодат својата политика неводејќи веќе грижа за советските желби и жалби. Во јануари 1947 година американската и британската зона ќе бидат споени во една економска единица.[33] За разлика од источниот дел, западните сојузници ќе вложуваат големи средства за обновување на стопанството. Со

---

[28] Ibid, 44 и 45.
[29] Маргарита Пешевска,Op. cit., 78.
[30] Волтер Лакер, Op. cit., 115.
[31] Хари Труман (1884-1972) американски политичар и 33-тиот претседател на САД во периодот од 1945 до 1953 година.
[32] Charles Bohlen, Svedok povjesti. Zagreb 1973 godina, str. 207.
[33] Историб внешне$ политики СССР 1945-1976, Op. cit., 77.

усвојувањето на нов економски план постепено ќе бидат укинати сите претходно наметнати ограничувања на германското индустриско производство. Ваквиот тек на настаните ќе доведе до меѓусебни обвинувања на состанокот одржан во Москва во март 1947 година, на кој што присуствувале министрите за надворешни работи на четирите земји заинтересирани за Германија.[34] Советскиот министер за надворешни работи ќе ги обвини западните земји дека сакаат да ја милитаризираат Германија и ќе потенцира дека Советите нема да дозволат да дојде до обединување на Германија, односно припојување на источниот со западниот дел.[35] Заклучокот од состанокот ќе биде дека двете страни имаат намера да формираат од Германија две самостојни држави.[36]

Откако ќе пропадне идејата за создавање на единствена управа во Германија, на 1 мај 1947 година, од американската и британската зона ќе биде создадена т.н. Бизонија. Французите во почетокот ќе бидат против германското обединување, но откако нема да успеат да ги убедат Русите да го променат курсот на својата политика, тие самите ќе го променат својот курс и од летото 1947 година сите три западни сили ќе почнат со спроведување на иста политика. На состанокот одржан во Лондон на 6 март 1948 година министрите за надворешни работи на САД, Велика Британија и Франција, ќе решат трите окупациони зони да бидат обединети. После каквата одлука било решено да бидат спроведени економски реформи и строга монетарна реформа.[37] Промената на валутата ќе биде направена на 17 јуни 1948 година со цел да се дојде до побрз развиток на Германија. Геманските индустријалци ќе бидат рехабилитирани, ќе бидат ослободени и ќе им бидат вратени претходно одземените фабрики. Воведувањето на пазарна економија ќе доведе до зголемување на цените и невработеноста меѓутоа и едното и другото веднаш ќе биде ставено под строг надзор и ќе прераснат во

[34] На состанокот ќе присуствувааат министрите за надворешни работи на Британија: Ернест Бевин, на САД: Џорџ Маршал, на СССР: Молотов и на Франција: Жорж Бидаулт.
[35] Историô внешне$ политики СССР 1945-1976, Op. cit., 71.
[36] Charles Bohlen, Op. cit., 266.
[37] А. К. Соколов, В. С. Тяжельникова, Op. cit., 138.

стабилност и потполна запосленост. Продавниците ќе бидат преполни со роба каква немало во последните шест години, за шест месеци производството ќе порасне за 50%, а во текот на следната година за уште 25%. Ќе биде забрзано вложувањето на средства во стопанството и тоа од страна на САД преку Маршаловиот план до 1951 година ќе бидат внесени 3,2 милијарди долари. Но не само од САД вложување на средства ќе има и од Велика Британија 680 милиони и од Франција 15,7 милиони долари.[38]

Советскиот Сојуз остро ќе се спротивстави на ваквата политика на Западните сили, а посебно на монетарната реформа, бидејќи сметал дека тоа е уште ден чекор кон соединување на трите западни зони.[39] Два месеци пред монетарната реформа маршалот Соколовски ќе ја напушти седницата на контролниот совет со што всушност на 20 март 1948 година тој ќе се распадне.[40] Ова ќе биде знак дека три години после завршувањето на војната е завршена соработката помеѓу сојузничките сили во Германија.

Веднаш после овие настани Советскиот Сојуз ќе одлучи да изврши притисок врз Западните сили, а тоа ќе го направи преку неговата најслаба точка, односно Берлин.[41] Ноќта на 23 јуни 1948 година ќе биде запрен целиот сообраќај помеѓу западната зона и Берлин со што ќе биде запрено доставувањето на храна и гориво од Запад, од кое што опстанокот на Берлин бил целосно зависен.[42] Целта на ова постапка ќе биде изгладнување на Берлин и негово предавање, затоа што тој ќе биде единствениот отвор на железната завеса, преку кој ќе има секојдневно пребегнување на луѓе од источниот во западниот дел.[43] Пред западните сојузници ќе биде поставена тешка задача за снабдување на Берлин преку единствениот воздушен пат кој што освен што ќе биде многу скап, ќе биде и многу ризичен начин, затоа што многу лесно би можел да предизвика воен судир со Советскиот Сојуз. Но согледувајќи ја важноста за опстанокот на Берлин, импровизираниот

[38] Предраг Милијевиќ, Берлин шта је све у питању. Београд 1961, стр. 11.
[39] Волтер Лакер, Op. cit., 118.
[40] Маргарита Пешевска, Op. cit., 79.
[41] А. К. Соколов, В. С. Тяжельникова, Op. cit., 139.
[42] Овој настан во историјата е познат како Берлинска криза.
[43] Ivan Berend, Centralna i Istočna Evropa 1944-1993. Podgorica 2001, str. 61.

„воздушен мост" ќе функционира беспрекорно.[44] Во Западен Берлин ќе бидат пренесени околу милион и половина тони роба, вклучувајќи и 900 000 тони јаглен со што населението од западниот дел на Берлин ќе биде спасено од глад и смрзнување. Единствениот начин за запирање на западните авиони ќе биде да бидат нападнати, но Советските власти ќе бидат свесни дека ваквата постапка директно води кон вооружен судар. Откако Сталин ќе увиди дека целата ситуација станува многу опасна, ќе почне полека да се повлекува и конечно на 12 мај 1949 година, после повеќе од 300 денови блокадата на Берлин ќе биде запрена. Блокадата на Берлин ќе им покаже на САД и неговите сојузници од Европа дека новиот непријател дефинитивно е СССР, ќе започне поделбата на Западен и Источен блок и ќе се создаде страв од нова војна.[45]

Во западната зона, откако на 23 мај 1949 година ќе биде формирана Врховна сојузничка команда,[46] на 21 септември 1949 година ќе биде прогласена Сојузна Република Германија со седиште во Бон.[47] За нејзин прв канцелар ќе биде избран Конрад Аденауер.[48] Заради поуспешна демократизација на СР Германија, сојузничките влади го намалиле окупациониот притисок и во април 1951 година таа ќе стане членка на новооснованата Европска заедница за јаглен и челик, а еден месец покасно ќе биде примена во Советот на Европа.[49] Во јули 1951 година САД, Велика Британија и Франција ќе изјават дека прекинале непријателствата со Германија, а сличен договор со СССР ќе биде потпишан дури 1955 година.

[44] Американскиот врховен командант, генералот Лусиус Клеј сметал дека во случај да падне Берлин во рацете на СССР, всушност тоа значи паѓање на цела Германија, а веднаш потоа и на цела Европа.
[45] Jeremy Isaacs and Taylor Downing, Op. cit., 79.
[46] Карел Натек и Марјета Натек, Државите во светот. Љубљана: Младинска книга 2000, 44.
[47] А. К. Соколов, В. С. Тяжельникова, Op. cit., 139.
[48] Конрад Аденауер (1876-1967) побожен католик, потекнува од Рајнската област и е еден од првите водачи на Демохристијанската партија и ќе има главна улога во политиката на СР Германија. Тој нема да биде обожавател на пруската традиција и ќе ја застапува политиката на соработка со западните сили, пред се помирувањето со Франција, традиционалниот германски непријател. Главна карактеристика на неговиот карактер ќе биде одлучноста и упорноста.
[49] Карел Натек и Марјета Натек, Op. cit., 46.

Западна Германија во 1951 година ќе го наименува својот прв министер за надворешни работи Конрад Аденауер и своите први дипломатски претставници. Со Парискиот договор склучен во 1954 година ќе биде укината окупационата состојба и надзорната власт на западните сојузници, а западните трупи стационирани во Западна Германија ќе останат и понатаму но на основа на нови договори. Во октомври 1954 година СР Германија ќе биде примена во Атланскиот пакт, а следната година таа ќе го добие и првиот министер за одбрана, Теодор Бланк. Сето ова ќе води кон политичка стабилност во СР Германија која главно ќе се должи на економската стабилност која што не би можела да биде постигната без Маршаловиот план, преку кој во периодот од 1948 до 1952 година ќе пристигне помош од 1,5 милијарди долари.

Додека СР Германија во секој поглед ќе стане дел од западниот политички, економски и воен систем, Источна Германија (ДР Германија) создадена со формирањето на нејзиниот парламент од страна на СССР на 7 октомври 1949 година, ќе биде третирана за една од првите „народни демократии" на Истокот. Со формирањето на ДР Германија Берлин ќе се најде во положба на строга контрола под воената влада на новоформираната држава. Веднаш ќе биде формирана Службата за државна безбедност позната под името Штази која што по некои карактеристики ќе претставува дупликат на ЦИА. Волтер Улбрихт иако ќе биде најмоќната личност во Источна Германија нема да застане на чело на првата влада. За прв претседател на ДР Германија на 11 октомври ќе биде избран Вилхелм Пик[50], а за премиер Ото Гротевол.[51] Со новиот Устав ќе биде прифатен социјализмот како општествено уредување, а ДР Германија од федерација ќе биде дефинирана како „Република на работници и селани". На изборите кои што ќе бидат одржани во октомври 1950 година веќе постоечката влада ќе освои 99,7% од гласовите.[52] Развитокот на ДР Германија ќе се одвива по веќе востановениот принцип во Источна Европа. Најпрво сите партии освен

[50] Вилхелм Пик ќе биде ветеран во Работничко движење во Германија.
[51] М. И. Семиряги, Op. cit.,134.
[52] Волтер Лакер, Op. cit., 122.

комунистичката ќе бидат уништени, а потоа комунистичкото раководство ќе направи чистки во своите редови кои што ќе траат до смртта на Сталин во март 1953 години и со кои што ќе бидат отстранети сите сомнителни и непожелни елементи. Иако со послаба динамика од соседните земји, и во Источна Германија ќе биде извршена колективизација во земјоделството по примерот од СССР.

За разлика од соседните земји од Источниот блок, лидерите од ДР Германија ќе бидат соочени со многу сложени задачи. Нивните граѓани ќе бидат свесни за се што се случува во другиот дел од некогашната заедничка татковина, а нивното незадоволство од тоталитарната политика спроведувана од Комунистичката партија под директива на СССР ќе го манифестираат со напуштање на своите домови и пребегнување во ДР Германија.[53] Водечките политички личности се повеќе ќе ја губат довербата кај народот во неможноста да одговорат на предизвикот кој доаѓал од Западот чиј економски просперитет ќе биде особено привлечен за населението од ДР Германија. Од страна на СЕД ќе биде заземен нов курс во економската политика со кој што требало да бидат зголемени инвестициите во лесната индустрија и да биде зголемена трговијата, со што би се подобрила положбата на народот.

Покрај сите проблем со кои ќе биде соочено политичкото раководство, во 1952-1953 година во ДР Германија како резултат од масовното изнесување на секаков вид на стока од страна на СССР ќе дојде до тешка економска криза. Првиот Петгодишен план (1951-1955) кој што претставувал централизирано државно планирање ќе предизвика вистински егзодус на граѓаните од Источна во Западна Германија. Економската криза и зголемувањето на квотите кај работниците ќе резултира со штрајк на источноберлинските градежни работници на 17 јуни 1953 година, кој што ќе се претвори во масовни демонстрации и општ бунт.[54] За да биде сочуван комунистичкиот

[53] Само во март 1953 година од Источна во Западна Германија ќе пребегнат 58 000 луѓе.
[54] А. К. Соколов, В. С. Тяжельникова, Op. cit., 207.

режим на власт ќе следи енергична интервенција од страна на советските вооружени сили, при што ќе биде употребено и тешко вооружување.[55]

Во 1955 година ДР Германија и официјално ќе стане независна, но Советското влијание и понатаму ќе остане. Од 17 до 20 септември 1955 година канцеларот Ото Гротевол ќе биде повикан на средба во Москва на која ќе биде постигнат договор кој што официјално ќе биде истакнат на 6 октомври, а со него ќе и биде дозволено на ДР Германија слободно да одлучува за прашања од внатрешната и надорешната политика вклучувајќи ги тука и односите со СР Германија како друга држава.[56] Во следната 1956 година во ДР Германија ќе бидат формирани и првите армиски вооружени сили (Националната народна армија), иако специјалната полиција уште во 1952 година ќе биде вооружена со тенкови и друго оружје. Во истата година таа ќе стане и членка на Варшавскиот пакт, кој што всушност претставувал источноевропска воена организација под директно влијание и контрола на СССР.[57]

На партискиот пленум на СЕД одржан во јули 1956 година ќе биде потврдена лидерската позиција на Улбрихт и ќе биде презентиран новиот петогодишен план (1956-1960). Планот ќе биде познат под слоганот „модернизација, механизација и автоматизација" со што всушност ќе биде нагласен новиот фокус на технолошкиот прогрес. На пленумот ќе биде истакната и целта за развиток на нуклеарната енергија, што ќе вроди со активирање на првиот нуклеарен реактор во ДР Германија уште во следната 1957 година. Владата ќе ги зголеми производните квоти во индустријата за 55% и ќе го обнови вниманието кон тешката индустрија. Со новиот петогодишен план било предвидено вложување повеќе напор во спроведувањето на колективизација и национализацијата во аграрот и комплетна национализација во индустрискиот сектор. До 1958 година производството на земјоделски производи воглавно ќе се наоѓа во рацете на

[55] При интервенцијата на Советската армија ќе има најмалку 125 убиени демонстранти.
[56] Во септември 1955 година при посетата на К. Аденауер на Москва ќе бидат воспоставени дипломатски односи помеѓу СССР и СР Германија.
[57] Волтер Лакер, Op. cit., 392.

околу 750 000 приватни фармери кои што поседувале 70% од вкупната обработлива земја, наспроти околу само 6000 земјоделски комбинати. Во 1958 - 1959 година од страна на СЕД ќе бидат зголемени квотите за приватните фармери, а ќе бидат и формирани тимови кои што требало да го поттикнат процесот на доброволна колективизација во селата. До средината на 1960 година околу 85% од обработливата земја ќе биде инкорпорирана во земјоделските комбинати, а бројот на приватните фармери кои што ќе бидат вклучени во комбинатите ќе биде зголемен за околу 9%. После извршената национализација во индустријата, приватниот сектор до средината на 1960 година ќе поседува само 6% од вкупното индустриско производство.

Новиот план кој што ќе биде донесен ќе се однесува за период од седум години и тоа од 1959 до 1965. Со новиот план било предвидено да биде надминат економскиот раст од Западна Германија до крајот на 1961 година, а тоа требало да биде постигнато со повторно зголемување на квотите во призводството за околу 85%. Со овие постапки ќе биде зголемена миграцијата од исток кон запад, од 143 000 во 1959 на 199 000 во 1960 година. Посебно загрижувачки ќе биде фактот што 50% од емигрантите ќе бидат помлади од 25 години.

На 10 ноември 1958 година во говорот одржан во Москва од страна на Никита Хрушчов ќе биде објавен почеток на нова битка за Берлин. Две недели подоцна од страна на Советскиот сојуз ќе биде упатен ултиматум до западните сили во кој во рок од шест месеци се барало да биде укинат окупациониот статус на Западен Берлин и западните сили имплицитно да ја признаат владата на ДР Германија.[58] Доколку не биде исполнет ултиматумот Советскиот сојуз предвидувал потпишување на сепаратен мировен договор со ДР Германија после кој сите претходно стекнати права на Западните сили во Берлин и предмети за договарања во иднина ќе бидат предадени во рацете на суверената и независна држава Демократска Република Германија.[59] Но Никита Хрушчов ќе одлучи да го одложи реализирањето на ултиматумот до

[58] Волтер Лакер, Op. cit., 395.
[59] Jeremy Isaacs and Taylor Downing, Op. cit., 165.

конференцијата која што требало да се одржи во Женева во средината на 1959 година. На конференцијата ќе учествуваат министрите за надворешни работи на четирите сили и нема да дојде до заеднички договор. Во септември 1959 година на покана на Ајзенхауер, Хрушчов ќе биде првиот Советски лидер кој што ќе отпатува на посета во САД.[60] На средбата помеѓу двајцата лидери на двете најмоќни земји во светот ќе биде одлучено дека дијалогот треба да продолжи до самитот закажан да се одржи во Париз во мај 1960 година. Но дијалогот ќе биде запрен поради рушењето на американскиот шпиунски авион У-2 од страна на советските сили над Свердловск на 1 мај 1960 година.[61]

Во втората половина од 1960 година притисокот од страна на СССР ќе биде зголемен, по неуспешната средба во почетокот на јуни помеѓу Хрушчов и новиот американски претседател Џон Кенеди. Во еден говор одржан во јули 1961 година во московската Воена академија, Хрушчов ќе објави дека поради се поголемата меѓународна напнатост ќе биде повлечена одлуката за намалување на бројната состојба на советската армија и дека воениот буџет ќе биде зголемен за една третина. Но до попуштање нема да дојде од страна на западните земји и тие отворено ќе дадат до знаење дека нема да отстапат од својата положба во Берлин и дека немаaат намера да ја признаат ДР Германија. За да биде задржана неутралноста на Западен Берлин, Улбрихт ќе им даде одредени ветувања на западните сојузници, но во исто време на своите сонародници ќе им објави дека откако ќе биде склучен сепаратен мировен договор со СССР, неговата влада ќе го преземе во свои раце и Западен Берлин. На 16 јули 1961 година во Москва ќе допатува бившиот висок американски комесар во Германија, како личен пратеник на претседателот Кенеди. По одржната средба со Хрушчов, и изјавите дадени по неа, повеќе од јасно ќе биде дека е невозможно да се дојде до меѓусебен договор.

---

[60] За да ја покаже големината на Советската техничка супериорност Хрушчов ќе допатува во САД со најголемиот во светот авион, Советскиот Ту-114.
[61] А. К. Соколов, В. С. Тяжельникова, Op. cit., 220.

Хрушчов ќе продолжи со својата офанзивна политика и во почетокот на август 1961 година на тајна средба на членките од Варшавскиот пакт ќе биде одлучено да се затвори границата помеѓу Источен и Западен Берлин.[62] Тоа ќе претставува ризичен чекор, меѓутоа советското раководство сметало дека тоа мора да биде направено. Источна Германија секоја недела ќе губи повеќе илјади од своите граѓани кои што ќе бидат привлечени од слободата и богатството од Западот. Во последната недела од месец јули 1961 година десет илјади источногермански бегалци ќе се појават во приемните центри во Западен Берлин, а во текот на само еден ден на 7 август истата година ќе се пријават повеќе од две илјади бегалци. Ова за ДР Германија нема да претставува само губење на престижот со СР Германија, туку не запирањето на огромниот бран на бегалци ќе биде сериозна закана за источногерманската економија.

За да го запрат пребегнувањето на Источните Германци на Запад, Советскиот Сојуз ќе реши да го изгради Берлинскиот ѕид, под изговор дека на Запад се одлева голем број на кадри со што се правела голема штета на ДР Германија.[63] И покрај изјавите на 15 јуни 1961 година на тогашниот лидер на ДР Германија Валтер Улбрихт, дека нема намера да изгради ѕид, сепак ѕидот ќе почне да се гради на 13 август 1961 година под супервизија натогашниот секретар за безбедност, Ерих Хонекер, инаку иден лидер на ДР Германија.[64] Премините меѓу Источен и Западен Берлин ќе бидат затворени со бодликава жица и бетонски столбови. На некои места границата ќе минува среде улици дури и ќе минува и преку гробиштата. Ѕидот што ќе го подели Берлин ќе биде од блокови од армиран бетон со висина од 3,6 метри.[65] Со него во целост ќе бидат одделени Источен од Западен Берлин, а протокот на луѓе од едниот во другиот дел ќе биде под строга контрола од страна на Националната народна армија. Во периодот од 28 години додека ќе постои ѕидот ќе има многу жртви

[62] Ibid.
[63] Во периодот помеѓу 1949 година, кога е создадена ДР Германија, и 1961 година околу 2,8 милиони Германци ќе ја поминат границата односно ќе пребегнат во Западна Германија.
[64] Маргарита Пешевска, Op. cit., 80.
[65] Историја, Младинска книга Скопје, 2009, стр. 426.

Германци од ДР Германија кои што ќе се обидат да ја напуштат државата и да пребегаат на запад.[66] Жителите од Западен Берлин и Западна Германија ќе бидат шокирани од изградбата на ѕидот и ќе бараат преземање на конкретни чекори од западните сили против ова грубо кршење на меѓународните закони. Но во овие момент западните сили нема да бидат подготвени за преземање на воен противудар и во нивниот концепт Источен Берлин претставувал дел од советската зона на влијание во која комунистите имаат потполна слобода на делување. Подготвеност за понатамошно заострување на ситуацијата нема да има ниту кај Хрушчов и Улбрихт и токму во таа насока за извесно време ќе биде одложено потпишувањето на сепаратниот мировен договор со што притисокот постепено ќе биде намален.[67]

На тој начин комунистичкиот режим ќе ја осигура својата положба во земјата, а сето ова ќе значи дека почнала да се гради антифашистичката бариера, а што всушност значело признавање на поразот во економскиот натпревар со Западот. ДР Германија уште во педесетите години нема да може да одржи чекор со СР Германија која што економски многу брзо ќе напредува а со тоа пропагандата за предностите на социјалистичкиот плански систем ќе се покаже како неуспешна. После 1962 година, особено после Шестиот конгрес на Партијата одржан во 1963 година ќе биде усвоена пофлексибилна економска политика со што во следните пет години ДР Германија ќе добие најразвиена индустрија надвор од границите од СССР и ќе има највисок стандард во земјите од Комеконот.

Со подигањето на Берлинскиот ѕид источногерманските водачи ќе добијат тешка задача со која требало да им всадат на своите поданици чувство на посебен национален идентитет затоа што мнозинството сметало дека поделбата на Германија е вештачка и привремена. Тие во секој момент ќе нагласуваат дека Западна Германија не само што е туѓа земја, туку е и

[66] Првата жртва ќе биде дваесет и четиригодишниот Гинтер Лифтан кој што ќе биде застрелан при обидот да ја преплива реката Шпреј.
[67] Германија прослави 20 години од падот на ѕидот.-Нова Македонија (Скопје) 21833 (10 ноември 2009), стр.1.

најголем непријател и за нив обединување е единствено можно ако комунизмот дојде на власт во Западна Германија.

Следен чекор на владата ќе биде добивање на дипломатско признавање во светот и на тој начин да ја победи СР Германија во обидот да се претстави како единствен претставник на Германија. Во земјите од Третиот свет оваа политика ќе постигне одредени успеси но и покрај притисокот на СССР големите земји како што се Египет и Индија нема да се согласат на дипломатско признавање на ДР Германија. Во 1966 година Убрихт ќе го посети Белград со што ќе направи обид да ги поправи односите со „неправоверните сили од комунистичкиот свет".

Во надворешната политика Улбрихт ќе се фокусира на зацврстување на врските со земјите од Варшавскиот пакт. Во 1967 година ќе ги убедува Чехословачка, Унгарија, Полска и Бугарија да склучат билатерални договори за заедничка помош со ДР Германија. Ова политика на Улбрихт подоцна ќе биде прифатена од овие земји и нормализирањето на нивните односи со СР Германија ќе биде условено со формалното признавање на ДР Германија од страна на Бон односно СР Германија.

Во 1968 година Улбрихт ќе се залага за прекинување на односите на земјите од Советскиот блок со индустријализираниот Запад и за посилно поврзување на земјите од Комикенот за нивен побрз екомски развој. Од таа причина тој ќе го нападне новиот курс на политика на Прага и ќе ја подржи и воената интервенцијата на Советските трупи во Прага заедно со воените трупи од Варшавскиот пакт. Обновата на демократијата во Чехословачка во 1968 година всушност ќе предизвика страв во Источна Германија и Улбрихт ќе биде еден од оние кои што ќе вршат притисок врз советското раководство да извршат ивтервенција. Во текот на посетата на Чехословачка во 1968 година од страна на Улбрихт тој ќе изјави дека источногерманската младина не е вклучена во револуционерните, разорни активности, туку само пее весели песни.[68]

[68] Волтер Лакер, Op. cit., 496.

Во 1969 година ќе се случат крупни промени во СР Германија, односно на изборите кои што ќе се одржат истата година власта ќе ја освои Социјалдемократската партија (СДП). Главна цел на лидерот на СДП Вили Брант ќе биде подобрување на односите со Истокот (Ostpolitik).[69] Брантовата основна определба ќе биде нормализацијата на односите со ДР Германија и подобрување на врските со СССР и останатите источноевропски земји.[70] Но Брант никогаш нема да му сврти грб на западниот сојуз од причина што знаел дека без присуството на САД неговата Ostpolitik никогаш не би успеала но сепак негова претпоставка ќе биде дека е подобро што порано да дојде до намалување на американското присуство во Европа. Под водство на Брант надворешната политика на СР Германија раководена според основното определување на Ostpolitik ќе покаже многу повеќе разбирање за советските проблеми.

Во август 1970 година, после долги и исклучително сложени преговори, СССР и СР Германија ќе го потпишат Московскиот договор во кој што двете земји ќе се обврзат дека нема да има напаѓање во нивните односи, ќе се грижат за безбедоста како во Европа така и во светот и ќе ја потврдат линијата Одра-Ниса. СР Германија требало да се откаже од своите претходни залагања на меѓународната сцена да ја претставува цела Германија. Москва подоцна ќе изврши притисок врз ДР Германија за да започне билатерални преговори со СР Германија. Во СР Германија голем дел од она што ќе биде договорено ќе биде прифатено со огромно мнозинство. Улбрихт на ваквата политика ќе се спротивстави, а неговата лидерска позиција се повеќе ќе ослабнува. Под притисок на Советскиот сојуз Улбрихт ќе мора да поднесе оставка бидејќи тој ќе биде главната пречка во постигнувањето на договор.

Во 1971 година најмоќната личност во ДР Германија, Волтер Улбрихт ќе ја замени Ерик Хонекер кој што бил член на Централниот комитет на партијата. Во мај 1971 година Централниот комитет ќе го избере Ерик

---

[69] Ostpolitik-нормализација на односите со ДР Германија и подобрување на врските со СССР и останатите источноевропски земји.

[70] Кевин Уилсън и Ян ван дер Дусен, История на европейската идея. София: „Военно издателствог 2004, стр. 191.

Хонекер за генерален секретар на партијата. На Улбрихт ќе му биде дозволено да го задржи претеседателското место на државното собрание, на кое ќе му бидат намалени ингеренциите, се до неговата смрт во 1973 година. Под раководство на Хонекер, ДР Германија ќе ги подобри односите со многу од некомунистичките нации, односно земји.[71] Но и покрај што ќе бидат остварени средби помеѓу лидерите Вили Брант и Ерик Хонекер нема да има видливи резултати. Единствено ќе има мало подобрување на тешката судбина на источногерманското население и на постарите ќе им биде овозможено полесно да преминуваат од Исток, во посета кај своите роднини на Запад.

На осмиот Конгрес на Партијата одржан во јуни 1971 година, Хонекер ќе ја претстави политичката програма на новиот режим. Во неговото редефинирање на надворешната политика, тој ќе се откаже од објективното соединување на Германија и неговата идеологија ќе биде политика на разграничување или демаркација или сепарација. Според новата програма државата ќе биде дефинирана како поинаква „социјалистичка држава" и ќе биде нагласена приврзаноста или оданоста кон СССР.

Со потпишувањето на Берлинскиот договор во 1971 година и Главен договор со СР Германија во декември 1972 година ќе дојде до нормализација на односите помеѓу СР Германија и ДР Германија. Берлинскиот договор ќе биде потпишан од страна на САД, СССР, Франција и Велика Британија и со неговото стапување на сила во јуни 1972 година ќе бидат осигурени трговијата и сообраќајните врски помеѓу Источна и Западна Германија со цел да биде подобрена комуникацијата помеѓу Источен Берлин и Западен Берлин. Од страна на СССР ќе биде поставен услов според кој под никои услови не би било дозволено соединување на Западен Берлин со СР Германија. Со Главниот договор во јуни 1973 година ќе дојде до политичко признавање на двете Германски држави и двете држави ќе се обрзат дека ќе ја почитуваат меѓусебната сувереност. Во септември 1973

[71] До 1960 година само СССР и уште неколку комунистички земји ќе имаат воспоставено дипломатски односи со ДР Германија.

година двете држави ќе бидат примени во Обединетите нации и на тој начин ДР Германија ќе добие меѓународно признание.[72]

Во 1974 година со амандманска интервенција во Уставот на ДР Германија ќе бидат избришани сите референци кои што во себе го содржат поимот „Германска нација" и ДР Германија ќе биде дефинирана како социјалистичка национална држава на работници и селани. Политиката на Хонекер ќе води кон зајакнување на врските помеѓу двете Германски држави. Тоа ќе овозможи секоја година помеѓу 5-7 милиони Германци од Западна Германија да ја посетат Источна Германија. Телефонските и поштенските врски помеѓу двете држави ќе бидат видливо подобрени а со тоа ќе биде овозможена подобра комуникација и обновување на пријателските и семејните врски помеѓу граѓаните од двете држави. Преку зголемените директни контакти а особено преку радиото и телевизијата граѓаните од Источна Германија ќе можат да се уверат во политичката и материјалната предност на Западна Германија. Западна Германија ќе биде снабдувач на Источна Германија со квалитетни технички и луксузни производи.

Како дел од зближувањето на Истокот и Западот, ДР Германија ќе учествува на Конференцијата за Безбедност и Соработка во Европа, во јули 1975 година ќе биде потпишан Хелсиншкиот Финален Акт со кој што се гарантирале човековите права. Со потпишувањето на овој Акт требало да им биде овозможено на 120 000 граѓани на ДР Германија да емигрираат во СР Германија но нивните аплицирања ќе бидат одбиени.

Но и покрај сите овие позитивни текови Хонекер и неговата политика ќе биде во насока на одвојување и создавање на посебен или различен идентитет помеѓу ДР Германија и СР Германија. Како резултат од Деветтиот Партиски Конгрес одржан во мај 1976 година, ДР Германија сериозно ќе се зафати со создавање на своја посебна историја од СР Германија. Спрема сите оние елементи кои што нема да се согласуваат со политиката на СЕД ќе бидат применувани најразлични репресивни мерки. Дисидентите главно ќе потекнуваат од круговите на интелегенцијата која што ќе бара од СЕД да

[72] Карел Натек и Марјета Натек, Op. cit., 46.

бидат извршени демократски реформи. Во ноември 1976 година поради десидентски активности од ДР Германија ќе бидат протерани поетот Волф Биерман и актерот Роберт Хавеман. Поучени од репресивните мерки, СЕД ќе успее да дисциплинира повеќе од 100 дисиденти.

Но и покрај сите мерки кои што ќе бидат презамани од страна на владата на ДР Германија појавата на дисиденти нема да биде во целост искоренета. Тие своите ставови на политичко несогласување со властите во ДР Германија ќе почнат да ги објавуваат во весници и друга најразлична литература во СР Германија. Еден таков пример е написот на Рудолф Бакро „Мртва Алтернатива" објавен во СР Германија во август 1977. Во написот ќе биде објавено апсењето на авторот, неговото затворање и депортирање во СР Германија. Кон крајот на 1977 година во западногерманскиот весник Дер Шпигел ќе се појави манифестот на „Лигата на Демократските Комунисти на Германија" која што наводно ќе биде основана од анонимни средни и високи функционери од СЕД кои што се залагале за спроведување на демократски реформи како подготовка за повторно обединување. Политиката која што ќе ја води владеачката гарнитура во ДР Германија се до 1981 година главно ќе биде репресивна политика насочена за борба со десидентите.

На Десеттиот Партиски Конгрес на СЕД, одржан во април 1981 година, воглавно дискусијата ќе се води за подобрување на економската состојба, стабилизирање на социјалистичкиот систем, за постигнатите успеси во надворешната политика и зајакнување на односите со СР Германија. На овој партиски конгрес ќе биде потенцирана моќта на партијата во сите сфери на општеството во ДР Германија а нејзиниот Генерален Секретар Хонекер ќе ја нагласи важноста од едуцирање на партискиот кадар со што уште повеќе би се зајакнала позицијата на партијата. Идејата за воведување на демократски централизам за Хонекер ќе биде неприфатлива и понатаму ќе остане цврстиот централизам внатре во партијата. Ќе биде донесена програмата за

економската и социјалната политика во државата, а на надворешен план ќе биде потврдена послушноста односно преданоста кон СССР.[73]

Но и покрај овие позитивни придвижувања политиката на Политбирото и Секретаријатот во многу работи ќе остане непроменета. Конгресот одржан во април 1981 година ќе биде фокусиран главно на новиот петгодишен план кој се однесувал на периодот од 1981 до 1985 година а со него било предвидено зголемување на продуктивност, поголема успешност во искористувањето на природните ресурси и подобар квалитет во производството. Но и покрај заложбите и овој петгодишен план нема да биде исполнет а тоа ќе предизвика бројни критики и незадоволство кај граѓаните со што ќе биде разнишана довербата во Комунистичката партија.

### *б) Чехословачка*

Во Чехословачка по Втората светска војна ќе биде формирана влада на национален фронт, во која ќе влезат членови од повеќе партии. Комунистичката партија на релативно слободните изборите одржани во мај 1946 година ќе освои 38% од вкупниот број на гласови и ќе излезе како најголема сила во земјата, а по неа ќе следат Чешката народна социјалистичка партија со 18%, Народната партија со 16%.[74] Рамнотежата ќе биде гарантирана со тоа што за претседател ќе биде поставен Едвард Бенеш, сам за себе институција во континуитет, а за премиер Клемент Готвалд, предводник на комунистите.[75] Клучната позиција, министер за надворешни работи ќе му биде дадена на Јан Масарик, син на основачот на републиката. Комунистичката превласт во владата нема да биде потполна: полицијата ќе биде во рацете на комунистите, но министерот за правда кој што нема да биде

[73] Показател за политиката на неприкосновено согласување на ДР Германија со политиката на СССР ќе биде и одобрувањето на советската интервенција во Авганистан. За разлика од комунистите во ДР Германија, комунистите од Југославија, Романија и Италија ќе истапат со остри критики упатени до СССР.
[74] Карел Натек и Марјета Натек, Op. cit., 185.
[75] Ivan Berend, Centralna i Istočna Evropa 1944-1993. Podgorica, 2001, str. 41.

комунист, многу често ќе одбива да ги одобри нивните постапки, или ќе ги поништува нивните наредби.

Некомунистичките партии се повеќе ќе ја зголемуваат својата популарност и моќ. Во редовите на социјалдемократите ќе се појават многу кои што ќе се противат на ставовите на нивниот лидер Здењек Фирлингер, според кои партијата се претворила готово иста како комунистичката. Со одлука од страна на мнозинството во партијата во ноември 1947 година Фирлингер ќе биде отстранет од местото партиски раководител. Ова ќе предизвика страв кај комунистите од нивно можно надгласување и загрозување на нивната позиција. Од страна на Москва постојано ќе бидат упатувани критики до Комунистичката партија на Чехословачка во кои што таа ќе биде обвинувана за недостаток на револуционерен занос и претераната спремност за соработка со граѓанските партии внатре во Народниот фронт. Под влијание на СССР во владата ќе се појават спротивности помеѓу граѓанските политичари кои што се залагале за врските со Запад, и комунистите кои што се залагале за блиски односи со СССР. Овие несогласувања во 1948 година ќе прераснат во криза. Граѓанските партии сакале да ја истиснат Комунистичката партија од политичката сцена, особено од службите за безбедност. Од овие причини под директно влијание на СССР, ќе биде донесена одлука од страна на КП на Чехословачка земјата да биде доведена во ист ред како и другите земји од Источна Европа. Како одговор на тоа членовите на владата кои не биле комунисти ќе поднесат оставки.[76] Комунистичката партија помогната од армијата и полицијата, на 25 февруари 1948 година, ќе организира масовни демонстрации и потполно ќе ја преземе целата власт во свои раце.[77] Претседателот Едвард Бенеш, болен и неспремен и под закана дека ќе бидат употребени единиците на советската армија стационирани во земјата ако не бидат веднаш исполнети барањата на комунистите, нема да им се спротивстави на нивните барања и ќе поднесе

---

[76] Во Прага , комунистичкото преземање на власта се гледа какодржавен удар извршен без поддршка на народот и со трик на Сталин.
[77] Тодор Куљиќ, Ревидирана историја и нов идентитет во Источна Европа. 2005, стр.73.

оставка во јуни а на негово место ќе дојде Клемент Готвалд.[78] Инаугурацијата на новиот претседател Клемент Готвалд, шефот на комунистичката партија, ќе биде инаугурација на диктатура на државен социјализам во Чехословачка. Пратениците од граѓанските партии морале да се повлечат од владата, а сите некомунистичките партии ќе бидат распуштени или ќе бидат преземени од страна на комунистите, а нивните лидери ќе бидат уапсени. Од старите министри ќе остане само Јан Масарик кој ќе одлучи да остане на својата позиција, симболот на чехословачката демократија, но и тој во март ќе биде најден мртов на плочникот пред неговата канцеларија.[79]

Во следните 1949 и 1950 година ќе започнат масовни чистки во Чехословачка како надвор така и внатре во Комунистичката партија. Својата кулминација ќе ја постигнат во ноември 1951 година со процесот против Рудолф Слански кој што претходно ќе биде секретар на КП на Чехословачка, потоа Влад Клементис некогашен министер за надворешни работи и други.

Последните години од Сталиновата ера во Источна Европа ќе бидат одбележани со голем индустриски напредок, но цената на производството ќе биде несразмерно висока, а животниот стандард и понатаму ќе биде во опаѓање.[80] Тоа ќе создава незадоволство кај луѓето кое што ќе кулминира со избувнување на голем штрајк во градот Плзен, во ист ден кога ќе се случи и штрајкот во Источен Берлин, односно на 17 јуни 1953 година. Од страна на владата ќе бидат преземени конкретни чекори за подобрување на условите за живот, но ќе бидат категорично одбиени барањата за политички реформи. Овие случувања ќе го натераат Советскиот Сојуз сериозно да ја разгледа ситуацијата во земјите на народна демократија и ќе престане со нивно грубо економско искористување. Во некои случаи СССР ќе им притекне во помош на своите сојузници преку кредити, отпишување на долгови и некои други итни мерки.

---

[78] Маргарита Пешевска, Меѓународните односи по Втората светска војна. Скопје: „Менора" 1999, стр. 52.
[79] Ivan Berend, Op. cit., 62.
[80] Индустриското производство во Чехословачка во периодот од 1948 до 1955 година ќе биде за два пати зголемено.

Во 1953 година ќе умре лидерот на чешките комунисти, Клемент Готвалд, а идните главни личности на режимот, Антињин Запотцки и посебно Антоњин Новотни ќе бидат типични производи на сталинизмот. За време на Никита Хрушчов[81] СССР ќе води политика на економска интеграција на советскиот блок, така што земјите од Источна Европа се повеќе ќе зависат од Москва во испораката на суровини неопходни за нивната програма за индустријализација, кои што ќе мораат да ги плаќаат по цени многу поголеми од светските. Во периодот од 1961 до 1965 просечниот раст на бруто националниот производ во Чехословачка ќе биде 1,3%, односно просечното производство ќе биде пониско одколку пред Втората светска војна. Советскиот Сојуз ќе биде принуден да направи одредени отстапки со кои што на Чехословачка (и на Унгарија) ќе и биде дозволено да направи економски реформи со кои што ќе бидат намалени вложувањата во тешката индустрија и ќе биде посветено повеќе внимание на следење на пазарните побарувања со што ќе биде зголемена трговската размена со некомунистичките земји за 40% до 45%.

На 11 јули 1960 година ќе биде донесен нов Устав со кој државата ќе го добие името Чехословачка Социјалистичка Република. Во Чехословачка која ќе биде единствената земја од источноевропските комунистички земји со демократска традиција последна ќе започне со десталинизацијата, а самиот процес ќе биде запрен на пола пат. Либерализацијата која што ќе се случи во периодот 1961-1962 година ќе биде дозволена само во економијата и културата, но и тоа нема да трае долго, ниту пак ќе допринесе за подобрување на економската положба. Напредните весници ќе престанат да излегуваат или ќе бидат ставени под строга политичка контрола. Ова ќе придонесе да дојде до општо разочарување во комунизмот.[82]

[81] Никита Хрушчов (17 април 1894 - 11 септември 1971) водач на СССР после смртта на Сталин. Ќе биде секретар на Комунистичката партија на СССР од 1953 до 1964 година и премиер на СССР од 1958 до 1964 година.

[82] Маргарита Пешевска, Политичките промени во земјите на Источна Европа по Втората светска војна. Годишен зборник, Скопје 2006, стр. 228.

Помеѓу Словаците се повеќе ќе се појавува отпор спрема прашкото раководство на чело со Антоњин Новотни, кое што наместо да се потруди да ги реши нивните проблем ќе ги обвини за сепаратизам. Во ноември 1967 година ќе бидат организирани масовни протести од страна на студентите поради лошите услови во студентските домови, кои што ќе бидат на суров начин задушени од страна на полицијата. Овој настан ќе биде искористен од страна на Либералите во Комунистичката партија за отворен и директен напад врз струјата на Новотни која постојано ја кршела внатрешната партиска демократија.

Во почетокот на јануари 1968 година Новотни и конзервативците ќе бидат сменети, а новото раководство ќе биде воспоставено под раководство на Александар Дупчек[83], поранешен прв секретар на Комунистичката партија на Словачка.[84] Во април истата година ќе биде објавена новата програма на владата според која социјализмот требало да обезбеди повеќе слобода од било која демократија. Народното собрание кое со години ќе служи само за ратификување на она што веќе ќе биде договорено, ќе ја добие својата вистинска функција односно донесување на одлуки за важните политички прашања. Цензурата за слобода во изразувањето ќе биде укината уште во март 1968 година и тоа ќе биде чекор кој не бил познат за ниту еден комунистички режим. Единствено во индустријата и земјоделството нема да биде отстапно од социјалистичките начела, но ќе биде забрзан процесот на децетрализација. Новото раководство иако ќе се обидува да ја прошири трговската размена со Западот во својата надворешна политика нема да отстапи од својата приврзаност кон СССР, ниту ќе има намера да излезе од Комиконот и од Варшавскиот пакт. Новиот курс на политиката на владата ќе биде прифатен со воодушевување и ќе добие огромна подршка кај народот, вклучувајќи ја тука и работничката класа.[85]

---

[83] Александар Дупчек роден е на 21 ноември 1921, а ќе почине во прашката болница Хомолце на 9 ноември 1992. Ќе биде претседател на Социјалдемократската партија на Словачка, лидер на Прашката пролет 1968 година и симбол на демократските промени во Источна Европа.

[84] А. К. Соколов, В. С. Тяжельникова, Op. cit., 281.

[85] Ibid, 281 и 282.

Но иако нема да постојат никакви причини за сомнеж во искреноста на изјавите за доследност во комунистичката идеологија, новите чешки раководни личности ќе наидат на непријателско расположение кај своите комунистички сојузници. Иако во почетокот нема да има директни напади, во пишаните медиум во СССР ќе се појават написи во кои се наговестувало дека во Чехословачка внатрешната состојба е многу сериозна, дека е под притисок на силна демократизација и либерализација и дека сериозно се чекори кон враќање на буржоаската република на Масерик и Бенеш.[86]

Првите обвинувања ќе пристигнат од Источна Германија во кои што ќе се тврди дека се прави обид против волјата на народот Чехословачка да биде извлечена од источниот блок со помош на идеолошка субверзија. Обвинувањата ќе бидат упатени до чешкото раководство кое што наместо да пружи отпор против овој процес тоа дури ќе му помага. Овие обвинувања ќе бидат како резултат од стравот во Источна Германија од можното воспоставување на дипломатски односи на Чехословачка со Западна Германија со што би се ослабнала позицијата на Источна Германија во светската надворешна политика, па дури и во комунистичкиот блок. Советкиот Сојуз иако ќе биде крајно незадоволен, во почетокот барем официјално нема да се меша во внатрешните работи на Чехословачка. Меѓутоа кога ќе започне откривањето на злосторства кои што биле извршени за време на Сталин во кои што биле вмешани раководни луѓе од СССР и отстранување на оние елементи во Комунистичката партија на Чехословачка, армијата и полицијата на кои што СССР можел секогаш да се потпре, во Москва ќе почне да се чувствува загриженост. Веќе во почетокот на мај ќе се појават првите реакции во Москва во кои што се барало со воена интервенција да им се помогне на верните чешки другари во нивната борба против антисоцијалистичките елементи. Соочени со сепаратистички движења во поголем дел од комунистичките земји[87], советското раководство сметало дека е неопходно да бидат преземени итни мерки со што би се спречило

[86] Волтер Лакер, Op. cit., 436.
[87] Романија се поотворено ќе води независна надворешна политика.

понатамошното распаѓање на заедницата. Постоел страв дека е можно слободарскиот дух од Прага да се прошири и во другите источноевропски земји дури и во СССР и на тој начин да биде загрозен посточкиот систем. Чехословчка се наоѓала во средината на одбрамбената линија на Варшавскиот пакт и нејзиното можно преминување на страната на непријателите бил сосема неприфатлив во време на студената војна. Советските водечки политички личности, заедно со Владислав Гомулка[88] и Волтер Улбрихт ќе бидат свесни дека она што се случува во Чехословачка не претставува реална опасност за социјализмот, но дека е реална опасност за оние кои се на наоѓале на чело во Москва, Варшава и Источен Берлин.

Движењата на советските вооружени сили во Полска ќе покажат дека повеќе од веројатно е дека уште кон крајот на мај 1968 година било одлучено да биде завршен чехословачкиот опит за „социјализам во слобода". Во втората половина од мај маршалот Гречко ќе дојде во посета на Прага при што ќе објави дека вежбите на Командниот штаб на Варшавскиот пакт ќе бидат одржани во Чехословачка и тоа во јуни истата 1968 година. И покрај постојаните уверувања, од страна на чехословачките раководни личности, за пријателство и сојузништво, Москва нема да ја промени својата одлука за запирање на процесот на демократизација, а тоа ќе може да биде реализирано единствено со промена на раководството во Чехословачка. Со веќе постигнатиот договор со САД за поделба на интересните сфери и искуството од унгарската криза од 1956 година јасно ќе биде дека воената акција во Чехсловачка не носи голем ризик. Окупацијата на Чехословачка би предизвикала единствено вознемиреност кај Западот, меѓутоа сигурно ќе

88 Владислав Гомулка е роден 1905 година во местото Кросно во Полска. Од 1926 година ќе биде член на КП на Полска. За време на Втората светска војна ќе работи како книговодител. Ќе им помогне на комунистите да дојдат на власт во Полска после завршувањето на Втората светска војна. Во 1949 година ќе биде отстранет од партиското раководство. Во 1951 година ќе биде уапсен под обвинение како националиста и во затвор ќе се наоѓа до крајот на 1954 година. На чело на Полска ќе се наоѓа од 1956 до 1970 година.во 1968 година ќе поведе силна антисемитска кампања. Ќе умре во својата 77 година во 1982 година од рак.

биде дека јазот кој што веќе постоел во комунистичкиот табор ќе биде зголемен.[89]

Во текот на месеците јуни и јули Советите, Полјаците и Источните Германци ќе ја засилат пропагандната кампања против чехословачката политичка реформа. Брежњев и Косигин повеќе пати ќе ги споредат случувањата во Чехословачка со оние во Унгарија од 1956 година. Во средината на јули во Варшава ќе биде одржан состанок на кој што ќе присуствуваат раководните личности од сите комунистички земји, освен оние од Романија и Чехословачка. На овој состанок ќе биде разговарано за опасноста која се заканува од текот на промените во Чехословачка. Од состанокот во Прага ќе биде испратена порака дека тие немаат намера да се мешаат во внатрешните работи бидејќи тоа се коси со начелото за почитување на независноста и еднаквоста во односите помеѓу сите социјалистички земји. Меѓутоа пораката содржела додаток во кој што се вели дека тоа начело не е неприкосновено, затоа што Чехословачка се наоѓа во опасност да биде отргната од социјалистичката заедница, што е сосема неприфатливо.

За да може да бидат заплашени Чесите и Словаците, трупите на Варшавскиот пакт кои што ќе учествуваат во воените маневри нема да се повлечат се до 3 август 1968 година.[90] Во исто време ќе бидат употребени најразлични пропаганда меѓу кои дури во печатените медиум во Полска и Источна Германија ќе се појават написи во кои што ќе биде споменувана опасност од западногерманска интервенција и меѓународна контрареволуција. Откако сето тоа нема да постигне никакви резулатати, советското Политбиро ќе ги повика чехословачките раководни личности на состанок во пограничното место Черна. Но на ова средба Дубчек ќе ги отфрли сите обвинувања за наводната контрареволуција и ќе одбие да разговара за советското барање за отстранување на некои напредни личности од чехословачкото раководство. После неколку денови во Братислава ќе

[89] Волтер Лакер, Op. cit., 442.
[90] Карел Натек и Марјета Натек, Op. cit., 184.

биде оджан нов состанок на кој ќе присуствуваат сите раководни личности од Источниот блок, освен од Романија.

Ниту еден од овие состаноци нема да допринесе за решавање на основниот судир. На Советите нема да им појде од рака да ги разединат прашките раководители, напротив националното единство ќе биде посилно од било кога. Во средината на август во Прага ќе дојдат во посета Тито и Чаушеску, а тоа ќе биде оценето од страна на Советскиот сојуз како обид за создавање на нова „Мала Антанта".

Откако ќе пропаднат сите обиди од страна на Советскиот сојуз за запирање или ограничување на промените кои што се случувале во Чехословачка, од страна на советскиот Президиум ќе биде одлучено веднаш да се започнат подготовки за воената алтернатива. Од страна на голем број на комунистички партии, вклучувајќи ги и оние од Франција и Италија, ќе му ја дадат својата поддршка на Дупчек и ќе се обидат да ја предомислат Москва во одлуката за воена интервенција во Чехословачка.

Ноќта помеѓу 20 и 21 август 1968 година ќе започне инвазијата на Чехословачка во која ќе учествуваат армии од пет земји членки на Варшавскиот пакт. За време на инвазијата околу пет до седум илјади тенкови, пропратени со 200 000 до 600 000 војници од пет земји од Варшавскиот пакт ќе ги окупираат сите улуци. За да добијат законска основа за инвазијата во Советскиот сојуз ќе биде изработен план за формирање на квинслиншка влада во Прага која што би го повикала советскиот братски народ и нивните сојузници да им дадат воена помош во борбата против внатрешните и надворешните непријатели. Ова политичкото подготвување нема да успее.[91]

Во Советот за безбедност Советскиот сојуз ќе тврди дека добил повик од лојалните чехословачки комунисти кои побарале братска помош против контра - револуцијата.[92] Меѓутоа Москва нема да најде никој подготвен да соработува со нив. Веднаш ќе бидат уапсени Дупчек, Черник, Смрковски и

[91] Jeremy Isaacs and Taylor Dawning, Op. cit., 266.

[92] Писмото кое што ќе биде најдено во 1989 година ќе покаже дека навистина постоел таков повик за инвазија.

Хусак и однесени во Моска, но претседателот Свобода ќе одбие да ги смени од нивните места. Откако Свобода ќе одбие по налог на Москва да состави ново раководство, заедно со уште неколку соработници ќе биде повикан на средба во советскиот Президиум. Свобода ќе инсистира на ова средба да присуствуваат и уапсените лидери. Тоа ќе биде одобрено од СССР и затворениците кои што веќе се наоѓале во Москва, Дупчек, Черник, Смрковски и Хусак, како чехословачка партиска и државна делегација, ќе го потпишат договорот наложен од Советскиот Сојуз.[93] И покрај негодувањата советскиот ултиматум ќе биде прифатен: советските трупи ќе останат на територијата на Чехословачка на неопределено време, ќе биде вратена цензурата, ќе биде прекината рехабилитационата кампања и ке биде намален интезитетот на економските реформи. Сето ова ќе покаже дека комунистичката власт ќе биде здржана со помош на принуда, а не со исполнување на волјата на народот. Ова ќе предизвика масовен бран на емиграција на околу 300 000 луѓе меѓу кои ќе има многу интелектуалци и висококвалификувани луѓе на кои во западните земји ќе им биде дозволено да останат и работат без никаков проблем.

Во Варшава и Источен Берлин окупацијата на Чехословачка ќе биде дочекана како големо олеснување. Од двете земји ќе учествуваат воени трупи во окупацијата, иако учеството на германските трупи нема да биде особено пријатно. Учеството на унгарски воени трупи во окупацијата на Чехословачка, во Будимпешта ќе биде прифатено со негодување, од причина што сеќавањата на настаните од 1956 година сеуште биле свежи.[94]

Од страна на Западот ќе бидат упатени остри осуди на Советскиот сојуз, но нивните национални влади и понатаму ќе останат приврзани на политиката на мудро немешање во работите за кои што тие сметаа дека се внатрешен проблем на СССР и еден од неговите сојузници. Романскиот комунистички лидер Николае Чаушеску ќе застане на страната на Дупчек и

[93] Ivan Berend, Op. cit., 176.

[94] Кевин Уилсън и Ян ван дер Дусен, Op. cit., 181.

остро ќе ја осуди инвазијата на СССР над Чехословачка.[95] Во ООН против одлуката за осуда на СССР ќе се спротивстават некои арапски и азиски земји, а во недостаток на аргументи во своја одбрана советските лидери ќе тврдат дека историјата ќе покаже дека нивните постапки биле исправни. Од страна на советските раководни луѓе ќе биде започната дипломатска офанзива во која сакале да го убедат западниот свет дека интервенцијата во Чехословачка не претставува пречка во нормализирањето на односите Исток - Запад. Воената рамнотежа нема да биде променета, а малобројните советски трупи кои ќе останат во Чехословачка нема да претставуваат сериозна закана за Западот. Но сепак овие настани ќе стават крај на надежите за европеизација на советскиот блок и јасно ќе покажат дека до промени во Источна Европа може да дојде само по иницијатива на Москва. До такви промени во блиска иднина нема да дојде, а она што ќе се случи во 1968 година ќе ја потврди советската нетрпеливост кон другите општествени уредувања и ќе ја продолжи студената војна на неопределено време. Чехословачка ќе биде вратена назад повеќе од десет години и ќе биде воведен еден од најортодоксалните режими во источна Европа.[96]

Во следниот период од историјата на Чехословачка, годините од 1969 до 1989 година нема да донесат некои особени промени и ќе бидат години на стагнација во економски и политички реформи. Нема да дојде до национално помирување туку напротив ќе продолжи суровата репресивна политиката. Една третина од старото партиско раководство ќе биде подложено на чистки, а истото ќе се случи и со водечките интелектуални личности кои наместо со интелектуална ќе бидат принудени да работат најразлични понижувачки работи. Земјата ќе ги изгуби своите најдобри интелектуалци затоа што десетици илјади од нив ќе побегнат на Запад, а стотици илјади од нив ќе бидат

---

[95] На самиот ден на инвазијата во говорот одржан од стрна на Чаушеску во Букурешт тој покрај осудата на политиката на Советскиот сојуз ќе ги охрабри Романците во случај на слична агресија на нивната земја да пружат вооружен отпор. Ваквиот говор ќе биде прифатен со воодушевување и многу луѓе меѓу кои и многу комунисти ќе покажат спремност да се приклучат во новоформираната паравоена Патриотска гарда Романија иако членка на Варшавскиот пакт нема да учествува во интервенцијата во Чехсловачка.
[96] Волтер Лакер Op. cit., 443.

избркани од Партијата и своите работни места. На тој начин политичкото раководство предводено од Хусак ќе се обиде да ја замрзне земјата идеолошки, општествено и економски.[97] Нема да има опростувања и рехабилитација односно земјата ќе претставува херметички затворено општество.[98]

### *в) Полска*

По завршувањето на војната во Полска на 28 јуни 1945 година ќе биде формирана привремена влада на национално единство во која што ќе партиципираат и комунистите. Водачот на моќната Селска партија, Миколајчик тогаш се наоѓал во Лондон и кога ќе се врати во Полска ќе ги затекне комунистите на голем дел од клучните позиции во привремената влада. За претседател ќе биде избран Е. Осубка-Моравски, а за заменик и министер за земјоделие ќе биде избран ќе биде избран С. Миколајчик.[99]Оваа влада од страна на Франција ќе биде признаена на 29 јуни, а од САД и В. Британија на 5 јули 1945 година.[100]

Додека Селската партија ги обновувала своите активности, комунистите цврсто ќе ја држат во свои раце полицијата и постојано ќе ја попречуваат работата на оваа партија, ќе ги апсат и малтретираат локалните лидери и ќе ги забрануваат нивните партиски состаноци.[101]

Првите повоени избори во Полска ќе бидат одржани во јануари 1947 година на кои што ќе победи Демократскиот блок во кој влегувале Полската

---

[97] На Шеснаесеттиот партиски конгрес во мај 1981 година Хусак ќе ја етикетира Прашката пролет како „отстапување од класните позиции кое ќе им овозможи на контрареволуционерните сили да ја нападнат водечката улога на Партијата, да го нападнат пријателството со СССР а со тоа и ги нападнат темелите на социјализмот.

[98] Ivan Berend, Op. cit., 177.

[99] М. И. Семиряги, Op. cit.,181.

[100] До 21 јули 1945 година Полска ќе воспостави дипломатски односи со 21 земја.

[101] Волтер Лакер, Op. cit., 106.

работничка партија, Полската социјалистичка партија[102], Селската партија и Демократската партија.[103]

Во почетокот на септември 1948 година во Комунистичката партија ќе бидат извршени масовни чистки при што ќе бидат отстранети голем дел од членови на партија под обвинение дека се подржувачи на Југославија во нејзиното непочитување на СССР. Водачот на Селската партија Миколајчиќ откако ќе дознае дека се подготвува негово апсење (на две политички судења ќе бидат изнесени докази против него) тајно ќе ја напушти земјата.[104] Во декември 1948 година Социјалистите и Комунистите ќе ги обединат двете партии и ќе ја формираат Полската обединета работничка партија во која што ќе доминираат про-сталинистичките ориентирани комунисти. На августовското заседание на Централниот комитет и повторно во декември на Конгресот на кој ќе бидат обединети Комунистичката Социјалдемократската партија, Гомулка ќе биде обвинет за потценување на улогата на Советскиот Сојуз и дека оди по националистички пат. Неговата идеја да се тргне по „полски пат кон социјализмот" ќе биде остро критикувана, а ставот против Коминформот и колективизацијата во селата ќе биде предмет на остри критики. Од таа причина Гомулка ќе биде отстранет и ќе биде заменет со Болеслав Бјерут.[105] Подоцна ќе биде исклучен и од партијата и уапсен (1951), но никогаш нема да му биде судено и нема да биде убиен.[106]

Вакviот тек на настаните во следните години ќе донесе поделба во раководството и до отворени разговори за недостатоците на комунистичкиот режим. Во летот 1956 година при посета на Москва ненадејно ќе почине претседателот на владата и партиски секретар Бјерут, кој што според своите убедувања несомнено ќе биде човек на Москва. Советскиот Сојуз ќе инсистира за негов наследник да биде избран Очаб, кој што иако ќе биде

[102] Полската социјалистичка партија во 1947 година ќе биде преземена од страна на комунистите после нивното спојување на тој начин што тие ќе ги отстранат сите оние кои што се противеле на ваквото обединување.
[103] Маргарита Пешевска, Op. cit., 86.
[104] Ivan Berend, op. cit., 62.
[105] Ibid, 84 и 85.
[106] Гомулка од затвор ќе биде ослободен кон крајот на 1954 година.

противник на либералните реформи, ќе биде подготвен на компромис, бидејќи ќе согледа дека веќе не е возможно да се владее со сталинистички методи. Меѓутоа поголемиот дел од членството на партијата ќе биде подготвен и на борба само да се ослободи од тиранијата. Полското партиско раководство ќе одбие повторно да го избере за член на Политбирото советскиот маршал Константин Рокосовски[107], кого Москва ќе го наименува за министер за одбрана на Полска. На улиците во Варшава и другите градови во Полска ќе има масовни собирања и демонстрации и сите случувања ќе укажуваат дека се ближи моментот на експлозија.

Во оваа критична ситуација Гомулка ќе биде прв кој ќе биде споменат како кандидат за највисоката партиска функција, што ќе биде дочекано со огромно воодушевување. На VIII -от партиски пленум на 19 октомври 1956 година главни точки на дневен ред ќе бидат изборот на Гомулка и уште тројца негови приврзаници во Централниот комитет, и именување на Гомулка за главен секретар на партијата. За обичните членови на партијата Гомулка претставувал спасител, односно вистински човек во вистинско време, а за антикомунистите-инаку поголемиот дел од населението, претставувал помало зло од претходната фракција која што владеела со Полска.[108]

Советските лидери ќе бидат посебно загрижени за текот на настаните во Варшава и на денот на започнувањето на пленумот ќе пристигнат ненајавено во главниот град на Полска. Хрушчов, Молотов и останатите претставници од Москва ќе упатат голем број обвинувања помеѓу кои главно ќе биде обвинението на полското Политбиро за антисоветската пропаганда. Меѓутоа

---

[107] Константин Константинович Рокосовски е роден во 1896 година во Варшава која во тоа време беше во составот на Царска Русија. Во Првата светска војна учествувал и се борел во составот на царската војска но во Револуцијата во 1917 година ќе се бори на страната на болшевиците. Во 1917 година ќе стане и член на Комунистичката партија и ќе се запише на Воената академија каде ќе специјализира за тенковско војување. За заслуги во Втората светска војна ќе биде одликуван со Орден на Победата на 30 март 1945 година. Во 1949 година ќе стане министер за одбрана на Полска а во 1952 година вицепремиер. Поради националното востание на Гомулка во 1956 година тој ќе се откаже и од двете функции. Во ноември 1956 година ќе биде назначен за заменик министер за одбрана на СССР. Неговиот живот ќе заврши во 1968 и ќе биде погребан во Кремљ.

[108] Маргарита П[illegible]евска, Светот во транзиција. Скопје: Менора, 2002, стр. 86.

од страна на Политбирото во Полска, имајќи ја и масовната поддршката од големиот број на население кое демонстрирало во знак на поддршка, нема да биде дозволено да било кој се меша во нивните внатрешни работи. Ова ќе ги убеди советското раководство дека Полскиот октомври ќе можат да го задушат само со воена интервенција од големи размери. И покрај убедувањето на Гомулка дека Полска ќе остане и понатаму верен член на комунистичкиот блок и дека ќе ја поддржува советската надворешна и одбрамбена политика, делегацијата од Москва со негодување ќе му даде благослов на новото полско раководство. Меѓутоа аминувањето можеби и немаше да се случи ако не дојдеше до немири во Унгарија, затоа што ситуацијата во Варшава на Москва ќе и изгледа многу побезопасна во споредба со кризата во Унгарија која се повеќе ќе се влошува.

По доаѓањето на власт Гомулка и неговите приврзаници ќе го прогласат полскиот пат кон социјализмот. Но наместо либарализација, Гомулка ќе направи се за да го стави полтичкиот живот под своја контрола. Сојузот со СССР ќе биде оправдуван дека е политички неопходен поради географската положба на Полска и поради големите територијални придобивки после војната, односно добивањето на територии кои што порано и припаѓале на Германија. Со промената на рамнотежата на силите во Европа повеќе од јасно ќе биде дека мора да биде прифатено советското влијание, но иако главната агенда на новата полска идеологија ќе биде антигерманизам, во Полска исто толку силно ќе биде и антируското расположение.

Со тоа што ќе им направи отстапки на Советите, Гомулка ќе успее за Полска да добие поголема слобода од било која друга комунистичка земја од Источниот блок. Тој ќе успее да ги наговори советските лидери да ги отпишат полските долгови, со што благодарение на тоа а на некои други преземени мерки, економската ситуација во земјата полека ќе почне да се подобрува. Нема да биде спроведувана насилна колективизација во земјоделството и ќе биде направен обид за изнаоѓање на заеднички дијалог со

црквата која што во Полска ќе има многу силно влијание за разлика од другите земји во Источна Европа.[109]

За да може да го стави под контрола политичкиот живот во земјата, Гомулка ќе ги укине сите претходно направени отстапки кон интелктуалците. Весниците кои што ќе одиграат клучна улога во борбата против сталинистите во октомври 1957 година ќе бидат укинати. Како знак на протест против повторното воспоставување на контрола врз културата водечките полски интелектуалци ќе ја напуштат Комунистичката партија. Со тоа очекувањата од октомвриските случувања полска ќе исчезнат.

Гомулка на Советите ќе им пружи потполна и верна поддршка така да тие воопшто нема да имаат причина да се покајат за согласноста која што ќе ја дадат во 1956 година. Откако Гомулка ќе ги преземе во свои раце армијата и полицијата, јавното мислење се повеќе ќе тоне во рамнодушност, и повеќе нема да има простор за опозициско движење. Интелектуалците ќе се наоѓаат во опозиција во однос на власта, но без поддршка на народот тие ќе имаат многу мало влијание во јавноста. За десет години од октомври 1956 година режимот на Гомулка од најлиберален и најнапреден по источноевропските стандарди, ќе се претвори во столб на правоверност внатре во комунистичкиот табор.

Но економската ситуација во Полска под власта на Гомулка ќе биде во постојан пад и на крајот ќе се покаже дека биле залудни обидите на режимот да добие на време така што најразличните политички групации ќе ги сврти едни против други односно привидно задоволните работници против побунетите интелектуалци во 1968 година. Единствен спас за владата ќе биде одржувањето на ниски цени на основните продукти но кога тоа веќе нема да биде изводливо положбата на владата ќе биде загрозена. Кога неколку недели пред Божик во 1970 година ќе биде објавено дека цената на месото ќе се зголеми за 36% ќе дојде до масовни демонстрации и штрајкови. При овие

---

[109] Волтер Лакер, Op. cit., 375.

демонстрации ќе биде убиен еден работник со што уште повеќе ќе биде зголемено незадоволството против владата.[110]

Во јануари 1971 година Едвард Гјерек[111] ќе биде именуван за генерален секретар на Комунистичката партија. Тој веднаш спрема работниците ќе настапи со помирлив тон, ќе им вети нова прагматична политика која што нема да биде оптеретена со идеолошки стеги.

Во текот на следните пет години ветувањата на Гјерек во поголем дел ќе бидат исполнети. Благодарение на својата попустлива политика тој ќе ја добие поддршката на католичката црква, а неговата внатрешна политика нема да биде сурова како во времето на Гомулка. Главната заложба на Гјерек во економскиот напредок на земјата ќе донесе зголемување на индустрискиот раст во Полска во висина приближно со оној во Јапонија. Но тој брз квантитативен раст ќе се случи главно благодарение на кредитите и заемите од странство, а парите ќе се инвестираат во индустријата чии производи ќе бидат се помалку барани на светскиот пазар. Ваквата политика на Гјерек ќеја претвори Полска од десета индустриска нација во светот, во прва комунистичка земја пред банкрот, бидејќи нема да може да ги врати долговите.

Ваквата состојба ќе допринесе за јакнење на домашната опозиција и создавање на нови синдикати и групи на интелектуалци. Опозицијата ќе биде психолошки охрабрена со изборот на Карол Војтила[112] (Јован Павле II) за нов папа во 1978 година. Следната година кога тој ќе ја посети Полска ќе биде дочекан со невидено воодушевување. Сето ова ќе овозможи за прв пат во

[110] Маргарита Пешевска, Op. cit., 87.

[111] Едвадр Гјерек е роден на 6 јануари 1913 година починал на 26 јули 2001 прва. На чело на партијата ќе биде од 1971 до 1980 година Од страна на неговиот наследник Јерузелски ќе биде обвинет за економските проблем во земјата и ќе биде осуден на една година затвор во 1981 година.

[112] Карол Јузеф Војтила познат како Папата Јован Павле II бил 264-тиот папа на римокатоличката црква и владетел на Ватикан во текот на 27 години.Неговото папство е второ по должина по она на Папата Пие IX кое траело 32 години.Тој бил прв папа од Полска и по 455 години првиот папа кој не потекнува од Италија.

повосната историја на Полска да биде создадена опозициона коалиција од која во 1980 година ќе се роди синдикатот Солидарност.[113]

На 17 септември 1980 година, во хотелот Морски во Гдањск, ќе биде формиран синдикатот Солидарност на чело со Лех Валенса. Тоа ќе биде првиот синдикат во Полска и воопшто во советскиот блок. Веднаш по формирањето на Солидарност, синдикалците од целата земја ќе почнат да ги напуштаат т.н. службени синдикати и ќе се приклучуваат кон овој синдикат.[114]

Кон крајот на 1980 година кога владата ќе се обиде да ги зголеми цените на месото ќе биде повторно поттикнато незадоволство кај народот. Центар на штрајковите ќе биде бродоградилиштето Гдањск, а на штрајкувачите од Гдањск ќе им се приклучат и вработените во другите полски бродоградилишта. Ќе биде формиран и штрајкувачки одбор на чело со Лех Валенса.[115] Владата на Гјерек ќе преговара со штрајкувачите и ќе биде постигнат договор со кој се гарантирало снабдувањето со прехрамбени продукти, ќе биде воведена петодневна работна недела и други политички и економски реформи.[116] Гјерек веднаш потоа ќе даде оставка а на негово место ќе дојде Станислав Каниа кој што безуспешно ќе се обидува да добие барем минимум поддршка и доверба кај народот.

Договорот помеѓу владата и Солидарност нема да биде во целост исполнет затоа што земјата нема да има економски потенцијал а од друга страна бирократијата ќе ги саботира промените. Економската ситуација наместо подобрување се повеќе ќе се влошува а единствено подобрување ќе има во либерализацијата на политичкиот систем.

Додека траеле преговорите помеѓу Солидарност и Комунистичката партија и се повеќе ќе биде очигледно дека тие нема да може долго да

---

[113] Волтер Лакер, Op. cit., 648.
[114] Маргарита Пешевска, Op. cit., 87 и 88.
[115] Лех Валенса по професија бил електричар. По завршувањето на основното образование тој почнал да учи занает , па ќе се вработи во пристаништето Гдањск. Откако ќе одржи говор пред работниците кои што штрајкувале во пристаништето ќе биде отпуштен од работа. Тој во 1980 година ќе го формира синдикатот Солидарност и ќе застане на чело на полскиот народ кој се борел за слобода и независна Полска. По рушењето на социјализмот тој ќе стане претседател на Полска.
[116] А. К. Соколов, В. С. Тяжельникова, Op. cit., 339.

останат заедно, генералот Војчех Јерузелски[117] ќе се подготвува за извршување на државен удар.[118] Ударот ќе биде извршен на 13 декември 1981 година и воената диктатура ќе биде воведена без никакви проблем. Лидерите на опозицијата ќе бидат уапсени, а Солидарност повеќе нема да претставува сериозен противник.[119] Меѓутоа многу брзо ќе се покаже дека новата влада воопшто нема да биде подготвена да се соочи со проблемите кои што го следат полското општетство уште од шеесеттите години. Солидарност практично ќе престане да постои а истото ќе се случи и со Комунистичката партија. Главните функции ќе ги заземат офицери бидејќи нема да има доволно партиски кадри кои што задоволуваат минимум спремност и лојалност. Дури и главните партиски органи како што е Политбирото нема да имаат повеќе никаква важност и во ова комунистичко општество ако можеме така да го наречеме ќе биде воведена традиционална воена диктатура. И покрај тоа што Јерузелски постојано ќе се повикува на патриотизам тој никогаш нема да го придобие народот на своја страна, раборниците и селаните ќе бидат незадоволни а поголемиот дел од интелегенцијата ќе биде во активна опозиција.[120]

### *ѓ) Романија*

Кога во летото 1944 година Црвената Армија навлегла во Романија, кралот Михаил I на 23 август го соборил Јон Антонеску и на 25 август 1944 година и објавил војна на Германија. На 12 септември 1944 година кралот Михаил I потпишал примирје со Советскиот Сојуз и со тоа Романија ја вклучил во антихитлеровата коалиција. Во март 1945 година под политички

[117] Војчех Јерузелски е роден на 6 јули 1923 година во аристократско семејство. Учествувал во заземањето на Берлин а во војската служел од 1945 до 1991 година односно до неговото пензионирање.Тој ќе ги предводи Полските трупи при инвазијата на Чехословачка во 1968 година.Во 1972 година ќе се сретне со кубанскиот лидер Фидел Кастро.Генералот Јерузелски ќе биде последниот преседател на Народна Република Полска и прв претседател на демократска Полска, функција на која нема да биде подолго од една година.

[118] Поради загриженоста од политичката ситуација во Полска во Советскиот Сојуз се размислувало за извршување на инвазија, но таа нема да биде извршена.

[119] Ibid.

[120] Волтер Лакер, Op. cit., 649 и 650.

притисок кралот Михаил ќе назначи про-советска влада во која што ќе доминира Комунистичката Партија на Романија. И покрај воспоставувањето на комунистичкиот режим кралот Михаил и понатаму ќе биде важна личност во политичкиот живот во Романија. Во периодот од август 1945 година до јануари 1946 година познат како „кралски штрајк" кралот Михаил ќе се спротивстави на комунистичката влада и ќе бара оставка од премиерот Петру Гроза но после договорот со СССР, САД и Велика Британија тој ќе се откаже од ова свое барање. На 30 декември 1947 година кралската палата ќе биде опкружена од воените единици предводени од Тудор Владимиреску. Под ваков притисок кралот ќе биде принуден да абдицира на престолот а уште истиот ден владата во која доминираа комунистите ќе објави укинување на монархијата и Романија ќе биде прогласена во народна република. На 3 јануари 1948 година кралот ќе ја напушти Романија со голема сума на пари и огромно богатство.[121] Со договорот за мир потпишан со Унгарија на 10 февруари 1947 година Романија ќе успее да ја врати во својот состав областа Трансилванија.[122] Следната година односно во 1948 година ќе биде донесен нов Устав и ќе биде спроведена национализација на стопанството и колективизација во земјоделието. Во периодот што ќе следи комунистичката влада предводена од Георги Георгиу Деж ќе воспостави владеење на терор кој што ќе биде спроведен главно преку Секуритате (новата тајна полиција). За да може да бидат елиминирани сите "непријатели на државатаг ќе бидат спроведени најразлични кампањи во кои голем број на поединци ќе бидат убиени или затворени од политички и економски причини, ќе бидат спроведувани депортации, внатрешен егзил и интернација во кампови и затвори.[123]

[121] Кралот Михаил ќе си замине од Романија со околу 500 000 франци.

[122] Карел Натек и Марјета Натек, Државите во светот. Љубљана: Младинска книга 2000, стр.121.

[123] Една од жртвите на овие чистки и лажни обвинувања ќе биде Лукретиу Патрашкану (4 ноември 1900 - 17 април 1954) истакнат комунист и една од водечките личности во Комунистичката партија на Романија ривал на Георги Георгиу Деж.

Во мај 1955 година Романија ќе стане членка на Варшавскиот пакт по што ќе биде ослободена од обврската да му плаќа воена отштета на Советскиот сојуз.[124]

Сите мешовити советско-романски претпријатија формирани за експлоатација на националното богатство ќе бидат распуштени. Со ваквите чекори на Советскиот сојуз ќе биде отстранета сериозна пречка во економскиот развој на Романија. Со напуштањето на Советските окупациони трупи на територијата на Романија во 1958 година ќе и биде овозможено на романската влада да започне со водење на независна надворешна и економска политика. Георгиу Деж во голема мерка ќе ја зголеми трговијата со Западот а со својата политика на национален суверенитет тој ќе ја зголеми популарноста на Романија на Запад. Во 1960 година ќе биде донесена програма за брз развој на тешката индустрија со што Романија ќе влезе во судир со земјите од Комеконот затоа што голем дел од своите потреби за оваа индустрија таа ќе ги задоволува со увоз од Западна Германија, Франција и Велика Британија. Културните врски со Советскиот Сојуз ќе бидат сведени на минимум а во романските дневни весници ќе се појават отворени напади упатени до советските историчари кои што ја негирале или минимизирале улогата на романскиот народ во борбата против нацизмот. Во 1964 година Романија ќе потпише договор за трговска размена со САД. Централниот комитет на Комунистичката партија на Романија во април 1964 година ќе усвои резолуција во која ќе ја истакне еднаквоста, независноста и суверенитетот на секоја социјалистичка држава што всушност ова резолуција претставувала Декларација за независност на Романија. Со новиот Устав донесен во 1965 година Романија ќе биде преименувана во Социјалистичка Република Романија. На 19 март 1965 година Георгиу Деж ќе умре а ќе го наследи Николае Чаушеску кој што ќе продолжи со слична политика на сувереност и независност на Романија.[125]

---

[124] Волтер Лакер, Op. cit., 501.

[125] Георгиу Деж ќе умре од рак на белите дробови за кој постоеле претпоставки дека го добил како последица од намерно зрачење кое му било направено при неговата посета на Москва.

*д) Унīарија*

На 21 декември 1944 година во Дебрецин ќе бидат составени привремено Народно собрание и народна Влада составена од комунисти, социјалдемократи, претставници на Селанската партија и Партијата на ситните сопственици. До 4 мај 1945 година Црвената армија ќе успее да ја заземе цела Унгарија. На 1 февруари 1946 година ќе биде прогласена Република Унгарија во која со поддршка на Советскиот Сојуз комунистите станувале се помоќни а со тоа Унгарија ќе биде претворена во сателит на Советскиот Сојуз. Комунистите здружени со социјалдемократите на 14 јуни 1948 година ќе ја формираат Унгарската социјалистичка работничка партија (УСРП) а на 20 август 1949 година ќе биде донесен Устав со кој Унгарија ќе биде прогласена во народна република со сталинистички режим на чело со Матијаш Ракоши.[126] Поради национализацијата на земјиштето, прогонувањето на политичките противници и на католичката црква, владеењето на Ракоши ќе предизвика огромно незадоволство кај народот.[127] На 23 октомври 1956 година ова незадоволство ќе резултира со масовни демонстрации кои што ќе прерснат во вооружено антикомунистичко востание. На 24 октомври 1956 година Имре Наѓ ќе состави нова влада која што ќе објави излегување на Унгарија од Варшавскиот пакт, ќе прогласи неутралност и ќе побара заштита од Организацијата на Обединетите Нации (ООН). Околу 3000 припадници на унгарскиот отпор ќе се содрат со советските вооружени трупи кои што биле стационирани во Будимпешта. Иако надмоќта на советските трупи била голема, тие трпеле тешки загуби и до 30 октоври ќе се повлечат од Будимпешта. На 4 ноември 1956 година Јанош Кадар ќе состави революционерна работничко-селанска влада која во согласност со одлуките на Варшавскиот пакт, побарала помош од Советскиот Сојуз. Уште истиот ден Советите ќе испратат војска од 150 000

[126] Карел Натек и Марјета Натек, Op.cit. стр.157.
[127] Во периодот од 1948 до 1956 година се проценува дека околу 2000 луѓе биле егзикутирани а повеќе од 100 000 биле затворени. Околу 600 000 Унгарци биле депортирани во Советски работни логори а најмалку 200 000 ќе умрат во заробеништво.

војници и 2500 тенкови. Во текот на задушувањето на унгарскиот бунт ќе бидат убиени околу 20 000 луѓе а околу 250 000 ќе ја напуштат земјата. Во одмазда по задушувањето на востанието од страна на советските војски, 21 600 демократи, либерали и реформистички комунисти ќе бидат затворени, 13 000 интернирани а 230 изведени на суд и егзикутирани. Имре Наѓ ќе биде осуден на смрт и ќе биде егзикутиран во 1958 година.

По интервенцијата, Унгарија неколку месеци ќе биде под советска воена администрација. но Јанош Кадар многу брзо ќе успее да ја среди внатрешно-политичката состојба во земјата. Во 1963 година ќе биде дадена општа амнестија и мнозинството од оние кои што беа затворени за нивно активно учество во востанието од 1956 година ќе бидат ослободени.[128]

Јанош Кадар ќе го направи поумерен комунистичкиот режим и ќе го либерализиара стопанството. Тој ќе воведе нови приоритети во планирањето на економијата односно ќе биде намалено военото производство а ќе биде зголемено производството на храна и стока за широка потрошувачка. Поради либерализираната економија, намаленото угнетување и притисоци, ограничувањето на правата и патувањата надвор од земјата во периодот од 1960 до 1980 година Унгарија ќе се смета за една од најлибералните земји од Источниот блок.

### *ѓ) СФР Југославија*

Темелите на како што многумина милуваат да речат АВНОЈ-ска Југославија, беа удрени на 29 11 1943 година и таа функционираше како федерација која што ја владееја комунистите благодарение на монополот на власта на КПЈ и на авторитарната личност на Јосип Броз Тито. Прифаќањето на комунистичкиот систем како државно уредување ќе предизвика незадоволство кај западните земји особено кај САД и Велика Британија кои иако сојузнички од војната нема да бидат задоволни од ваквото решение. Наспроти САД и Велика Британија кои изразуваа

[128] Маргарита Пешевска, Светот во транзиција, Скопје: Менора, 2002, стр. 93.

отворено незадоволство од промените во Југославија, СССР ќе и даде отворена подршка на новата комунистичка власт и на тој начин ќе го остварува своето влијание на целиот Балкан, освен Грција.

По прогласувањето на ФНРЈ на 29. 11. 1945 година, формирање на влада и донесување на првиот Устав од 1946 година започнува повоената изградба на државата. Дејствувањето на одделни сепаратистички сили и на оние кои што не беа задоволни со новите промени ќе создаде нервоза, но тие ќе бидат ликвидирани без поголеми напори. Многу поголеми напори беа потребни и тие се вложуваа за обнова на разурнатата земја. Изградувањето на комунизмот и интегралното југословенство беа основните постулати на државата односно на оние кои ја создаваа и раководеа со неа, а тоа беше КПЈ. Истовремено се пласираше паролата „Братство и единство,, зад која вешто се прикриваше огромната етничка нетрпеливост и различните стремежи на припадниците на одделни ентитети во Југославија. Постојано се вршеше пресија и се употребуваше сила против сите оние чии што идеи и размислувања не коинцидираа со оние на власта и беа прогласувани за класни и државни непријатели и многу често се етикетираа како шпекуланти, автономисти, сепаратисти, вмровци, информбировци и сл.[129]

Според Уставот од 1946 година во теоретска смисла правата на републиките како држави во Југословенската федерација беа доста широки, но во пракса тоа беше тешко остварливо. Затоа сувереноста што ја нудеше уставот, носење одлуки за промена на границите, заштита на сопственото државно уредување и на уставниот поредок, како и за други прашања кои укажуваа на автономна уставност на републиките, повеќе беше формална отколку суштинска. Клучните функции (одбрана, внатрешни и надворешни работи) останаа во надлежност на федрацијата, а за многу други прашања републиките беа на некој начин обврзани да се консултираат со федерацијата.

---

[129] Виолета Ачкоска, Македонија во Југословенската федерација од 29.11.1943-08.09.1991. Скопје 2001, стр. 43.

Повоениот развој на федерацијата претставуваше трансформација на приватната и државната сопственост во општествена, воведување на работничкото самоуправување како форма на социјалистички систем, воведување на комуналниот ситем на уредување и деетатизација на државните функции. Основите врз кои фукционираше економскиот систем во СФРЈ беше општественото (диригирано) планирање, создавање на единствен југословенски Пазар, брза индустријализација, развој на недоволно развиените подрачја и сл. Реализирањето на овој концепт нема да оди така лесно поради длабоките економски разлики на подрачјата кои влегуваа во територијалната рамка на СФРЈ но и поради различните историски традиции на народите кои што беа вклучени во неа и најопасното, различните национални интереси.

Периодот на развиток на југословенското општество историчарите го делат на три периоди и тоа:

-1945 до 1953 како административно-централистички период;

-1953 до 1971 период на стабилен самоуправен социјализам;

-1971 до 1991 период на либерален систем и договорна економија.[130]

Првиот период од 1945 до 1953 година се карактеризира со државно централистичко раководење на државата, се спроведува национализација и се вршат подготовки за воведување на првиот Петгодишен план за развој на стопанството по примерот на моделот на СССР. По примерот на советската стопанска политика, планот ставил акцент врз индустријализацијата и електрификацијата на земјата, а земјоделството требало да ја алиментира така зацртаната политика на стопанскиот развој. Во рамките на политичката сфера се одвивал процесот на засилена централизација на власта со што дошло до зголемување на сојузните наспроти републичките овластувања. Со воспоставувањето на еднопартискиот систем, односно власта на КПЈ, на чело на државата застанало Политбирото на ЦК на КПЈ составено од десетина луѓе кои раководеле со различните сфери од општествениот систем и целата

[130] Новица Велјановски, Отстапување од решенијата на АСНОМ и централизација на Југословенската федерација. Скопје-Љубљана 1990. стр. 7 и 74.

документи се однесуваа во сферата на сопственистичките односи. Наместо државната, приоритетна станува општествената сопственост.

Периодот од 1953 до 1970 година многу историчари го означуваат како период на самоуправен социјализам во кој се водеше битка за стабилизирање на самоправувањето. Тоа е период кога на голема врата влегува идејата за создавање на комунален систем со кој се сметаше дека ќе дојде до усогласување на интересите на поединците и државата. Комуналниот систем поцелосно започнува да функционира од септември 1955 година.[133] И покрај сите напори во почетокот на шеесетите години се бележи стопанско заостанување кое не се третираше како економски туку како политички проблем и се оправдуваше со слабеењето на економската база на самоуправувањето.

Благодарение на помошта од западните земји, по 1952 година до почетокот на шеесетите години, беше покажан видлив економски раст кој што ќе придонесе да се стекне погрешен впечаток за вистинската економска состојба во државата. Напоредно со напорите за средување на состојбите во стопанството и за надминување на веќе видливото економско заостанување, во почетокот на шеесетите години ќе се појави иницијатива за нова уставна реформа. Со донесувањето на Уставот од 1963 година ќе бидат направени мали поместувања во некои права и засилување на положбата на републиките, но и тоа нема да доведе до некое поголемо ублажување на централизмот. Токму поради ваквата состојба и како резултат на пропаѓање на стопанската реформа од 1965 година, при крајот на шеесетите години дошло до првото манифестирање на проблеми во меѓунационалните односи во Федерацијата.[134] Идејата за поголема децентрализација и демократизација во Федерацијата и поголема самостојност на републиките особено ќе наиде на отпор кај поголемите нации кои ја сочинуваа Федерацијата. Поголемата самостојност што ја издејствуваа републиките создаваше услови за појава на либералистички струења. Нерамномерноста во развојот, заостанувањето на

[133] Ibid, 81.
[134] Ibid, 104.

некои делови од земјата создаваа незадоволство и услови за сериозни политички проблем.

Третиот период започнува со еден крупен чекор преземен од страна на Јосип Броз Тито, а тоа е воведување на Претседателство на СФРЈ во летото 1971 година,а со цел да се обезбеди полесно функционирање на Федерацијата по неговата смрт. Изборот за членови на Претседателството ги предлагаа републиките и покраините.

Реформите и промените кои следеа во економската сфера,во голема мерка беа предизвикани од појавата на либерализмот во Словенија, Хрватска а делумно и во Македонија. Националистичките застранувања во Хрватска ќе добијат на интезитет по што ќе уследи познатата Титова иницијатива насочена против нив. Во 1971 и 1972 година се извршени значајни кадровски промени во речиси сите републики,со кои беа вратени стари и проверени кадри од НОВ. Проблемите во меѓуетничките односи, покрај низата на економски и други ќе доведат до донесување на Уставот од 1974 кој ќе внесе повеќе промени во федерализмот. Најзадоволни од неговото донесување требаше да бидат помалите републики затоа што ќе дојде до децентрализација во Федерацијата. Донесувањето на новиот устав и борбата за негова реализација, Тито ќе го оцени како голем испит и историска одговорност пред работничката класа и социјализмот. Во 1976 година донесен е Законот за здружен труд чиј идеен творец е Едвард Кардељ и со тој закон се сметаше дека општеството влезе во зрела фаза во развојот на самоуправниот социјализам.[135] Широк замав во политичкиот систем зема делегатскиот систем според кој наместо пратеници се избираа делегати, кои произлегуваа од делегациите што се избираа во претпријатијат, установите и политичките организации. Промените кои што беа извршени во општествено-економскиот и општествено-политичкиот систем, реално значеа извесна демократизација, но таа во областа на економијата беше погрешно пресметана. Договорната економија, како што многу економисти ја нарекоа, со која со меѓусебно договарање на претпријатијата што и како ќе

[135] Ibid, 149.

произведуваат, со формирање на цени во рамките на производствените групации и однапред познати купувачи во земјата, ќе доведе до нарушување на квалитетот и неконкурентноста на стоката на странскиот Пазар. Словенија следејќи го примерот на соседните индустриски развиени земји, и со користење на поевтина работана сила од другите републики, нема докрај да ја напушти пазарната логика, па затоа нејзините производи ќе бидат конкурентни во развиените земји, а во Југославија најбарани.

Во мај 1980 година „Авнојска Југославија„ ќе го изгуби својот творец Јосип Броз Тито. И покрај тоа што неговиот авторитет во седумдесетите години ќе биде дестабилизиран, неговиот опстанок на чело на државата никогаш нема да биде доведен во прашање. Со Уставот од 1974 година му беше обезбедна доживотна функција претседател на СФРЈ.[136] По неговата смрт почнува да функционира системот на Претседателство, донесен 1971 година, од кое се избираше претседател со едногодишен мандатс. Тоа функционираше десетина години по неговата смрт. Во стопанската политика не се направија некои важни промени. Претседателството неможејќи да најде излез од наталожените економски и политички проблем ќе ја пласира паролата „И по Тито-Тито„ а тоа значеше безрезервно продолжување на Титовата политика. Во летото 1980 година ќе дојде до пад на националната валута-динарот, а инфлацијата ќе достигне до 45%. И покрај огромните заеми кои што ги земаше државата, кон крајот на осумдесетите години животниот стандард на луѓето ќе падне на нивото од шеесетите години. Покрај економските тешкотии ќе кулминираат и политичките. Во голема мерка ќе се нарушат меѓунационалните и меѓурепубличките односи што ќе доведе до меѓусебна недоверба и недоверба во ракодните кадри.

### *3. Советскиот Сојуз и неговото влијание во Источна Европа*

На крајот од Втората светска војна СССР на чело со Сталин ќе биде на врвот од својата моќ. Советските сили ќе ја окупираат цела Источна Европа

[136] Новица Велјановски, Op. cit.,87.

и поголем дел од Балканскиот Полуостров, со исклучок на Грција, Албанија и Југославија. Многу од целите на руската надворешна политика ќе бидат остварени. На Далечниот исток Русија ќе и се освети на Јапонија за поразот пред четириесет години, а само прашање на време ќе биде добивањето на Дарданелите и освојувањето на трајни упоришта на Блискиот исток. Крајот на војната од која што СССР ќе излезе како една суперсилите во светот, ќе отвори нови можности за проширување на границите на СССР и ширењето на комунизмот, а тоа многу вешто ќе биде искористено од страна на Сталин.

Сите овие земји кои што на крајот од војната ќе бидат окупирани од страна на СССР официјално ќе бидат наречени земји на „народна демократија" односно ќе бидат претворени во сателити на СССР.[137] Сите овие земји во текот на првите десет години после завршувањето на војната ќе имаат сличен политички развој но тоа незначи дека нема да постојат разлики кои што нетреба да бидат занемарени. Во првите моменти во сите овие земји ќе бидат воспоставени коалиции на сите партии, од кои што ќе бидат исклучени само фашистичките и екстремно десните партии. После година до две, овие коалиции ќе бидат заменети со нови во кои комунистите ќе ги добијат сите раководни функции а нивните партнери ќе бидат сведени само на набљудувачи. И на крајот „народниот фронт" ќе биде заменет со еднопартиски комунистички режим, но процесот нема да запре на оваа точка. Веднаш потоа ќе следат чистки внатре во комунистичките партии кои што ќе бидат организирани од страна на Сталин и неговите раководни луѓе.[138] Овие чистки ќе прераснат во борба помеѓу различни комунистички фракции каде што идеолошките погледи и степенот на послушност кон Москва нема да имаат одлучувачка улога. Комунистите ќе бидат спремни да соработуваат само со оние некомунистички политичари кои ќе покажат подготвеност да го прифатат нивното раководство, а останатите ќе добијат откази или ќе бидат

[137] Советската армија ќе ја окупира Источна Европа и Балканскиот полуостров во периодот помеѓу летото 1944 и пролетта 1945 година.
[138] Први жртви на овие чистки ќе бидат партиските лидери кои што ќе бидат оптужени за националкомунистичко скршнување, помеѓу нив ќе бидат: Ласло Рајк од Унгарија, Владислав Гомулка од Полска, Патраскану од Романија, Трајчо Костов од Бугарија.

уапсени. Партиите и политичарите кои што нема да покажат послушност ќе се соочат со обвинение дека се заштитници на фашистите и реакционерите. Социјалистичките партии во Полска во 1947 и Унгарија во 1948 година, откако ќе бидат отстранети сите кои што биле против спојување, ќе бидат преземени од комунистите. Тие ќе применат многу едноставна тактика, ќе делегираат неколку стотици свои членови во Социјалистичките и Селанските партии, со најразлични манипулации сами себе ќе се изберат на раководни места и потоа ќе ги распуштат централните раководства и ќе донесат одлука за спојување со комунистите. Истото ќе се случи и со Социјалистичките партии во Чехословачка и Романија. Во Романија ќе дојде до отворено мешање од страна на СССР уште во март 1945 година кога ќе биде побарано да биде сменет премиерот Радеску со Петру Гроза, богат земјосопственик кој што не се занимавал со политика но бил спремен да им служи на комунистите.

Но и покрај тоа што одлуките околу политика во Источна Европа главно ќе бидат носени во Москва, советското раководство ќе настојува на овие земји да им даде барем привидна независност. Во почетокот воопшто нема да биде размислувано за можноста за анектирање како што ќе биде направено со балтичките земји и источна Полска. Сталин ќе биде дециден противник на политиката на било какво спојување помеѓу сателитите. Тој остро ќе ја осуди идејата на маршалот Тито и Ѓорѓи Димитров во 1946 година за создавање на Балканска федерација. Во Москва сметале дека било каква царинска унија помеѓу земјите сателите е непотребна затоа што на СССР повеќе му одговарало работите да ги обавува со секоја земја поединечно отколку во групи.

За да може да ја реализира идејата за развиток на земјите на народна демократија според советскит модел, Советскиот Сојуз ќе мора да ги стави под контрола политичките структури во сите тие земји. Тоа ќе го направи со формирањето на Информационото биро на комунистичките и работничките партии во септември 1948 година (КОМИНФОРМ). Со создавањето на Информационото биро ќе и биде нанесен тежок удар на концепцијата

„национален пат кон социјализмот" и ќе биде означен период на унификација на комунистичката идеологија и замена на народната демократија со државна диктатура на пролетаријатот.[139]

Советскиот Сојуз од Источна Европа ќе има огромна економска корист со наплаќањето на воена оштета од Унгарија, Романија и Источна Германија. Останатите земји ќе бидат присилени голем дел од своето производство да му го продаваат на Советскиот Сојуз по цена многу пониска од пазарната, како и да купуваат советска роба по неверојатно висока цена. Поради ова но и поради однесувањето на советските трупи за време на окупација и поради неизбежниот судир помеѓу комунизмот и црквата, популарноста на комунистите и покрај нивните огромни залагања во повеќето земји ќе биде многу мала. Комунистите скоро секаде ќе бидат во малцинство и никој нема да има основа да очекува дека тие би добиле мнозинска поддршка на демократски начин. Поради ваквата фактичка состојба источноевропските комунистички лидери целосно ќе бидат зависни од помошта од СССР и присуството на Црвената армија, а во одредени моменти ќе биде потребна и нејзина интервенција.

Со фактот дека Источна Европа ќе припадне во сферата на влијание на СССР, инволвираноста на Москва ќе биде неизбежна затоа што повлекувањето на советските трупи или политиката на немешање во земјите сателити би довело до брзо паѓање на поголем дел од владите.[140] Во суштина со земјите во Источна Европа нема да управуваат ниту генералните секретари на партиите ниту претседателите на владите, туку амбасадорите на СССР чиј што збор ќе биде последен и конечен.

Во текот од последните години од Сталиновиот живот политичките промени во земјите на народна демократија ќе го следат советскиот модел. Националните економии на земјите од Источна Европа уште во 1948-1949 година ќе бидат реорганизирани по советскиот модел.[141] Нивната политика се

[139] А. К. Соколов, В. С. Тяжельникова, Op. cit., 132.
[140] Кевин Уилсън и Ян ван дер Дусен, Op. cit., 180.
[141] Ivan Berend, Op. cit., 102.

повеќе ќе биде усогласувана со Кремљ и ќе биде контролирана од истото место. Советското искуство ќе биде пример кој што ќе биде следен а тоа значело усвојување на петгодишни или шестгодишни планови за унапредување на индустријата и спроведување на колективизацијата во земјоделството. Според советскиот пример ќе биде обликуван секој сегмент од животот, и армијата, и тајната полиција, архитектурата, книжевноста и друго. Од интелектуалците ќе се очекува да станат комунисти или барем на збор да ја прифатат новата реалност и нејзините руски обележја, што ќе предизвика одбојност дури и кај лево ориентираната интелегенција. Новите владеачки личности со причина ќе гледаат со недоверба во интелегенцијата затоа што минатото ќе покаже дека позади сите национални побуни стоеле ратоборни интелектуалци.

Но и покрај огромните напори ќе постои разлика во брзината на спроведување на процесот на сталинизација, односно во сите земји нема да биде спроведуван и прифатен со иста динамика. Во овој процес водечкото место ќе го заземе Бугарија која што најбрзо ќе успее да постигне идентичност со СССР додека најмногу ќе заостануваат Полска и Романија, земји во кои комунистите ќе имаат многу помала подршка кај народот во споредба со другите источноевропски земји.[142] Комунистите во овие земји нема да ја уживаат подршката ниту кај патриотите кои сметале дека воопшто нетреба да се гордеат со достигнувањата на националните политички режими. Комунистичкото уредување во земјите од Источна Европа нема да претставува национален производ туку тоа ќе биде увезено од СССР и ќе биде одржувано поради близината и воената моќ на Советскиот Сојуз. Советскиот Сојуз во народите на Источна Европа нема да има ниту искрени пријатели ниту верни приврзаници.[143]

Политиката на Сталин во Источна Европа ќе предизвика огромни политички, општествени и економски промени. Во источноевропските земји последните години од Сталиновата ера ќе бидат одбележани со голем

[142] Во Бугарија колективизацијата ќе биде извршена на 92% од земјоделските капацитети, а во Полска тоа ќе биде постигнато само на 15%.
[143] Волтер Лакер, Op. cit., 109.

индустриски напредок, но цената на производството ќе биде несразмерно висока и животниот стандард и понатаму ќе биде во опаѓање. Со исклучок на Југославија сите останати земји сочинувале еден монолитен блок. Нивната политика, економија и воена сила ќе бидат под строга контрола на советското раководство. Котролата ќе биде директно спроведувана преку Советот за меѓусебна економска помош - КОМЕКОН и Варшавскиот пакт.[144] Советскиот Сојуз под водство на Сталин без двоумење ќе се меша во внатрешните работи на своите сателити, на секое ниво и во секоја област.[145]

Сталинистичката политика на централизација и строга контрола негативно ќе делува врз националните чувства кај народите. Иако ниту еден комунистички лидер нема да сака да дојде до промена во општественото уредување, ќе се појават такви кои отворено или премолчено ќе одобруваат создавање на национален комунизам без надворешно мешање. Националниот комунизам нема да подразбира раѓање на полиберален режим, но ќе ги отвори вратите на сите оние промени кои што ќе се случат во Источна Европа во текот на следните децении.

Освен во Романија и Бугарија, и делумно во Источна Германија, во другите земји од Источна Европа ќе бидат обновени културните врски со Западот но и понатаму ќе биде подржувана советската идеологија но тоа ќе биде само декларативно.[146] Суровата реалност на советизацијата и новиот социјалистички-политички систем наложен одозгора, кој што се идентификува со земјата од каде и се родил т.е. Советскиот Сојуз, ќе предизвика огромно негодување кај интелектуалниот свет во Источна Европа. Комунизмот ќе биде претворен во советски комунизам кој што ќе биде интерпретиран со јазикот на руската традиција на апсолутизам, православие и бруталност. Ваквата политика на Советскиот Сојуз ќе предизвика појава на „реформирани комунисти" кои што ќе претставуваат

---

[144] Советот за меѓусебна економска помош - КОМЕКОН како против мерка на Маршаловиот план, ќе биде формиран во Варшава во јануари 1949 година. Варшавскиот пакт ќе биде формиран како одговор на Атланскиот пакт, на 14 мај 1955 година.
[145] Ivan Berend, Op. cit., 102.
[146] Кевин Уилсън и Ян ван дер Дусен, Op. cit., 182.

крило во комунистичките партии кое што ќе прави обид за спроведување на демократски или пазарни реформи.[147]

На 6 март 1953 година ќе почине лидерот на СССР, Сталин со што ќе настапат одредени промени во советската политика. На предлог на Георгиј Маљинков, првиот човек на владата и генерален секретар на КПСС по смртта на Сталин, сите земји на народна демократија ќе ја променат економската политика и ќе внесат одредени промени во своите политички ставови.[148] Маљинков ќе биде свесен дека се неопходни промени во националната економија и преземање на итни мерки за подобрување на животниот стандард а тоа според него требало да се направи преку поголемо вложување во лесната индустрија. Во Советскиот Сојуз како и во Источна Европа ќе биде усвоен нов курс на Маљинков. Со кој што ќе биде направено подобрување во животниот стандард преку зголемување на платите, намалување на даноците и поголемо вложување во земјоделското производство. Во надворешната политика тој ќе го застапува ставот на помирување и во својот говор одржан во март 1954 година ќе предупреди дека трета светска војна ќе значи крај на светската цивилизација. Поради своите ставови во политиката, Маљинков ќе се соочи со силна опозиција помеѓу своите колеги и предложените реформи ќе бидат сведени на минимум. Веќе во втората половина од 1954 година ќе биде очигледно дека позицијата на Маљинков е загрозена.

Но и покрај тоа што ќе биде направен обид да биде намалена економската напнатост, во некои земји реформите нема да бидат преземени на време. Во Источна Европа незадоволството од политичката состојба ќе биде манифестирано со појава на кризи. Во ДР Германија и Чехословачка ќе дојде до немири а уште полошо ќе биде во Полска и Унгарија. Комунистичките партии во овие земји ќе се најдат во изолација од народот кој што се повеќе ќе биде антикомунистички расположен. Освен кај народот и внатре во самите партии ќе постои се поголем отпор и незадоволство од раководниот кадар.

---

[147] Таков пример е Прашката пролет во 1968 година во Чехословачка.
[148] Волтер Лакер, Op. cit., 211.

Предреволуционерната атмосфера од 1955 година во Полска и Унгарија ќе биде манифестирана во следната 1956 година. Од страна на политичките лидери од СССР на лидерите од братските партии ќе им биде советувано да биде направена одредена либерализација со што би се променил текот на настаните односно ќе биде запрена појавата на незадоволство од комунистичкото уредување и управување со државите.[149] Советскиот Сојуз ќе биде принуден да ја промени својата политика кон земјите на народна демократија со нивно помагање преку кредити, отпишување на долгови и други мерки.

После оставката на Маљенков на местото претседател на Советот на министри во февруари 1955 година, гледиштата на оние кои што ќе го наследат ќе се разликуваат од неговите по прашањата од економија и надворешната политика. Во јули 1955 година Булгањин, наследникот на Маљенков, ќе оствари средба со Ајзенхауер, Идн и Моле со што ќе се појави надеж дека конечно ќе дојде до општо помирување и брзо решавање на нерешените прашања, посебно на оние во Европа. Меѓутоа оптимизмот ќе биде сосема неоправдан затоа што веднаш ќе се покаже дека спремноста на СССР да започне разговори со Западот нема да значи дека постои подготвеност за отстапки од старите позиции. Од таа причина разговорите нема да донесат никакви резултати, единственото достигнување во 1955 година ќе биде потпишувањето на мировен договор со Австрија во месец февруари. Иако општото расположение ќе биде свртено кон западниот свет се до 1955 година културните политики на различните источноевропски земји ќе бидат безмалку идентични, дури подоцна разликите ќе станат очигледни.[150]

За време на Хрушчов ќе биде водена политика на економска интеграција на советскиот блок, со која што земјите од Источна Европа уште повеќе ќе зависат од Москва во испораката на суровини неопходни за нивната програма за индустријализација. Но во сите земји нема да биде развојот идентичен. Индустриски заостанатите земји од источна Европа ќе направат многу

[149] А. К. Соколов, В. С. Тяжельникова, Op. cit., 207.
[150] Волтер Лакер, Op. cit., 357.

поголем напредок во споредба со Источна Германија и Чехословачка. Но за сметка на тоа во тие земји земјоделското производство ќе биде во постојана стагнација. Во најголема предност ќе бидат Романија и Полска во споредба со Чехословачка, Источна Германија и Унгарија каде што просечното производство ќе биде помало од предвоеното. Комеконот ќе биде причина за многубројни препирки помеѓу Советскиот Сојуз и неговите помали партнери. Единствено со Источна Германија која што ќе биде највeрен сојузник на Русија и најважен трговски партнер нема да има никакви потешкотии. Меѓутоа другите ќе имаат забелешки: Романија ќе тврди дека внатрешната поделба на работата по одлука на Комиконот ќе има страшни последици по економскиот интерес на земјата и ќе го загрози нејзиниот индустриски развој. Чехословачка, Унгарија и Полска ќе тврдат дека советските суровини ги плаќаат по цени многу повисоки од светските, а Русите од своја страна ќе тврдат дека производите што ги купуваат од Источна Европа не одговараат на светскиот квалитет и дека освен тоа цените на светскиот пазар воопшто не се никаква мерка за трговските односи помеѓу социјалистичките земји. Советскиот Сојуз ќе биде одлучно против сите настојувања на своите сојузници за привлекување на западниот капитал и технолошко знаење и многу често ќе биде принуден да употреби голем идеолошки, политички па дури и воен притисок. Меѓутоа и Советскиот Сојуз ќе мора да направи одредени отстапки: на Унгарија и Чехословачка ќе им биде дозволено да направат економски реформи (помало вложување во тешката индустрија, повеќе иницијативи, следење на пазарните побарувања) кои што нема да бидат во согласност со реформите усвоени во Советскиот Сојуз. Романија, Полска, Унгарија и Чехословачка ќе ја зголемат својата трговска размена со некомунистичките земји за 40% до 50%.

После малите кризи кои што ќе се случат 1955 и 1956 година во Источна Европа, во 1959 година посетата на Хрушчов на САД ќе пробуди нов оптимизам во приближувањето на Истокот и Западот. Но тоа ќе трае многу кратко и по ново замрзнување на односите ќе дојде веќе следната година

после пропаднатиот состанок во Париз.[151] Угледот на Хрушчов ќе биде нарушен со кубанската криза, а против неговите потези ќе бидат и воените и партиските структури. Заговорниците ќе го искористат отсуството на Хрушчов додека се наоѓал на одмор и ќе прогласат Брежњев за генерален секретар а Косигин за премиер. На 16 октомври 1964 година ќе биде објавено дека другарот Хрушчов поднел оставка поради своите години и нарушеното здравје.[152]

Наследниците на Хрушчов нема да бидат воодоошевени од пријателските односи со Западот, но и нивната политика нема во многу да се разликува од претходната. Нападот на Чехословачка во 1968 година повторно ќе внесе страв кај најблиските соседи на СССР. Тие со причина ќе стравуваат затоа што ако според Брежњевата доктрина Советскиот Сојуз има право да се меша во работите на своите источноевропски сојузници, што би можело да го спречи под одредени поволни околности да не им пружи помош на своите заговорници во некомунистичкиот свет. Ваквата политика на Советскиот Сојуз за народите од Источна Европа ќе биде неприфатлива и тие никогаш нема да се помират со воените советски напади, и нивната борба за поголема слобода и национална независност од момент во момент ќе биде се поизразена.

Интелектуалиците, а посебно помладата генерација од земјите на народна демократија се повеќе и полесно ќе ги прифаќаат европските идеи. Тие и покрај официјалните осуди се повеќе ќе сакаат да бидат дел од Европа и да бидат прифатени од Западот. Интелегенцијата и во Источна Европа и во Советскиот Сојуз ќе истапува со револуционерни идеи поради кои што ќе дојде во судир со конзервативните елементи во комунистичкото општество, пред се со партиските раководства кои сосема оправдано, критиката (изречена од страна на интелектуалците) ќе ја смета за опасност која ја загрозува нивната власт. Ќе се појават и знаци на постојана нетрпеливост

[151] Состанокот требало да се одржи во мај 1960 година во Париз, но ќе пропадне затоа што на 1 мај 1960 година над советска територија ќе биде срушен американскиот шпиунски авион У-2.
[152] Волтер Лакер, Op. cit., 491.

помеѓу различните народи внатре во Советскиот Сојуз, но таа ќе биде држена под контрола.

Во текот на седумдесеттите и осумдесетттите години интелектуалците ќе добијат поголема слобода на движење и тоа ќе им овозможи да одиграат значајна улога во движењето за поголема слобода, кое што конечно ќе доведе до револуционерните случувања во 1989 година.[153] Во осумдесеттите години ќе биде јасно дека неомарксизмот во Европа е веќе исцрпен а тоа ќе биде очигледно и поврзано со опаѓањето на моќта на режимите во Советскиот Сојуз и Источна Европа.

### *4. Тенденциите и обидите за ослободување од влијанието на СССР до 80-те години*

Десет години до смртта на Сталин комунистичкиот систем од монолитен ќе биде непоправливо расцепкан, а некогашниот единствен блок ќе биде претворен во тло за борба за идеолошка и политичка надмоќ. Разликите помеѓу комунистичките земји и нивните партии не ќе може да бидат надминати бидејќи секој себе си се сметал за вистински марксист-ленинист.

Во текот на сите години на Сталиновата власт ќе дојде само до едно разидување. Тито ќе се осуди да му се спротивстави на Советскиот Сојуз и Сталин, и никогаш нема да се покае за тоа. Помеѓу Москва и Белград ќе дојде до помирување дури по смртта на Сталин и тоа во 1955-1956 година. Во 1956 година ќе дојде до развој на посебен национален комунизам кој што од страна на Советскиот Сојуз во Полска ќе биде запрен, а во Унгарија со употреба на сила задушен.[154] Но тоа нема да значи и потполно запирање на тенденцијата за либерализација и инсистирањето на право на автономија.

На состаноците на светското комунистичко движење одржани во 1957 и 1960 година ќе биде усвоена резолуција со која ќе бидат потврдени начелата на еднаквост, почитување на територијалниот интегритет, национални

---

[153] Ibid, с. 9.
[154] Тодор Кулиќ, Ревидирана историја и нов идентитет во Источна Европа, 2005, стр.12.

независност и немешање во внатрешните работи на други држави. Меѓутоа овие одлики нема да бидат реалност имајќи ја во предвид нееднаквоста во моќта во комунистичкиот табор и фактот дека во минатото пути едно вакво начело нема да биде почитувано. Од страна на наследниците на Сталин ваквата одлука нема да биде прифатена и почитувана, но тие нема да го имаат неговиот авторитет со кој што би го наметнале обожувањето и почитувањето од милионските маси на револуционери кои што се наоѓале надвор од границите на Советскиот Сојуз.

Се повеќе ќе биде прифатен полицентризмот[155] кој што нема да претставува отстапување туку неопходност за да може да дојде до усогласување со новата состојба во комунистичкото движење. Очигледно ќе биде дека раководењето со комунизмот во светот од еден центар е веќе минато и дека тоа било потребно само во почетокот. Несогласувањата помеѓу Советскиот Сојуз и Кина, која што ќе има многу полиберални гледишта по многу прашања, видно ќе влијае и на случувањата во Источна Европа. Полицентризмот од Далечниот исток ќе се рашири во Источна Европа. Прва земја која ќе се побуни и ќе се разијде од Советскиот Сојуз ќе биде најмалата комунистичка земја, Албанија во 1960-1961 година. Таа иако освен омразата спрема советската политика ќе нема ништо заедничко со Кина, во неа ќе најде свој заштитник и ќе стане кинески мостобран во Европа.[156]

Следна земја која ќе се разијде со Советскиот Сојуз ќе биде Романија. Желбата на Романија да води сопствена политика ќе се судри со централистичките планови на Москва. Во почетокот несогласувањата ќе бидат од економска природа, односно Романија отворено ќе се спротивстави на иницијативата на Комеконот (под надзор на СССР) за усогласување на економските врски помеѓу Советскиот Сојуз и источноевропските земји. Во Романија постоел страв дека новата поделба на трудот на која Москва инсистирала може да ја загрози или сосема да ја онемозможи новата

[155] Систем според кој постојат повеќе центри на одлучување, за негов творец се смета Палмиро Тољати-италијански партиски лидер.
[156] Волтер Лакер, Op. cit., 417.

романска програма за индустријализација. Романското раководство ќе успее да го спречи спроведувањето на новата програма наложена од раководството на СССР, и иако на големо разочорување на Хрушчов, постепено ќе започне со усвојување на своја независна надворешна политика. Во април 1964 година Централниот комитет на Комунистичката партија на Романија ќе усвои декларација во која ќе биде истакната еднаквоста, независноста и суверенитетот на секоја комунистичка земја со што всушност ова ќе претставува романска Декларација за независност. Романија во 1967 година ќе биде единствената комунистичка земја, освен Куба, која што нема да ги прекине односите со Израел. Таа ќе успее во исто време да биде сојузник на Советскиот Сојуз, пријател на Кина и комунистичка земја која што ќе успее да ги поправи и унапреди дипломатските и трговските односи со Западот. Но независноста главно ќе биде ограничена на надворешната политика. Десателизацијата ќе се одвива многу побрзо од десталинизацијата односно под лидерство на Николае Чаушеску Комунистичката Партија и полицијата ќе бидат под строга контрола а тоа ќе биде јасен показател дека Романија во ниту еден поглед нема да биде водечка либерална сила во комунистичкиот табор.[157] Чаушеску освен ослободувањето на Романија од советската доминација ќе работи на национална самостојност предводена од национална хомогенизација со што ќе сака систематски да го избрише мултинационалниот карактер на државата. Национализмот во земјата освен против Советскиот Сојуз ќе биде употребен за создавање на единствена романска нација што ќе биде од особена важност за ситуацијата внатре во земјата.[158]

Покрај најспектуларните случаи во Романија и Албанија, национализмот кај малите нации во постсталинистичката ера ќе се појави и во некои други земји. Полицентризмот ќе биде резултат на националните разлики кои комунистичките лидери теоретски ќе ги празнаваат и за нив ќе водат посебна грижа во својата тактика. Поттикнувајќи национализам, режимите на

[157] Ibid., 418.
[158] Ivan Berend, Op. cit., 210.

државниот социјализам ќе се обидат да ги искористат националните емоции и да се претстават себе си како автентични претставници на националните интереси со што ќе добијат поддршка во давањето отпор против Советскиот Сојуз. Поголемиот број режими во Источна Европа ќе бидат во постсталинистичка либерализирана форма со пробуден национализам, но нивните нации ќе ги прифаќаат се додека режимите ќе функционираат.[159]

Во 1968 година во Чехословачка појавата на либерализација и слободарски дух ќе предизвика особена загриженост во Москва. Соочено со сепаратистичките движења во Албанија и Романија, советското раководство ќе смета дека е неопходно преземање на мерки со кои би се спречило понатамошното распаѓање на блокот. Посебна опасност од можноста слободарскиот дух од Прага да се прошири и во другите источноевропски земји, дури и да продре и во самиот Советски Сојуз. Но и оваа тенденција во Чехословачка, со употреба на сила од страна на Советскиот Сојуз ќе биде запрена и комунистичката власт ќе биде одржана благодарение на принуда, а не по волја на народот. Од страна на Западот ќе пристигнат само осуди но и понатаму ќе биде задржан курсот на немешање во работи кои за нив претставуваат внатрешна работа на Советскиот Сојуз и еден од неговите сојузници.

Во наредните години иако ќе биде употребувана сила процесот ќе продолжи да се развива. Носител на идеите ќе биде движењето за човекови права наречено Повелба 77 оформено со потпишување на декларацијата на 1 јануари 1977.[160] Во движењето ќе биде истакнато дека неговата цел не е да нанесува штета на комунистичкиот режим во Чехословачка туку да води конструктивен дијалог со властите за промени во државата. Движењето ќе бара од чехословачката влада да се придржува на светските акти за човекови права. Ова движење го поддржувале 242 јавни личности меѓу кои се наоѓале подоцнежните водачи на т.н. мека, кадифена или нежна револуција во

---

[159] Ibid, 217.
[160] Ibid, 288.

Чехословачка и тоа: Александар Дупчек, Вацлав Хавел, Јиржи Динстбир и други.[161]

Во Полска властите после студентските демонстрациии во март 1968 година и случувањата во Чехословачка ќе преземат остри мерки и ќе започнат со големи чистки. Од работа ќе бидат отпуштени водечки личности од интелектуалниот живот во Полска и голем број на политичари. Меѓутоа комунистичкиот режим во Полска никако нема да успее да пушти свои корени, така да не само кај народот туку и во самата партија се помалку ќе има такви кои што ќе веруваат во комунистичката идеологија. Гомулка ќе успее да остане на власт благодарение на поддршката на Советскиот Сојуз се до 1970 година кога после големите работнички демонстрации ќе биде симнат од власт заедно со неговите најблиски соработници. Но и во времето на неговиотналседник Едвард Гјерек тенденциите за промени во општетството нема да бидат запрени. Појавата на синдикатот Солидарност во 1980 година ќе претставува закана како за комунизмот во земјата така и надвор. Фактот дека Комунистичката партија се повеќе слабее а Солидарност се повеќе ќе добива свои членови, ќе претставува најава дека тие неможе да опстанат заедно. Загриженост ќе има и во Советскиот Сојуз каде се повеќе стравувале дека што повеќе трае кризата во Полска со тоа станува се повеќе опасно дека може да предизвика инфекција и надвор од неа. Затоа во Советскиот Сојуз за да може и понатаму да го остварува своето влијание во Полска сериозно се размислувало за можноста за извршување на инвазија. Тогаш на власт се наоѓал Брежњев кој цврсто ја држел власта во Москва а според неговата доктрина СССР можел да интервенира во секоја земја од Источна Европа во која биле загрозени неговите интереси. Под притисок на СССР под раководство на генералот Војчех Јерузелски[162] армијата ќе ја преземе власта и заедно со Комунистичката партија ќе воведат воена диктатура. На

[161] Маргарита Пешевска, Op. cit., 84.

[162] Војчех Јерузелски е роден во аристократско семејство на 6 јули 1923 година во близина на градот Бјалисток. Ќе учествува во заземањето на Берлин, а во војската ќе биде од 1945 до 1991 година т.е. за време на целата Студена војна. Ќе учествува во инвазијата на Чехословачка во 1968 година. Во 1972 година тој ќе се сретне со Фидел Кастро. Последен претседател на Народна Република Полска.

иницијатива на Јерузелски во 1981 година ќе биде донесен воен закон и ќе биде забранет синдикатот Солидарност.[163] Јерузелски во своето обраќање до нацијата ќе се повика на полскиот патриотизам и ќе прогласи социјалистичка обнова. Ваквиот потег на Јерузелски од повеќе од половина полски граѓани ќе биде оценет како правилен односно дека со тоа се избегнала советска интервенција.[164] Партиското-воено раководство во своите реформи ќе го следи примерот на Јанош Кадар и Унгарија по 1956 година. Тоа значело уништување на работничката опозиција, ценовна реформа, давање на афтономија на голем број на претпријатија и воведување на некој вид на пазарна економија. Главно значење на полската криза од 1979-1981 година ќе се состои во тоа таа ќе направи прва дупка во светскиот систем на социјализмот која што значително ќе влијае на интензивирање на распадот кој ќе следи подоцна.[165] Ќе бидат отворени вратите за влез на странските компании и ќе биде иницирано приватно инвестирање со што во 1986 година ќе функционираат околу половина милион приватни компании во земјата.[166] Но и покрај сите заложби задоцнетите полски реформски потези нема да бидат успешни затоа што против себе ќе ги имаат поголем од општеството, ќе бидат бојкотирани од Западот и фатени во замката на преголема задолженост.

Во Унгарија после 1978 година ќе започне реформскиот период кој што ќе трае до средината на осумдесеттите години. Во неговите подоцнежни фази ќе биде воведена некоја форма на пазарна економија, а вработените во земјоделието и индустријата ќе можат сами да ги бираат своите раководства. Унгарците ќе може слободно да патуваат во странство а ќе може и да се вработуваат таму во траење од пет години. Ова ќе овозможи формирање на нова средна класа, поголема снабденост во продавниците, а на улиците ќе има повеќе приватни автомобили од било која друга источноевропска земја. Но сета ова состојба ќе биде пропратена со инфлација а ќе предизвика и

[163] Ibid., 89.
[164] Ivan Berend, Op. cit., 308.
[165] А. К. Соколов, В. С. Тяжельникова, Op. cit., 3??.
[166] Ivan Berend, Op. cit., 309.

незадоволство и обвинување од страна на оние кои што ќе имаат мали плати дека со новиот систем се создава нееднаквост. Целото привидно подобрување на економската состојба во Унгарија ќе биде благодарение на големите кредити од Западот со кои што државата ќе биде претворена во најзадолжена од сите источноевропски земји. Внатрешната политика ќе и создава на Унгарија проблем и на наворешен план. Нејзините соседи вклучувајќи го и Советскиот Сојуз ќе покажат видна вознемиреност поради претераниот либерализам на Кадаровата политика. Но Кадар ќе успее да ги убеди критичарите дома и оние во Советскиот Сојуз дека децентрализацијата и ситната конкуренција се сосема безопасни.[167]

На надворешен план Унгарија, иако против својата волја, ќе го следи советскиот пример. Инаку Унгарците во суштина ќе бидат наклонети кон Западна Европа, односите со Австрија постојано ќе им бидат блиски, а ако може да се каже дека имале непријатели тогаш тоа сигурно би бил Чаушеску кој што ќе се однесува премногу сурово кон унгарското малцинството во Трансилванија.

Сите овие случувања ќе стават точка на сите надежи дека во Источна Европа постепено може да дојде до промени и ќе стави јасно до знаење дека само од Москва може да биде поттикната иницијатива за темелни промени во комунистичкиот режим и блок. Се претпоставувало дека единствено со постепена европеизација на советскиот блок Русија би можела да дозволи поголема слобода и независност на своите сојузници, се разбира под услов со тоа да не бидат загрозени нејзините основни безбедносни интереси.

[167] Маргарита Пешевска, Op. cit., 93.

## ГЛАВА II: Транзицијата во земјите од Источна Европа

### 1. *„Перестројката" во СССР и промените во Источна Европа*

Пред крајот на владеењето на Брежњев внатре во Советскиот Сојуз, а и надвор од него во комунистичкиот свет се повеќе отворено ќе биде присутен песимизам. Повеќе нема да биде тајна дека советското раководство го има изгубено и еланот и правецот, што ќе предизвика загриженост и кај најверните привржаници на комунистичкиот режим. До крајот на седумдесеттите години се повеќе луѓе ќе веруваат дека ситемот е погрешен и дека е неизбежна уште поголема катастрофа. Економското незадоволство значително ќе влијае на порастот на песимизмот. Но уште позагрижувачко од падот на производството и продуктивноста ќе биде падот на моралот и губењето на интерес за работата, корупцијата и злоупотребата на власта. Се додека советското општество ќе биде практично изолирано од надворешните информации, советските граѓани нема да може да ја споредат својата судбина со состојбата во развиените земји на Запад. Меѓутоа информации постепено ќе продираат и советските граѓани ќе сфатат ќе дека не само што нема да го стигнат Западот туку дека нивниот систем се повеќе ќе заостанува а животниот стандард ќе биде се полош.

По смртта во ноември 1982 година Брежњев ќе го наследи Јуриј Андропов[168] кој што петнаесет години ќе биде на чело на КГБ. Веднаш по доаѓањето на власт Андропов ќе отстрани дел од старите Брежњеви привржаници и ќе донесе свои луѓе. За четиринаесет месеци додека Андропов се наоѓал на власт на внатрешен план нема да има никакви подобрувања, а во

[168] Јуриј Андропов е роден на 2 јуни 1914. Во 1954 година ќе биде назначен за советски амбасадор во Унгарија каде ќе биде и еден од одговорните за донесување на одлука за напад на Унгарија во 1956 година. Во 1967 година ќе биде назначен за шеф на КГБ. Во 1973 година ќе стане член на Политбирото иако нема да даде оставка од челната позиција на КГБ до 1982 година. По смртта на Брежњев на 10 ноември 1982 година ќе биде именуван за Генерален секретар на комунистичката партија и ќе биде првиот шеф на КГБ кој станал Генерален секретар. Неговото именување од страна на Западот ќе биде примено со страв поради неговата улога во КГБ и Унгарија. По неколку месечно лекување поради откажување на бубрег ќе почине на 9 февруари 1984 година.

надворешната политика ќе има очигледно влошување. Андропов уште кога ќе дојде на власт веќе ќе биде со нарушено здравје и после долго боледување ќе почине на 9 февруари 1984 година. Наследник на Андропов ќе биде Константин Черњенко, родум од Сибир. Под власт на Черњенко во Советскиот Сојуз освен смената на некои избраници на Андропов, нема да има никакви персонални и политички промени. Черњенко поголем дел од својот мандат ќе го помине во болница близу Москва или на одмор на Крим. Во тоа време со состаноците на Партијата и државните органи воглавно ќе претседава најмладиот член на Политбирото, Михаил Сергеевич Горбачов.[169] Неколку недели пред смртта на Черњенко, март 1985 година, после долги натегања, Горбачов ќе избие како најсериозен кандидат за наследник.[170]

На 10 март 1985 година на местото Генерален секретар на ЦК на КПСС ќе биде избран Михаил С. Горбачов.[171] Кога ќе почне да се појавува во 1985 година Горбачов нема да најавува некои важни реформи.[172] Се до 27 партиски конгрес одржан во февруари 1986 година тој нема да го употреби ниту зборот реформа ниту ќе најавува некаква реформа. Новиот генерален секретар многу внимателно ќе ги одмерува своите постапки и дури откако ќе ги отстрани своите главни противници од Политбирото слободно ќе каже дека "Перестројката" или "Гласност" е еднаква на темелни реформи.[173] Тој со тек на време ќе сфати во колкава криза се наоѓа Советскиот Сојуз и дека економската криза, ако не бидат презмени соодветни чекори, ќе се почуствува во секој дел од животот односно квалитетот на живеење и

---

[169] Михаил Сергеевич Горбачов е роден 1931 година во Приволно, село близу Ставропољ во северениот дел на Кавказ. Откако ќе наполни деветнаесет години ќе отиде во Москва да студира право. Неговата политичка кариера ќе започне како секретар на локална младинска комунистичка организација, подоцна ќе биде месен секретар за пропаганда и конечно главен секретар на еден од најважните земјоделски региони во земјата. Еден од секретарите на Централниот комитет ќе стане во 1978 година а во 1979 година ќе бидекандидат за член на Политбирото а само една година подоцна и негов редовен член. Како најмлад ќе го добие најнепопуларниот ресор земјоделство и тоа во момент кога советското земјоделство ќе биде во постојана криза.

[170] Волтер Лакер, Op. cit., 627.

[171] Михаил Горбачов ќе бидепрвиот лидер на партијата кој што ќе биде роден после Октомвриската револуција 1917 година

[172] Гжегож Колодко, Twenty yars of perestroika. Moskow, 2005, str. 2

[173] Самиот збор Перестројка значи престројување или преструктурирање.

социјалните услуги ќе бидат се полоши. Многу брзо ќе се покаже дека преземањето на било какви мерки без коренита промена на системот има само ограничено дејство и може да послужат само како благо смирување на состојбата. Вистинска промена може да се направи само со рушење на стариот систем кој што повеќе нема да биде делотворен, затоа што планското стопанство ќе биде во спротивност на брзиот технолошки развиток а работниците не можеле да ја покажат својата креативност со ваквиот начин на стопанисување. Горбачов одлучил да се ориентира кон пазарно стопанство, слободно формирање на цени и зголемување на платите.[174]

Првата реформа претставена од Горбачов ќе биде алкохолната реформа во 1985 година со која ќе биде замислено започнување на војна против широко распростанетиот алкохолизам во Советскиот Сојуз. Цените на вотката, виното и пивото ќе бидат зголемени, а нивната продажба ќе биде ограничена. Ќе биде забранета продажбата на алкохол на јавни места и во возовите, а дури и сцените во филмовите во кои што имало конзумирање на алцохол ќе бидат отстранети.[175] На оние кои што кои што ќе бидат фатени под дејство на алкохол на работното или јавно место веднаш ќе им биде судено.[176]

За прв пат во јуни 1987 година на пленарна седница на Централниот Комитет на КПСС, Горбачов ќе ги престави основните тези на Перестројката според кои што ќе биде водена економската политика на СССР се до неговото распаѓање. Во јули 1987 година Врховниот совет ќе донесе закон со кој што државните претпријатија можеле слободно да одлучуваат за своето ниво на производство во зависност од побарувачката. Претпријатијата морале да ги исполнуваат наредбите од државата но остатокот од производството можеле да го рапоредат по своја желба. Тие сами се финансирале и ги покривале трошковите за плати, данок и набавки. Со новите промени државата веќе нема да ги спасува непрофитабилните

[174] Маргарита П[illegible]евска, Op. cit., 73.
[175] А. К. Соколов, В. С. Тяжельникова, Op. cit., 343.
[176] Ваквата алкохолна реформа ќе има видливо влијание во намалувањето на алкохолизмот во земјата, но од друга страна ќе претставува сериозен економски удар за државниот буџет.

претпријатија од банкрот. Со претпријатијата ќе раководат работници избрани од колективот а не од министерот на кој што ќе му биде одземено и правото да го одредува планот на производство.

Горбачов ќе воведе и сектор за надворешна економија со што привидно ќе биде елиминиран монополот кој што го имал министерот за трговија. На министрите од другите сектори да водат своја надворешна политика со што ќе им биде овозможено да дејствуваат директно а не преку бирократијата на министерот за трговија.

Поголемиот дел од економистите се сложувале со преземањето на ваквите мерки но не и со брзината предвидена за нивно воведување. Партиските секретари ќе го предупредат Горбачов дека радикалните реформи се политички неприфатливи освен ако се спроведуваат за подолг временски период. Спротивставени ставови имало помеѓу радикалите кои сметале дека само темелни мерки може да ја спасат земјата од потполна пропаст, и конзервативците кои сметале дека претходните претеруваат и дека со предложените промени ќе се збогати само еден тенок слој на шпекуланти, а на народот ќе му биде уште полошо.

Со Перестројката ќе им биде дозволено на странците да инвестираат во СССР. Со новиот закон ќе им биде овозможено на странците да поседуваат најмногу 49% од акциите со што русите би ги задржале директорските места на претпријатијата. Ваквото ограничување за поседување на акциите нема да привлече странски инвестиции и затоа тоа ќе биде укинато.

Со новата реформа и предвидената либерализација во областа на економијата и политиката, во првите пет години ќе бидат основани 140 000 мешовити претпријатија или професионални здруженија, пред се за производство и трговија со роба за широка потрошувачка. Но состојбата во индустријата и земјоделството нема да има некоја забележителна промена. Напротив делумната либерализација уште повеќе ќе ги зголеми недостатоците во земјоделието и ќе се појави уште поголемо општо незадоволство. Многу мал дел од земјоделците ќе ја искористи можноста да ја земаат земјата под закуп и да ја обработуваат без традиционалната

државна контрола, затоа што ниту имале доверба во промените ниту пак имале капитал и средства потребни за обработка на земјата. Од страна на локалната бирократија нема да биде преземено ништо да бидат створени услови за да може промените во земјоделството да имаат можност да напредуваат.

Законот за кооперација донесен во мај 1988 година ќе биде можеби најрадикалната економска реформа во првата половина на Горбачовата ера. Со овој закон ќе биде дозволена приватна сопственост во услужните дејности, занаетчиството и надворешната трговија.[177] Законот во почетокот ќе наметне високи даноци но подоцна ќе биде изменет за да биде избегнато обесхрабрувањето во приватниот сектор. Со овој закон приватните ресторани, продавници и занаетчиски дуќани ќе станат дел од советската реалност.[178]

На политичко поле реформата ќе биде многу поинечатлива, особено во советската култура, во најшироко значење на поимот. Луѓето можеле слободно да пренесуваат податоци без да бидат казнети. Горбачов ќе дозволи да се врати од прогонство во градот Горки, Андреј Сахаров,[179] долгогодишен десидент.[180] Андреј Сахаров заедно со други критичари на режимот ќе ја основа парламентарната фракција т.н. Меѓуинтеррегионална група.[181]

Преку програмата на перестројството требало да се решат проблемите кои што биле наталожени од минатото од погрешни потези кои што биле преземани од времето на Сталин и другите врвни раководители на СССР. Длабоката општествена криза ќе ги зафати сите сегменти од општеството, вклучувајќи ја и Комунистичката партија. Горбачов ќе понуди платформа во која се залагал за длабоки промени во државата, пред се во Партијата. Тој се залагал КПСС да не биде партија која со Уставот има добиено монополска улога во општеството. Откажувањето на таа положба би довело до коренити

[177] А. К. Соколов, В. С. Тяжельникова, Op. cit., 351.
[178] Тука треба да напомениме дека некои републики ке ги игнорираат овие ограничувања.
[179] Андреј Сахаров, нобеловец и најпознат советски поборник за човекови права.
[180] Волтер Лакер, Op. cit., 631.
[181] Ibid.

промени во битисто на Партијата.[182] Неговото барање за укинување на членот 6 од Уставот со кој КПСС имал монополска улога и официјално ќе биде реализирано во 1990 година .[183]

Една од главните пресвртници во политичките реформи ќе претставува XIX-та партиска конференција одржана во јуни-јули 1988. На оваа партиска конференција ќе биде донесена одлука со уставот да биде утврдено неприкосновено владеење на законите, законските права на сите поединци ќе бидат загарантирани и заштитени. За да биде постигнато тоа, требало да бидат извршени големи промени во законодавниот систем на земјата. Формалното тело - Врховен совет, кој што се состанувал само во ретки моменти кога требало да се поздрави работата на раководството или да биде потврдена нивната политика, суштински ќе биде изменет. Во декември ќе биде воведен Конгрес на народни пратеници од 2 250 членови и за прв пат после многу децении за секое место ќе може да бидат предложени повеќе кандидати. Главната задача на Конгресот на народни пратеници ќе биде избор на Врховен совет и избор на претседател на Врховниот совет кој што ќе има функција шеф на државата. Теоретски Конгресот на народни пратеници и Врховниот совет ќе имаат огромна законодавна моќ. Првите избори за Конгресот ќе бидат одржани во целиот Советски Сојуз во март и април 1989 година.[184] Сепак во пракса конгресот во 1989 година ќе се состане само неколку пати и тоа да одобри одлуки на Партијата, советот на министри и Врховниот совет. Врховниот совет, претседателството на Врховниот совет, претседателот на Врховниот совет, и советот на министри ќе имаат значителен авторитет во креирањето на закони, декрети резолуции и акти. Конгресот на народни пратеници ќе има авторитет да ги ратификува тие одлуки. Овие реформи ќе бидат направени од страна на Горбачов со цел да ја намали контролата на партијата во владиниот апарат.[185]

---

[182] Маргарита Пешевска, Op. cit., 75.
[183] Ролтер Лакер, Op. cit., 630
[184] Се гласа за Перестројката. - Нова Македонија (Скопје) XLV 15145 (27 март 1989), стр. 3.
[185] А. К. Соколов, В. С. Тяжельников, Op. cit., 352.

Првите избори во 1989 година како друга пресвртница тешко може да бидат наречени слободни по прифатените демократски стандарди, ако го земеме во предвид фактот дека политички партии не постоеле, а голем дел од кандидатите биле именувани од страна на Комунистичката партија и нејзините организации.[186] Но мора да се напомене фактот дека некои од кандидатите нема да бидат прифатливи за Комунистичката партија. Така на пример во најголемата изборна единица (Москва), Борис Јелцин ќе слави убедлива победа иако претходната година ќе биде сменет од функцијата генерален партиски секретар во претолнината.[187] Потоа ќе биде избран за претседател на Врховниот совет на Руската Република. Локалните избори во 1990 година ќе покажат дека од страна на народот постои голема наклонетост кон опозицијата. Радикалните реформисти ќе победат во Москва, Ленинград и Свердловск.[188]

Горбачов ќе биде избран за претседател на Советскиот Сојуз во септември 1988 година во парламентот, а не на избори. Следната година ќе биде востановен Президиум, кој што ќе претставува релативно мал збир на советници во кој што ќе се најдат и економисти и писатели. Вистинската функција на ова ново тело нема да биде јасно одредена освен тоа што на него ќе бидат префрлени дел од овластувањата на Политбирото и Советот на министри.[189]

Во почетокот на 1989 година девеесет и осум членови и кандидати за членови на Централниот комитет ќе поднесат колективна оставка поради своите години. Меѓутоа и покрај тие промени, Горбачов нема да може да смета дека во Централниот комитет ќе има мнозинство кое што ќе биде наклонето кон реформите, а уште помалку во Политбирото каде што единствени негови вистински сојузници ќе бидат Едуард Шеварднаџе,

---

[186] Ibid, 353.
[187] Триумфално враќање на Елцин.-Нова Македонија (Скопје) XLV15149 (28 март 1989), стр. 6.
[188] Волтер Лакер, Op. cit., 631.
[189] Ibid.

министерот за надворешни работи, и Александар Јаковљев, заговорник за радикални промени.

Конзервативците кои што ќе бидат против пребрзо и драстично отстапување од ленинистичките норми во почетокот ќе бидат предводени од Јегор Лигачев. Тие начелно нема да бидат против економските реформи но сметале дека со Перестројката се наложува брзина за нивно спроведување која што може да доведе до момент кога никој нема да може да ја држи земјата под контрола.

Во пониските слој од партиското раководство ќе има најмногу противници на курсот на Перестројката. Тоа ќе биде манифестирано на 28 Конгрес на КПСС кој што ќе започне на 1 јули 1990 година и ќе трае еден месец.[190][191] Мнозумина од нив ќе сметаат дека оние кои што го имаат започнато процесот на десталинизација се издајници кои што земјата ја водат во пропаст. Според нив реформското движење има за цел да го претвори Советскиот Сојуз во западно, либерално-демократско општество, кое што ќе значи отфрлување на сите традиционални руски вредности и воведување на култура од Западот, а тоа ќе значи општествена, морална и политичка пропаст на „Големата Русија".[192] Тие ќе започнат отворена медиумска војна против перестројката и политичките реформи воопшто, а приврзаници на нивните ставови ќе добијат се повеќе во сите слоеви на населението и во различни делови од земјата. Поголемиот дел од интелектуалците и останатите граѓани ќе ги привлече духот на слобода кој што доаѓал заедно со реформското движење односно чесност и поголема слобода на мислата и говорот.

Во новото осмислување на принципот на демократски централизам особено ќе му биде дадено акцент на демократизмот на партиските маси. Горбачов одел во насока кон напуштање на болшевичката теза за

[190] Горбачов во својот реферат нагласено ќе упати критики до оние што ќе ја сопираат перестројката, концентрирани во управувачките структури на сите нивоа.
[191] Перестројката мора да продолжи.-Нова Македонија (Скопје) XLVI/15563 (3 јули 1990), стр. 7.
[192] Конзервативците во жестока офанзива.-Нова Македонија (Скопје) XLVI15568 (8 јули 1990), стр. 4

организација на партијата. Со тоа ќе биде анулирана тезата на В. Илич Ленин, усвоена на Десеттиот конгрес на Партијата со која се забрануваат било какви фракции во Партијата, а раководството било задолжено да ги исфрли сите фракционери од редовите на Партијата.[193]

Перестројката или Гласност всушност ќе претставува соочување со минатото и прво преиспитување на сите пропусти направени во економијата и општествениот живот. За прв пат после низа децении ќе се појават написи и говори во кои што ќе бидат признаени направените грешки. Ќе биде изнесена вистината за сите направени недела вклучувајќи го тука постоењето на организираниот криминал во големи размери, сиромаштијата, лошиот здравствен систем, алкохолизмот, наркоманијата и проституцијата.[194]

## 2. *Промените во односите помеѓу Советскиот Сојуз и Западниот свет*

За време на претседателот Картер советско-американските односи ќе бидат влошени. Москва ќе биде навредена поради неговото инсистирање за човековите права кои според него во Советскиот Сојуз не се почитувале. Освен тоа нема да бидат исполнети очекувањата за зголемување на трговската размена помеѓу двете страни, а главна причина ќе биде несогласувањето помеѓу двата система и економските недостатоци на Советскиот Сојуз. Непремостлива препрека за поблиски економски односи ќе биде и неконвертабилноста на советската рубља.

Односот на Советскиот Сојуз кон Западот ќе стане особено непријатен за време на претседателот Реган. Тоа ќе биде условено со Регановиот речник во кој што ќе бидат присутни фразите дека комунизмот е „живо зло за модерниот свет" или „бизарно поглавие на човековата историја". Роналд Реган заедно со Британскиот премиер Маргарет Тачер ќе започнат идеолошка војна против советскиот комунизам и практично ќе повикаат на

[193] Маргарита Пешевска, Op. cit., 76.
[194] Тодор Кулиќ, Ревидирана историја и нов идентитет во Источна Европа 2005, стр. [illegible]7.

крстоносна војна против него.[195] Уште поголема улога за влошување на односите ќе одигра модернизацијата на армијата која што ќе биде започната од страна на Регановата администрација. Ова ќе го натера Советскиот Сојуз да се впушти во трка во вооружување која што нема да може да ја издржи поради се поголемата криза на домашен план.[196]

Советскиот Сојуз соочен со непопустливиот противник во Вашингтон ќе се обиде на секој начин да го растури Атланскиот сојуз а со тоа да го спречи и распоредувањето на проектили во Западна Европа. Меѓутоа ниту советските ветувања ниту заканите нема да вродат со плод и Бундестагот во ноември 1983 година ќе одобри разместување на проектили а истото ќе го направат и останатите европски земји. Напредок нема да донесат ниту разговорите за заедничко намалување на воените сили одржани во Виена, односите со Кина нема да бидат подобрени, а ќе продолжи и трошењето на пари за зафати во Куба и Источна Германија од кои нема да има никаква корист. Ниту војната во Авганистан нема да биде во советска корист со што може слободно да се констатира дека советската надворешна политика нема да има со што да се пофали. Дури ќе бидат заладени односите со европските комунистички партии со што неповратно ќе биде нарушен таборот и никој повеќе нема да се обидува да го обнови некогашното единство.

Знаци за преговори од страна на Советскиот Сојуз со Западот ќе има уште пред да биде избран Горбачов за претседател. Меѓутоа тоа ќе бидат слаби наговестувања а атмосферата ќе биде драматично променета дури во 1987 година. Горбачов ќе покаже подготвеност повторно да бидат разгледани некои од суштинските начела на советската надворешна политика. Овој став ќе биде познат како „ново мислење" кој што ќе биде применуван само во надворешната политика. Во меѓународната политика Горбачов ќе покаже интерес за подобрување на односите и трговијата со Западот и ќе воспостави блиски односи со неколку западни лидери како што се Британскиот премиер Маргарет Тачер, канцеларот на Западна Германија Хелмут Кол и

---

[195] Ivan Berend, Op. cit., 279.
[196] Волтер Лакер, Op. cit., 639, 640.

американскиот претседател Роналд Реган. На 11 октомври 1986 година Горбачов и Реган ќе се состанат во Рејкјавик за да разговараат за намалување на нуклеарното оружје со среден дострел во Европа.[197]

Во внатрешната политика ќе бидат преиспитани советските национални интереси, изменети, но сепак од нив нема да биде отстапено. На Москва ќе и стане јасно дека веќе нема место за освојувачката политика и дека никој нема намера да го нападне Советскиот Сојуз.

Во надворешната политика првиот чекор што ќе го преземе Горбачов ќе оди во насока на уривање на Варшавскиот пакт и доминацијата на СССР во него. На говорот што ќе го одржи на 7 декември 1988 година во Обединетите нации тој ќе најави дека ќе бидат намалени вооружените сили на СССР за 500 000 војници и 10 000 тенкови. Овие сили ги опфаќале и оние кои биле вклучени во првите одбрамбени линии наспроти НАТО.[198] Исто така трупите кои биле распоредени во Средна Европа требало да се реорганизираат до ниво на одбранбени сили. Горбачов сметал дека овие потези ќе бидат следени и од другата страна.[199] Советите ќе објават дека се повлечат и од Авганистан во февруари 1988 година но тоа ќе се случи дури следната година. Повлекувањето ќе се случи и покрај тоа што ќе продолжи граѓанската војна затоа што Муџахедините ќе сакаат да го срушат просоветскиот режим на Мохамед Наџибулах.[200] Но што е уште поважно Советите нема да интервенираат во Источна Европа за време на кризата во 1989 година. Советските лидери ќе го потврдат начелото на „слободен избор" и ненапаѓање дури и кога ќе бидат воспоставени некомунистички влади во Прага, Варшава, Будимпешта и Источен Берлин.[201]

Освен овие чекори, од страна на Советскиот Сојуз ќе продолжат напорите за нормализирање на односите со Кина, а советското присуство во земјите од

---

[197] Ова ќе доведе до потпишување на Договор за нуклеарните ракети со среден дострел во 1987 година.

[198] Henri Kisinder, Diplomatija, kn. II, Beograd 1999, 703.

[199] Промените ќе кулминираат со пропаѓање на Варшавскиот пакт кое што ќе се случи со распуштање на неговите воени органи на 31 март 1991 година.

[200] Во судирите во Авганистан од 1979 до 1989 година ќе загинат околу 15 000 советски војници.

[201] Волтер Лакер, Op. cit., 641.

Третиот свет повеќе нема да биде властољубиво туку одмерено. Советите најмногу ќе се трудат околу остварување на блиска соработка со САД и да изградат заеднички европски дом.[202] Сето ова ќе допринесе односите со надворешниот свет повеќе да не бидат раководени од идеолошките амбиции и параноичните стравови. Западот ќе биде воодушевен од овие значајни промени во советската надворешна политика и ќе покаже многу добра волја, што ќе биде поздравено од страна на Советскиот Сојуз. Меѓутоа поголемиот дел од советското население ќе смета дека внатрешните прашања се многу поважни. Перестројката во 1990 година ќе го изгуби интезитетот а наместо оптимизмот ќе се појават песимистички очекувања. Економската состојба повторно ќе биде критична, нема да биде пронајдено решение за противречните барања на големиот број на народи и народности кои што го сочинувале Советскиот Сојуз и сето тоа ќе допринесе дури и оние кои мислеле дека сепак постои излез од ваквата состојба да го изгубат оптимизмот.

### 3. *Политичките промени во Источна Европа и воспоставување на демократска власт*

Помеѓу земјите на народна демократија ќе постојат видливи разлики во политичкиот стил и екомското организирање. Како во Советскиот Сојуз така и во земјите од Источна Европа општествено-економските тешкотии во крајот на седумдесеттите и почетокот на осумдесеттие години од минатиот век ќе станат подлабоки и ќе попримат ендемска форма исто како во СССР. Меѓутоа дури ни во 1985 година никој нема да се осмели да каже дека деновите на комунистичката власт се одброени. Ако погледнеме наназад можеме слободно да констатираме деке борбата за освојување на срцето и душата на народите на Источна Европа уште одамна е изгубена а целата контрола ќе биде благодарение на привидно силната моќ на милионското

[202] Во насока на ваквата политика, трошковите за вооружување ќе бидат намалени но тоа нема да значи дека одбраната на земјата ќе биде занемарена.

членство но Комунистичката партија и присуството на стотиците илјади советски војници. Дури после 1985 година по најавата на Горбачовото време во Советскиот Сојуз ќе се покаже дека иднината на комунистичките режими во Источна Европа ќе стане многу несигурна. Но тагаш ниту самиот Горбачов нема да знае што ќе донесат промени кои што ќе бидат започнати во негово време.

Во седумдесеттите години водачите во источноевропските земји, Чаушеску, Едвард Гјерек, Хонекер, Тодор Живков, Густав Хусак и Кадар, ќе бидат родени од 1911 до 1918 година. Сите освен Гјерек ќе останат на власт и во осумдесеттите години и ќе доживеат длабока старост. Со оглед на нивните години тие нема да имаат контакт со помладата генерација ниту со општото расположение во нивните земји. Од таа причина луѓето кои се наоѓале на власт нема да бидат свесни за проблемите кои постоеле и затоа нема ниту да се обидат да извршат некои посериозни реформи. [203]

Незадоволството од општата политичка и економска состојба во седумдесеттите години ќе почне се поотворено да биде манифестирано. Стапката на екомски раст во крајот на седумдесеттите години ќе почне значително да опаѓа, но точните податоци умешно ќе бидат криени. После 1976 година во Полска и Унгарија ќе биде дозволено создавање на дисидентски групи но можноста за нивно делување ќе биде ограничена. Во Источна Германија сите политички противници ќе бидат пуштани да преминат на Запад. И покрај ваквата состојба источноевропските лидери искрено верувале дека нивната положба е безбедна. Единствено во Полска нема да може да биде сокриена реалноста дека земјата неможе да ги отплати странските долгови и кредитите добиени во седумдесеттите години. Од таа причина после десетгодишна економска криза ќе дојде до распаѓање на првата Комунистичка партија и конечно до воена диктатура.

Брежњев и покрај тоа што нема да има никаква видлива корист од советското присуство во Источна Европа во овие кризни моменти нема да ги напушти своите источноевропски сојузници. Енергетската криза која ќе ја

[203] Волтер Лакер, Op. cit., 645, 646

зафати Источна Европа во седумдесеттите години ќе го чини многу Совесткиот Сојуз. Тој по пониски цени од оние на светскиот пазар ќе ги снабдува земјите на Комеконот со нафта и суровини а овие најчесто ќе плаќаат со готови производи со лош квалитет. Но и покрај тоа пријателството од страна на источноевропските народи кон Советскиот Сојуз се повеќе ќе исчезнува единствено ќе останат доследни во пријателството Источните Германци на кои што Варшавскиот пакт ќе им биде потребен повеќе него на другите, затоа што без советска помош опстанокот на нивниот режим би бил доведен во прашање. Советските лидери во 1985 година мора да биле свесни дека ниту Полјаците, ниту Унгарците, ниту Романците, ниту Југословените во тие моменти не им се поголеми пријатели отколку што им биле во 1945 година, па тие дури нема да бидат сигурни во пријателството на Чесите и Бугарите.

Но покрај се стратешките воени прашања во најголема мерка ќе го спречат слабеењето на врските помеѓу Советскиот Сојуз и Источна Европа. Источноевропските земји ќе послужат како тампон зона во време кога односите помеѓу двата блока ќе бидат затегнати и не би можел да биде исключен и можен воен судир. Но кога односите помеѓу Советскиот Сојуз и Западот ќе бидат подобрени и ќе стане повеќе од очигледно дека веројатноста да дојде до воен судар во Европа е многу мала, врската помеѓу Советскиот Сојуз и Источноевропските земји значитело ќе биде ослабена. Кај новото раководство во Москва повеќе нема да има желба за воена интервенција за спасување на тековниот режим во Источноевроските земји како што беше случај години наназад во Унгарија и Чехословачка.

### *а) Падот на Берлинскиот ѕид*

Рускиот реформскиот тренд ќе претставува шок и ќе ги парализира конзервативните владејачки елити, а ќе ги мобилизира интелегенцијата и младата генерација во земјите од Источна Европа. Ситуацијата ќе биде многу напната и опасна и ќе недостасува само мала искра за да дојде до експлозија.

Таа искра ќе ја произведе Унгарија во пролетта и летото 1989 година. Владата на Миклош Немет во мај 1989 година ќе објави дека ќе ја сруши и отстрани железната завеса и прв чекор ќе биде отстранување на сите утврдувања по должина на целата граница со Австрија.[204] Овој потег за Унгарците ќе биде повеќе метафоричен затоа што тие веќе можеа со своите пасоши слободно да патуваат секаде на Запад.

Овој историски чекор ќе има практична импликација и врз односите помеѓу двете Германии: илјадници источногермански туристи на кои што не им било дозволено да патуваат на Запад а кои што се наоѓале на одмор во Унгарија и на Балканот, ќе се обидат да побегнат во Западна Европа преку Унгарија. Во почетокот на летото 1989 година околу шест илјади Германци нелегално ќе ја поминат унгарско-австриската границата, а уште илјадници ќе чекаат во бегалските кампови во Унгарија да добијат западногермански пасоши.

Бидејќи сеуште ќе биде во важност договорот помеѓу Унгарија и Источна Германија од 1969 година според кој Унгарија гарантирала дека нема да дозволи граѓани на Источна Германија преку нејзина територија да преминат во трети земји без важечка виза, министерот за надворешни работи на Унгарија ќе отпатува во Берлин за да се обиде да добие гаранции дека доколку ги врати бегалците ќе им биде дозволено да заминат онаму каде што сакаат.[205] Бидејќи Источна Германија нема да биде спремна на вакво нешто, унгарската влада ќе одлучи да постапи според одлуката на Обединетите нации односно ќе им дозволи на бегалците слободно да преминат во трети земји.[206]

На 11 септември 1989 година Унгарија ќе ги отвори своите граници и во период од само неколку часови околу дваесет илјади источногерманци ќе ја поминат границата на Западна Германија.[207] Веднаш по овие случувања

[204] По должина на целата граница со Австрија ќе бидат отстранети оградите направени од бодликава жица, ќе бидат размонтирани стражарските кули а делови од нив ќе бидат дури и продавани како сувенири.
[205] Jeremy Isaacs and Taylor Dawning, Op. cit., 382.
[206] Ivan Berend, Op.cit., 328.
[207] Карел Натек и Марјета Натек, Државите во светот. Љубљана: Младинска книга 2006, 36.

десетици илјади жители на Источна Германија ќе се најдат пред амбасадите на Западна Германија во Прага и Варшава со барање на дозвола да може да заминат во Западна Германија. Кон крајот на септември Хонекер ќе одобри околу 2500 бегалци кои што се наоѓале во западногерманската амбасада во Прага, слободно да заминат во Западна Германија. Хонекер бегалците ќе ги претстави како предавници и протерани, па затоа ќе нареди возовите со бегалците да мора на патот кон Западна Германија да поминат преку Источна Германија. Сето ова ќе се случува во пресрет на подготовките за прослава на 7 октомври, денот на основањето на Демократска Република Германија. На 4 октомври три возови полни со германски бегалци ќе се упатат од Прага во Западна Германија и ќе поминат преку железничката станица во Дрезден. Ноќта на 4 октомври на железничката станица во Дрезден огромна маса на луѓе ќе се обидат да се качат на возот, но ќе бидат спречени од страна на полицијата. Два дена додека патувале возовите преку територијата на Источна Германија голем број на луѓе ќе ги напаѓаат возовите и ќе се обидуваат да се качат во нив.[208]

Ваквата ситуација ќе предизвика масовни демонстрации во кои што главно ќе учествуваат млади луѓе и кои што најпрво ќе започнат во Дрезден а потоа на 9 октомври ќе има серии на демонстрации во Лајпциг и Берлин.[209] Во временски период од три седмици или од 16 октомври до 8 ноември 1989 година во Источна Германија ќе избувнат повеќе од двестотини големи демонстрации во кои што ќе учествуваат повеќе од 1,3 милиони луѓе. Ова ќе биде сигурен показател дека состојбата во земјата станува критична и алармантна и дека послушноста на германскиот народ кон владејачката гарнитура веќе не постои и несомнено после четириесет години постоење и се заканува распаѓање на Демократска Република Германија. Под притисок на настанатата состојба и своите сопартијци, Ерих Хонекер ќе биде принуден да даде оставка на 18 октомври 1989 година наводно по негова слободна волја, од

[208] Полицијата ќе уапси повеќе од 1300 луѓе при обид да ги запрат и да се качат на возовите.
[209] Jeremy Isaacs and Taylor Dawning, Op. cit., 390

здравствени причини.[210] За негов наследник ќе биде избран помладиот, но не и премногу полибералниот Егон Кренц, кој ќе вети некакви реформи, како последен очајнички обид комунистите да се задржат на власт. Масовните, инаку мирни протести, под мотото "Wir Sind Die Volk" („Ние сме народот"), во кои учествуваа опозициски сили од сите политички „бои", и либерал-демократски и демохристијански и не-комунистички левичарски и понатаму ќе продолжат.[211]

Бидејќи преминувањето на источногерманци на границата на ново демократизираната Унгарија и во Австрија нема да запре, ќе биде главна вест на сите медиум во светот, и владата во Источна Германија ќе биде принудена да преземе конкретни чекори да го запре егзодусот кој што се случувал. Во таа насока, источногерманските власти ќе одлучат да воведат привремени, порелаксирани правила за патување, наивно верувајќи дека така ќе си го поправат нарушениот рејтинг, како пред граѓаните, така и пред меѓународната јавност.

Попладнето на 9 ноември 1989 година, во Источен Берлин, во крајно напната атмосфера, ќе се одржи прес конференција, на која, портпаролот на владејачката партија, Гинтер Швабовски, ќе го обелодени новиот либерализиран граничен режим со кој што се предвидувало да може слободно да патуваат во странство сите граѓани кои тоа ќе го побараат.[212] По завршување на излагањето во 18 часот и 53 минути, ќе започне напливот од мноштво прашања од присутните новинари на кои што Гинтер Швабовски нема да биде доволно подготвен да одговори. На курцијалното прашање: „Кога овие мерки ќе стапат на сила?", Швабовски ќе почне да прелистува по хартиите што се наоѓале пред него за да одговори со историското: „Според моите информации веднаш". Иако одговорот ВЕДНАШ нема да биде

[210] Во 1989 година Перестројката во СССР беше во полн замав, но источногерманскиот лидер, 77 годишниот Ерих Хонекер, потполно отсечен од реалноста, тврдоглаво се спротивставуваше на било какви реформи и сеуште тврдеше дека ѕидот ќе опстои уште 100 години.

[211] Маргарита Пешевска, Op. cit., 81.

[212] Германија слави 20 години од падот на ѕидот. -Нова Македонија (Скопје) 83[illegible] (9 ноем[illegible] 2009), стр. 1.

доволно јасно формулиран, италијанскиот новинар Рикардо Ерман пристутен на прес конференцијата, веднаш ќе се јави во Agenzia Nacionale Stampa Associata и пророчки ќе им издиктира „Берлинскиот ѕид падна”. Слушајќи го, од другата страна на линијата ќе помислат дека е луд.



Вечерта, илјадници граѓани од Источен Берлин, кои ја следеле прес конференцијата на телевизија и радио, ќе започнат масовен марш кон граничните премини на Берлинскиот ѕид, кои водат до капиталистичкиот Западен Берлин.[213] Граничните служби ќе се најдат во небрано кога кон нив ќе навалува огромна маса народ во еуфорија. Незнаејќи како да реагираат тие очајнички ќе се обидуваат преку телефонските врски да стапат во контакт со своите претпоставени кои исто така нема да имаат добиено инструкции што да прават во настанатата ситуација.[214] Во овие моменти една

[213] Анемари Рефелт и нејзината 15-годишна ќерка ќе влезат во историјата запишани како првите Источногерманци што ја преминале границата. Граничарите на контролниот пункт на кој ќе дојдат мајката и ќерката ќе бидат збунети за тоа што не носат никаков багаж сосебе. Рефелт ќе се обидува да им објасни дека Шабовски дал изјава дека е дозволено преминувањето на другата страна.
[214] Ibid.

група на млади луѓе ќе се качат врз ѕидот а додека други ќе почнат да отвораат нови премини преку него. Во вака настаната ситуација, некогаш крајно ригидните источногермански граничари, ќе ја преземат одговорноста во свои раце и самоиницијативно ќе одлучат да ги кренат рампите.[215] Со тоа Берлинскиот ѕид, симболот на поделеноста на двете Германии и на Европа, всушност ќе се распадне и конечно илјадници Источни Берлинчани слободно ќе зачекорат во Западен Берлин, каде со радост ќе бидат пречекани од своите западни сограѓани во празнична атмосфера.[216] За само една недела околу пет милиони Германци од вкупно 16,6 милиони жители на Источна Германија ќе го посетат Западен Берлин и веќе никој не ќе можеше да ја прекине идејата дека Германија треба да биде една единствена, и обединета татковина на сите Германци.[217] На 9 ноември 1989 година ниту новинарите, ниту политичарите, ниту дипломатите, ниту аналитичарите, на можеа да замислат дека моќната комунистичка машинерија, со нејзината моќна армија, со стотиците илјади шпиони на тајната полиција ќе се урне само за неколку часа во една мирна револуција без ниту една капка крв, туку со шампањско во рака.[218]

Во март 1990 година, во Источна Германија ќе се одржат првите слободни избори со што ќе биде отворен патот кон спроведување на реформи во земјата.[219] Со потпишување на т.н. Договор 2+4 на 12 септември 1990 година двете германски држави и четирите окупациони сили ќе ја потпишат одлуката за обединување на СР Германија и ГДР во дотогашните граници, за намалување на вооружените сили на 370 000 луѓе и повлекување на советските единици до крајот на 1994 година. Со тој договор, на 3 октомври 1990 година службено ќе бидат укинати сите права на сојузниците во Германија, која на тој начин се стекна со целосна сувереност.[220] На 3 октомври 1990 година според одлуката донесена во Народното собрание на

---

[215] 20 години без Стената. Политика (Софија) 13 ноември 2009 година, стр. 1.
[216] Падот на Берлинскиот ѕид. Македонска нација (Скопје) 9 ноември 2009 година, стр.1.
[217] Политичка мисла, Скопје: Конрад Аденауер, септември 2009, стр. 9.
[218] Уједињење Немачке није завршено.-Политика (Београд) 10 ноември 2009 година, стр. 1.
[219] На овие избори избирачко право ќе имаат сите германски државјани на возраст над 18 години и околу [illegible] 000 германски државјани со постојано живеалиште во странство.
[220] Карел Натек и Марјета Натек, Државите во светот. Љубљана: Младинска книга 2000, 44.

ГДР на 28 август 1990 година, таа ќе се вклучи во уставните рамки на СР Германија.[221] Територијата на поранешната ГДР на 22 октомври 1990 година ќе биде присоединета кон ЕЕЗ (Европската Економска Заедница). Првите парламентарни избори ќе се одржат на 2 декември 1990 година на кои ќе победи коалицијата предводена од канцеларот Хелмут Кол. На 10 март 1994 година за главен град на обединетата држава ќе биде избран Берлин, а Бон ќе се стекне со статусот сојузен град со што ќе задржи неколку министерства. Преоѓањето на владата во Берлин ќе биде конечно завршено дури во 1999 година.

### *б) Распаѓање на државниот социјализам во Полска*

Благата воена диктатура во Полска всушност ќе претставува очајнички обид да се задржи партиската власт во државата и во ниту еден момент нема да биде манифестирана намера за употреба на воена сила особено од причина што втората половина од осумдесеттите години ќе биде одбележана со отфрлање на Брежњевата доктрина и воведувањето на *гласност* и *перестројката* во Советскиот Сојуз.[222] Иако раководството во Полска предводено од Јерузелески ќе биде ориентирано кон реформи, тоа ќе биде верен соработник на Кремљ. Сепак отворањето на системот што ќе биде спроведено од Горбачов ќе ја отстрани заканата од можна воена инвазија а со тоа ќе престане да постои и оправдноста за постоење на оваа власт во Полска.[223]

Случувањата ќе следат едно по друго многу брзо. Посетата на папата во 1983 година ќе и помогне на владата да ја прекине меѓународната изолација а ќе биде зајакнат и авторитетот на црквата.

---

[221] Јошка Фишер: Дваесет години по ѕидот. - Утрински Весник, (Скопје), 6 ноември 2009 година.

[222] Ivan Berend, Op. cit., 310.

[223] Поголем дел од полската јавност ќе смета дека преземањето на власта од страна на војската ќе биде единствениот начин со кој што ќе биде избегната советската инвазија и ќе биде оценето дека воведувањето на воена состојба ќе претставува патриотски чин на самоодбрана.

Полјаците како и претходно во своето минато први ќе први ќе тргнат на патот кон слободата. Уште во 1986 година ќе има очигледни знаци кои ќе покажуваат дека владата на Јерузелски е нестабилна. Во септември ќе биде објавена амнестија на сите противници на владеачкиот режим со цел да биде подобрена политичката клима во земјата.[224] За подобрување на економската состојба во декември истата година ќе биде воведен нов режим на штедење. Но и покрај преземените мерки како политичката така и екомската состојба во земјата и понатаму ќе се влошуваат. Владата нема да успее да создаде еикасен економски систем и ќе западне во нова економска криза. Незадоволството на народните маси од неуспешната политика на власта ќе резултира со појава на штрајкови.

Првиот бран на штрајкови кои што ќе се случат во мај 1988 година, а потоа и вториот во август истата година ќе ја натера владата да седне на преговарачка маса. Преговорите помеѓу министерот за внатрешни работи Кишчак и Лех Валенса ќе започнат на 31 август и ќе траат до октомври. Солидарност полека ќе се враќа на сцена, во штрајковите ќе учествува доста умерено, дури ќе биде подготвена и на компромис. Новата рунда на преговори помеѓу владата и Солидарност ќе започнат на 6 февруари 1989 година и ќе бидат пренесувани директно и на телевизија и на радио. На овие преговори Лех Валенса ќе нагласи дека е дојден крајот на политичкиот и општествениот монопол на една партија врз народот и дека сите грешки во минатото се резултат на грешките на лошиот систем и недостатокот на слобода.[225]

Преговорите ќе резултираат со нов компромис кој што ќе биде потпишан на 5 април 1989 година на организираната „тркалезната маса" за национално помирување во Варшава. Водечките претставници на владината коалиција и опозицијата ќе ја изгласаат верзијата на новиот општествен договор.[226] Со него ќе биде предвидено во јуни истата година да бидат одржани слободни избори кои што ќе бидат први слободни избори во Полска после многу години и први

---

[224] Волтер Лакер, Op. cit., 671.
[225] Ivan Berend, Op. cit, 311.
[226] Започна тркалезната маса.-Нова Македонија (Скопје) XLV15158 (6 април 1989), стр. 6.

слободни избори во Источна Европа после четири децении.[227] Според договорот опозицијата требало да добие околу 40% од местата во парламентот, а владата ветила дека следните избори во 1993 година ќе бидат навистина слободни. Меѓутоа овие избори е резултираат со убедлива победа на Солидарност со освојување на 99 места од 100 во Сенатот и сите самостојни места во Сејмот (Долен дом). Овие резултати ќе претставуваат комплетна победа на опозицијата со што однапред именуваниот премиер генералот Кишчак нема да може да формира коалициона влада.[228]

После ваквиот неуспех на комунистите на изборите ќе биде продуцирана политичка криза во земјата. Претседателот Ерузелски ќе биде принуден да му го довери мандатот за составување на нова влада на кандидатот на Солидарност, Тадеуш Мазовјетски кој што на 24 август 1989 ќе стане првиот премиер кој што нема да биде комунист од времето кога комунистите ќе дојдат на власт по завршувањето на Втората светска војна. Комунистите ќе ги задржат министерствата за одбрана и внатрешни работи а сите останати функции ќе бидат во рацете на нивните противници. Иако новата влада официјално ќе биде коалициона влада имајќи ги во предвид резултатите од изборите само прашање на време ќе биде целосното преземање на власта од страна на Солидарност.[229] Ваквата состојба кај комунистите ќе предизвика разочараност и внатрешна поделеност што ќе резултира со укинување односно трансформирање на партија во Социјалдемократска партија во јануари 1990 година. Но и Солидарност ќе се најде затекната од текот на настаните односно ќе дојде на власт порано отколку што очекувале односно пред да бидат подготвени. Таа веднаш ќе се соочи со внатрешна криза и разидувања. Лидерот на Солидарност Лех Валенса во почетокот нема да сака да влезе во владата затоа што сметал дека Солидарност треба истовремено да е и за владата и против неа. Во овие момент единствено благодарение на брзото влошување на економската криза кое што ќе предизвика огромна

---

[227] Волтер Лакер, Op. cit , 651.

[228] Маргарита Пешевска, Светот вотранзиција. Скопје: Менора 2002, стр., 89

[229] Полска ќе биде првата земја која во Источна Европа која после четириесет години ќе има некомунистичка влада.

инфлација и незапосленост ќе биде сочувано единството во Солидарност. Од страна на Солидарност за излегување од кризата ќе биде изготвен план, т.н. план Балцеровиќ, со кој ќе биде предвидено воведување на пазарна економија.[230] Со овој план ќе биде предвидено и укинување на државните субвенции, затворање на неликвидните претпријатија, стабилизирање на валутата и др.

Тивката трансформација во власта ќе трае уште две години до оставката на Јерузелски и изборот за претседател на Полска на легендарниот лидер на Солидарност Лех Валенса што ќе се случи во декември 1990 година. Процесот на трансформација ќе биде крунисан со парламентарните избори одржани во 1991 година.

### *в) Распаѓање на државниот социјализмот во Унгарија*

Унгарија ќе биде една од првите земји во кои Комунистичката партија уште во 1985 година ќе се изјасни за плурализам (како идеал кој што треба да се достигне) со кој што требало на сите избори да има повеќе од еден кандидат. Социјалдемократското крило внатре во комунистичкото раководство исто така ќе биде за демократизација за политичкиот живот. Доаѓањето на Горбачов на власт во 1985 година, а посебно успехот на Солидарност во Полска, ќе го поттикне унгарското реформско крило и ќе создаде услови за спроведување на порадикални промени во Унгарија.

Главниот судир ќе се случи внатре во Комунистичката партија помеѓу: центристите-конзервативци кои што претставувале класични комунисти од постсталинистичката ера и реформистите кои што ке бидат со социјалдемократски ставови и свртени кон еврокомунизмот.[231] Реформското крило под влијание на опозицијата, еврокомунистите и европските

---

[230] На клучното место за трансформација во општеството, министер за финансии ќе биде назначен Лешек Балцеровиќ кој што ќе биде застапник на слободен пазар, ќе стане симбол на на најбрзата и најрадикалната трансформација.
[231] Ivan Berend, op. cit., 313.

социјалдемократски врски ќе инсистира за спроведување на политички промени.

Потребата за политичка реформа во правец на плуралистичка демократија и ревизија на застарената (комунистичка) идеологија ќе биде прогласена уште во 1982-1983 година. Во следните години општествената демократизација иницирана од страна на реформското крило многу брзо ќе напредува. Во таа насока ќе биде и состанокот одржан на 27 септември 1987 година во Лакителек на кој што ќе присуствуваат претставници од различни опозициони структури. На овој состанок главниот говорник Имре Пожгај ќе нагласи дека за да може да биде спроведена реформата во економијата најпрво треба да биде отстранета бариерата во политичката арена.[232] Тој ќе предложи уставна промена со која што би било спроведено воведување на институционализиран демократски *Rechtsstaat* (Парламент) кој што би имал вистинска законодавна улога, локална самоуправа, како и систем за спроведување на референдум по сите главни национални прашања и создавање на нова „*национална коалиција*".

Опозицијата во Унгарија наречена *Реформи одвнатре* ќе се претвори во една од најсилните опозициони сили во регионот. Овде нема да стане збор за дисиденти затоа што тие нема да го напаѓаат системот однадвор туку ќе се обидуваат да го реформираат и спасат системот одвнатре. Тоа ќе биде суштинската разлика помеѓу *Солидарност* во Полска и *Повелбата 77* во Чехословачка од една страна и унгарската *Реформи од внатре*. Но и покрај тоа позицијата на унгарските реформисти ќе покажува нејасна и постојано променлива демаркациона линија помеѓу реформирањето и менувањето на режимот. Јадрото на реформистите сериозно ќе се заложи за воведување на плурализам и пазарна економија стремејќи се за созадавање на *Rechtsstaat* (Парламент) и мешовита сопственост. Но нивните заложби во ниту еден случај нема да бидат склони кон капитализам туку ќе настојуваат да остварат создавање на напреден социјализам како оној во скандинавските земји.

[232] Приватниот лизинг на продавници и ресторани во државна сопственост ќе започне уште во 1981 година и за пет години во лизинг ќе бидат околу 25 000 од нив. Ќе биде дозволено основање на граѓански фирми и т.н. мали задруги што во основа ќе бидат приватни фирми.

Конечно патот кон реализирање на реформите ќе биде отворен после одржување на сенародната партиска конференција во мај 1988 година на која ќе биде комплетно избришана „старата гарда" помеѓу кои ќе биде и Јанош Кадар кој што скоро три децении ќе биде неприкосновен генерален партиски секретар. Со овие промени поголем дел од членовите на Политбирото ќе бидат отстранети и заменети со водечките реформатори како на пример Реже Њерш и Имре Пожгај. Ќе биде променета и една третина од Централниот комитет со што сериозно ќе биде зајакнат реформскиот тренд. Ќе биде донесена нова програма и објавена потребата од остварување на економија со мешовит пазар и ќе биде јасно истакната потребата од радикална политичка реформа со која би се создал демократски плурализам и *Rechtsstaat.* Но покрај сите овие промени победата на реформистите нема да биде комплетна затоа што на клучната позиција генерален секретар ќе биде избран прагматичниот конзервативец Карољ Грос.[233] Грос суштински нема да биде против економските реформи но од друга страна во политиката ќе бара само најмали промени. Но реално неговото влијание нема да биде големо затоа што во моментот кога ќе стапи на должност тој нема да ужива поддршка ниту во својата партија каде што реформистите ќе имаат се поголемо влијание. Токму од таа причина во февруари 1989 година генералниот секретар и премиер Карољ Грос[234] ќе биде заменет со радикално, реформски ориентираната влада предводена од Миклош Немет.[235]

На седницата на Централниот комитет одржана во февруари 1989 година ќе биде донесен заклучок дека настаните од 1956 година не се контрареволуција туку народно востание и борба за независност од унгарскиот сталинизам и советската доминација.[236] На оваа седница освен ова одлука ќе биде расправано и за преземањето на понатамошни чекори кон

[233] Волтер Лакер, Op. cit., 655.
[234] Карољ Грос (1930-1996) е роден во Мишколц, Унгарија. На комунистичката партија и се приклучил на 14 годишна возраст. Во 1985 година ќе стане член на Политбирото. Во 1987 година ќе биде назначен за премиер односно претседавач со Советот на министри на Унгарија. По препорака на Јанош Кадар на 22 мај 1988 година Грос ќе биде избран за Генерален секретар на партијата.
[235] Ivan Berend, Op. cit., 320.
[236] Jeremy Isaacs and Taylor Downing, Op. cit., 386.

демократска трансформација. За прв пат во Централна и Источна Европа ќе биде одобрен концепт на повеќе партиски систем и слободни избори. Комунистичката партија во октомври ќе биде распуштена и ќе биде претворена во Социјалистичка партија а опозиционите групи кои претходно нема да може да имаат директна улога сега ќе бидат легализирани и ќе бидат со формирани десетина нови партии меѓу кои ќе бидат како помоќни Сојузот на слободните демократи и Демократскиот форум.[237]

Под притисок на опозиционите партии владеачката партија ќе биде принудена да започне дијалог со нив затоа што тие реално ќе започнат да играат важна улога во политичкиот живот во земјата. Овој дијалог ќе започне во јуни 1989 година и ќе трае точно до 18 септември 1989 година. Владата на Немет[238] ќе воведе големи и радикални реформи особено во областа на приватизацијата. Новите прописи ќе го ослободат патот за основање на приватни претпријатија и ќе биде укинат прописот за ограничување на бројот на вработени во приватниот бизнис. На странските инвеститори ќе им биде дозволено да купат или дури да поседуваат и до сто проценти од унгарските фирми.

Парламентот ќе добие многу поактивна улога во плитичкиот живот во земјата односно ќе донесе поголем број на закон.[239] Во октомври 1989 година парламентот ќе усвои амандман на уставот на основ на претходно постигнатиот дијалог со опозицијата со што ќе биде укината „народната република" од советски тип и нејзините институции.[240] Ќе биде востановен уставен суд и ќе бидат прогласени повеќепартиски политички систем, заштита на јавната и приватната сопственост и основните човекови права. Сето ова ќе биде во насока на реализирање на целата на реформаторите кои

[237] Демократскиот форум ќе има голема база и во селата и во големитеградови ќе биде десно ориентирана но иако антикомунистичка таа ќе биде за постепени промени и пресметка со стариот економски и општетсвен поредок. Сојузот на слободните демократи во своето членство ќе привлече огромен дел од интелектуалниот кадар кој што ќе бара прекин на сите врски со минатото и спроведување на радикални реформи.

[238] Миклош Немет е роден 1948 година. Премиер на Унгарија ќе биде во периодот од февруари 1989 година до март 1990 година.

[239] Волтер Лакер, Op. cit., 674.

[240] Карел Натек и Марјета Натек, Op.cit. str.157.

што се залагале за остварување на демократски плуралистички социјализам од западен тип, со повеќепартиски систем, слободни избори, институционализирање на човековите права и општествената пазарна економија, втемелена на мешовита сопственост, како и на економската политика ориентирана кон извоз на светскиот пазар, но сето тоа со сеуште силна социјална ориентација.

Но некои од водечките рефроматори како што се Пожгај и Сурош ќе кокетираат со унгарскиот национализам. Пожгај кого ќе го наименуваат социјалистите, ќе го одбере како свој сојузник за изборите Демократскиот форум. Но создавањето на оваа нова коалиција ќе биде запрена од страна на либералнодемократската опозиција која што нема да го потпише договорот за коалицирање. Наместо тоа опозицијата ќе иницира референдум за избор на претседател и ќе упати антикомунистички напад и критика до обидот на Демократскиот форум да оствари компромис. На овие избори кои што ќе бидат одржани во ноември, тие ќе успеат да се изборат за победа иако Демократскиот форум ќе прогласи бојкот. И покрај прогласениот бојкот на изборите ќе излезат 58% од гласачите и за само 0,07% изборите за претседател ќе бидат одложени за период после одржувањето на парламентарните избори.[241]

Внатрешните промени во Унгарија во текот на 1989 година ќе влијаат и на надворешната политика. Претседателот Буш срдечно ќе биде пречекан во Будимпешта во јули 1989 година иако ќе вети многу помала помош од очекуваната. Повторно ќе бидат воспоставени дипломатските односи со Израел и Јужна Кореја а со Романија ќе бидат затегнати односите поради обновеното прогонување на унгарското малцинство.

Првите слободни избори ќе бидат одржани во март 1990 година без некои поголеми инциденти. Во предизборната кампања ќе биде водена огорчена борба, но после изборите двете водечки партии ќе покажат подготвеност за меѓусебна соработка. Повеќе од четири милиони Унгарци или 63% од гласачите , ќе учествуваат на изборите кои што ќе се одржат на 25 март 1990

[241] Ivan Berend, Op. cit., 323.

година и ќе гласаат за промена на системот. Победник на изборите ќе биде Демократскиот форум со освојување на 42% од гласовите. Врз основа на претходно постигнатиот политички пакт помеѓу Демократскиот форум (ДФ) и Слободниот демократски сојуз (СДС), СДС ќе се сложи за намалување на бројот на парламентарните одлуки за чие усвојување е потребно двотретинско мнозинство а ДФ ќе го прифати Арпад Генц[242] за претседателски кандидат од редовите на СДС. Слободните демократи ќе ја ветат својата поддршка за законите кои што ќе бидат предложени од страна на Демократскиот форум со што ваквата коалиција или распоред на силите ќе обезбеди цврст политички сојуз за тешкиот процес на трансформација кој што ќе им претстои.

### *ѓ) Распаѓање на државниот социјализмот во Чехословачка*

Во текот на седумдесеттите и осумдесеттите години додека комунистичките режими во Полска и Унгарија се обидуваа да спроведат економска и политичка реформа овие две децении во Чехословачка нема да донесат никакви промени. Чехословачка во периодот од 1969 до 1989 година практично практично нема да има историја односно тоа ќе биде период на стагнација. После 1969 година наместо да биде направен чекор кон национално обединување репресиите ќе бидат се поголеми и посурови. Една третина од старото партиското раководство ќе биде подложено на чистки: водечките интелектуалци ќе бидат принудени да работат во рудници, да чистат улици и да обавуваат и други слични работи. Со ваквата политика новото полтичко раководство ќе се обиде да ја замрзне земјата идеолошки, општествено и економски.[243]

Во текот на овие две децении нема да има некои помасовни демонстрации против актуелниот режим не затоа што јавноста нема да биде против нив

[242] Драмски писател, активен во побуната во 1956 година поради што ќе биде осуден на доживотна затворска казна, а во почетокот на шеесеттите со општата амнестија ќе биде ослободен.
[243] Волтер Лакер, Op. cit., 660.

туку поради потиштеноста која владеела во земјата. Лошата состојба во земјата ќе влијае врз зајакнување на опозицијата кај интелегенцијата (Повелбата 77) но властите успешно ќе успеваат да ги загушуваат сите активности. Истовремено и кај народот ќе расне свеста за неподносливата состојба а со тоа ќе расте и свеста и храброста и јавно да биде манифестирано незадоволството.

Интелектуалците од Повелбата 77 ќе бидат убедени дека по мирен пат со отворено и јавно изнесување на она што навистина го мислат и бранејќи ги интересите на народот и јавно протестирајќи против гушењето на човековите права, ќе инспирираат и придобијат се повеќе луѓе на своја страна со што би влијаеле врз рушење на режимот. Тие ќе бидат свесни дека една мала група на дисиденти од Повелбата 77 нема никакви шанси да успее во конфронтација со владеачкиот режим и од таа причина намерно ќе одберат ненасилна, мирољубива стратегија. Повеќе од сигурно ќе биде дека ваквата стратегија ќе биде спор процес но на долгорочен план сигурно дека ќе даде резултати.

Но сите овие активности на десидентите и опозицијата ќе бидат под строга контрола на власта преку широка употреба на модерна технологија за прислушкување на телефонските разговори како и преку широко распространета мрежа на полициски шпиуни. Десидентските печатени весници ќе бидат конфискувани а состаноците снимани.[244]

Опозицијата своето влијание помеѓу народот ќе го шири преку предавањата кои што ќе ги држи во младинските клубови и во приватни станови со што ќе добие симпатии и популарност кај студентите односно младата интелегенција.[245] Со оваа своја активност опозицијата ќе и пркоси на државната - партиска контрола и ќе влијае врз политичкиот став на нацијата

[244] Во 1979 година неколку водечки претставници на Повелбата 77 ќе бидат уапсени. На 24 октомври 1979 година ќе им биде судено на Петр Ухл, Вацлав Хавел, Вацлав Бенда, Јиржи Диенстриб, Ота Беднарова и Дана Немцова при што ќе бидат најдени за виновни и затворени.

[245] Комунистичката партија која што после завршувањето на војната ќе ги привлече младите генерации во седумдесеттите и осумдесеттите година како последица на ерозијата која што ќе и се случи таа сосема ќе ја изгуби младата генерација. Индикативно ќе биде тоа што младите ќе одбиваат да пристапат, што некогаш ќе биде задолжително, кон младинската организација и во повеќето земји нема да се пријават во Партијата.

со што ќе придонесе бројот од 241 потписник на манифестот на Повелбата 77 во јануари 1977 година се зголеми на две илјади во 1988 година.[246]

Персоналните промени во Чехословачка ќе започнат во крајот на 1987 година. Двојната власт која што ќе ја има Густав Хусак[247] како шеф на Партијата и шеф на државата ќе биде поделена. Хусак ќе остане само претседател на Републиката а местото на партиски шеф ќе го заземе Милош Јакеш. Ваквите персонални промени ќе продолжат и во следната година.

Уште по темелни персонални промени ќе следат после длабоката политичката криза на 17 ноември 1989 година кога употребата на брутални полициски сили ќе се покаже како контрапродуктивна. Хусак ќе биде отстранет од Политбирото а Јакеш на 24 ноември ќе биде заменет со Карел Урбанек.[248] Два дена подоцна на неделната сесија на Централниот комитет од вкупно 24 членови на Политбирото, 15 ќе бидат отпуштени. На 25 ноември кога во Прага ќе демострираат околу 750 000 демонстранти, претседателот на Републиката Густав Хусак, ќе амнестира седум политички затвореници: Јан Чарногурски, Мирослав Куси, Петр Ухел, Рудолф Земан, Иван Полански и Франтишек Старек. Алојз Индра, уште ден симбол на цврстата политика која што ќе биде водена по 1968 година, на 29 ноември ќе даде оставка на местото претседател на Парламентот. Премиерот Ладислав Адамец кој што на ова функција ќе дојде во 1988 година после Лубомир Строугал, на 4 декември ќе биде заменет со словакот Мариан Чалфа.

Последниот обид за спасување на власта ќе биде направен во почетокот на декември 1989 година. На 9 декември Хусак ќе поднесе оставка на претседателското место и ќе биде формирана нова коалициона влада во која

---

246 Ivan Berend, Op. cit., 292.

247 Густав Хусак е роден на 10 јануари 1913 година во Дубравка (денес дел од градот Братислава), Кралство Унгарија, денешна Словачка. Во Комунистичката партија на Чехословачка се приклучил во 1933 година. Во времето на Втората светска војна бил уапсен поради ширење на антифашистичка пропаганда. По крајот на војната тој се вклучил во политичкиот живот на земјата, но во 1950 година бил обвинет дека практикува буржоазен национализам, и уапсен во 1951 година. Во 1954 година бил осуден на доживотен затвор. Во 1960 година бил амнестиран, а во 1964 година му било одобрено повторно негово членство во Партијата. Во 1975 година бил избран за претседател на Чехословачка. На таа позиција останал до 1989 година кога дал оставка. Починал по две години во Братислава.

248 Карел Натек и Марјета Натек, Op. cit., 184.

што ќе влезат водечки претставници на опозицијата како што се Јан Чарногурски и Јиржи Динстбир, и некомунисти, технократи и заговорници на слободна пазарна економија како што се Вацлав Хаус и Владимир Длоухи. До крајот на месецот ваквото маневрирање ќе престане и режимот конечно ќе се распадне.[249] На 28 декември Александар Дупчек ќе стане претседател на Сојузниот парламент, а на 29 декември Вацлав Хавел ќе биде избран за претседател на Чехословачка.[250] Веднаш по неговиот избор за претседател Вацлав Хавел ќе изјави „Сонувам за независна Република, слободна и демократска, со економски просперитет и социјална правда. Народе ви се врати вашата државата".[251] Во 1990 година од името на републиката ќе биде избришана придавката социјалистичка а во почетокот на пролетта истата година државата ќе биде преименувана во Чехословачка Федеративна Република. На 20 март 1990 година државата ќе добие ново име: Чешка и Словачка Федеративна Република.[252] Со овие промени ќе заврши т.н. "кадифена револуција" во Чехословачка односно конечно ќе биде раскинато со минатото и ќе биде започнат нов почеток.[253] Новите политички елити во Чешка и во Словачка ќе почнат отворено да го поттикнуваат одвојувањето иако според анкетите направени во јули 1992 година, само 16% од анкетираните Словаци посакувале целосна самостојност, а два пати повеќе од нив ја подржувале идејата за лабава федерација. Во март 1991 година пет националистички групи од Словачка ќе издадат „Декларација за словачкиот суверенитет", а заедничката држава со Чесите ќе ја опишат како монструозна фашистичка идеја за уништување на словачката нација. По повлекувањето од премиерската функција во Словачка, Владимир Мечијар ќе формира своја партија Словачко демократско движење со која на изборите во Словачка во 1992 година ќе победи и понатаму ќе продолжи со политиката на

---

[249] Ivan Berend, Op. cit., 336.

[250] Промените кои што ќе се случат во Прага во 1989 година во историјата сенарекуваат „кадифена револуција".

[251] Vaclav Havel, Selected Writtings 1964-1990. Selected and edited by Paul Wilso. New York: Knopf. 1991, str., 395, 396.

[252] Тодор Кулиќ, Ревидирана историја и нов идентитет во источна Европа. 2005, стр. 72.

[253] Ibid, 11.

конфронтација и целосно осамостојување на Словачка. Чешкиот премиер Вацлав Клаус ќе биде убеден дека Чешката Република без помалку развиената Словачка многу поуспешно и побрзо ќе го помине патот на транзицијата и ќе обезбеди влез во Европската Унија. Двајцата лидери несомнено ќе ја водат земјата во правец на дезинтеграција.

Откако словачкиот Парламент на 17 јули 1992 година ќе прогласи сувереност на Словачка, на 20 јули 1992 година откако нема да успее да организира референдум Вацлав Хавел ќе се повлече од функцијата сојузен претседател не сакајќи да претседава со процесот на дезинтеграција на земјата. На 22 август 1992 година претседателите на владите на Чешка и Словачка, Вацлав Хавел и Владимир Мечијар, ќе се договорат за распуштање на Чешката и Словачката Федеративна Република. Словачка веќе на 31 август 1992 година ќе прогласи нов Устав. Договорот на 25 ноември 1992 година ќе го прифати и Сојузното собрание, така што заедничката држава ќе се расформира на 31 декември 1992 година година Чехословачка ќе престане да постои односно ќе бидат создадени две нови независни држави Чешка и Словачка. Во согласност со постигнатиот договор, државите ќе го поделат и својот заеднички имот.[254] На 4 октомври 1993 година Чешка со ЕУ ќе потпише Договор за придружно членство кој што ќе стапи на сила на 1 февруари 1995 година, на 29 ноември 1995 година таа ќе стане членка на ОБСЕ. На 12 март 1999 година заедно со Унгарија и Полска, Чешка ќе биде примена во НАТО а по успешно завршените преговори на 1 мај 2004 година ќе биде примена во ЕУ.[255]

### *д) Распаѓање на државниот социјализмот во Романија*

Романија ќе биде една од оние земји која последна ќе раскрсти со комунистичкиот режим. Романија во споредба со другите источноевропски комунистички земји најмногу ќе се одалечи од Советскиот Сојуз а тоа особено

[254] Ivan Berend, Op. cit., 421.
[255] Tomas Carothers, "Western Civil Society Aid to Eastern Europe and the Former Soviet Union", European Constitutional Review 55/1999, str.55.

ќе биде изразено во нејзината надворешна политика.[256] Поради уникатната позиција во КОМЕКОНОТ уште од 1960 година, зависноста на Романија од трговијата со СССР ќе биде релативно ниска додека нејзината зависност од трговската размена со западните европски земји ќе биде релативно висока. Романија ќе биде единствената земја од Варшавскиот пакт која што ќе се спротивстави на инвазијата на Чехословачка во 1968 година. Заа една година претходно ќе воспостави дипломатски односи со Западна Германија и ќе биде единствената комунистичка земја која што нема да ги прекине односите со Израел во 1967 година. Во неколку наврати Романија ќе инсистира на своја независност а ќе оди и до таму што ќе тврди дека Бесарабија (Молдавија) историски и припаѓа на Романија и дека Букурешт не ја признава советската анексија после Втората светска војна.[257]

За време на Чаушеску Романија ќе се изолира и од Запад и од Исток. Односите со Советскиот Сојуз и останатите комунистички земји ќе бидат ладни со Соединетите Американски Држави, Западна Европа и Кина ќе бидат влошени. Чаушеску ќе востанови нов модел на владеење - не преку Централниот комитет, не преку Политбирото, туку преку својата жена Елена, тројцата браќа, синот Нику, па дури и преку свои подалечни роднини. Ова ќе биде причина многу често Сталиновиот термин „социјализам во една земја" да биде парафразиран со терминот „социјализам во едно семејство".[258]

Романија и покрај амбициозаната економска политика на Чаушеску во текот на седумдесеттите ќе биде една од најсиромашните земји во Европа, соочена со недостатоци од секаков вид на производи и со секојдневни рестрикции со електрична енергија па дури и во главниот град. Чаушеску ќе одбива спроведување реформи и ќе тврди дека странскиот долг ќе биде отплатен за неколку години без разлика на цената која би требало да биде платена.

---

[256] Yoji Koyama, Транзиција и европската интеграција на Бугарија и Романија.(реферат презентиран на четвртата годишна сесија на Источноевропската конференција во Варшава), 2007година, стр. 2.

[257] Волтер Лакер, Op. cit., 662.

[258] Триесет и шест членови од семејството на Чаушеску ќе ги држат челните позиции во државата во текот на осумдесеттите години.

Државата ќе има контрола над секој дел од општествениот живот и животот на поединци. Параноичниот диктатор ќе биде дотолку внимателен што на време ќе го отстранува секој кој што би можел да успее во обидот да го замени. Тоа ќе случи и со генералите Јон Јонити и Николау Милитару, како и со водечкиот дипломат и идеолог Силвио Брукан. Легендарните партиски ветерани како што се Брукан, Георге Апостол, Корнелију Манеску и Константин Парвулеску ќе се обидат да извршат мобилизирање во редовите на Партијата за да го натераат диктаторот да поднесе оставка во пролетта 1989 година. Отвореното писмо, кое што ќе има голем одек на Запад, единствено што ќе им обезбеди ќе биде домашен притвор. На Четиринаесеттиот партиски конгрес во Букурешт кон крајот на ноември 1989 година, во време кога Берлинскиот ѕид веќе ќе биде срушен, дури шест членови од семејството на Чаушеску ќе бидат избрани во водечките органи на Партијата. И понатаму со партиската држава ќе остане да владее 71 годишниот диктатор заедно со неговата жена, браќа, синови и роднини.[259]

Бидејќи ќе биде спречена драматична персонална промена Николае Чаушеску ќе верува дека неговата позиција и диктаторски режим и понатаму без некои посериозни пречки ќе продолжи да владее во земјата. Тој со задоволство ќе ги набљудува реформите во Советскиот Сојуз и политичките промени во соседните земји убеден дека Романија е така добро изолирана од останатиот свет така што овие промени во неа нема да имаат никакво влијание.

Убеден во политичката стабилност во својата земја кон крајот на месец декември 1989 година Чаушеску ќе замине на закажаната државна посета на Иран. Токму во тие денови наталожениот гнев кај народот ќе ја достигне својата кулминација. Унгарскиот свештеник Ласло Токеш, критичар на режимот во Романија ќе биде доволно храбар да се спротивстави на наредбата на својот бискуп да ја напушти црквата и ќе добие наредба од полицијта да се отсели. Заплашеното население на ваквите притисоци никогаш не реагирало но овој пат ќе одлучи да не премолчи на овие

[259] Ivan Berend, Op. cit., 336, 337.

притисоци. На 15 декември стотици припадници на унгарската парохија ќе го опкружат домот на свештеникот Токеш со што сакале да го спречат делувањето на полицијата. Во земјата во која национализмот беше користен да се обезбеди легитимност на власта на најмрачниот експлоататорски режим на Чаушеску на изненадување на власта унгарскиот свештеник ќе добие подршка и од стотици Романци. На 17 декември во Темишвар ќе се случат локални демонстрации поради присилното депортирање на свештеникот Ласло Токеш[260], кои што ќе бидат задушени од страна на локалните сили за безбедност на Секуритате кои што ќе пукаат во толпата демонстранти при што ќе има околу 100 убиени и неколку стотини ранети.[261] Во знак на солидарност со Темишвар ќе бидат организирани демонстрации во Букурешт и во други градови во Романија. Чаушеску сметајќи дека ќе ја добие довербата кај народот на 21 декември свикал собир на плоштадот во Букурешт со цел да ги обвини за немирите унгарските националисти и фашисти. Но граѓаните нема да застанат зад диктаторот и ќе го дочекаат Чаушеску со бесни повици и овации кои што ќе бидат започнати од една мала група која што ќе почне да извикува „Доле Чаушеску" а на што веднаш ќе се приклучат и останатите и овој пат секогаш послушната маса која што секогаш постапувала според бараните ритуали сега изненадувачки ќе се сврти против диктаторот.[262] Чаушеску ќе мора брзо да замине од балконот на зградата на Централниот комитет од каде планирал да одржи говор, а војската крваво ќе го задуши отпорот.[263]

Следниот ден на 22 декември тој ќе нареди армијата да отвори оган врз демонстрантите но оваа наредба нема да биде испочитувана. Министерот за одбрана Василе Милеа ќе одбие да даде наредба да биде пукано во демонстрантите поради што ќе биде убиен. Демонстрантите ќе ги заземат сите поважни објекти во Букурешт, а во нивни раце ќе падне и телевизијата,

[260] Ласло Токеш ероден 1952 година, романски политичар со унгарска етничка припадност, член на Европскиот парламент од 2004 година и заменик претседател на Европскиот парламент од 2010 година.
[261] Карел Натек и Марјета Натек, Op. cit., 121.
[262] Jeremy Isaacs and Taylor Downing, Op. cit., 396.
[263] Маргарита Пешевска,Op. cit., 92.

од каде се вршеле директни преноси од настаните. Иако во овие немири ќе бидат убиени околу илјада демонстранти, кон нив ќе се приклучи и војската и заедно ќе се упатат кон зградата на Централниот комитет на партијата. Ова ќе претставува крај на диктатурата на Чаушеску. Тој ќе се обиде да побегне заедно со својата сопруга но ќе биде фатен.[264] Воениот трибунал на 25 декември 1989 година ќе ги осуди на смрт.[265] Бидејќи постоела опасност тајната полиција која за разлика од војската ќе продолжи да се бори да ги ослободи сопружинците, судската пресуда веднаш ќе биде извршена и тоа пред телевизиските камери.[266] Во борбите кои што ќе траат една недела ќе има голем број на загинати и во последните денови од декември конечно ќе биде востановен Национален фронт на спасот.[267] На 26 декември 1989 година Фронтот за национален спас, за претседател на републиката ќе го именува Јон Илиеску а на 28 декември 1989 година државата ќе биде преименувана во Романија.

Неколку недели после падот на режимот ќе се појават некои традиционални партии како што се на пример Националната либерална партија, Селската партија, Социјалдемократската и други. Националниот фрон на спасот, чии водечки членови претхоходно се наоѓале во служба на стариот режим заслугата за револуцијата ќе си ја присвојат за себе. Ова ќе предизвика нови демонстрации, штрајкови и судири.[268]

Но и покрај ваквото манифестирање на незадоволство на општите избори одржани во мај 1990 година Националниот фронт ќе однесе убедлива победа.

---

264 Чаушеску заедно со неговата сопруга Елена најпрво со хеликоптер ќе избегаат од Букурешт и ќе се спуштат во едно поле од каде требало да го продолжат бегството со автомобил, но тука ќе бидат фатени.
265 Карел Натек и Марјета Натек, Op. cit., 121.
266 Тодор Куљиќ, Op. cit., 71.
267 Yoji Koyama, Транзиција и европската интеграција на Бугарија и Романија.(реферат презентиран на четвртата годишна сесија на Источноевропската конференција во Варшава). 2007година, стр. 9.
268 Волтер Лакер, Op. cit. 683.

### ѓ) *Распаѓањето на социјализмот во СФР Југославија*

За разлика од другите источноевропски земји каде што во деведесеттите години постоеше опасност од меѓунационални судири, во СФР Југославија оваа опасност се заканувашe да го загрози опстанокот на државата. Уште од самото создавање на Југославија по Првата светска војна, јасно беше дека таа претставува вештачка творба. По завршувањето на Втората светска војна таа се состоеше од шест републики и две автономни покраини и беше држава во која немаше доминантна нација како воостанатите држави, најбројни беа Србите кои што претставуваа 40% од вкупниот број на жители. Историски и културно гледано непостоеше ништо заедничко помеѓу областите кои што беа дел од Австро-унгарскота држава и оние кои што со векови беа дел од Отоманската држава. Словенците и Хрватите беа католици, Србите, Црногорците и Македонците беа православни христијани а во Босна и Косово живееше бројно муслиманско население.

За време на Втората светска војна југословенските народи ќе се најдат на спротивни страни со што ќе бидат потврдени разликите кои што постоеле помеѓу нив. Освен тоа и самите југословенски републики не беа хомогени односно во сите од нив имаше бројни национални малцинства. Но и покрај сите внатрешни разлики оваа федерација опстојуваше поради стравот од заедничките непријатели но и благодарение на личноста Јосип Броз Тито кој што претставуваше нациналeн херој и успеваше да излезе на крај со сите сепаратистички движења кои што се појавуваа во државата.[269]

На југословенската сцена со губењето, односно смртта на Јосип Броз Тито нејзиниот творец, а една година претходно и на Едвард Кардељ, идејниот творец на општетвено-економскиот и политичкиот систем, веќе наталожените проблем во државата уште повеќе ќе се зголемат.[270] На политичка сцена ќе почне да функционира Претседателскиот систем кој што

[269] Во 1968 година на Косово и Македонија ќе се појават силни демонстрации кои наводно немаа сепаратистички карактер туку беа барање за подобрување на статусот на Албанците во Југославија.
[270] НовицаВељановски, Op. cit., 331.

беше создаден од самиот Тито за да може државата да функционира и по неговата смрт. Титовите политички наследници нема да успеат да се снајдат на политичката сцена и за да го изградат својот авторитет најчесто ќе се повикуваат на Титовото име и дело. Резултатите во работењето на СКЈ се мереа со тоа колку седници се одржуваат и колку различни документи се усвојуваат без да се води сметка за нивната реализација и резултатите од нивната примена. Кога требало да се донесуваат одлуки во сојузните органи тоа секогаш одело многу бавно затоа што процедурата на усогласување на различни ставови била многу комплицирана. Извршната власт ќе стане заробеник на бесконечни договори и расправи, а со тоа ќе стане потполно неефикасна. Слабеењето на сојузниот центар ќе доведе до јакнење на моќта на републичките центри и до затвореност на територијалните единици, до претворање на нивните граници во непреодни бариери за слободна циркулација на стока, пари и работна сила во целата земја. Посебно негативно влијание ќе одигра укинувањето на централните инвестициони фондови и распределбата на паричните средства помеѓу републиките вклучувајќи ги и девизните.[271]

Јакнењето на самостојноста на републиките и заострувањето на меѓунационалните односи во земјата почнувајќи од средината на осумдесетите години, почнале да го загрозуваат опстанокот на Федерацијата. Во услови кога државата е повеќенационална, секое заострување на социоекономските проблеми истите неминовно ги претвара во национални несогласувања. Републичките раководства ќе ги користат националните проблем за остварување на своите политички цели преку манипулирање на јавното мислење и управување со средствата за информирање. Единствено решение на сојузното раководство за зајакнување на државата беше јакнење на централните органи на федерацијата во еконмски, правен и територијален поглед. За оставарување на овие цели биле предложени и усвоени измени во уставот со кои јакнела централната власт за сметка на републиките и покраините. Ова ќе предизвика огромно негодување кај републичките власти

[271] Ричард Кремптон, Балкан после другог светског рата, Београд 2003., p.341

кое ќе биде искажувано преку образложението дека тоа е начинот да се излезе од економската и политичката криза во која што се наоѓа државата. Најголема полемика се водела околу финансирањето на Југословенската народна армија, начинот за избор на Претседателство, трансформација на фондот на федерацијата за недоволно развиените републики и покраини, надлежностите на сојузните органи, начинот на донесување на одлуки во Владите во републиките и покраините и ограничување на принципот на концензус за донесување на одлуки. Против уставните промени беа Хрватска и Словенија чии влади се залагаа за зајакнување на републичките компетенции. Во Словенија се мислеше дека нацрт уставните промени составени за јакнење на централната власт се на штета на словенечкиот народ, а и на цела Југославија. Во Љубљана ќе бидат одржани собири и митинзи против уставните промени и се барало спроведување на референдум. Била формирана и Уставна комисија зазадача да ги заштити „националните интереси на словенечкиот народ".[272] Под притисок на Словенија во фазата на конечно усвојувањена на Нацртот биле изменети неколку порано предложени формулации. Собранието на Југославија на 24 ноември 1988 година усвоило 39 амандмани од Уставот. Со новите измени во Уставот, на сојузната влада и било дадено право во случај на неизвршување на сојузните закони да може да се меша во активностите на републиките и покраините. Ќе биде зацртан единствен финансиски, кредитен, порезен и девизен систем. Федерацијата добила право да биде арбитер при решавањето на противречностите помеѓу законите на поедини републики и покраини. Исто така федерацијата добила право да ја утврдува стратегијата за научно-техничкиот развој на земјата, обезбедување на средства за издржување на армијата и донесување на сојузни закони во областа на екологијата и заштитата на животната средина. Најголемата полемика околу финасирањето на армијата била завршена со усвојување на амандман според кој федерацијата за потребите на ЈНА ќе издвојува дел од националниот доход. Истовремено биле намалени компетенциите на властите во

[272] Јелена Гускова, Историја Југословенске кризе 1990-2000, Београд 2003, стр. 89.

покраините и тие сега меѓународната соработка морале да ја остваруваат во составот на утврдената политика на Србија.

По усвојувањето на уставните промени, започнале активностите за промени на уставите на републиките и покраините. Промените со кои јакнела централната власт ќе предизвикаат огромно незадоволство во републиките, навикнати на потполна самостојност, а тоа незадоволство највидливо ќе биде во Словенија и Хрватска. Словенците отворено почнале да зборуваат за својот државен суверенитет кој го губеле со новите промени во Уставот. Хрватите донеле нов Устав и жестоко го бранеле сопственото право на државна независност, додека српското малцинство во Хрватска јасно го искажувало неспокојството поради порастот на хрватскиот национализам. Особено сложена била и состојбата во Црна Гора која што била зафатена со жестока полемика помеѓу оние кои биле за самостојност на црногорската нација и оние кои ја бранеле историската желба за единство на српскиот и црногорскиот народ. Македонија исто така била зафатена со проблемот на поделеност на македонската нација и тоа еден дел со пробугарска ориентација, дел кои што биле за останување во југословенската федерација или просрпски ориентирани и оној најголемиот дел кои што биле за создавање на независна македонска држава. Како тронационална држава Босна и Херцеговина јасно била загрижена за единството на својата територијална целовитост затоа што во неа биле испреплетени српскиот, хрватскиот и муслиманскиот национализам.

Крајот на осумдесетите е период на зголемување на јазот помеѓу југословенските републики и отворено се тежнеело кон ширење на демократски процеси во републиките со крајна цел за уништување на еднопартискиот систем и воведување на повеќепартиски систем односно демократско уредување.

Словенија била свесна за својата економска моќ и затоа не била подготвена да се потчини на централизацијата која не гарантира модернизација и раст во економијата. Уште во1987 година една група на интелектуалци, собрани околу списанието „Нова ревија" објавиле предлог

како словенечка национална програма која содржела барања за политички плурализам, демократија, пазарна трансформација во економијата и државна независност. Од страна на списанието „Младина" ЈНА била претставена како недемократска секогаш подготвена за воен удар со што ќе биде предизвикано големо незадоволство во воените кругови.[273] Во мај 1989 година словенечката опозиција ја донела т.н. „Мајска декларација" на митинг којсе одржал на Љубљанскиот плоштад.[274] Во октомври 1989 година словенечкиот парламент усвоил дополнување на републичкиот устав според кое Република Словенија си ги враќа себеси „суверените национални права кои во моментот на формирање во 1945 година и ги пренела на Федерацијата".

Во Хрватска во осумдесетите години повторно ќе дојде до израз национализмот кој што влечел корени од шеесетите години. Национализмот кој што се појавил во Хрватска особено бил агресивен кон Србија и Србите кои што живееле во Хрватска.[275] Но како во Хрватска и Словенија така и во Србија се расправало за нејзината позиција и улога воФедерацијата и овде имаме појава на зголемување на национализмот но за разлика од оној кој што во Словенија и Хрватска тежнеел кон сепаратизам овде се тежнеело да се заштити федерацијата со што би се заштитило и српското национално единство.

Национализмот на албанското население во Косово во осумдесетите години ќе започне се повеќе јавно да се манифестира со барање за стекнување на статус на Република. Во Црна Гора се до осумдесетите години преовладувало убедувањето во заедничка историја со Србија и единствено етничко потекло со Србите но веќе во овој временски период ќе се појават неколку истражувачи кои што започнале да го разгледуваат прашањето за афтохтоност на Црногорците докажувајќи дека тие немаат заедничко потекло со Србите.

---

[273] Laura Silber, Allan Litl, Смрт Југославије (превод од англиски). Београд: Култура, 1990, стр. 58.
[274] Б.Јеж,Бела књига ораспаду Југославије.Љубљана: „Дело", 1994 година, стр.134.
[275] Борисав Јовић, Последњи дани СФРЈ: Изводи из дневника. Београд: „Политика", 1995, стр. 11.

Во Босна и Херцеговина исто така имало политички несогласувања, но тука ситуацијата е посложена затоа што тука биле испреплетени три национализми, муслимански, српски и хрватски. Муслиманите се обидувале да докажат дека историски Босна и Херцеговина е муслиманска земја, Србите кои што живееле во Босна тврделе дека таа е вештачка творба и дека Србите отсекогаш живееле на таа територија и сега биле вештачки одвоени од својата матица, и хрватските националисти чии претензии се однесувале главно на западниот дел од Босна и западниот дел на Херцеговина.[276] Во крајот на осумдесетите години и во Македонија почнале да се појавуваат размислувања за историската цел на Македонците и исправање на неправдата која што му била нанесена на македонскиот народ во 1913 година со балканските војни кога тој бил поделен помеѓу неговите соседи. Во составот на Федерацијата во Македонија никогаш не се тежнеело да се зголеми нејзината улога или да се воздигнат себеси над другите. Македонија повеќе била оптеретена со своите економски проблеми а македонскиот народ кој се наоѓал во составот на Југославија бил задоволен затоа што добил своја република и можност за создавање и одржување на својата нација.

Во осумдесетите години видливо било раздвојувањето на југословенските народи, растел антагонизмот помеѓу републичките раководства што се одразувало и врз обичниот народ а развојот на етничките поделби и во континуитет политички разидувања во републиките ќе доведе со Косово, Словенија и Хрватска да биде поддржуван предлогот за воведување на конфедерација што водело кон сепаратизам односно поделба.

---

[276] Јелена Гускова, Op.cit.103.

## Глава III: Трансформацијата по 1989 година и создавање на парламентарната демократија

Настаните во 1989 година ќе стават крај на приказната за државен социјализам во Источна Европа. Земјите од Источна Европа ќе се свртат кон посткомунистичка трансформација која ќе биде окарактеризирана со враќање на западните вредности и парламетарната демокартија. Кај земјите од регионот ќе се појави надеж за враќање во Европа и во светскиот систем и фаќање чекор со Западот. Тие забрзано ќе започнат со копирање на западните институции, со обиди за привлекување на странски капитал и чукање на портите на Европската заедница. Но промената на општественото уредување, приватизацијата и преоѓањето во пазарна економија ќе предизвикаат драматични економски и општествени уназадувања кај овие земји. Тие ќе се соочат со транзиција која што ќе треба да им овозможи задоволување на критериумите за полноправно членство во Европската Унија и успешна интеграција на светскиот Пазар и заедницата на граѓански општества.

### *1. Градење на парламентарната демократија*

Во сите земји од Источна Европа 1990 година ќе биде година на големи соништа и очекувања. Земјите од овој регион ќе отворат ново поглавие од својата историја и ќе започнат со подготовки за своите први слободни избори. Сите ќе сонуваат за претворање на своите земји во независни републики, слободни и демократски, републики со економски просперитет и социјална правда, накратко ќе сонуваат за хумана репиблика која ќе им служи на сите поединци. Во сите овие земји ќе постои оптимизам и надеж дека западниот свет ќе побрза со пружањето на помош и дека Европа ќе им ги отвори своите врати. Полни со надеж земјите од Источна Европа ќе започнат со спроведување на слободни парламентарни избори а со тоа ќе зачекорат во

трансформација во своите општества односно трансформација која што ќе треба да им обезбеди место во развиениот демократски западен свет.

Изборите во Унгарија одржани на 25 март 1990 година за разлика од другите земји од Источна Европа ќе бидат одржани во добро конструирана политичка арена при што ќе бидат понудени претставници од различни општествено-политички групи.[277] На овие избори Унгарците ќе гласаат за промена на системот односно со убедлива победа од 42% од гласовите ќе победи Унгарскиот демократски форум (УДФ), партија од десницата на чие чело се наоѓал Јожеф Антал. Ваквиот резултат од изборите ќе овозможи лесно формирање на владеачка коалиција која што ќе има вкупно 60% од местата во Парламентот а за премиер ќе бие избран Антал.[278] На другата страна во Парламентот или како опозиционен блок ќе се најдат три политички партии: Слободниот демократски сојуз (СДС) кој што ќе биде основан од бившите главни дисиденти, истакнати антикомунисти и Социјал-либералната партија, потоа Сојузот на млади демократи со класични либерални ставови и Унгарската социјалистичка партија (УСП) која што ќе биде основана од реформското крило на некогашната владејачка партија.

Ваквиот состав на унгарската политичка сцена ќе и овозможи на земјата со успех да го избегне хаосот и поделбата во политичката арена односно ќе биде обезбеден нормален политички живот и работа на Парламентот. Околу десетина мали партии помеѓу кои и повторно формираната поранешна владеачка Унгарската социјалистичка работничка партија, нема да успеат да го соберат неопходниот минимум од 4% од гласовите за да добијат место во Парламентот.[279]

За разлика од изборите во Унгарија, изборите во Чехословачка кои што ќе се одржат во јуни 1990 година ќе бидат по многу нешта поинакви. На овие избори исто како и во Полска, монолитната партиска држава ќе изгуби од монолитната опозиција.[280] Повелбата 77 (моралниот победник од минатата

---

[277] Маргарита Пешевска, Op. cit., 93.
[278] За претседател ќе биде избран Арпад Генц.
[279] Ivan Berend, Op. cit., 353.
[280] Маргарита Пешевска, Op. cit., 85.

деценија) и Граѓанскиот форум[281] ќе имаат голема победа особено во чешките делови од земјата, ќе освојат 53% од гласовите и 67 места во Парламентот. Во Словачка со освоени 40% од местата победник ќе биде партијата Јавност против насилство но тука голем број на пратенички места (22%) ќе освои конзервативното Христијанското-демократско движење предводено од словачкиот дисидент Јан Чарногурски. На овие избори преуредената Комунистичка партија ќе добие околу 40% од гласовите и по 15 до 16% од местата во двата Парламенти.

Ваквиот распоред на силите ќе резултира со нестабилна политичка сцена во Чехословачка. Коалицијата на некогашната опозиција а сега убедлив победник на изборите, ќе биде нестабилна од причина што таа ќе биде обединета само по прашањето за спротивставување на државниот социјализам. Внатре во коалицијата ќе постојат големи разлики во идеите и визиите за креирање на иднината. Но и покрај непостоењето на цврста политичка сцена тоа нема да претставува препрека во инстутиционилизација на демократијата и започнување на подготовките за трансформација во економијата. Раководните структури ке се соочат со силни критики и противења во редовите на нивните партии, ќе почнат да ја губат довербата кај народните маси што ќе резултира со внатрешни борби и поделби во водечките политички партии. Ваквата ситуација суштински нема да биде променета се до 1993 година.[282]

Во Романија после падот на режимот повторно ќе се појават некои од традиционалните партии како што се: Националната либерална партија, Селанската партија, Социјалдемократската партија и уште многу други. За разлика од другите источноевропски земји, во Романија многу брзо ќе завладее чувството дека Националниот фронт на спасот на чие чело се наоѓал Јон Илиеску, победата во револуцијата ќе ја присвои како своја. Националниот фронт на спасот одлучно ќе ги одбива сите обвинувања дека

---

[281] Граѓанскиот форум ќе биде формиран на 19 ноември 1989 година во прашкиот театар Чинохерни клуб.
[282] Ivan Berend, Op. cit., 354.

води иста политика како Чаушеску, само малку разубавена и дека воопшто не сака во земјата да изгради демократска власт.[283]

На општите избори во Романија кои што ќе се одржат на 20 мај 1990 година, Националниот фронт на спасот и покрај сите обвинувања ќе освои 67% од гласовите, а нивниот претседателски кандидат ќе освои 85% од гласовите.[284] Националната либерална партија ќе освои помалку од 11% од гласовите, Унгарската партија 7% и Селанската партија 4% од гласовите.[285]

Од сите новоформирани влади и парламенти единствено во Унгарија ќе покажат доволна стабилност и ќе успеат до крај да го издржат својот мандат. Во сите други посткомунистички земји од Источна Европа новоформираните "демократски влади" ќе се соочат со внатрешни несогласувања. Партиите кои што ке ги добијат првите демократски избори иако ќе имаат убедлива победа нема да успеат да ја зацврстат својата власт. Особено влијание ќе има созревањето, политичкиот развој и појавата на подобро организиран политички систем во кој ќе учествуваат најразлични политички крила и партии. Незадоволството од тешкотиите кои што ќе се појават поради спроведувањето на реформите во општеството ќе ескалирааат со побуна против владите во повеќе земји.

Владата на Петреа во Романија ќе биде принудена после жестоките штрајкови на рударите во есента 1991 година, една година откако ќе го добие мандатот, да поднесе оставка. Настаните ќе ескалираат на 25 септември 1991 година кога рударите ќе ја нападнат зградата на владата. За два дена улични борби со полицијата ќе има 455 ранете и тројца мртви. Веднаш после овие настани владата ќе поднесе оставка. На референдум одржан на 8 декември 1991 година ќе биде прифатен новиот устав и во земјата ќе започне тешкиот премин кон пазарно стопанство и парламентарна демократија. На следните парламентарни избори во есента 1992 година владата повторно ќе победи. Владеачките социјалисти ќе останат релативно најсилна партија со повеќе од

[283] Волтер Лакер, Op. cit., 683.
[284] Карел Натек и Марјета Натек, Op. cit., 121.
[285] Ivan Berend, Op. cit., 355.

25%, а Јон Илиеску повторно ќе биде избран за претседател со 60% од гласовите.[286]

И во Полска и Чехословачка парламентарните избори кои што ќе се одржат во 1991-1992 година ќе бидат со сосема спротивни резултати од оние на првите демократски избори. По само две години од историската победата во 1989 година, на изборите во Полска во октомври 1991 година Солидарност ќе доживее целосен пораз.[287] На овие избори нема да има апсолутен победник, во парламентот ќе успеат да обезбедат место околу триесетина партии. Помеѓу нив најбројни ќе бидат Демократската унија предводена од Мазовјетцки и Сојузот на демократската левица базирана на реформиранатa Комунистичка партија кои што заедно ќе имаат околу 12% од гласовите. Со ваквиот распоред на силите, мнозинство во Сејмот (Долен дом) кој имал 46 места, можела да освои само коалиција од најмалку пет партии. На овие избори само девет партии кои што ќе добијат места во парламентот ќе добијат повеќе од 5% од гласовите. Сето ова ќе создаде проблем и неизвесност во земјата затоа што многу тешко ќе биде да се формира стабилна владеачка коалиција.[288]

Најголемо изненадување на овие избори ќе биде поразот на синдикатот Солидарност кој што ќе излезе сам на овие избори но ќе добие само 5% од гласовите. Лошиот изборен систем ќе овозможи во парламентот да влезат дваесетина политички партии со што било многу тешко да се создаде стабилна коалиција односно стабилна влада.[289]

Откако малцинската влада ќе пропадне, во Полска во септември 1993 година ќе се одржат третите парламентарни избори на кои повторно огромен пораз ќе доживеат сите партии кои што ќе имаат и најмала поврзаност со

---

286 Yoji Koyama, Транзиција и европската интеграција на Бугарија и Романија.(реферат презентиран на четвртата годишна сесија на Источноевропската конференција во Варшава). стр. 10.

287 Солидарност на овие избори ќе добие само 5% од гласовите.

288 Голем успех на бившите комунисти. - Нова Македонија (Скопје) XLVII/16082 (31 октомври 1991) стр. 9

289 Jerzy Bor[illegible]cki, N[illegible]amow[illegible]y rok 1991. Warsaw 1992, str. 48.

Солидарност, претседателот Лех Валенса и Католичката црква.[290] По само четири години од победата на Солидарност, Демократската лева алијанса и Полските селански партии, наследници на поранешните комунисти ќе добијат 64% од местата во Сејмот, додека новата партија на Лех Валенса ќе добие само 5,4% а Демократската унија 10,5%. На овие избори целосен неуспех ќе доживеат и сите католички партии со неосвојување на ниту едно место во Парламентот.[291]

Идентично како во Полска и во Чехословачка по само една година и половина после изборната победа во 1990 година, владеачките партии ќе почнат да се распаѓаат. Тоа ќе биде резултат на подвоеноста на владеачката партија која што ќе се појави уште од самиот почеток. Тоа ќе резултира со појава на две крила и тоа едно предводено од Милош Хајек и друго од Петар Ухл. Ќе биде формиран Интерпарламетарен клуб за домократски права кој што веднаш ќе повика на радикална приватизација. Ќе дојде и до промена во раководството на Граѓанскиот форум а за претседател ќе биде избран конзервативниот поборник за пазарен капитализам, Вацлав Клаус. Со неговото доаѓање на чело на Форумот ќе дојде до реорганизација со која што ќе биде направено радикално придвижување кон десно од центарот. Но освен во Чешка проблем ќе има и во Словачка, другата федерална Република. Уште во април 1990 година масовните демонстрации во Братислава ќе резултираат со формирање на Национална влада за ослободување на Словачка. Но реалноста ќе покаже дека само 5% од Словаците ја подржуваат идејата за формирање на независна Словачка, но и покрај тоа нациналистичката група нема да запре со својата борба за реализирање на нивната идеја.[292] Во март 1991 година премиерот на Словачка, Владимир Мечиар ќе ја напушти партијата Јавност против насилството и ќе даде отставка на премиерската фукција прогласувајќи ја федералната полиција

---

[290] На овие избори Лех Валенса ќе ги изгуби гласовите од земјоделците и работниците, кои што целосно ќе гласаат за Полската народна партија и за поранешните комунисти.

[291] Ivan Berend, Op. cit., 358.

[292] Маргарита Пешевска, Политичките промени во земјите на Источна Европа по Втората светска војна. Годишен зборник: „Универзитет Св. Кирил и Методиј" Филозофски факултет-Скопје, книга 59, 2006 година, стр. 229.

како неподобна за Словачка. Ваквиот чекор на Мечијар ќе предизвика распаѓање на владејачката коалиција во федерацијата. На изборите кои што ќе се одржат во јуни 1992 година во чешките области најголемиот број од гласовите ќе ги освојат партии кои што ќе произлезат од Граѓанскиот форум: Граѓанската демократска партија на Вацлав Клаус, Граѓанското движење на Јиржи Дринстбир и Граѓанскиот демократски сојуз. И во Словачка водечката партија ќе се распадне и од неа ќе бидат формирани Движењето за демократска Словачка на чело со Владимир Мечијар кое што ќе освои најголем дел од гласовите и Граѓанската демократска унија. Карактеристично за овие избори ќе биде тоа што ниту една од овие партии нема да успее да извојува некоја поголема победа. Партиите на Клаус и Мечиар ќе успеат да освојат нешто повеќе од третина од гласовите додека 15% од гласовите ќе им припаднат на поранешните чешки и словачки комунисти. Граѓанското движење на Јиржи Динстбир ќе освои помалку од 5% од гласовите.[293]

Заедничко за сите земји во Источна Европа во 1993-1994 година резултатите ќе покажат придвижување на десните партии лево од центарот. Таков пример ќе биде победата на Социјалистичката партија во Унгарија на изборите кои што ќе бидат одржани во мај 1994. На овие избори Социјалистичката партија ќе биде апсолутен победник со освојување на 54% од гласовите. Социјалистичките партии кои што ќе бидат формирани од реформистите во некогашните комунистички партии ќе постигнат политички успех и во другите источноевропски земји. Тие ќе ги прифатат основните западни принципи како што се парламентарна демократија и пазарна економија, но и понатаму ќе одржуваат блиски контакти со синдикатите и ќе бидат поттикнувачи за поголема социјална грижа.

Првите пет години после првите парламентарни избори во земјите од Источна Европа ќе бидат одбележани со бурна транзиција и приближување кон институционализирана демократија. Тие ќе бидат проследени со донесување на нови устави и уставни амандмани, донесување на голем број на

[293] Ivan Berend, Op. cit., 359.

нови закони со што земјите ќе направат видливо приближување кон политичката структура според западен тип.[294] Со воведување на политичкиот плурализам ќе биде воведен повеќепартиски систем, ќе бидат загарантирани човековите права и слободата во јавниот печат и слободата на изразување.[295] Класичното начело на современите демократии, одвојување на законодавната од извршната власт и независно судство, веднаш ќе биде институционализирано. Политичкиот плурализам ќе биде воведен заедно со повеќепартискиот систем со што се гарантирала сопственоста, човековите права, гаранција за слобода во изразувањето и здружувањето, слобода на патување што води кон неограничен развој на граѓанското општество кое што дотогаш непостоело. Новите влади ќе ги подготвуваат а парламентите ќе расправаат околу голем број на закони и амандмани и ќе ги усвојуваат. После првите парламентарни избори во март 1990 година Унгарскиот парламент ќе усвои 134 нови закони и 128 амандмани, што за периодот од мај 1990 година до декември 1992 година ќе преставува донесување на 9 закони месечно. Овие закони ќе покриваат различни сфери од општественото живеење, но сепак поголемиот дел од законите ќе регулираат седум главни области како што се социјалното осигурување (31 закон), приватизација (26 закони), буџет и државна економија (21 закон), судови (20 закони), локална самоуправа (12 закони) и за земјиштето (17 закони). Во повеќето земји ќе бидат востановени Уставни судови со што требало да се обезбеди спроведување и заштита на демократскиот систем. Поголемиот дел од земјите ќе направат суштински промени во нивните правни системи. И покрај сите промени институциоализирањето на човековите права ќе се одвива паралелно со ширење на етничка и религиозна омраза и експлоатација, слободата на печатот ќе биде проследена со постојани уцени дури и со

---

[294] Во периодот од мај 1990 до декември 1992 година во унгарскиот парламент ќе бидат донесени 134 закони и 128 амандмани. Со овие закони ќе бидат покриени скоро сите сфери од животот.

[295] Ivan Berend, Op. cit., 361.

убивање на новинари. Тоа значи дека законот е подреден на политиката и се толкува како инструмент на постоечките политики.[296]

Според ова можеме слободно да констатираме дека првите години од транзицијата ќе претставуваат пробивање кон демократијата и достигнување на западните вредности.

Во крајот на осумдесетите и почетокот на деведесетите години во Југославија со доаѓањето на чело на Сојузната влада на Анте Марковиќ[297] ќе бидат започнати низа на економски реформи кои што требало да бидат излез од кризата. Анте Марковиќ сметал дека Југославија може единствено да биде зачувана преку нејзиното излегување од економската криза, тој нудел пакет на мерки и единствено се поставувало прашањето дали постои желба за нивно спроведување и зачувување на Федерацијата.[298] Стабилизацијата на валутата, која што Анте Марковиќ ќе успее и да ја постигне, во комбинација со веведување на конвертибилност на југословенскиот денар на 1 јануари 1990 година, во комбинација со комплетно подготвени реформи, ќе даде добри резултати. Но поради усложнување на ситуацијата и низата на обвинувања, Анте Марковиќ морал да поднесе оставка од местото сојузен премиер.

Истовремено со економските реформи била започната реформа и во политичкиот систем поради отстранување на сите пречки кои му стоеле на патот на процесот на демократизација на земјата. Реформата се состоела од промени во структурата на управувањето и претставничкиот систем, продлабочување на самостојноста на субјектите во федерацијата и воведување на политичкиот плурализам. Ова го означило почетокот на формирање на политички партии во сите републики.

---

[296] Krzystof Wolicki, Rozmowa z Professor Ewa Letowska. Warsaw 1992, str. 39.

[297] Анте Марковиќ е роден 1924 година во Коњиц, Хрватска. По националност е Хрват. Дипломирал 195? година на Електротехничкиот факултет на Универзитетот во Загреб. Учесник во НОБ, член на СКОЈ од 1940 година, а на КПЈ односно СКј од 1943 година. Од 1982 до 1986 година е претседател на Извршниот совет на Собранието на СР Хрватска, а во мај 1986 и 1987 година е избран за претседател на Претседателството на СР Хрватска. На XIII Конгрес на СКЈ е ибран за член на ЦК на СКЈ, а во март 1989 година е избран за претседател на Сојузната извршна влада на СФРЈ.

[298] Анте Марковиќ: Југославија може и без СКЈ. - Нова Македонија (Скопје) XLVI/15445 (24 јануари 1990) стр. 4.

Во Словенија уште од 1989 година било забележано формирање на политички здружувања кои што подоцна ќе прераснат или ќе бидат основа за формирање на политички партии. Во септември 1990 година бројот на политички партии ќе достигне триесет и четири. Сојузот на комунистите на Словенија ќе биде преименуван во Сојуз на комунистите на Словенија-Партија за демократска обнова (СКСЛ-ПДО) а на избирачите им нудел нов словенечки Устав, конфедерална југословенска држава, повеќепартиска демократија, промени во економијата, социјална гаранција на работниците и пензионерите, подршка на индивидуалните земјоделски производувачи и др. Првите повеќепартиски избори во Словенија ќе бидат одржани во април 1990 година на кои што Демократската опозиција на Словенија (ДЕМОС) ќе освои апсолутно мнозинство или 55% од гласовите, наспроти 17% од гласовите освоени од страна на СКСЛ-ПДО.[299] Но и покрај тоа што здружената опозиција ќе ги добие изборите, за местото претседател на Претседателството на Словенија, Милан Кучан[300] кандидатот на СКСЛ-ПДО ќе ја добие битката со Јоже Пучник, кандидатот на ДЕМОС.[301] По изборниот пораз голем дел од членството на СКСЛ-ПДО ќе ја напушти партијата и било јасно дека словенечките комунисти ќе го заземат местото во опозицијата за подолг временски период. Покрај сите разлики кои што постоеле во политичкото убедување целата активност на повеќепартискиот парламент ќе биде насочена кон постигнување на независност на Словенија.[302]

Во Хрватска првите повеќепартиски избори ќе бидат одржани на 22 април 1990 година, а вториот круг на 6 мај 1990 година.[303] ХДЗ ќе освои 41,5% од вкупниот број на гласови и благодарение на мнозинскиот изборен

---

[299] Одржани првите повеќепартиски избори во Словенија. - Дневник (Скопје) XLVI/15520 (9 април 1990), стр .1.

[300] Милан Кучан е роден во 1941 година. Дипломирал на љубљанскиот Правен факултет, а во политичкиот живот ќе се вклучи во Универзитетот. Меѓу другото ќе биде претседател на Младинската организација на Словенија, Претседател на Собранието на СР Словенија и член на Претседателството на ЦК на СКЈ и Претседател на Претседателството на ЦК на СК на Словенија.

[301] Милан Кучан-Победник. - Дневник (Скопје) XLVI/15535 (24 април 1990) стр. 4.

[302] Плебисцитот во Словенија на кој повеќе од 1,5 милион гласачи требало да го дадат својот глас за самостојност на Словенија ќе биде одржан на 23 декември 1990 година.

[303] Главната борба меѓу комунистите и ХДЗ. Дневник (Скопје) XLVI/15535 (24 април 1990) стр. 1-4.

систем ХДЗ ќе освои 193 од вкупно 365 места во Саборот на Хрватска.[304] Веднаш после изборите ќе биде променет Уставот, ќе биде исфрлена придавката „социјалистичка" од името на државата и ќе биде воведена функцијата претседател на Хрватска на која ќе биде избран Фрањо Туѓман. Со новиот Устав од 22 декември 1990 година на претседателот ќе му бидат дадени големи овластувања.[305] На лево ориентираната опозиција ќе и припаднат 20% од местата во Саборот. Поради поразот и стравот од реваншизмот на ХДЗ комунистите поради можноста да ја изгубат својата работа заради припадноста на својата партија масовно ќе почнат да преминуваат односно да се зачленуваат во ХДЗ за да можат да ја зачуваат својата дотогашна позиција во општеството.

За разлика од другите југословенски републики воспоставувањето на повеќепартискиот систем во Босна и Херцеговина ќе биде поспецифичен од причина што таа република е со повеќенационален состав на население.[306] Таа беше вистинска слика на она како требаше и беше замислено да се гради југословенското општество. Овде до крајот на осумдесетите години се градеше мултиетничко општество со многу мешани бракови кое ќе се најде пред тежок испит во време кога насекаде во државата ќе почне да расте меѓуетничката нетрпеливост. Иако политичката реакција во Босна и Херцеговина ќе биде побавна отколку водругите делови на Југославија и малку поразлична,сепак ќе стигне и овде. Овде нема да имаме преструктуирање на локалниот Сојуз на комунисти, односно било исклучено основање на реформска комунистичка партија како што ќе биде во другите републики.[307] Овде политичките партии ќе почне да се создаваат по етничка основа, сите ентитети муслиманите (39%), Србите (32%) и Хрватите (18,4%) ќе основаат свои национални партии. Пред одржувањето на првите избори во

[304] Ричард Кремптон, Балкан после другог светског рата. Београд 2003, стр. 332.
[305] Ibid.
[306] Во периодот од 1961 до 1991 година муслиманското население ќе се зголеми за два пати, односно од 842 248 во 1961 на пописот во 1991 година ќе достигне до бројка од 1 905 018.
[307] Ричард Кремптон, Op. cit., 334.

републиката ќе бидат регистрирани околу четириесет политички организации.

Изразени фаворите пред изборите биле трите национални парии: Партијата за демократска акција (СДА) која била на муслиманите[308], Хрватската демократска заедница (ХДЗ) и Српската демократска партија (СДС).[309] Изборите ќе бидат одржани на 18 ноември 1990 година и ќе привлечат големо внимание во целата република, бидејќи резултатите од нив видно можеле да влијаат врз иднината на републиката. Од можните 130 места во Парламентот, СДА ќе освои 42, СДС 36, ХДЗ 20, Комунистите ќе освојат 12, а Сојузот на реформските сили 11 места.

Белградските весници доста резервирано и со воздржаност ги коментирале изборните резултати. За разлика од нив во загребскиот печат резултатите од изборите биле наречени триумф на народот односно тежок пораз на левите сили.[310] Лидерите на трите национални партии како победници на изборите ќе формираат парламентарна коалиција. Алија Изетбеговиќ, Радован Караџиќ и Стјепан Кључиќ лидерите на трите партии ги обединувала заедничката желба да ги отстранат од власта комунистите. Тие ќе постигнат меѓусебен договор околу поделба на власта, претседател на републиката ќе биде од редовите на СДА, претседател на владата од ХДЗ а претседател на парламентот од СДС.[311]

Но и покрај тоа што изгледало дека овој договор ќе функционира, веднаш ќе излезат на виделина сите идеи и ставови во кои се разидувале овие коалициони партнери.[312]

Во текот на 1990 година во Србија ќе бидат формирани повеќе десетици партии и организации. Во летото истата година ќе биде донесен

---

[308] На чело на СДА уште од неjзиното основање во мај 1990 година се нашал Алија Изетбеговиќ кој себеси се претставувал како демократ и покрај тоа што тој претходно има напишано и има објавено неколку книги за исламот и своевремено бил осуден на четириесет години робија поради ширење на исламски фундаментализам.

[309] Заокружен партискиот круг. -Дневник (Скопје) XLVI/15516 (16 јули 1990), стр. 2.

[310] S. Zvizdic: Trijumf triju nacija. – Vjesnik (Zagreb) 23 studenoga 1990, str. 1-3.

[311] Алија Изетбеговиќ ќе биде избран за претседател, Јуре Пеливан за премиер а Момчило Крајишник за претседател на Собранието.

[312] Ричард Кремптон, Op. cit., 335.

Закон за политичко организирање. Во програмите на сите политички партии немало разлики во делот кој што се однесувал на политичките и личните слободи на граѓаните, повеќепартиската парламентарна демократија, пазарната економија и плурализмот во сопственоста, деполитизација на армијата и државата. Но исто така заедничко на сите е тоа што ниту една партија не предлагала конкретни мерки кои би довеле до излез од економската криза. Со формирањето на Социјалистичката партија на Србија (СПС) таа на себе си ги пренела сите права и обврски од поранешниот Сојуз на комунисти и Социјалистичкиот сојуз на работниот народ (ССРН), вклучувајќи ги тука и материјалните права.[313] Спрема нацртот на статутот на СПС, структурата на партијата не претрпела значајни промени, идеолошки не се откажала од социјализмот туку истиот сакала да го демократизира.[314] За нејзин претседател ќе биде избран Слободан Милошевиќ.[315]

Оние кои што биле сериозни политички опоненти на СПС, односно сериозна опозиција, биле Демократската партија (ДС) и Српското движење за обнова (СПО). Демократската партија била формирана во февруари 1990 година од страна на белградски интелектуалци и повеќегодишни дисиденти и поборници против постоечкиот режим. Претседателот на партијата социологот Драгољуб Миќуновиќ, од партијата сакал да создаде антикомунистичка демократска организација која ќе се потпира на либералните европски традиции. Основачите на партијата ја истакнувале својата цел за симнување на комунистичката власт и тврделе дека новата СПС е онаа истата комунистичка партија само преоблечена во ново руво. За многу кратко време ова политичка партија ќе успее да привлече бројно членство со својата програма за реформи, граѓанско општество и остра критика на комунистичкиот режим.

Основач на Српското движење на обнова е писателот Вук Драшковиќ. Во почетокот за издигнување на својата партија тој ќе стави акцент на националните чувства на Србите и со употреба на националната реторика ќе

---

[313] Ibid, 328.
[314] Борисав Јовиќ. Op. cit., 152, 153.
[315] Обединети левите сили. - Дневник (Скопје) XLVI/1[illegible]8 (18 јули 1990), стр. 5.

ја јакне својата политичка позиција. На сите политички собири ќе биде нагласувано дека ако дојдат на власт ќе ја обноват демократијата и културните традиции на српскиот народ, а воедно ќе и го вратат местото на црквата кое и припаѓа. За главна движечка сила во развој на економијата го сметале враќањето на приватната сопственост. Вук Драшковиќ имал монархистички став, а тоа се гледа во неговата заложба за враќање во земјата и крунисување на југословенскиот престолонаследник Александар Втори Караѓорѓевиќ, наследник од српската кралска династија.[316]

Другите партии кои што се фромирале во Србија нема да успеат да се наметнат со поголем интензитет во јасноста и нема да успеат да привлечат особено голем број на симпатизери.

На изборите одржани на 9 и 23 декември 1990 година 48% од гласовите ќе и припаднат на СПС.[317] Од 250 места во Парламентот, СПС ќе освои 194, девет места ќе освои СДО, девет Демокрасткиот сојуз на војводинските Унгарци, а останатите тринаесет партии и здруженија кои што ќе влезат во Парламентот ќе освојат по едно или две пратенички места.[318]

Голема ќе биде и борбата за местото претседател на Републиката. За ова место ќе се натпреваруваат триесет и двајца кандидати. Кандидатот на СПС, Слободан Милошевиќ ќе освои најголем бројна гласови односно 63,34% а на втората позиција се наоѓал Вук Драшковиќ со 16,4% од гласовите. Резултатите ќе предизвикаат големо незадоволство кај опозициските партии затоа што тие сметале дека овие избори нема да донесат никакви промени во Републиката бидејќи повторно на власт останале истите луѓе само под друго име. Демократските реформи зависеле од волјата на СПС и нејзиниот лидер Слободан Милошевиќ. Ќе бидат организирани масовни протести кои што ќе бидат предводени од страна на Вук Драшковиќ и оние кои биле незадоволни од изборните резултати односно изборниот

---

[316] Ричард Кремтон, Op. cit., 328.
[317] Ibid.
[318] Успех на опозицијата во вториот круг. - Дневник (Скопје) XLVI/15776 (25 декември 1990), стр. 1.

пораз. Демонстрациите ќе добијат толку масовен карактер што на улиците на Белград ќе излезат десетина илјади луѓе.[319]

За смирување на протестите Слободан Милошевиќ ќе ја употреби најсуровата мерка односно употреба на сила што ќе предизвика уште поголемо незадоволство. За да може да ја смири состојбата претседателот на републиката ќе мора да се сложи на средба со опозицијата, студентите и универзитетските професори и да им вети дека ќе се заложи за забрзување на демократските процеси во републиката.

Во Црна Гора за разлика од некои други републики и покрај формирањето на нови партии односно процесс на воведување на плурализам, комунистичката партија и понатаму го заземала водечкото место и ја имала подршката кај поголемиот дел од населението. Токму поради таа причина тие дури и не го промениле името на партијата.[320] Важен момент со кој Сојузот на комунистите на Црна Гора ќе ја добие довербата кај народот е тоа што тој меѓу првите во федерацијата ќе почне со внатрепартиски промени и ќе ја предводи таканаречената антибирократска револуција во републиката. Уште пред појавувањето на националните партии, црногорските комунисти ќе истапат со национална платформ односно став за зачувување на националниот идентитет. Тие многу гласно ќе ја најавуваат внатрешната трансформација на партијата и политичките реформи во општеството. Тие јавно ќе ги повикаат сите прогресивни сили во републиката на конструктивен и прогресивен дијалог за суштинските прашања за идниот развој на општеството. Предизборната кампања на ова партија ќе се одвива под паролата „Ние знаеме" како и пропагирање на нов правец на развој изразен преку формулата „политичка демократија, плус економска ефикасност".[321] Под економска ефикасност тие подразбирале преоѓање кон пазарна економија, полна самостојност на економските субјекти и висок степен на

---

[319] Laura Silber i Allan Litl, Смрт Југославије (Превод од англиски), Београд:„Радио Б-92" 1996,стр. 140.

[320] Првата политичка партија која ќе биде регистрирана е Сојузот на комунистите на Црма Гора, регистрирана на 20 јули 1990 година. Со тоа всушност ќе биде започнат процесот на регистрирање на политички партии во Црна Гора.

[321] М. Печујлиќ и В. Милиќ, Политичке странке у Југославији. Београд 1990, стр. 350.

интеграција на југословенско ниво. Во своите програмски настапи тие јасно го истакнувале својот антибирократски и демократски став.[322] Сето ова ќе допринесе Сојузот на комунистите на Црна Гора ја задржи својата база и да ги придобие симпатиите и подршка од населението.

Во Црна Гора ќе се појават и политички партии кои главно своите програми ги базирале на критика на комунистите и енергично барале нивно заминување од власта. Една од таквите партии ќе биде Демократската партија на Црна Гора чие што радикално крило веднаш ќе се изјасни за независност и самостојност на Црна Гора. Либералниот сојуз на Црна Гора ќе биде партија која ќе застане на чело на силите кои што тежнееле кон одвојување на Црна Гора од Југославија. Но главна конкуренција на комунистите Црна Гора ќе биде Сојузот на реформските сили, кој помалку или повеќе имал популарност во сите републики, и ја одржувал желбата на дел од населението кое сакало да се зачува федерацијата по секоја цена.

Важна улога во политичкиот живот играле партиите од левиот блок. Тие ќе формираат коалиција и на изборите ќе излезат со заедничка кандидатска листа.[323]

На изборите кои ќе бидат одржани во декември 1990 година од девет партии кои што ќе учествуваат, границата од 5% ќе ја поминат само четири. Убедлива победа ќе однесе СКЦГ освојувајќи 66,4%, од местата во парламентот.[324] Главни негови конкуренти биле Сојузот на реформските сили и Народната партија. На изборите за претседател на Републиката исто така ќе победи комунист односно претседател ќе стане Момир Булатовиќ.[325]

По примерот на другите југословенски републики и во Македонија ќе започне процесот на создавање на парламентарна демократија. Во април 1990 година Собранието на СР Македонија ќе го измени Законот за општествени организации со што ќе се овозможи формирање на политички партии и здруженија, со што правно ќе се создаде можноста Македонија да стане

---

322 Нова политичка партија на левицата. - Дневник (Скопје) XLVI/15616 (15 јули 1990), стр. 3.
323 Коалиција на левицата. - Дневник (Скопје) XVLI/15629 (22 јули 1990),стр. 2.
324 В. Васовиќ и В. Гоати. Избори и изборни систем. Београд 1993, стр. 203.
325 Триумф на комунистите. - Дневник (Скопје) XVLI/15776 (25 декември 1990), стр. 6.

новеќепартиска држава.[326] Во текот на 1990 година ќе бидат формирани голем број на политички партии во Македонија, односно тоа ќе биде година на политички плурализам во Македонија.

Од Сојузот на комунистите на Македонија под раководство на Петар Гошев ќе биде формирана партија под име СКМ-Партија за демократски промени. Од страна на Киро Поповски ќе биде формирана Социјалистичката партија која по својата програма ќе биде многу близу до СКМ-ПДП на Петар Гошев која што се залагала за Македонија како суверена, демократска и правна држава на рамноправни граѓани.[327] Од оние партии кои што ќе имаат национален предзнак ќе бидат Движењето за семакедонска акција - МААК на Гане Тодоровски и ВМРО-ДПМНЕ чиј лидер ќе биде Љубчо Георгиевски.[328] Во октомври 1990 година ќе биде фомиран и Сојузот на реформските сили на чело со Стојан Андов.

Партиите формирани од албанците ќе се залагаат Македонија да биде држава на сите, односно носители на суверенитетот да бидат Македонците, Албанците, Турците, Муслиманите, Власите, Ромите и др. Таков бил ставот на Партијата за демократски просперитет (ПДП) која што била првата политичка партија на Албанците во Македонија.[329]

Во прилог на создавање на политичка почва за одржување на парламентарни избори ќе биде усвојувањето на Амандманите на Уставот на СР Македонија на 21 септември 1990 година.[330] Со нив наместо самоуправувањето и делгатскиот систем, во центарот ќе бидат ставени граѓанската демократија, пратеничкиот систем, како и политичкиот плурализам. Веќе нема да постои извршен совет туку влада и востановена ќе биде функцијата претседател на републиката наместо колективно

---

[326] Легализирање на новите партии. - Дневник (Скопје) XVLI/15523 (12 април 1990) стр. 1.
[327] Киро Глигоров, Македонија е се што имаме. Скопје 2002, стр. 163.
[328] Вистинскиот иницијатор за формирање на ВМРО-ДПМНЕ ќе биде Драган Богдановски.
[329] Основана Партија за демократски просперитет. - Дневник (Скопје) XVLI/15527 (16 април 1990), стр. 2.
[330] Киро Глигоров, Op. cit., 164.

претседателство.[331] Веднаш по усвојувањето на амандманите, односно на 24 септември 1990 година претседателот на Собранието, д-р Вулнет Старова ќе ги распише изборите за пратеници за 11 ноември истата година.[332] По првиот круг на гласање ќе има уште два круга на гласање, а изборите ќе бидат прогласени за завршени од страна на Републичката изборна комисија на 28 декември 1990 година со што ќе бидат избрани 120 пратеници за составот на новото Собрание. Најмногу пратенички места ќе освои ВМРО-ДПМНЕ и тоа 38, а по неа ќе следат СКМ-ПДП со 31, коалицијата на албанските партии (ПДП и НДП) со 23, коалицијата на Реформските сили и Младата демократска странка со 18 пратенички места. Во Собранието ќе бидат застапени уште неколку политички партии и тројца независни кандидати.[333] На седницата на Собранието на СРМ одржана на 26 декември 1990 година ќе биде одлучено првата седница на Собранието во нов состав да се одржи на 8 јануари 1991 година. Власта ќе биде поделена помеѓу трите најбројни партии и тоа за претседател на Собранието ќе биде избран Стојан Андов од Сојузот на реформските сили, за Претседател на Републиката ќе биде избран Киро Глигоров а за негов потпретседател Љубчо Георгиевски.[334][335] Поради неприфаќање на предлозите на ВМРО-ДПМНЕ од страна на Киро Глигоров за претседател на владата, ќе биде формирана екпертска влада на чело со д-р Никола Кљусев[336] која ќе биде избрана од страна на Собранието на 20 март 1991 година.[337] Експертската влада уште веднаш по нејзиниот избор мораше да се зафати со работа затоа што и

[331] Катерина Блажевска, Десет години македонски плурализам - Македонија(1989-1999) Скопје 2001.стр. 123.
[332] Ibid, 124.
[333] Киро Глигоров, Op. cit., 166.
[334] Целосна поддршка на кандидатурата на Киро Глигоров. - Нова Македонија (Скопје) XLVII/15803 (25 јануари 1991 година). стр. 1.
[335] Избран потпретседател на претседателот на Републиката. - Нова Македонија (Скопје) XVLII/15813 (2 февруари 1991 година), стр. 1 и 2.
[336] Д-р Никола Кљусев е роден на 2.10.1927 година во Штип. Докторирал на Еконимскиот факултет во Белград во 1964 а до 1968 година работел како научен соработник во Институтот за научни истражувања на индустријата на СРМ И во економскиот институте во Скопје. Се до пензионирањето во 1988 година работи како редовен професор на Еконскиот факултет на Универзитетот во Скопје. Во 1988 година е избран за член на МАНУ, а во 1991-1992 ќе биде претседател на првата демократска Влада на Република Македонија
[337] Стојан Андов, На мој начин. Скопје 2003, стр. 266.

претстоеја сериозни проблем со кои таа мораше да се справи.[338] Во ова време на политичко неединство во Федерацијата, Македонија ќе се најде во извонредно тешка економска состојба. Прекинот на економската соработка со останатите југословенски републики за Македонија значеше сериозно нарушување на националната економија. Тоа беше од причина што целиот надворешно-трговски промет беше остваруван со другите југословенски републики. Целата економија беше градена на тој начин Македонија да пласира стоки, особено земјоделски, а да се снабдува со суровини и енергенси од останатите републики.[339] Од причина што Словенија и Хрватска во почетокот на 1991 година ќе престанат да ги исполнуваат обврските кон федералниот буџет, сојузните органи сосема ќе ја запрат уплатата од Сојузниот буџет, во буџетот на Македонија за оние обврски кои беа должни редовно да ги уплатуваат на котизација за Македонија како недоволно развиено подрачје. Поради фактот што Македонија редовно ќе си ги извршува обврските кон Сојузниот буџет, а нема да ги добива уплатите на средства на кои имаше право, финансиските можности на Републиката ќе бидат исцрпени до тој степен што ќе се закани опасност од немање доволно средства за финансирање на основните државни служби.[340]

## 2. *Транзицијата во земјите од Источна Европа кон приватна пазарна економија*

Освен сложената демократска трансформација во земјите од Источна Европа ќе биде потребна и сложена економска трансформација односно преоѓање во пазарна економија. Постсоцијалистичката трансформација на поредокот претставува процес на постепено преминување од централно планирано социјалистичко стопанство, засновано на доминацијата на државната сопственост на средствата за производство и бирократското

[338] Нема спектакуларни резултати преку ноќ. - Дневник (Скопје) XLVI/15861 (22 март 1991), стр. 1.
[339] Киро Глигоров, Op. cit., 183.
[340] Ричард Кремптон, Op.cit.. 341.

регулирање, кон капиталистичко стопанство на слободен Пазар, засновано на доминацијата на приватната сопственост и на либерално дерегулирање.[341] Новоформираните влади во овие земји ќе наследат пропадната економија која што ќе биде банкротирана и ќе резултира со намалување на животниот стандард, инфлација и огромна задолженост.

За да бидат обезбедени услови за преоѓање во пазарна економија најпрво ќе биде потребно да биде запрена галопирачката инфлација, во случајот на Југославија хиперинфлација. За да можат тоа да го постигнат новоизбраните демократски влади ќе треба да постигнат стабилизирање на државниот буџет, намалување на буџетскиот дефицит и запирање на се поголемата задолженост. Тоа ќе биде направено со создавање на вишок во областа на надворешната трговија и воспоставување на рамнотежа во платниот биланс.

Следниот чекор во трансформацијата ќе биде спроведување на приватизацијата на државната сопственост која што ќе биде особено сложена затоа што за нејзино спроведување ќе биде неопходно донесување на законска рамка во која што таа ќе може да биде спроведена. Тоа ќе значи либерализација на увозот и укинување на државната социјалистичка економија која што функционирала по системот на вештачки одредени цени на изолиран и заштитен Пазар. Потребна ќе биде комплетна промена на системот на цени, структура на сопственоста, оданочувањето, производството и тарифниот систем. Сето ова ќе биде планирано да биде спроведено во рок од четири до пет години.

Од ова можеме да констатираме дека овие земји ќе се соочат со задача за трансформација на својата економија со која што таа би можела да ја следи современата светската економија и да се прилагоди на неа. За реализирањето на ова цел од собена важност ќе биде постоењето на нова инфраструктура која што ќе биде заснована на модерни комуникациски

---

341 Гжегож Колодко, Глобализацијата и перспективите за развој на постсоцијалистичките земји. Скопје: Магор, 2004. Стр. 20.

системи, обновување на системите за транспорт и енергија, и технолошко осовременување на индустријата и земјоделството.[342]

Иако целта на сите овие земји ќе биде иста, почетната позиција кон предизвикот транзиција ќе биде различен поради нивното различно минато. Ќе бидат применувани различни методи за да биде остварена целта на економска трансформација. Во Југославија, Унгарија и Полска ќе бидат започнати економски реформи и приватизација уште пред да бидат направени првите повеќепартиски избори. Слободно избраните Влади во земјите од Источна Европа ќе се натпреваруваат меѓу себе во демонстрирање на одлучност во следење на Западниот свет.

Во Унгарија планот за темелна економска трансформација ќе биде изработен уште во пролетта 1989 година и ќе се најде пред владата. Со него ќе биде предложено започнување на широка приватизација на општествениот имот, предвидено ќе биде привлекување на странски инвестиции, основање на берза, либерализација во увозот и ред други мерки. Во рок од две години ќе биде комплетиран системот на пазарни цени а субвенциите за индустриските и земјоделските производи во најголема мерка ќе бидат укинати. Успехот кој што ќе го постигне унгарското земјоделство во освојување на Западниот Пазар ќе биде во понудата на производи по цена која што во некои случаи неможела да ги покрие ниту трошоците за нивното производство. Маркетизацијата ќе биде воведена заедно со либерализацијата на увозот во текот на 1989 до 1991 година. Леберализацијата ќе се одвива етапно и тоа прво ќе биде либерализирано 36% од увозот, следната 1990 година 60% и следната година 86%. Поради ваквата етапна либерализација транзицијата нема да биде дополнително оптеретена со инфлаторен притисок, односно инфлацијата ќе биде ставена под контрола. Монополот на Националната банка како единствен кредитор ќе биде укинат и до крајот на 1991 година ќе функционираат 36 комерцијални банки чија што улога ќе повеќе ќе расте.

[342] Ivan Berend, Op. cit., 369-370.

Од страна на унгарскиот Парламент ќе биде отфрлен законот за денационализација односно враќање на имотот и фирмите на нивните поранешни сопственици или нивните наследници а за возврат ќе биде понудена одредена сума како компензација. Исклучок ќе биде направен за насилно колективизираната земја, училишниот и црквениот имот кој што ќе биде вратен на поранешните сопственици.

Во самиот процес на приватизација можеме да направиме разлика помеѓу три различни новоа: основање на воглавно мали и средни приватни претпријатија, продажба на малите државни фирми воглавно трговски фирми на мало и услужни компании и најтешката односно приватизацијата на големите индустриски и банкарски компании кои што се наоѓале во државна сопственост.[343] До почетокот на 1993 година бројот на големи фирми ќе биде 77 000, средни 87 000 и семејни компании околу 663 000.

Транзиционот период до 1993 година во Унгарија ќе успее да привлече околу 5,5 милијарди долари странски инвестиции а бројот на странските компании ќе изнесува околу 30 000.[344] Поради својата стабилност и напредните пазарни односи, Унгарија ќе успее да привлече преку половина од вкупното вложување на Западот во Централна и Источна Европа. Во Унгарија свои инвестиции ќе имаат големите мултинационални компании како што се General Motors, General Electric, Audi, Suzuki и една од најголемите странски инвестициони компании во Централна и Источна Европа која била составена од американско-германски конзорциум - Ameritech Corporation i Deutsche Bundespost Telekom.

Најтешкиот дел од приватизацијата ќе биде продажбата на државните компании кои што се наоѓале во државна сопственост. Во Унгарија ќе биде одлучено оваа приватизација да се одвива постепено односно компаниите да се продаваат дел по дел. Уште во февруари 1989 година ќе биде формирана Државна агенција која требала да ја спроведе приватизацијата. За да може да функционира домашниот Пазар ќе биде отворена берза преку која ќе биде

---

[343] Ivan Berend, Op. cit., 372-373.

[344] Само за споредба бројот на странски компании во Унгарија во 1989 година изнесувал 1332.

направена продажбата на домашниот капитал. Сепак поголемиот дел од компаниите ќе останат во сопстевност на државата, односно во март 1992 година само 2,5% од државната сопственост ќе припадне на приватни унгарски инвеститори, а само 8% на странски инвеститори. До крајот на 1993 година само 14% од големите компании кои што се наоѓале во државна сопственост ќе бидат приватизирани.[345]

За првите четири години од почетокот на транзицијата многу малку ќе биде направено на полето реконструкција. Освен на полето на автомобилската индустрија нема да има индикатори за создавање на нови водечки извозни сектори во Унгарија. Меѓутоа автомобилска индустрија ќе се појави како симбол на промените.[346]

Во 1993 година во државната каса на Унгарија ќе бидат инкасирани 875 милиони долари со продажбата на 30% од унгарската државна телефонска компанија на конзорциумот Ameritech-Deutsche Bundespost. Ова ќе биде направено од причина што модернизацијата на комуникацискиот систем ќе биде еден од предусловите за создавање на модерна технолошка инфраструктура.

Но и покрај овие резултати процесот на приватизација ќе се одвива бавно. Тоа делумно ќе биде направено од причина што новата политичка елита ќе настојува да го блокира патот кон спонтана самоприватизација со цел да ја спречи некогашната раководна елита да ја искористи својата положба и да стане дел од новите сопственици на државните компании. Поранешното раководство ќе успее да продаде дел од државните компании по нереална ниска цена на приватни фирми кои што се наоѓале во нивна сопственост или на странски компании во замена на положбата главен директор на фирмата. Ова ќе биде една од главните причини владата кон крајот на 1993 година да го успори трансферот на државниот имот во

[345] Paul Marer, The Economy o Hungary: Retrospective and Prospective. Bloomington, Indiana 1993, str. 12.

[346] Во март 1992 година ќе започне производството на првата опел астра односно ќе бидат склопувани 15 000 возила годишно. во август 1992 година Маџар Сузуки ќе започне со производство на 60 000 возила годишно во новоизградениот погон во Естергон каде што ќе бидат вработени 1500 работници.

приватна сопственост за да може да ја задржи државната контрола и својот монопол над неа. Со тоа всушност ќе пропадне првобитниот план на владата да приватизира половина од претпријатијата во државна сопственост во временски рок од четири до пет години.[347] Делумно приватизираниот банкарски систем, во 1993-1994 година повторно ќе биде национализиран со зголемување на државното учество. Коалиционата влада ќе објави план во кој што планирала до крајот на деведесетите години, намалување на државниот удел на 25% во банкарството и на 20% воопшто.[348] Главна причина што текот на приватизацијата се одвивал бавно, но и главна карактеристика на приватизацијата во целиот регион, ќе биде недостатокот на внатрешна акомулација на капитал и инвестиции, тука се поразбира и учеството и на странскиот капитал.

Слично ќе биде и случувањето во Југославија која што преку економските реформи ќе биде пазарно ориентирана. Врз основа на претходните делумни реформи, владата на Анте Марковиќ планирала радикализирање на реформите со што навистина би се направиле промени. Гледајќи го пропаѓањето на социјализмот во соседните земји, во декември 1989 година Анте Марковиќ ќе ја претстави својата програма со која што планирал да изгради нов економски и политички систем. Сојузното Собрание ќе усвои седумнаесет од предложените дваесет и четири закони. Тоа ќе овозможи воведување на реформа со која ќе биде стабилизиран југословенскиот динар. Во декември 1989 година стапката на инфлација ќе достигне до две илјади и шестотини посто. Новиот динар (вредел колку десет илјади стари динари) воведен на 1 јануари 1990 година требало да ја намали инфлацијата на тринаесет посто до крајот на годината. За прв пат во Источна и Централна Европа стабилизираната валута ќе стане конвертибилна така што цврсто ќе биде поврзана со западногерманската марка (1 ДМ=7 југословенски динари). Истовремено ќе биде укината контролата на цените на 80% од сите артикли, под државна контрола ќе останат само цените на

[347] Голем дел од клучните стопански гранки, како дел од услужните дејности, сеуште се во сопственост на државата.
[348] Ivan Berend, Op. cit., 375.

одредени услуги, суровини и извори на енергија. Со реформите ќе биде предвидено замрзнување на платите и создавање на плурализам во сопственоста, односно мешовита сопственичка структура која подразбирала приватна, јавна и мешовита сопственост, како и модерен систем на оданочување.

Српскиот претседател Слободан Милошевиќ ќе и се спротивстави на владата на Анте Марковиќ но и словенечкото собрание исто така ќе се спротивстави на било какво централизирање на економската политика. Мирната трансформација во Југославија планирана од владата на Анте Марковиќ ќе биде прекината со неговата оставка и граѓанската војна која ќе ја зафати земјата. Секоја од југословенските републики сама ќе започне да ја спроведува економската трансформацијата и во периодот на 1991-1992 година тие воглавно ќе го следат курсот по кој што се движеле земјите пионери во транзицијата.[349]

Транзицијата во Полска ќе биде по многу нешта различна од онаа во Унгарија. Поради катастрофалната економска состојба, со хиперинфлација од 74% во 1989 година, неможноста да бидат вратени странските кредити и појавата на недостаток на храна и на потрошената роба, владата на Солидарност која што ќе ја преземе власта во септември 1989 година ќе одлучи да го усвои начинот на трансформација т.н. шок-третман.[350] Тоа ќе биде план кој што предвидувал макростабилизација и маркетизација и ќе биде прифатен од страна на Меѓународниот мометарен фонд со голем ентузијазам. Планот ќе биде изработен на 1 јануари 1990 година од страна на заменикот премиер Лешек Балцеровиц[351] а со помош и сугестии од страна на

[349] Ibid.

[350] Од страна на западните земји ваквата политика на Полска ќе биде наградена во април 1991 година со отпишување на 50% од долгот, додека американската влада тоа ќе го направи со 70% од долгот да до 1993 година биде отпишан целиот долг.

[351] Лешек Балцеровиц (роден на 19 јануари 1947 во Липно) е полски економист, поранешен претседател на Националната банака на Полска и заменик премиер министер за финансии во владата на Тадеуш Мазовјетски. Тој е познат по спроведувањето на полската економска трансформација во 1990 година. Тој е професор на Варшавската шлола за економија. Во 2005 година одликуван е со Орден на бел орел за својот придонес во трансформацијата. Автор е на повеќе од 100 публикациизa економски прашања во Полска и во странство.

економистот од Хардвард, Џефри Сакс.[352] Со овој план ќе биде предвидено намалување на расходите од буџетот предвидени за основните животни намирници, за енергија, здравство и образование. Зголемувањето на платите ќе биде строго контролирано и лимитирано а секое отстапување ќе биде строго санкционирано. Со ваквите мерки потрошувачката ќе биде намалена за околу 35%. Ваквата строга политика ќе биде комбинирана со монетарна стабилизација односно полскиот „злот" ќе биде поврзан со одреден број на конвертабилни валути со што курсот ќе биде релативно стабилен. Конвертабилноста на полската валута ќе допринесе за исчезнување на црната берза, инфлацијата ќе биде запрена а зголемувањето на цените на мало ќе биде во опаѓање.[353] Инфлацијата до 1993 година ќе биде намалена на околу 60%.

Со отварањето на околу пеесет илјади нови приватни компании, приватизацијата ќе добие импресивен поттик. Во пролетта 1994 година приватните компании кои што не се занимавале со земјоделство ќе достигне бројка од 1,8 милиони. Индустриското производство учествувало со околу 20%, ќе биде забележан развој на градежништвото, но сепак голем дел од приватните компаниите (околу 80%) ќе се занимаваат со трговија најмногу со увоз и услуги.

Приватизацијата на државната сопственост ќе биде реализирана многу брзо преку јавна лицитација. До крајот на 1991 година 80% од малите претпријатија ќе бидат приватизирани но проблем ќе се појави со приватизацијата на големите индустриски компании кои што произведувале околу 70% од индустрискиот бруто националниот приход.[354] Поради малиот интерес за купување на овие компании во првите две години или 1991 и 1992 година само 26 големи државни компании ќе бидат приватизирани а нивната приватизација ќе забележи зголемување во следната 1993 година.[355]

---

[352] Полска е новото европско економско чудо, - Нова Македонија (Скопје), 22597 (06 06 2012) стр. 3.
[353] Инфлацијата до 1993 година ќе биде намалена за околу 60%.
[354] Publikacija: Sloboda i razvoj: vo ekonomija na sloboden Pazar, 1995 godina.
[355] Ivan Berend, Op. cit., 377.

Ова ќе биде резултат на многу малите странски инвестиции кои споредбено со Унгарија ќе изнесуваат околу една третина.[356] Инвестираниот странски капитал во 1991 година ќе достигне шесто седумдесет милиони што ќе претставува помалку од една третина од она што ќе биде странско вложување во Унгарија. Најголемите вложувања ќе бидат од страна на Кока кола околу шеесет милиони долари, инвестиции ќе има од страна на Фиат, Ameritech International и France Telekom. Кон крајот на 1993 година ќе биде најавено General Motors дека ќе купи дел од фабриката за автомобили FSO близу Варшава, инвестиција која што ќе изнесува дваесет и пет милиони долари а требало да се произведуваат триесет и пет илјади автомобили Опел Астра годишно.

Една од причините за успорување на процесот на приватизација во Полска ќе бидат и работничките совети кои што имале широки самоуправни права и воглавно се противеле на приватизацијата а посебна на онаа со учество на странски капитал. За да може да го забрза процесот владат во јуни 1991 година ќе прогласи усвојување шок-третмани и за стратегијата на приватизација.[357] Приватизацијата ќе биде направена со дистрибуција на ваучери или инвестициски сертификати на сите полнолетни граѓани. Во исто време владата ќе објави дека ќе формира национален инвестициски фонд за раководење на приватизираните компании. Секоја компанија 15% од своите акции ќе мора да одвои за запослените во компанијата и 30% ќе останат во државна сопственост. Планот предвидувал после две години функционирање на овој систем акциите да станат достапни на оние на кои што им биле доделени. Веќе во средината на 1992 година Полска успешно ќе го запре пропаѓањето и во 1993 година ќе биде земја со економски раст од 4%, во споредба со Чешката Република која имала 2,6% стапка на раст и Унгарија која дури во 1994 година ќе стигне до 2% стапка на раст.

Во Чехословачка процесот на транзиција или приватизација ќе започне на 1 јануари 1991 година откако Вацлав Клаус министерот за

[356] Инвестираниот странски капитал во Полска во 1991 година ќе изнесува 670 милиони долари што во споредба со Унгарија претставува една третина.
[357] Ivan Berend, Op. cit., 379.

финансии, ќе воведе радикална маркетизација и ќе изврши либерализација на цените и увозот. Ова веднаш ќе предизвика зголемување на цените за околу 50% но веќе пролетта тој процент ќе се намали на два до пет проценти. Ова ќе предизвика и намалување на потрошувачката за 37%. Овде приватизацијата ќе биде порадикална, сојузното собрание во октомври 1990 година ќе усвои закон кој што ќе гарантирана дека целиот имот кој што ќе биде конфискуван во периодот од 1955 до 1961 година ќе им биде вратен на поранешните сопственици. Со овој закон исто така ќе биде предвидено од јануари 1991 година сто илјади продавници, хотели и ресторани кои што биле во државна сопстеност, да бидат продадени на лицитација на приватни сопственици. Според пресметките кои што биле направени со продажбата на малите работни компании во државната каса требало да бидат инкасирани повеќе од шест милијарди долари. До крајот на 1993 година повеќе од 24 000 мали фирми ќе бидат продадени и комплетниот процес скоро ќе биде извршен. До јуни 1992 година ќе има 1,2 милиони новосоновани приватни земји. Во ноември 1990 година владата ќе усвои нацрт закон со кој што приватизацијата ќе биде заснована на системот ваучер. Тоа значело дека секој полнолетен граѓанин ќе добие инвестиционен ваучер во вредност од илјада бонови со номинална вредност од осумдесет долари. На тој начин секој граѓанин ќе добие можност да купи акции од државните компании на берзата која што ќе биде отворена во 1991 година.

Во првата рунда од приватизацијата во почетокот на 1992 година на берзата ќе бидат дадени на продажба илјада и четиристотини државни компании и ќе започне лицитацијата на средства во вредност од 9,3 милијарди долари. Во ова продажба можност за учество имале повеќе од 8,5 милиони Чеси и Словаци а ќе бидат продадени повеќе од илјада државни компании и 56% од понудените акции. Ова значело дека Чехословачка можела да се пофали со најголем приватен сектор во Источна Европа.[358]

До крајот на 1993 година скоро 60% од чешката економија ќе биде приватизирана, а до средината на 1994 година скоро половина од вкупната

[358] Transition.The Newsletter about Reforming economies. The World bank, may1992, No. 5, Vol. 3.

популација во земјата ќе работи во приватниот сектор и ќе произведува 60% од Бруто домашниот производ (БДП) во земјата. До 1996 година приватизацијата на државните претпријатија ќе биде во целост завршена а тоа ќе се случи и во земјоделството односно преку законот за денационализација околу 310 државни имоти ќе има бидат вратени на некогашните сопственици.[359]

Во Чехословачка во споредба со Унгарија и Полска странските инвестиции ќе бидат помали и во периодот од 1990 до 1993 година тие ќе изнесуваат околу две милијарди долари. Околу една четвртина од овие вложувања ќе бидат насочено во тутунската индустрија и една четвртина во автомобилската индустрија.

Во ноември 1990 година 40% од познатата државна компанија за стакло Sklo Union која била важен извозник, ќе биде купена од страна на белгиската компанија Glaverbel, која пак била под јапонска контрола. Еден од најголемите инвеститори во Чешката Република ќе биде и Philip Morris кој ќе го купи чешкиот Tabak Kutna Hora, кој што бил под монопол на државата. Најголемиот поединечен договор ќе биде потпишан во 1991 година со германската компанија Volkswagen која ќе купи триесет и еден посто од акциите на најзначајната Чешка индустриска фирма Skoda инвестиција во вредност од 333 милиони долари. Според договорот Volkswagen требало да инвестира 6,3 милијарди долари и доколку ова било реализирано ова ќе била најголемата инвестиција во европската историја. Но во септември 1993 година ќе биде откажан поголем дел од инвестицијата односно нема да биде изградена планираната фабрика за производство, ќе биде изградена само фабрика за склопување на делови во Млада Болеслав. На тој начин инвестицијата ќе биде намалена на скоро половина од првобитно планираното.

И покрај различните патишта Унгарија, Полска и Чехословача според остварените резултати во трансформацијата кон приватна пазарна економија ќе бидат пионери во приватизацијата односно транзицијата. Во сите други

[359] Карел Натек и Марјета Натек, Op. cit., 184.

земји опфатени од Источниот блок процесот на трансформација ќе започне малку подоцна но и тие ќе го следат истиот истиот курс како земјите пионери.

Во Романија според владината програма донесена во мај 1990 година, либерализацијата на цените требало да помине низ три фази кои што требало да завршат до 1992 година. До септември 1991 година цените на основните продукти ќе бидат за двапати зголемени, односно само во перодот од јуни 1991 година до јуни 1992 година цените ќе бидат зголемени за 228%. Ваквиот процес ќе продолжи и понатаму а ќе биде проследен и со висока инфлација која во 1993 година ќе изнесува околу 200%.[360]

Во летото 1991 година владата на Романија ќе примени делумна приватизација која што предвидувала создавање на мешовита сопственост. Таа ќе предвиди приватизирање на 53% од државниот капитал а останатите 47% припаѓале во секторот од стратешко значење на државата и тоа рударството, транспортот, вооружувањето, комуникациските компании, тие би останале во нејзина или државна сопственост. Според она што било планирано приватизацијата на комерцијалните компании требало да биде завршена во рок од седум години, со поделба на ваучери на сите полнолетни граѓани. Овој ваучер систем би опфатил 30% од средствата а останатите 70% би биле продавани на берза од страна на Фондот за државна сопственост и тоа околу 10% годишно.

Процесот на приватизација ќе започне дури кон крајот на 1992 година односно во октомври кога владата ќе одлучи да приватизира повеќе од 3000 мали фирми и 2500 компании со средна големина кои што воглавно ќе бидат продавници, ресторани, хотели и други претпријатија кои што се бавеле со услужни дејности. Во овој временски период 90% од индустриското производство ќе произведува, скоро недопрениот од приватизацијата, државен сектор. Приватизацијата пошироки димензии ќе добие во 1993 година при што ќе бидат забележани и првите поголеми странски

[360] Ionescu D., Quest of a Model: Development Strategies Under Discusion. Report on Eastern Europe. No. 39 September 28 1990.

инвестиции.[361] Во ова година ќе бидат приватизирани триесет и две компании од кои најголеми инвестиции ќе бидат приватизацијата на пиварата во Клуј и бродската компанија Ursus Petromin. Оваа компанија која броела 100 бродови ќе биде приватизирана од страна на грчка компанија која за 355 милиони долари ќе купи 51% од акциите а биле предвидени уште 300 милиони дополнителна инвестиција. Друга голема инвестиција во ова година ќе биде од страна на американската хемијска компанија Purolite International која за девет милиони долари ќе купи 60% од акциите на Viromet SA. Причина за спорото напредување на приватизацијата во Романија ќе биде недостатокот на заинтересираност на странските инвеститори.

Трансформацијата во Романија ќе биде успорувана од премногу внимателната политика и различните строги ограничувања. Бројот на запослени во приватните компании ќе биде ограничен на дваесет и повеќето новооформени фирми ќе бидат семејни фирми со по еден вработен. Но и покрај сите овие ограничувања приватизацијата ќе продолжи, така што до средината на 1994 година приватните фирми ќе вработуваат 1,5 милиони од вкупниот број од 4 милиони вработени, ќе произведуваат околу една третина од бруто домашното производство а ќе заземат и 27% од вкупниот извоз во земјата.[362] Меѓународните организации вклучувајќи го и ММФ ќе искажат незадоволство од слабата приватизација и ќе биде побарано од владата на Романија да биде забрзан процесот. Но и покрај ваквите забелешки владата, Закон за забрзување на приватизацијата ќе донесе дури во 1995 година кој што ќе стапи на сила во јуни 1995 година. Но дури и со тој закон транзицијата кон пазарна економија нема да направи голем напредок.[363]

Оптимизмот кој што постоел кај земјите во Источна Европа и очекувањата од промената во општественото уредување и преоѓање во пазарна економија многу брзо ќе предизвикаат разочарување кај народот.

---

[361] Во првите четири години од романската трансформација странските инвестиции ќе изнесуваат само околу 700 милиони долари.

[362] Ivan Berend, Op. cit., 382.

[363] Yoji Koyama, Транзиција и европската интеграција на Бугарија и Романија.(реферат презентиран на четвртата годишна сесија на Источноевропската конференција во Варшава), стр. 11.

Пропаѓањето на економијата ќе биде многу подлабоко и ќе трае многу повеќе од очекуваното. Во Полска за разлика од предвидените 5% индустриското производство ќе забележи пад од 23%. Ќе има значително опаѓање на платите и стандардот кај народот што до 1992 година ќе предизвика намалување на БДП за 20% а на индустриското производство за 49%. Ваквата економска состојба ќе предизвика зголемување на невработеноста што до 1993 година ќе достигне до неверојатни 60%. Овој процес на опаѓање ќе биде запрен и веќе во 1994 година Полска ќе има стапка на раст од 5% и ќе претставува пример не само за земјите од Централна и Источна Европа туку ќе биде прва по економски раст во Европа.

Во Чехословачка последиците од трасформацијата ќе бидат слични. БДП ќе забележи намалување од 16%, а индустриското производство од 23%. Голем дел од компаниите ќе бидат близо до банкрот но поради дотирање на државата нема да има масовни отпуштања што ќе овозможи невработеноста да не помине повеќе од 3%.

Во Унгарија трансформацијата како и во другите земји опфатени со овој процес ќе предизвика намалување на БДП од 30% а на индустриското производство од 40%. Повеќе од илјада и петстотини финансиски пропаднати компании ќе бидат ликвидирани, а поголемите компании ќе акомулираат долг од 6-8 милиони долари кој што нема да бидат во можност да го вратат. Ваквите економски показатели ќе резултираат и со зголемување на невработеноста која што од 0% ќе дојде до 13% до крајот на 1993 година.[364] Во Унгарија треба да нагласиме дека ќе има значително опаѓање во земјоделското производство, гранка со која таа се вбројуваше меѓу најуспешните во регионот и која за неа претставуваше водечки извозен сектор.[365] Во 1990 и 1991 година земјоделското производство ќе опадне за по 10%, а во 1992 година ќе опадне за 23%. Бројот на луѓето кои што се занимавале со земјоделие ќе опадне на 440 000, бројка која што ќе биде

[364] Ivan Berend, Op. cit., 393.

[365] Ако направиме споредба со податоците можеме да донесеме заклучок дека транзицијата ќе предизвика повеќе разорувања отколку насилната колективизација за време на сталинистичкиот период.

поливина од онаа од пред десет години. До крајот на 1992 година 25% од земјоделските задруги ќе банкротираат.[366] Намалувањето на увозната царина во Унгарија за производите од ЕУ ќе влијае увозот да се зголеми за 32% а извозот да опадне за околу 50%. Ова ќе допринесе процесот на транзиција во Унгарија да му нанесе повеќе штета на земјоделието отколку штетата која што ќе му биде нанесена со процесот на колективизација во сталинистичкиот период. Предвидената повторна приватизација на обработливата земја нема да ги даде очекуваните резултати затоа што од 8000 барања за денационализација на земјата само 20% од нив имале намера да ја обработуваат земјата или да се занимаваат со земјоделие. Најразорен ефект ќе има укинувањето на субвенциите кои што во 1987 година изнесувале 2,6 милијарди долари, а во 1992 година ќе бидат намалени на 265 милиони долари.

Слична ќе биде ситуацијата со земјоделството и во Полска каде што домашните производи ќе мора да се соочат со разорното влијание на конкуренцијата од високопроизводните фирми од западните земји. Владата во Варшава со одлуката за укинување на царината за увоз на земјоделските призводи на 1 јануари 1990 година ќе го уништи производството од сопственото земјоделие.

Југословенската економија во летото 1991 година веќе се наоѓала на работ на распаѓање. Падот во индустриското производство ќе достигне до 30%, а БДП за 20%, а туризмот од 8 милиони туристи во 1990 година ќе падне на само неколку илјади туристи во 1991 година. Ова ќе предизвика штета од околу 4 милијарди долари, а стапката на незапосленост ќе достигне до 20%.[367] Југословенските републики во овој временски период иако зафатени од граѓанска војна ќе започнат со процесот на трансформација. Словенечкиот парламент во ноември 1992 година ќе усвои закон за приватизација, а владата на Јанез Дрновшек ќе предложи повеќе амандмани со кои се предвидувало приватизација на повеќе од 400 фирми во 1993 година. Во Словенија се давало

[366] Sipos Aldar and Halmai Pal, Jelenkori agrarproblemak in Magyar Tudomany. Budapest, 1993, str. 123-127.
[367] Ivan Berend, Op. cit., 395.

предност на самоприватизацијата, односно биле донесени прописи со кои странското учество во фирмите се ограничувало на 40%. Во Хрватска ќе биде усвоен закон со кој се предвидувало приватизација на целиот имот до 15 мај 1995 година. До средината на 1993 година за приватизација и трансформација ќе бидат подготвени 1567 компании од кои што само една половина ќе бидат приватизирани.

Ваквата состојба во економијата ќе доведе до драматично опаѓање на стандардот кај народот во земјите опфатени со трансфомацијата во општественото уредување. Во целиот регион ќе биде зголемен процентот на незапосленост кој што ќе предизвика социјална и економска нестабилност.[368] Платите и пензиите ќе бидат значително намалени за околу 15 до 20%. Во просек процентот на сиромашно население во земјите од Источна Европа од 4% ќе парасне на 25% или повеќе од една четвртина од населението ќе живее во сиромаштија.

Владите на постсоцијалистичките земји во желбата да направат прилагодување кон светскиот Пазар, носеле одлуки за отворање на својата економија но при тоа не биле во состојба да заштитат својот Пазар и домашното производство.

Главната грешка што ќе биде направена во земјите од Источна Европа ќе биде целосната приватизација и неследењето на моделот на западноевропската мешовита сопственост во Франција, Италија и Австрија.

### *3. Улогата на странската помош во транзицијата кај земјите од Источна Европа*

Веднаш по започнувањето на процесот на распаѓање на стариот систем на уредување во земјите од Источна Европа, Западот ќе реагира и ќе прогласи подготвеност да помогне во изградбата на новото општествено уредување. Ваквата реакција од Западот ќе предизвика нереални и наивни очекувања во кои што припадниците на новонастанатите политички елити во

[368] Процентот на незапосленост ќе се движи од 10 до 14 % во регионот на Источна Европа.

источноевропските земји очекувале од Западот да финансира стабилизирање на нивните валути, санирање на долговите и помош во транзицијата кон пазарна економија.[369] Ќе се појави надеж за брз пат и влез на нивните земји во семејството кое што се нарекуваше Европска Унија.[370]

Во текот на ноември 1989 година на средба на 24-те најразвиени индустриски земји или G-24, ќе бидат одобрени 45 милијарди долари како помош за сите земји од Централна и Источна Европа во рок од три години и 62,5 милијарди долари во рок од пет години. Со тоа всушност требало да се добиваат околу 10-15 милијарди долари годишно. Но во летото 1991 година Европската комисија ќе открие дека само 11% од парите кои што биле предвидени за Полска, Унгарија, Чехословачка, Романија и Бугарија навистина ќе пристигнат во овие земји. Во првите четири години сите заедно овие шест земји ќе добијат помалку од 11 милијарди долари како помош. Голем дел од парите земјите донатори ќе си ги потрошат во своите земји, така на пример од четирите милијарди австриски шилинзи предвидени од страна на Австрија како кредит за земјите од Источна Европа околу 70% ќе бидат потрошени во земјата донатор. Тие пари ќе и бидат дадени како кредити на градежни компании со база во Виена за работи кои што тие требало да ги извршат во Источна Европа и парите ќе бидат потрошени за изградба на автопат кој што требало да ја спојува Виена со унгарската граница. Со други зборови од предвидените пари само дел ќе стигнат во регионот на земјите од Централна и Источна Европа, а тие ќе бидат недоволни за да може во овој период да се почуствува некој конкретно забележителен ефект.[371]

Од планираните приватни инвестиции кои што требало да го осигураат финансирањето на поголемиот дел од транзицијата ќе бидат инвестирани

[369] Ivan Berend, Op. cit., 384.
[370] Помошта од високоразвиените капиталистички земји понекогаш ќе се покаже како илузија, бидејќи во реалноста често се случувало тоа да не биде помош за постсоцијалистичките стопанства туку исклучително за дел од нивната политичка елита која што ќе им биде наклонета на наизглед дарежливите донатори за да реализира дел од своите интереси.
[371] Ivan Berend, Op.cit., 387.

околу 13 до 15 милијарди долари до крајот на 1993 година.[372] Тоа ќе претставува вкупно 1% од меѓународните вложувања во периодот помеѓу 1989 година и 1993 година. Меѓутоа странските вложувања нема да се зголемат. Според податоците од East European Investment Magazine со седиште во Њујорк, 28 милијарди долари ќе бидат насочени кон наследничките на Советскиот Сојуз од кои што една третина за Казакстан што е практично еднакво на она што требаше да го примат дванаесет земји од Централна и Источна Европа. Ивестициите кои што изнесувале еден посто во Чешката Република и 0,08 посто во Романија од нивниот Бруто национален приход нема да бидат доволни за економиите во транзиција. Светските инвестициски фондови кои што изнесувале околу 40.000 милијарди долари ќе бидат ориентирани кон Латинска Америка односно Бразил и Мексико и тие ќе имаат пет до шест пати повеќе инвестиции отколку земјите од Источна Европа.

Западната помош која што навистина ќе биде исплатена на земјите во транзиција, вклучувајќи ги и приватните инвестиции, во периодот од 1989 до 1993 година вкупно ќе изнесува околу 20-35 милијарди долари. Ваквата западна помош нема да одигра значајна улога и нема да обезбеди хармонична транзиција во источноевропските земји. Ако се земе во предвид одлевањето на капитал од источноевропските земји во вид на исплата на камата и на главнината, и нелегалната транзиција, можеме да констатираме дека во првите три до четири години воопшто неможеме да зборуваме за прилив на капитал во регионот. Така на пример во Унгарија за период од четири години ќе има одлив на капитал од околу 6 милијарди долари повеќе од она што ќе биде влезено во земјата како кредит од Меѓународниот монетарен фонд и Светска банка и директни приватни инвестиции.[373] Незаконските трансакции

[372] Krzysztof Ners and Ingrid T. Buxell, Assistance to Transition Survey. Warsaw 1995, str. 39.

[373] Според пресметките кои што ќе бидат направени во Русија ќе се дојде до шокантни бројки од 150 милијарди долари одлив на капитал наспроти наводната помош од 28 милијарди долари.

и криминализацијата во економијата ќе предизвикаат уште поголеми штети.[374]

Што се однесува за ветувањето од страна на Западот за интеграција на источноевропските земји во Европската Унија во првите години ќе биде направен многу мал напредок.[375] После 1989 година земјите од Г-24 ќе одлучат да го либерализираат пристапот на земјите од Источна И Централна Европа до западниот Пазар. Првите земји кои што ќе ги почуствуваат придобивките од либерализацијата на западноевропскиот пазар ќе бидат Полска и Унгарија во 1990 година и Чехословачка во 1991 година.[376] Договорот направен со Европската заедница ќе предвидува постепено отстранување на рестрикциите на индустриските производи во текот на десетгодишен период. Специјален гест од страна на Европската заедница ќе биде укинување на одредени тарифни бариери до крајот на 1994 година за индустриски производи како на пример оние од автомобилската индустрија. Но и понатаму ќе останат високи заштитни царини и квоти за најважните извозни производи од Европската Унија односно ќе бидат воведени специјални мерки и рестрикции против увозот на производи од Истокот. И понатаму ќе останат заштитени земјоделството, производството на челик, хемиската индустрија, текстилната индустрија, како и производството на облека и обувки.[377] За заштита од експанзијата на производство на челик од земјите од Источна Европа (Чехословачка, Полска, Унгарија и Хрватска) кои што до 1995 година за двапати ќе го зголемат своето учество на европскиот пазар за челични цевки ќе бидат преземи конкретни чекори. Европската Унија веднаш ќе реагира со воведување на специјална дампинг царина и тоа 30% за чешките производи, 22% за унгарските, 17% за хрватските и 11% за полските производи.

---

[374] Helmut Reisen, Disequilibrium Prices and External Debt: Europe and Latin America in the World Economy, New Haven. Yale University 1985, str. 115-116.

[375] Гжегож Колодко, Глобализацијата и перспективите за развој на постсоцијалистичките земји. Скопје: Магор, 2004, стр. 20.

[376] Ibid, 85

[377] Западните земји за развиток на своето земјоделие годишно издвојувале околу 250 милиони долари а тоа е за пет пати повеќе од сумата што ја издвојувале за странска помош или конкретно за земјите од Источна Европа.

За првите четири години или периодот од 1989 до 1993 година земјите од Западот ќе почуствуваат поголема корист од либерализацијата во трговската размена отколку земјите од Истокот.[378] Европската заедница се до 1990 година во трговската размена со земјите од Источна Европа ќе има негативен биланс. Во 1992 година во споредба со 1988 година извозот на земјите од Европската Унија ќе биде зголемен за околу 30%, додека нејзиниот увоз од земјите од Источна Европа ќе биде намален за околу 10%. Европската Унија во 1992 година за близу два пати ќе ја зголеми својата заработувачка во трговската размена со земјите од Источна Европа и за само една година ќе оствари вишок од 3,1 милијарда долари.

Во ноември 1992 година ќе бидат воведени рестрикции со цел да се запре експанзијата на производство на челик од земјите од Источна Европа: Чехословачка, Унгарија, Полска и Хрватска. Во периодот од пет години овие земји за два пати ќе го зголемат својот пласма на европскиот Пазар на челични цевки. Европската Унија веднаш ќе воведе специјална дампинг царина: 30% за чешките производи, 22% за унгарските производи, 17% за хрватските производи и 11% за полските производи. Со ова јасно се покажало дека Западна Европа гради еден вид нова Мажино линија која што ќе биде многу подобра одбрана отколку онаа првата.

### 4. *Транзицијата и нејзиното влијание врз економската состојба*

Сериозното опаѓање на производството сериозно ќе влијае на поголемиот дел од популацијата. После десет години стагнација, животниот стандард сериозно ќе опадне. Тешко може да се согледа некаква рамнотежа помеѓу зголемената понуда и завршувањето на периодот кога мораше да се чека во редови за да се купат некои производи, од една страна и од друга страна, зголумувањето на цените и пропаѓањето на системот на општа

[378] Во периодот од 1989 до 1993 година Австрија ќе оствари импресивен вишок во извозот затоа што нејзиниот увоз во споредба со извозот во земјите од Источна Европа ќе биде намален за околу 5%.

социјална сигурност на која што беа навикнати граѓаните од социјалистичките земји.

Државниот социјализам нудеше социјална сигурност која што се состоеше од бесплатно образование и здравствени услуги, рано пензионирање и подолго платени породилни отсуства. Основните прехрамбени производи, детската облека, станарината и културните услуги во голема мерка ќе бидат дотирани. Економската криза од осумдесетите години ќе го поткопа овој систем, но и покрај тоа се до 1990 година нема да има институционални промени. Скапиот социјален систем ќе претставува голем терет врз државниот буџет и поради неговото неефикасно водење овој систем ќе почне да нуди се полоши услуги. Кредитите кои што ќе ги нудат ММФ и Светска банка за земјите во транзиција ќе бидат строго условени, односно владите на овие земји ќе мора да го држат буџетскиот дефицит на помалку од 5% од Бруто домашното производство но и во голема мерка да ги намалат социјалните трошоци.[379] Ова ќе доведе до дезинтегрирање на системот на социјална сигурност во Источна Европа, а сите реформски влади меѓу кои и оние од Полска и Унгарија ќе тврдат дека тоа цената која мора да се плати поради промената во пазарната економија односно пазарните реформи. Во почетокот на деведесетите години во Полска дел од лековите ќе престанат да се издаваат на рецепт. Во Полска ќе бидат затворени голем број на предшколски установи главно во кои се сместувале три четвртини од децата од предшколска возраст.[380] Во Унгарија ќе бидат воведени голем број рестриктивни мерки во намалување на дотациите за пензии, детски додаток боледувања, културата и друго, кои што ќе бидат дел од социјалната политика на унгарската влада. Но и покрај тоа галопирачката инфлација до 1995 година ќе предизвика распаѓање на социјалниот систем на осигурување во Унгарија.

---

[379] Вакавата условеност за кредитирање од страна на ММФ и Светска банка ќе предизвика криза во полската влада во есента 1992 година поради намалувањето на дефицитот од 7% на 5%.

[380] Bob Deacon, The New Eastern Europe, Social Policy Past, Present and Future. London, Newbury Park: Sage Publications 1992, str. 157.

Ваквото намалување на средствата во буџетот ќе предизвика понатамошно намалување на социјалните услуги и тоа ќе биде пример не само за Полска и Унгарија туку и во другите земји од Источна Европа.[381]

За тоа кои се вистинските причини за падот на економијата во земјите во транзиција постојат повеќе размислувања. Повеќе фактори ќе влијаат да се случи она што ќе се случува со еконимијата во земјите во транзиција. Еден од факторите ќе биде распаѓањето на КОМЕКОНОТ кој што ќе апсорбира околу четерисет до седумдест проценти од надворешната трговска размена на земјите од Источна Европа. Пазарот на КОМЕКОНОТ ќе биде заштитен и ќе биде Пазар на кој што второкласни производи ќе бидат заменувани со друг вид на стока, се разбира исто така второкласна, и ќе биде правена размена на стоки со што ќе биде избегнато плаќањето во валута. И после четириесет години внатрешна трговска размена, земјите од Источна Европа после 1990 година ќе мораат да го преориентираат својот увоз и извоз. Тоа не значело само географско преоринтирање, туку требало да биде најден западен Пазар за пласман на стоката која претходно се продавала на Источниот Пазар. Вистинскиот проблем ќе биде конкурентноста на квалитетот и трошоците за производство, пакувањето и рекламирањето, со други зборови прилагодување на големите и различни побарувања на западниот Пазар. После 1992 година главен трговски партнер на земјите од Источна Европа ќе биде Западот и тие морале да се прилагодат на него.

Друг фактор кој што ќе влијае ќе биде рецесијата во која ќе западнат Западните земји од Европа во почетокот на деведесетите години од дваесеттиот век. Рецесијата ќе има голем негативен ефект на Истокот затоа што воведувањето на голем број на заштитни мерки ќе го отежне извозот на Источните земји на Западниот Пазар. Западните земји ќе бидат свртени кон себе односно ќе бидат позатворени за Истокот и неговиот пристап кон нивниот Пазар. Војната во Ирак и зголемувањето на цената на нафтата во почетниот период на транзиција на земјите од Источна Европа исто така ќе

[381] Andrzej K. Kozminski, "Transition from Planned to Market Economy: Hungary and Poland Compared" in Studies in Comparative Communism. 04 December 1992, str. 21-22.

има краткотраен негативен ефект. Големи загуби ќе предизвика и граѓанската војна во Југославија која што ќе започне во летото 1991 година. Економската блокада од страна на Обединетите нации кон Југославија односно главно насочена кон Србија ќе предизвика загуби од милијарди долари во трговијата и транспортот кај Бугарија, Романија и Унгарија, но и во сите земји од регионот. Сите инвеститори и бизнисмени ќе бидат многу внимателни во носењето на одлуки за инвестирање во овој регион за кој што се сметало дека е ризичен.[382]

Кај земјите од Источна Европа морало да постои трпение и доследно спроведување на политиката на стабилизација, либерализација и институционално изградување затоа што само на тој начин ќе дојде до позитивни промени и просперитет. Главната грешка може да се бара и во спроведувањето на економските реформи кои се спроведувале преку ноќ не водејќи сметка за негативните последици кои што можеле да се случат. Дел од критичарите на транзицијата во Источна Европа сметале дека и спроведувањето на шок-терапијата е погрешна но тоа ќе биде демантирано со примерот во Полска каде што падот на економијата ќе биде запрен во летото 1992 година и потоа ќе следи економски раст. Веќе во 1994 година Полска со раст во економијата од 5% ќе биде лидер во регионот и ќе претставува најдобар пример за добро спроведена транзиција. Примерот со Полска ќе покаже дека шок-терапијата е успешен модел во транзицијата.[383]

Листата на грешки кои што ќе бидат направени за време на транзициониот период ќе биде долга. Неможеме да кажеме дека опаѓањето на економијата е неопходна жртва на транзицијата туку грешките кои што ќе бидат направени во текот на транзицијата, како укинувањето на дотациите без некаква компензација, непостоењето на закон за банкротирање, високите каматни стапки и други, ќе бидат причината за опаѓањето на државните фирми, односно извозот ќе стане скап, а увозот ќе носи помала добивка. Некои од грешките нема да можат бидат избегнати од причина што не

---

[382] Shafiqul Islam and Michael Mandelbaum, Economic Transformation In Eastern Europe and the Poast-Soviet States. New York: Council on Foreing Realation Press, 1993, str. 11-15.
[383] Ibid, 211.

постоело претходно искуство во историјата за спроведување на ваков тип на трансформација односно транзиција. Важна причина за направените грешки ќе биде идеолошкиот пристап на некои водечки личности од Источна Европа кои сметале дека со преоѓањето во капитализам треба целосно да биде укината државната сопственост.[384] Голем дел од народите кои што живееле под комунизмот едноставно сакале да ги преуредат своите земји по примерот на оние од Западот.[385] Новите елити од земјите од Источна Европа приивлечени од Западот сакале да го усвојат тој модел неводејќи грижа дали таа трансформација ќе биде тешка и болна, и негативно ќе влијае врз економијата.[386] Тие сметале дека цената која што требало да се плати за спроведувањето на транзицијата всушност претставува разумна влезница во Европската Унија. Во една прилика Бронислав Гјеремек, еден од највлијателните водачи на Солидарност ќе изјави дека транзицијата мора да биде направена брзо затоа што Европа нема намера долго да не чека, и дека храбрата политика на воведување на западниот систем ќе резултира со голем скок во европските стандарди.[387]

Улогата на меѓународните финансиски институции ефикасно ќе ја помага реализацијата на овие идеи, голем дел од земјите од Источна Европа ќе бидат фатени во замката на задолженост и ќе им биде потребна странска помош за да можат да остварат макроекономска стабилизација. Сите тие ќе бидат зависни од западниот Пазар и немале друг избор освен да ги следат сите совети од Г-7, ММФ и Светска банка кои што многу често ќе бидат проследени со строго дефинирани барања. Но само со нивно исполнување тие можеле да остварат добивање на кредити кои им биле повеќе од потребни. Од страна на Европската комисија ќе биде контролирана помошта која што им ја давале членките на Унијата на земјите од Источна Европа. Предуслов за добивање на помош од членките на ЕУ ќе биде брзото ориентирање

[384] Ivan Berend, Op. cit., 403.
[385] Shafiqul Islam and Michael Mandelbaum, Op. cit., 13.
[386] Alec Nove, "Economics of Transition: Some Gaps and Illusions". Boulder: Wesview Press, 1995, str. 220.
[387] Tadeusz Kowalik, Creating Economic Foundation for Democracy. Paper presented at UCLA, 1994, str. 122.

земјите од Источна Европа кон слободниот Пазар, но и покрај тоа 60% од заемите ќе бидат предвидени за проекти од приватниот сектор со што капиталот главно ќе биде насочен надвор од дометот на државата. Западот со наметнувањето на строгите правила ќе сака да влијае на општествено-економскиот развој на земјите од Источна Европа создавање на систем онаков каков што тие сакаат.[388] Сите новоформирани партии и влади избрани на слободни избори ќе се напреваруваат меѓеу себе која ќе демонстрира повеќе одлучност да го прати западниот свет. Ваквата политика на Полската влада ќе биде наградена од страна на Западните земји со отпишување на 50% од официјалниот долг, а тоа ќе биде направено од страна и на САД со отпишување на 70% од долгот. Останатиот дел од долгот целосно ќе биде отпишан во 1993 година.

Суштината на трансформацијата во деведесетите години е создавање на предуслови за економско прилагодување на технолошко-структуралната модернизација. Најважниот предуслов за земјите од Источна Европа да можат да фатат чекор со модернизацијата секако ќе биде приватизацијата. Поголемиот дел од овие земји ќе дојдат до дното во својата економија, но пример Полска своето пропаѓање ќе го запре во средината на 1992 година. Полска ќе биде земја со најбрз економски раст од сите земји од Источна Европа во 1993 година. По Полска ќе следат и Чешка со економски раст од 2,6% во 1994 година, а Унгарија ќе има економски раст од 2%. Сите земји од овој регион ќе го достигнат нивото на својот БДП од 1989 година дури во 1995 година. Но од најголема важност нема да биде нивото на раст туку фактот дека е запрено пропаѓањето на економијата.

Забележаниот раст во економијата и БДП ќе претставува добар знак, но тоа нема да биде доволно транзицијата да биде успешна. За таа да биде успешна најважно ќе биде економското прилагодување на земјите во транзиција на западноевропската и светската економија.

[388] Misha Glenny, "The Rebirth of History. Eastern Europe in the Age of Democracy". Harmondsworth: Penguin, 1990, str. 194-197.

Во 1992 година во земјите од Источна Европа ќе го снема ентузијазмот со кој што тие ќе влезат во транзицијата во 1989 година. Во Полска но и во другите земји, оптимизмот ќе биде заменет со песимизам, ќе има појава на национализам, појава на разни мафии и општ недостаток на толеранција и разбирање.[389] Незадоволството ќе биде покажано и потврдено и на изборите во 1993 година на кои што во Полска ќе победат социјалистите и заедно со своите коалициони партнери ќе имаат двотретинско мнозинство во Парлемантот. На овие избори Солидарност и католичката црква ќе доживеат тежок пораз со што всушност ќе биде отсликано и политичкото расположение кај народот. Во Унгарија на изборите одржани во мај 1994 година актуелната влада ќе доживее тежок пораз а социјалистите ќе добијат 54% од местата во Парламентот. Во Полска и на претседателските избори одржани во зимата 1995 година легендарниот водач на Солидарност ќе биде поразен од младите поранешни комунисти.

Ова јасно го отсликува расположението после период од пет години транзиција и незадоволството кое што ќе се појави на народот па дури и носталгија за изгубената социјална сигурност. Луѓето ќе бидат полни со сомнеж, нестрпливи и нетолерантни, а голем дел ќе се чуствуваат и измамени.

Отварањето на вратите на Европската Унија за најразвиени земји од Централна и Источна Европа, кои воедно и најбрзо ќе завршат со транзицијата ќе трае околу 10 години а за другите земји овој период ќе биде малку подолго затоа што тие score неможеле да го следат развојот на Полска[390], Унгарија, Чешка и Словачка.[391] Овие земји од Источна Европа ќе бидат први кои што ќе го завршат процесот на транзиција и ќе бидат примени во Европската Унија и тоа на 1 мај 2004 година.[392][393] Патот низ процесот на

[389] Vaclav Havel, "Paradise Lost" in The New York Review of Books. 1992, str. 6.
[390] Полска беше единствената европска социјалистичка држава која во 1997 година ќе го изедначи својот бруто национален производ со оној од 1989 година.
[391] Џон МекКормик. Разбирање на Европската Унија. Скопје 2004, стр. 218.
[392] Задоволство и страв за Европската Унија, - Утрински Весник (Скопје), бр.1462, 1 мај 2004 година.

транзиција за Романија ќе трае уште три години односно таа заедно со Бугарија ќе стане членка на Европската Унија на 1 јануари 2007 година. [394]

### *5. Појава на национализам и десен екстремизам во земјите во транзиција*

Изгубената сигурност и незадоволството кое што ќе се појави во земјите од Источна Европа ќе биде плодно тло за појава на национализам и сепаратизам. Тој ќе резултира со појава на омраза кон националните малцинства и граѓански војни кои што ќе избувнат во поранешна Југославија и на периферијата на поранешниот Советски Сојуз.

Национализмот кој што ќе се појави во Источна Европа според некои стручњаци ќе претставува последна фаза на комунизмот и прогресивното растурање на марксистичко-ленинистичиот систем.[395] Но национализмот сигурно дека не се појавува како резултат на распаѓањето на комунизмот затоа што тој бил постојано присутен во регионот во текот на целиот дваесетти век. Реакционерниот популизам со националистички курс ќе биде карактеристика на сталинистичката верзија на државен социјализам уште од самиот негов почеток и тој ќе биде доминантен во повеќето земји од Источна Европа после Втората светска војна особено доминантно изразен околу шеесеттите години.[396] Тоа значи дека фасадата се распаднала после 1989 година и ново-стариот национализам како последица на недовршеното изградување на нациите во Источна Европа ќе биде уочлив и демаскиран.

Меѓутоа национализмот нема да биде поврзан само со минатото туку може да се набљудува и како реакција на новата иднина, на новиот капитализам кој што ќе се развива во Источна Европа. Националзмот на

---

[393] Преговорите со Полска и Унгарија ќе започнат во 1994 година, во 1995 година со Бугарија, Чешка, Романија и Словачка, а во 1998 година со Латвија, Литванија и Естонија.
[394] Романија и Бугарија со огномет го одбележааа приклучувањето кон ЕУ, - Дневик (Скопје), 3265 ( 02 01 2007 година), стр. 6.
[395] Zbigniev Brezezinski, "The birth and death of comunisim in the twentieth century". London 1990, str., 254-255.
[396] Oto Ulc, "The Rule of the political right in Post-Communist Czech-Slovakia" in democracy and Righi-Wing Politics in Eastern Europe in the 1990s. Boulder: European Monographs, 1993, str. 91-95.

некој начин ќе биде спонтана реакција на популизмот кој што е добро познат за овој регион.

Иако популистичко-националистичката реакција ќе се појави спонтано во овој драматичен период на транзиција, неможеме да ја исклучиме можноста за намерно негово потикнување. Разгорувањето на националистичките чувства ќе биде најмоќното оружје на новите политички елити за да дојдат или да ја задржат власта. Слободан Милишевиќ ќе успее да мобилизира милиони Срби да демонстрираат и да застанат позади него. Јозеф Антал, умерен политичар од десницата, во првата негова изјава после изборите во 1990 година ќе изјави дека е премиер на петнаесет милиони Унгарци, иако само десет милиони живеат во Унгарија. Ваквата мотивација ќе биде уште појака во десничарската фракција на Унгарскиот демократски форум кон крајот на летото 1992 година кога Иштван Чурка ќе предложи нова, порадикална програма за изборите во 1994 година. Столб на новата програма ќе треба да биде паролата „Не постои ништо посветло од националниот интерес „а кој што новата генерација треба да го искористи за проширување на унгарскиот животен простор. Но сепак агресивниот национализам нема да стане званична политика на унгарската влада.

Национализмот ќе биде појава и во Романија каде националистичките партии сакале обединување со поранешната советска република, а сега независна Молдавија. Во Албанија националистичките кругови ќе ја пропагираат идејата за создавање на Голема Албанија во чиј состав требало да влезе Косово и делови од Црна Гора, Македонија и Србија. Во Бугарија националистите во 1990 година ќе ја пласираат во јавноста идејата за припојување на Македонија со објаснување на дека Македонците се Бугари. Дури во јавноста 65% од Бугарите сметале дека Македонците се Бугари а повеќе од една третина го подржувале обединувањето.[397]

Појавата на национализам ќе биде карактеристика и за Чехословачка каде што распаѓањето ќе биде изведено по мирен пат без граѓанска војна.

[397] L. Troxel, "The Political Spectrum in Post-Comunist Bulgaria". Boulder: East European Monographs, 1993, str. 197.

Словаците воопшто нема да бидат возбудени околу можноста за раздружување со Чесите и создавање на самостојна држава. Според анкетата направена во летото во 1992 година само шеснаесет проценти од Словаците се изјасниле за целосна самостојност а два пати побројни биле оние кои што сакале да останат во лабава федерација со Чесите. Но новите политички елити ќе бидат оние кои што биле за поделба на земјата на две независни држави. Во март 1991 година пет националистички групи ќе ја издадат првата Декларација за словачки суверенитет. Тие Чехословачка ќе ја опишат како монструозно-фашистичка творба која има за цел да ја уништи словачката нација.[398] Јан Слота, градоначалник на Зилин, јавно ќе се заканува дека ќе го линчува секој Словак кој сака да ја сочува Чехословачка. Поради своите националистички идеи во март 1991 година премиерот Мачиар ќе биде принуден да даде оставка на функцијата, по што ќе формира своја партија, Словачко демократско движење, партија која што ќе победи на изборите во Словачка во 1992 година и ќе продолжи со идејата за создавање на самостојна Словачка држава.

Вацлав Клаус, чешкиот пандан на Мечиар, нема да биде подготвен на никакви компромиси. Владимир Длоухи, еден од неговите најблиски соработници и сојузен министер за економија, во април 1992 година ќе изјави дека ја подржува идејата за раздружување на Чехословачка, од причина што неразвиената Словачка всушност е таа која го успорува процесот на транзиција и приближување на Чешка кон Европската Унија. Вацлав Клаус ќе биде убеден дека одвојувањето од Словачка ќе и овозможи на Чешка многу побрзо да се приближи до Европската Унија односно Западот каде што според него таа и припаѓа.[399]

Двајцата тврдоглави и безкомромисни лидери, Мечиар и Клаус ќе ја втурнат земјата во отцепување. Претседателот Вацлав Хавел ќе се обиде да го запре отцепувањето заговарајќе одржување на референдум, кој што според направените анкети ќе ја задржи целовитоста на замјата. Но сепак тој

[398] Oto Ulc, Op. cit., 96.
[399] Daniel N. Nelson, „Sindromes of Public Withdrawal in Postcommunism". Washington, DC: The World Bank, 1995, str. 13.

нема да ја искористи својата позиција и да заземе цврст став и во јули 1992 година ќе поднесе оставка за да не претседава во процесот на дезинтеграција на земјата. Двајцата премиери ќе се состанат на 26 агуст 1992 година и на овој состанок ќе биде повеќе од очигледно дека неможе да биде остварен компромис. Тие ќе се договорат федерацијата да се распадне на два дела до 1 јануари 1993 година. Словачка ќе прогласи нов устав на 31 август 1992 година. Чехословачката Република ќе се распадне мирно и тоа на конференциска маса а не на бојно поле. Таа ќе биде жртва на двајца политичари и крајот кој што ќе го доживее нема да биде желба на поголемиот број од нејзините жители.

Сепак распаѓањето на Чехословачка и создавањето на две нови држави ќе биде причина за појава на нови национални судири. Ќе биде отворено прашањето. Кога веќе не важат мировните договори потпишани после Првата и Втората светска војна за Словаците тогаш зошто да важат за унгарското национално малцинство кое што живее во Словачка. Унгарското малцинство кое во Словачка претставува 11% од населението ќе бара автономија која што за словачката власт ќе биде неуставна.

Политичкта елита предводена од Мечиар ќе води политика на успорување на Словачка во процесот на приближување кон Европската Унија. Во периодот од 1993 до 1998 година кога Мечиар ќе биде премиер Словачка ќе биде најлош пример во Европа и ќе доцни на својот пат кон ЕУ. И Словаците и Чесите ќе бидат понесени од еуфоријата на својата т.н. плишана револуција од 1989 година и верувале дека што е падната железната завеса тие веднаш ќе станат дел од ЕУ. Но патот кон ЕУ за Словаците нема да биде така брз и на момент ќе доживеат и разочарување затоа што Пољаците, Унгарците и Чесите ќе влезат во Европската Унија пред нив.

Иако на почетокот постоел страв дека и на Чехословачка може да и се случи истото сценарио како на Југославија, процесот на раздвојување ќе биде направен мирно и ќе биде една од вредностите кои што ќе ги донесат Чесите и Словаците во ЕУ, и ќе претставува голем плус за двата народи во очите на Европа. По раздвојувањето на 1 јануари 1993 година, Чесите и Словаците ќе

трнат по патот на евроинтеграција со меѓусебно ветување дека ќе бидат повторно заедно во Европската Унија.

### 6. *Влезот на земјите од Источна Европа во Европската Унија*

На 27 јуни 1995 година иако била третирана како непосакуван гост во ЕУ поради својата растеглива демократија Словачка ќе поднесе барање за членство во ЕУ. Словачка на самиот почеток ќе биде лошо оценета за нејзината подготвеност за влез во Унијата, во делот на исполнување на критериумите од Копенхаген за создавање на стабилни институции кои ќе ја гарантираат демократијата, правната држава, почитување на човековите права и правата на малцинствата. Европската Унија во оценувањето на овие критериуми за подготвеноста на Словачка ќе оцени дека институциите се нестабилни и дека сеуште треба да се работи на демократијата. Поради ваквата оценка на Европската Комисија, Советот на Европската Унија во Луксембург во декември 1997 година ќе ја исклучи Словачка од првиот круг на проширување, а преговорите ќе продолжат само со Кипар, Чешка, Естонија Унгарија, Полска и Словенија. Но и покрај тоа Словачка ќе остане во кругот на оние земји за кои Европската комисија ќе поднесува редовни извештаи за нејзините постигнувања во исполнувањето на критериумите од Копенхаген и реформите во законите.

Доцнењето на патот кон ЕУ во времето на Мечиар ќе биде пресуден момент за обединување на расцепканата словачка опозиција и нејзина победа на парламентарните избори во есента 1998 година. Новиот премиер Микулаш Дзуринга веднаш ќе направи посета на Брисел и Виена, престолнината Австрија која тогаш ќе биде претседавач со ЕУ.

Новиот проевропски курс на Словачка веднаш ќе биде забележан и високо оценет од страна на Брисел. Новата Словачка влада ќе претстави необично амбициозен план на политички реформи, а а крајот на 1998 година

ќе бидат одржани и слободни локални избори, со вклучување на опозициони партии во парламентарните и надзорните органи, што не беше пример во времето на Мечијар. Тоа ќе биде причина на 3 декември 1998 година Европскиот парламент да усвои резолуција со која ќе препорача флексибилен пристап за Словачка и ќе побара Европската комисија да изработи нов извештај за земјата во кој што ќе бидат земени во предвид сите позитивни промени после изборите.

На седницата на Европскиот совет во Хелсинки во декември 1999 година ќе биде повикана да започне со предпристапните преговори за влез во ЕУ. Во првата година на Словачка на патот кон ЕУ многу ќе и помогне Работната група на високо ниво, која во името на ЕК ја предводел Франсоа Ламуро а од словачка страна Јан Фигел, кој подоцна во периодот од 2004 до 2009 година ќе биде словачки еврокомесар. Оваа група за десет месеци ќе се состане пет пати и плод на овие состаноци ќе биде усклaдување на изборните закони. Новиот шеф на државата Рудолф Шустер, кој што ќе биде избран на претседателските избори одржани во мај 1999 година во обавувањето на својата функција ќе започне со стабилизирање на политичкиот систем.[400]

Во соработка меѓународни институции ќе биде изработен и усвоен закон за јазиците на националните малцинства во кој што ќе биде согласно препораките на ОБСЕ, Европската комисија и Советот на Европа. Голема улога ќе одигра и вклучувањето на унгарското малцинство во владата на Дзуринде особено вицепремиерот за човекови права и национални малцинства Пал Чаки еден од лидерите на унгарското малцинство во Словачка. Самото вклучување на претставници во владата од половина милионското унгарско малцинство значело подготвеност на Братислава за искрено почитување на малцинставата и добрососедтска соработка со Будимпешта.

Владата на Дзуринде многу реално ќе оцени дека пристапните преговори може да бидат завршени во 2004 година. Бил направен обид да се

[400] http://www.slovak-republic.org/eu/

фати чекорот со Чешка, Полска и Унгарија за влез во ЕУ. На Словачка ќе и требаат 34 месеци да ги заврши пристапните преговори.

На меѓувладината конференција во Брисел 2000 година шефот на словачката дипломатија Едуард Кукан ќе поднесе национална платформа за преговори кои претходно ќе бидат усвоени од министерскиот совет за европска интеграција со учество на министерството за надворешни работи, земјоделие, економија, финансии и животна средина. Словачка нема да бара никакви отстапувања од европската легислатива единствено ќе бара разбирање за усклаудување на словачката економија. Во случајот со соседите најчувствителна област ќе биде заштитата на животната средина, чистината на воздухот, водата и контрола на индустриското загадување, управување со отпадот, и трошоците за имплементирање новите стандарди. И во областа на енергетиката Словачка ќе прифати затворање на два реактори од старата нуклеарна електрана, првиот реактор во 2006 година а другиот во 2008 година. Во 2009 година поради спорот помеѓу Русија и Украина околу природниот гас, Словачка ќе се соочи со енергетска криза која што ќе го натера премиерот Роберт Фиц да се закани дека излез од кризата гледа во обновување на работата на вториот реактор. Но сепак до тоа нема да дојде. Словачка веднаш по затворањето на старите реактори, заедно со енергетски компании од Чешка ќе започне со подготовка за изградба на нов модерен блок во Јасловске Бохуњице.

Словачка за многу краток временски период ќе успее да го надополни заостанувањето во реформите и од позиција на руинирана демократија за време на Мечијар, ќе успее да ги прилагоди своите закони кон европските стандарди, преку спроведување на реформи кои што ќе бидат радикални и болни.

Но како и кај Чесите така и кај Словаците ќе постои одредена доза на страв дека по 1 мај 2004 година односно приемот во ЕУ, тие ќе се разбудат со словачки плати а западни цени, а од друга страна ќе постои страв и од губење на суверенитетот.

На референдумот за влез на Словачка во ЕУ одржан во мај 2003 година на прашањето „Дали се согласувате Словачка да стане член на ЕУ" од излезените 52%, 92% ќе одговорат позитивно а само 6% ќе бидат против.[401]

Во текот и на пристапниот процес, а и откако ќе стане член во Словачка ќе има размислувања дека членството во ЕУ има свои предности но и недостатоци, но сепак никогаш не се доведувало во прашање дали требало да стане членка или не.

Реформите кои што ќе бидат преземени од страна на владата на премиерот Микулаш Дзуринде ќе добијат масовна подршка од страна на народот. Денот на влегувањето на Словачка во ЕУ 1 мај ќе биде предложен за државен празник но не како ден на трудот туку како ден кога Словаците се враќаат во големото семејство на народите на обединета Европа.

Стартната позиција за преговори за влез во ЕУ на Словачка ќе биде многу потешка за разлика од онаа во Чешка, Полска и Унгарија затоа што таа ќе мора да ги обнови реформите, да ја запре Мечијаровата дива приватизација и газењето на принципите на правната држава. Но ваквата состојба уште повеќе ќе и даде поттик на владата да отпочне со радикални реформи за какви ниту една влада од соседните земји нема да има храброст. Сите нови закони ќе бидат направени во советување со меѓународни институции и во согласност со највисоките европски стандарди. Здравствените и пензиските реформи ќе поминат така добро што ќе предизвика воодушевување во Брисел, на што чешкиот претседател ќе реагира дека вакво нешто во неговата земја би било невозможно да се спроведе.

Со сите реформи во текот на двата мандати на владите на Дзуринде од 1998 до 2006 година, Словачка ќе стане најатрактивна земја во регионот за директни крупни странски вложувања. Особено внимание ќе биде посветено на вложувањата во автомобилската индустрија. На крајот резултатот ќе биде

[401] http://www.slovak-republic.org/eu/

поголем извоз од увоз за само една година создавање на 80 000 нови работни места за што особено влијание ќе има отварањето на фабриката на Киа моторс. Словачка благодарение на реформите ќе се најде меѓу првите десет во светот по економските реформи што ќе биде крунисано во 2007 година со економски раст од 14,3%.

На парламентарните избори во 2006 година Дзуринде ќе изгуби а на власт ќе дојде социјалдемократската партија на Роберт Фичо. Тој ќе формира коалициона влада во која ќе влезат членови од Мечијаровата Движење за демократска Словачка и радикалните националисти на Јан Слоте. Ваквата коалиција иако во почетокот ќе создаде сомнеж и загриженост ќе се покаже како успешна а како круна на евроинтеграцијата ќе биде воведувањето на еврото. Воведувањето на еврото ќе биде од особена важност затоа што за малите земји кои што се изложени на турболенциите на светските економски пазари потребно е да имаат стабилна валута како што е еврото. Воведувањето на еврото односно замената на круната ќе биде направено на 31 декември 2008 година и тоа ќе и овозможи на Словачка да ја избегне фискалната криза која што ќе се појави Европа.[402]

Од страна на шефот на ММФ (Меѓународен монетарен фонд) Доминик Строс-Кан ке биде упатена опомена до сите нови членки на ЕУ дека нивна главна цел треба да остане влегување во еврозоната.

Словачка ќе успее да се одржи како ниско задолжена земја со долг од 34,6 од Бруто домашното производство.

Република Чешка на чие чело се наоѓал премиерот Вацлах Хавел, својата апликација за членство во Европската Унија ќе ја поднесе во јануари 1996 година. Тогашниот министер на надверешни работи Јозеф Зиелениец во

402 http://www.usnews.com/opinion/blogs/economic-intelligence/2013/01/02/slovakia-showcases-the-benefits-of-the-european-union

април 1996 година ќе го добие прашалникот за членство од Европската комисија кој што ќе биде одговорен и предаден во декември 1996 година.[403]

Во јули 1997 година Европската комисија ќе објави стратегија за проширување т.н. Агенда 2000, во која што ќе влезат 10 земји кандидати од Централна и Источна Европа. Комисијата ќе предложи група од 5 земји меѓу кои и Чешка кои што на среден рок би биле способни да ги исполнат условите за членство во ЕУ. Според извештајот од комисијата Република Чешка е земја со страбилни институции кои го гарантираат владеењето на правото, човековите права и заштита на малцинствата, и може да се смета како функционална економија која е подготвена да се справи со конкурентскиот притисок во Европската Унија. По препорака на Комисијата на 13 декември 1997 година на состанокот во Луксембург за Чешка и уште 10 земји ќе биде донесена одлука за официјална покана за членство. Оваа покана ќе ја прими претседателот Вацлав Хавел.

Процесот на проширување официјално ќе биде лансиран на во Брисел на 30 март 1998 година со учество на министрите за надворешни работи на 15 земји членки и 11 земји кандидатки меѓу кои Република Чешка. Еден ден подоцна на 31 март 1998 година ЕУ ќе започне преговори со Република Чешка за влез во Европската Унија. Одржани ќе бидат шест меѓувладини конференции на кои што од една страна биле министрите за надворешни работи на 15 членки на ЕУ а од друга страна претставник од секоја земја. Република Чешка ќе биде претавувана од страна на заменик-премиерот и министер за надворешни работи Јарослав Седиви.[404]

Процесот на подготовка за членство во согласност со одлуката на Европскиот совет од Луксембург постојано ќе биде следен од страна на Европската комисија, почнувајќи од 1998 година постојано ќе бидат подготвувани извештаи за напредокот на подготовките не Република Чешка.

[403] Dan Marek and Michael Baun, The Czech Republic and European Union. First published 2010 by Routledge 2 Park Square, Milton Park, Abingdon, Oxon OX144RN, str. 16.
[404] Ibid, 22.

Првиот извештај за евалуација на Република Чешка комисијата ќе го објави во ноември 1998 година. Европскиот совет на 12 и 13 декември 2002 година на самитот во Копенхаген ќе констатира дека успешно се затворени сите поглавија од преговорите и Република Чешка ќе биде поканета да стане членка на ЕУ на 1 мај 2004 година.[405]

По завршувањето на преговорите за членство ќе биде изготвена финалната верзија на Договорот за пристапување кој што на почетокот на 2003 година ќе биде поднесен до Комисијата да биде прегледан и потоа да биде проследен на одобрување во Европскиот парламент. На 9 април 2003 година од страна на Европскиот парламент ќе биде дадена согласност за потпишување на договор за пристапување кој што ќе биде одобрен од страна на Советот на Европската Унија на 14 април 2003 година. На 16 април во Атина ќе биде свечено потпишан Договорот за пристапување на церемонија на која што од страна на Република Чешка ќе присуствуваат премиерот Владимир Спидла и претседателот Вацлав Клаус. По потпишувањето на Договорот тој ќе биде ратификуван односно одобрен од страна на националните Парламенти на сите 15 земји членки на ЕУ.[406]

Во Република Чешка на 13 и 14 јуни 2003 година ќе биде организиран референдум на кој што одзивот на гласачите ќе биде 55,21%, од кои 77,33% ќе гласаат за влез во ЕУ а 22,67% ќе бидат против.

Според Договорот за пристапување на 1 мај 2004 година Република Чешка ќе стане полноправна членка на Европската Унија.[407]

Унгарија ќе поднесе апликација за членство во Европската Унија на 31 март 1994 година а преговорите за влез ќе ги започне во 1998 година. На самитот кој што ќе се одржи во Копенхаген во декември 2002 година

[405] http://www.mzp.cz/en/czech_republic_and_the_european_union
[406] The Czech Republic entering the European Union - International ... ieconf2000.euweb.cz/Cervenanska%20EUpaper.doc
[407] http://www.mzv.../hague/en/general_information_on_the_czech/the_czech_republic_and_the_eu/the_czech_republic_s_way_to_the_eu.html

Унгарија ќе биде една од десетте земји поканети да се приклучат кон Европската Унија во 2004 година. Сите поголеми политички партии ќе се сложат дека е обврзувачки да се организира референдум на кој што ќе бидат прашани граѓаните дали сакаат Унгарија да се приклучи кон Европската Унија.

За олеснување на патот кон Европската Унија, Унгарскиот парламент во 1997 година ќе го измени законот односно правилата за одржување на референдуми, условот за излезеност од 50% ќе биде намален на 25% излезеност од регистрираните гласачи за успешно одржан референдум. Во декември 2002 година амандмански ќе биде направена промена во Уставот со што ќе биде овозможено да се одржи референдум за членство на Унгарија во ЕУ. Рефендумот ќе се одржи на 12 април 2003 година на кој што ќе излезат 45,6% од гласачите или 3. 666.715 од кои 83,8% или 3.056.027 ќе се изјаснат позитивно на прашањето „Дали се согласувате дека Унгарија треба да стане членка на Европската Унија?".

За успешноста на референдумот од страна владата ќе биде организирана широка медиумска кампања со која што требало да бидат отстранети сите негативни ставови околу членството на Унгарија во ЕУ. Подршка ќе биде дадена од најголемите политички партии кои што ќе организираат свои кампањи, синдикатите, црквите освен од опозицијата која што ќе предупредува дека 10 000 работни места може да бидат изгубени поради регулативите на ЕУ и дека странската конкуренција може да предизвика колапс во некои сектори од економијата. Но влијанието на опозицијата ќе се ограничи само на некои мали групи организирани како Движење за слободна Унгарија. Ниту една од овие групи нема да биде дел од унгарскиот парламент и затоа нема да може да добие државно финансирање за својата кампања. Повеќето од противниците ќе истакнат дека тие не се против Европа но дека се против условите за пристапување кон моменталната форма на ЕУ. По сепак сите анкети ќе покажуваат огромна подршка за членство во Европската Унија.

Премиерот Петер Медеши[408] ќе најави дека успешноста на референдумот ќе биде прославена на бреговите на Дунав, каде што и официјално на 1 мај 2004 година ќе биде објавено дека Република Унгарија станува членка на Европската Унија, и покрај некои критики од опозицијата за легитимитетот на референдумот поради малата излезеност. Но сепак се беше според законот затоа што беше задоволен законскиот минимум од 25% излезеност за да може еден референдум да биде успешен.[409]

Патот на Полска кон членство во Европската унија ќе биде отворен на состанокот во Копенхаген 21 и 22 јуни 1993 година кога Европскиот совет ќе се согласи дека пристапувањето на земјите од Источна и Централна Европа е дел од стратегијата на ЕУ. Постигнувањето на оваа цел ќе зависи единствено од исполнувањето на одредени политички и економски критериуми, познати како критериуми од Копенхаген.[410]

На 1 февруари 1994 година Советот на министри на Полска ќе ја усвои резулуцијата бр.4/94 за пристапување на Полска кон Европската Унија. Полска својата апликација за членство во Европската Унија ќе ја поднесе на 8 април 1994 година, за време на претседавањето со Унијата од страна на Грција. За време на самитот на Европскиот совет одржан на 9 и 10 декември 1994 година полската влада ќе ја потврди својата желба да се приклучат кон ЕУ. Во 1997 година на самитот во Луксембург, Европската Унија ќе го прифати мислењето на Европската комисија да ја покани Полска за започнување на пристапни разговори. Во мај 1997 година полскиот Парламент ќе усвои Национална стратегија во која што ќе бидат наведени задачите и роковите за интеграција на Полска во ЕУ.

---

[408] На изборите во 2002 година ќе победи Социјалистичката Партија на Унгарија и за премиер ќе биде избран Петер Медеши кој на на оваа функција ќе биде од 27 мај 2002 до 29 септември 2004 година. На 19 агуст 2004 година поради недовербата во него од страна на коалициониот партнер Алијансата на слободните демократи тој ќе поднесе оставка но ќе остане на функцијата се до изборот на неговиот наследник Ференц Ѓурчани.

[409] http://eu.kormany.hu/the-history-of-hungarian-eu-membership

[410] Liana Muller, Roamnias Way in to the EU. European Studies Vienna, 16 avgust 2002, str. 12.

Првата фаза од преговорите за пристапување Полска ќе ги започне на 31 март 1998 година каде што биде направена анализа на услогласеност на законите со оние на ЕУ. Полска заедно со Чешка и Унгарија во 1999 година ќе стане членка на НАТО. Во втората фаза после 16 април 1999 година веќе ќе започнат состаноци помеѓу полската делегација предводена Јацек Волски и Данута Хубнер со ЕУ. До 2000 година ќе бидат завршени 25 од 30 поглавија а останатите 5 ќе бидат завршени во 2002 година. Преговорите официјално ќе бидат завршени на самитот на ЕУ во Копенхаген на 13 декември 2002 година.

На 9 април 2003 година од страна на Европскиот парламент ќе биде дадена согласност за потпишување на договор за пристапување кој што ќе биде одобрен од страна на Советот на Европската Унија на 14 април 2003 година. На 7-8 јуни 2003 година ќе биде одржан референдум на кој што 77,45% од гласачите во Полска ќе се изјаснат позитивно за нејзино пристапување кон Европската Унија. После позитивното изјаснување на референдумот на 1 мај 2004 година Полска ќе стане членка на Европската Унија. Во 2007 година Полска ќе влезе во Шенген зоната со што границите на земјата со другите земји од Европската Унија ќе биде укината, а делот од источната граница со Белорусија, Русија и Украина ќе биде надворешна граница на Европската Унија.[411]

Ефектите од зачленувањето на Полска во ЕУ ќе бидат повеќе од видливи. Поголем дел од ефектите на проширувањето може да се види во областа на деловната соработка со земјите од ЕУ, а особено значајни промени ќе бидат забележани во земјоделството поради интензивниот напредок во процесот на европската интеграција, како дел од заедничката земјоделска политика. Членството во ЕУ ќе биде за Полска одлична заштита од турболенциите во светската економија особено поради структурните фондови, Кохезиониот фонд и на заедничката земјоделска политика на ЕУ со што значително ќе биде подржан економскиот раст во иднина.[412]

[411] http://europejskiportal.eu/id02en.html
[412] http://dublin.msz.gov.pl/en/dublin_ie_a_56/economic_section/polands_eu_membership/

Важен фактор во екомскиот раст на Полска во периодот од 2004 до 2009 година ќе бидат трансферите од буџетот на ЕУ, така во периодот од 1 мај 2004 година до 31 декември 2008 година трансферите ќе изнесуваат 26,5 милијарди евра. Во исто време од страна на Полска во буџетот на ЕУ ќе бидат уплатени 12,5 милијарди долари а добиени 14 милијарди евра.[413]

Романија беше првата земја од пост-комунистичка Европа која што имаше официјални односи со Европската заедница И чија главна цел на секоја романска влада по завршувањето на Револуцијата во 1989 година беше зачленување во Европската Унија. Романија својата апликација за членство во ЕУ ќе ја предаде на 22 јуни 1995 година. Заедно со апликацијата ќе поднесе и Декларација потпишана од страна на четиринаесетте најголеми политички партии кои што даваат целосна подршка за членство во Европската Унија. До 2000 година во Романија ќе бидат имплементирани голем број на реформи за нејзино подготвување за пристапување во ЕУ, консолидација на демократските системи, владеењето на правото, потврда за почитување на човековите права, посветеноста на лична слобода на изразување и имплементација на функционална слободна пазарна економија. Подготвувајќи се за влез во ЕУ таа ќе направи и промена во регионалните односи со наметнување на визен режим за голем број на држави, вклучувајќи ги Русија, Украина, Белорусија, Србија, Црна Гора, Турција и Молдавија.

На 22 јуни 2004 година во рамките на средбите за интеграција кои што се одржуваа меѓу земјите членки на ЕУ, „Комитетот за асоцијација" ќе го потврди напредокот на Романија и Бугарија и потребата за понатамошни напори за борба против политичката корупција и организираниот криминал, а забелешка ќе биде дадена за почитување на правата и интеграција на ромската заедница.[414]

---

[413] http://en.poland.gov.pl/Poland%E2%80%99s,way,to,UE,458.html
[414] http://en.wikipedia.org/wiki/2007_enlargement_of_the_European_Union

Датумот 1 јануари 2007 година, за пристапување на Романија и Бугарија кон ЕУ ќе биде утврден на Самитот што ќе се одржи во Солун во 2003 година а ќе биде потврден во Брисел на 18 јуни 2004 година.[415] На 25 април 2005 година ќе биде потпишан Договор за пристапување. Европскиот совет на 17 декември 2004 година во Брисел ќе го потврди напредокот на Романија и Бугарија. На 26 септември 2006 година мониторинг извештајот од Европската комисија ќе го потврди датумот 1 јануари 2007 година за влез во Европската Унија објавувајќи дека и понатаму ќе бидат строго надгледувани сите реформи во судскиот систем, елиминацијата на корупцијата и борбата против организираниот криминал. Последниот инструмент за ратификација на Договорот за пристапување ќе биде депониран кај италијанската влада на 20 декември и на тој начин ќе биде обезбедено тој да стапи на сила на 1 јануари 2007 година.[416]

### 7. *НАТО алијансата, Европската унија и нивното дејствување во време на транзицијата*

НАТО - алијансата има голема улога во колективната безбедност односно по распаѓањето на Варшавскиот пакт, главна улога во зачувувањето на мирот во повеќе делови од светот. После 1989 година ќе дојде до подлабоки политички промени во Централна и Источна Европа. Поранешните сателити на СССР целосно ќе ја повратат својата сувереност, а во СССР и неговите републики ќе се случуваат радикални промени. Советските сили ќе ја напуштат Унгарија и Чехословачка а до 1994 година ќе треба да биде направено повлекување и од Полска и Германија. Во периодот на транзиција во повеќето социјалистички држави ќе дојде до поблиска поврзаност помеѓу Европа и Соединетите Американски Држави со што ќе биде отфрлено идеолошкото непријателство кон Запад. Тие во различни степени ќе почнат да ја применуваат политиката што има за цел

[415] http://www.nytimes.com/2007/01/02/world/europe/02union.html
[416] http://news.bbc.co.uk/2/hi/europe/6220591.stm

постигнување на плуралистичка демократија, владеење на правото, почитување на човековите права и пазарната еконимија.[417] Повеќе институции како што се ОБСЕ, Европската Унија, Советот на Европа, заеднички ќе дејствуваат со НАТО по однос на повеќе прашања кои што претставувале закана за мирот во светот. Сите овие институции, особено НАТО ќе соработуваат со земјите во транзиција преку консултации, нудење помош и советување за решавање на повеќе прашања. За реализирање на оваа соработка во 1994 година ќе дојде до иницијатива за т.н. Партнерство за мир. Оваа иницијатива ќе биде од земјите членки на НАТО со цел зајакнување на врските со новите демократски земји од Источна Европа, а согласно со Вашингтонскиот договор од 1949 година за изградба на заеднички безбедносен систем. Од таа причина НАТО ќе остане отворена за ново членство за земји од Европа, земји кои ги достигнале демократските вредности, со цел зголемување на безбедноста во Европа и политичка стабилност.[418] НАТО, дијалогот со земјите од централна и источна Европа, ќе го оствари со воспоставување дипломатски и воени контакти, интензивирање на размената на гледишта и информации за прашањата од безбедносната политика, поттикнување на демократијата, охрабрување на взаемното разбирање за прашањата од безбедносното зголемување на транспарентноста на работите од областа на безбедноста и зајакнување на стабилноста.[419] Партнерствотосо земјите од Централна и Источна Европа се третира како динамичен процес кој треба да развие демократски институции во сите земји од овој регион, да го охрабри процесот на соработка, да се создадат поблиски врски и односите да се прошират, да се интензивираат и да се подигнат на повисоко ниво.[420] Консултациите и соработката на НАТО со земјите од Централна и Источна Европа ќе бидат насочени кон безбедноста и прашањата по кои алијансата може да ги понуди своите искуства и знаења

[417] Алекса Стаменковски, Одбрана НАТО. Скопје: Ѓурѓа, 1997 година, стр. 191.
[418] Маргарита Пешевска, Светот во транзиција. Скопје: Менора, 2002, стр. 108.
[419] Ibid.
[420] The transformation of on Alliance, Rome Declaration on Peace and Cooperation, NATO office of information and Press, Brussels, 1991, str., 22.

како што се: планирањето на одбраната, демократскиот концепт на цивилно-воените односи, цивилно-воената соработка во управувањето со воздушниот сообраќај и преориентација на производството од военоиндустрискиот комплекс кон производство за цивилни потреби. Новата иницијатива на НАТО ќе треба да го унапреди учеството на партнерите од овие земји во проектот наречен „трета димензија" кој опфаќа научни програм и програм за истражување на околината на алијансата.[421]

Проширувањето на НАТО, како дел од процесот за обезбедување политички и безбедносен развој на Европа и јакнење на стабилноста на сите земји во неа, ќе се остварува во соработка со европските институции. Стратегиската определба на сите земји од Источна Европа по напуштањето на социјалистичкото општествено уредување ќе биде стапување во членство во Европската Унија. Европската Унија ќе се соочи со сериозни проблеми поврзани со барања за прием во членство, ќе се судри со барања на поголем број на држави од бројот на држави кои што членуваат во неа. Ова ќе биде сериозен проблем и од причина што сите овие земји десетици години биле централно управувани, со плански стопанства чие производство не одговара на критериумите и страндардите што се формирале и се развивале во земјите-членки на Европската Унија. Проширувањето на НАТО ќе биде паралелен процес со проширувањето на Европската унија. НАТО и Европската унија имаат заеднички интерес за проширување на стабилноста и безбедноста на Европа со унапредување на политичките, економските, социјалните и одбранбените аспекти на дејствување. Проширувањето на НАТО и на Европската унија ќе се одвива автономно, според нивната внатрешна динамика и утврден процес. Тоа значи дека тие ќе го остварат проширувањето како од во иднината, по прецизно определена постапка. Членките на Европската унија се обврзани со заедничката надворешна и безбедносна политика да имаат во предвид се што е во врска со безбедноста

[421] Алекса Стаменковски, Одбрана НАТО. Скопје: „Ѓурѓа", 1997 година, стр. 52.

во унијата и одбраната да биде компатибилна со одбраната што ја организира НАТО.[422]

Како резултат на промените кои што ќе бидат направени во системот на колективна безбедност, во април 1999 година на Вашингтонскиот самит на НАТО ќе бидат примени три нови членки во првиот круг на проширувањето на НАТО-алијансата на Исток, и тоа Полска,Чешка и Унгарија. За другите земји се наведени условите под кои треба да се примат во членство. Нивниот прием ќе зависи од брзината и ефикасноста на внатрешните реформи и од кооперативноста со плановите на НАТО.[423]

Проширувањето на НАТО со нови членки одело постапно поради стравот на Русија од опкружување од членките на НАТО-алијансата. Според американскиот претседател Бил Клинтон, проширувањето на НАТО со земји од Источна Европа ќе допринесе за изградба на побезбедна и посигурна Европа, но особено се внимавало тоа да не предизвика нова студена војна со Русија. Забелешките на Русија за проширувањето на НАТО ќе бидат сериозно земани во предвид од страна на членките на НАТО и нивните настојувања ќе бидат насочени, Русија да го прифати проширувањето на НАТО како процес за јакнење на мирот и стабилноста во Европа, а не како закана за мирот и пат кон отварање на нова студена војна. Тоа значи дека вклучувањето на нови членки во НАТО ќе биде направено кога тие ќе ги исполнат сите услови, вклучувајќи го и обезбедувањето согласност од Русија.[424]

Вниманието на САД по падот на Берлинскиот ѕид било насочено кон прашањето каков свет треба да се гради во услови кога нема друга супер сила во меѓународните односи, односно го нема Варшавскиот пакт. Периодот по распадот на комунизмот во светот, САД ќе го искористат за брз индустриски развиток кој што барал нови пазари за пласман на производите. Тоа ќе биде причина САД да бидат заинтересирани за демократски промени, кои на економски план би ја донеле пазарната економија со која би се овозможило

---

[422] Алекса Стаменковски, Op. cit., 105, 106.
[423] Маргарита Пешевска, Op. cit., 108.
[424] Алекса Стаменковски, Op. cit., 104.

пласман на американските производи. Затоа и ќе биде барано од народите да ја напуштат националната култура, економија и да се вклучат во глобализација на светот. Во 1990 година за прв пат од страна на американскиот државен секретар Џејмс Бејкер ќе биде употребен терминот „Нов светски поредок". Според Бејкер во новиот светски поредок НАТО требало да има задача на контролор на вооружувањето, да ги решава регионалните судири и да посредува во односите на Истокот. Оваа идеја ќе биде прифатена и од американскиот претседател Џорџ Буш според кој Истокот и Западот треба заедно да настапуваат кога се работи за интерес на целото човештво. Тој исто така ќе ги забележи и насоките за дејствување во меѓународните односи кои подразбирале слобода на размислување, отворени граници и отворено дејствување.[425]

Падот на Берлинскиот ѕид на глобализмот ќе му даде нов простор, што САД многу умешно ќе го искористи на своја страна, што ќе доведе до промени во меѓународните односи.[426]

### *8. Глобалозацијата и перспективите на посткомунистичките земји*

Процесот на глобализација ќе започне уште од крајот на 19 век и почетокот на 20 век, но ќе биде привремено прекинат со Првата, а потоа и со Втората светска војна. Својата ренесанса ќе ја доживее во 50-тите години, а веќе во 80-тите повторно ќе западне во криза. Со обединувањето на Европа, Европската Унија заедно со САД и Јапонија ќе се обединат околу идејата да го креираат и диктираат процесот на глобализација.[427] Русија по распаѓањето на Советскиот Сојуз ќе остане респективилна политичка и економска сила со што ќе има важно место во процесот на глобализација, Кина широко ќе се

[425] Трајан Панев, Идеи и стремежи за обликување „Нов светски поредок" во постблоковскиот период. Годишен зборник при Филозофскиот факултет-Скопје. Кн. 23/1996,стр. 490.
[426] Маргарита Пешевска, Op. cit., 113.
[427] Ivana Miljković: Dvadeset godina tranzicije u Srbiju, Presing Magazin br. 67,19 juli 2011 godina.

отвори кон светот со што ќе се обиде процесот на глобализација да го искористи за остварување на својот економски интерес. Индија користејќи ги своите мега-потенцијали ќе стане важен играч во светската политичка и економска сцена. Азија ќе биде ориентирана кон ИТ технологијата и услужниот сектор, а Блискиот Исток ќе се обиде преку своите капацитети од нафта да воспостави поблиски врски со купувачите од целиот свет.[428]

Глобализацијата претставува процес на општествено, социјално, културно и политичко делување кое ги надминува границите на националните држави.[429] Според Улрих Бек глобализацијата претставува не-светска држава, туку светско друштво без светска држава и светска влада.[430] Денес глобализацијата се доживува како свет без граници. Таа претставува еволутивен процес кој што е неповратен. Се што се создава почнува да се одразува како глобално па така денес имаме глобални производи, мода, потрошувачи па дури и граѓани. Глобализацијата значи може да се сфати како една етапа во развојот на цивилизацијата во кој се случува обединување на светот во една целина благодарение на севкупниот постојан информациски и комуникациско технолошки развој. Светот станува интегриран и се што се случува локално може да се одрази и глобално.[431]

Глобализацијата се базира на идејата за интеграција на светскиот Пазар, односно интегрирање на пазарите, производството, финансиите што значи глобализација на секоја пора од општеството. Кога зборуваме за глобализацијата најчесто прво што помислуваме е на економската глобализација затоа што во процесот на глобализација таа е најизразена. Оттаму и многу често на процесот на глобализација гледаме како на процес на создавање леберализиран и интегриран светски Пазар на стоки и капитал, како и на обликување нов меѓународен институционален поредок што му служи на развојот на производството, трговијата и финансиските трансакции

---

[428] Ibid.
[429] Milardović, A.; Globalizacija, PanLiber, Osijek-Zagreb-split, 2001, str. 10.
[430] Beck, Ulrich. Što je globalizacija?, Vizura, Zagreb, 2001, str. 24.
[431] Pavic, R. (1999.): *Uvod u Huntingtona: opće ozračje globalnih i ekonomskih prilika*, Geografskihorizont 1-2, str. 21-30.

во светски размери.[432] Главните економските карактеристики на глобализацијата се зголумување на меѓународната трговија, зголумување на меѓународниот протокот на капитал, зголемување на странските директни инвестиции, ерозија на националните суверенитети и националните граници како резултат на бројните меѓународни договори, зголемување на учеството на мултинационални корпорации во светската економија и зголемување на улогата на светски организации како што се Светската трговска организација, ММФ и др. И одбивноста кон глобализацијата се повеќе исчезнува, исчезнуваат јазичните бариери поради зголеменото образование на луѓето и користење на англискиот јазик како универзален светски јазик. Технолошкиот напредок, особено во информационата, комуницискaта и транспортната индустрија, ќе создаде состојба во која светот може да се набљудува како една стопанска Целина.[433]

Постојат голем број на противници на процесот на глобализација во развиените и во неразвиените земји.[434] Во развиените земји најголеми противници се вработените кои поради селењето на производствените капацитети остануваат без своите работни места. Со тоа во развиените земји расте бројот на невработени. Од овие причини во западните земји ќе дојде до појава на насилни демонстрации против процесот на глобализација.[435] Точно е дека државата во развиените земји дели најразлични социјални пакети на ваквите категории, но самиот факт дека некој ќе остане без вработување создава големо незадоволство. Една од главните цели на антиглобалистите ќе биде укажување на нееднаквоста во светот и борбата против политиките на меѓународните институции како што се ММФ и Светска банка. Но за жал антиглобалистите ќе бидат недоволно обединети и ќе немаат јасна политика која би управувала со нивните делувања што ќе допринесе нивните делувања многу често да изгледаат конфузно и нејасно. Но и покрај тоа во одредени

[432] Гжегож Колодко, Op. cit., 23.
[433] Bogdan Ilic, Perspektive razvoja zemlja u tranziciji. Beograd, 2005, str. 10.
[434] Французите се плашат од глобализација,-Дневник (Скопје) 07 09 2007 година , стр. 3.
[435] Поинаков свет е можен, - Капитал (Скопје), 28 март 2002 година.

случаи делувањето на антиглобалистите ќе има одредено влијание во носењето на светски одлуки од страна на економски најразвиените земји.

Во неразвиените земји ќе расте вработеноста но приходите ќе останат мали. Противниците на глобализацијата во неразвиените земји ќе протестираат против зголеменото загадување, прекумерното исцрпување на природните богатства, како и против експлоатирање на ефтината работна сила.[436]

Без оглед на големиот број на противници, процесот на глобализација назапирливо оди напред. Глобализацијата носи со себе голем број на неправди но сепак иднината и мирот на цивилизациите зависи од разбирањето и соработката помеѓу политичките, духовните и интелектуалните водачи на важните светски цивилизации и корпорации.

Со паѓањето на Берлинскиот ѕид , односно со почетокот на дезинтеграција на земјите од Источниот блок ќе падне и силната идеолошка препрека за развој на глобализацијата која постоела во овие земји. Земјите од Источна Европа ќе станат свесни дека опстанок во новиот систем значи темелна промена на постоечкиот политички и економски систем. На политички план тоа ќе значи отфрлање на социјалистичкото општествено уредување и воведување на демократско уредување односно повеќепартиски систем. На економски план тоа значело отфрлање на централното планирање на економијата и воведување на пазарна економија. Тоа ќе овозможи да порасне развојот на транснационалните компании и тие ќе ги заземат и овие нови пазари.[437]

Речиси десет години истовремено ќе се одвиваат два процеса, едниот е глобализацијата а другиот постсоцијалистичката транзиција. Двата процеса заемно ќе се испреплетуваат и ќе влијаат еден на друг создавајќи низа на заемни дејства. Па така, глобализацијата ги изнудува и забрзува демократските процеси секаде, како во постсоцијалистичките земји во транзиција, така и во сосема поинакви услови, во различните цивилни или

---

[436] Голем број на угледни меѓународни компании во неразвиените земји исплатуваат многу ниски дневници, вработуваат малолетни лица и имаат лоши услови за работа.
[437] Илија Чубривиќ: Глобализација или нов светски поредок, www.pretpriemac.com

воени диктатури на Азија, Африка и Јужна и Средна Америка. Глобализацијата во источноевропските земји своето влијание ќе го оствари преку директни странски инвестиции. Најважната цел на мултинационалните корпорации при нивното инвестирање во Источна Европа ќе биде освојувањето на овие нови пазари, а за компаниите од Источна Европа најважна цел ќе биде привлекување на странски капитал кој што им бил повеќе од потребен. Компаниите од Источна Европа за да станат дел од овој процес на глобализација ќе мора да се прилагодуваат на тој начин што ќе мора да направат промена во маркетингот, истражувањето и развојот, човечките ресурси, а веројатно промена и во сите функции и нивно прилагодување со глобалниот Пазар.[438] Од една страна интензивната глобализација ќе биде важен катализатор на постсоцијалистичката транзиција, а од друга страна пак не би постоела таа глобализација, не во таков размер и со таква динамика, да не учествувал во тој процес до неодамна посебниот и затворен социјалистички свет со население од околу 1,6 милијарди луѓе, со гигантски ресурси и голема потенцијална потрошувачка на добра и услуги кои ги доставува светското стопанство.[439]

Системските пазарни преобразби што се случуваат во постсоцијалистичките држави во транзиција сами по себе имаат суштинско значење за глобализацијата. Либерализацијата, поврзана со стабилизацијата, има врска со процесот на отворање на стопанствата, кои дотогаш имале релативно затворен карактер. Овој процес, либерализација и учество во глобализацијата за овие држави ќе значи побрз раст или во услови на рецесија, побавен пад.[440] Сите овие реформи ќе доведат до директни странски инвестиции во постсоцијалистичките стопанства, што ќе доведе до забележителен раст во овие стопанства.[441] Особено во раните години,

[438] Blas Valter: Uticaj globalizacije na Istočnu Evropu. Megatrend revija br. 1, 2005, str. 109-129.
[439] Milardović, A.; Globalizacija, PanLiber, Osijek-Zagreb-Split, 2001, str.9.
[440] Гжегож Колодко, Op. cit., 27.
[441] Меѓународните инвеститори особено интензивно ќе го пробиваат телекомуникацискиот и енергетскиот сектор бидејќи таму се очекувале најголеми добивки а од друга страна пак со инветирањето во овие сектори ќе дојде до подобрување на квалитетот на услугите кои ги нудат истите.

државите на релативно повиско ниво на развој (како на пример Бугарија и Романија) се развиваа побрзо отколку државите кои имаа релативно повисоко ниво на производство, а и повисока животна стапка (како на пример Унгарија и поранешна Чехословачка).[442] Транзициската рецесија траеше до три години, во најдобар случај т.е. во Полска од половината на 1989 година до половината на 1992 година. Само четири земји (Полска во 1996г., Словенија во 1998 г., Словачка во 1999 г. и Унгарија во 2000 г.) ќе успеат во текот на десет години да го обноват нивото на производство од пред транзицијата. Времетраењето на рецесијата во овие земји ќе биде пократко од другите затоа што тие ќе се обидат да ги реформираат своите стопанства уште во рамките на претходниот систем односно уште во 80-тите години.

Во еден подолг временски период демократијата го помага и олеснува процесот на растот, бидејќи е во состојба да ги корегира грешките на стопанската политика. Во постсоцијалистичките земји, демократизацијата ќе биде една од главните сили што ќе овозможат одржување на темпото на раст на долг врменски период. Од економска гледна точка моделот на централно планирано стопанство, соочен со изменетата глобална економска средина, мораше да падне поради недостаток на способност за приспособување. Глобализацијата, од една страна донесе опасности за земјите неспособни да се приспособат, а од друга страна пак создаде можност за поправање на неефективниот систем. Институциите наследени од минатото мораат да се трансформираат поради нивната слабост односно за да може да ја зголемат својата способност да го потпомагаат развојот. Спојот од соодветна политика и добри институции за постсоцијалистичките земји значеше успешна интеграција во процесот на глобализација. Но во раната фаза на транзицијата поради слабоста на структурните реформи овој процес тешко ќе се одвива и се случуваше транзициската рецесија да се преобрази во транзициска депресија.[443] Квалитетот на иституциите поврзан со квалитетот на

442 Истата оваа појава ќе се случува и во поранешниот СССР каде што кавкаските и среднoазиските републики се развиваа многу побрзо отколку источноевропските.
443 Vladislav Panov: Dzozef Stiglic Nobelovac među antiglobalistma.-Печат (интернет портал србије), септембар 5, 2011 година.

политиката зависи од способноста на елитата да формулира долготрајни визии за развојот. Во голема мера тоа зависи и од влијанијата на истовремениот тековен процес на политичка либерализација, односно демократизација. Искуството на земјите во транзиција потврдува дека создавањето на институции зема замав дури тогаш кога ќе се наталожат проблемите.[444]

Меѓународните организации кои укажуваат техничка и финансиска помош, условена со водење на адекватна политика и реализација на соодветни реформи, исто така придонесуваат за напредокот во постсоцијалистичките земји во процесот на глобализација. Благодарение на глобализацијата, трансферот на нови технологии од понапредните региони значително придонесува за порастот на сите нови пазари, меѓу кои и на постсоцијалистичките. Големата вредност на директните странски инвестиции, заедно со другите технологии и умешности на управување, значително ќе влијае на спречувањето на бегство на човечкиот капитал. Постсоцијалистичките земји кои што најбрзо ќе го завршат процесот на транзиција (како на пример Полска и Унгарија) ќе апсорбираат поголем дел од странските инвестиции и први ќе зебележат наплив на квалификувана работна сила. Тоа значи дека повеќе квалификувани работници ќе доаѓаат во тие држави отколку што ќе ги напуштаат. Тоа се однесува и на населението, кое што ја напушта својата земја во потрага по подобро платена работа, сега тоа се почесто неа ќе може да ја најде и во сопствената земја, во домашниот дел од светското стопанство.[445] Постсоцијалистичките стопанства ќе бидат еден од главните корисници на привилегиите на процесот на глобализација. Но сликата нема да биде еднообразна, бидејќи значителна улога ќе играат геополитичките фактори. Во најдобра ситуација ќе бидат земјите од Централноисточна Европа кои што најбрзо ќе завршат со процесот на

[444] Дейвид Калео, Да преосмислим бъдещето на Европа. Њу Џерси: „Военно издателство", 2003, стр. 212.
[445] Европа може да го спречи одлевањето на мозоци од новите членки, - Капитал (Скопје), 8 јуни 2004 година.

транзиција, со преговорите и влегувањето во Европската Унија.[446] Интеграцијата во Европската Унија може да ја зголеми долгорочната стапка на растот и трансферот на стоки од Западна Европа во Централноисточна Европа.

Теоретски, за развојот на постсоцијалистичкото стопанство, глобализацијата всушност создава повеќе можности отколку опасности. Истовременото одвивање на процесите на глобализација и транзиција значи дека капиталистичките односи успешно го опфаќаат целиот свет, вклучувајќи го и постсоцијалистичкиот дел. За жал во повеќето постсоцијалистички земји ќе бидат создадени зависни пазарни капиталистички стопанства, со странски капитал што ќе доминира во клучните сектори, а ќе биде тесно поврзан со локалните групи на интереси и локалната олигархија. Глобализацијата ќе влијае и на ограничување на слободата на транзициските земји што се однесува до изборите што се вршат во областа на економската политика, како и што се однесува до начините на конструирање на институциите на пазарната економија. Финансиската политика ќе мора да ја пресметуваат со глобалните барања сугерирани со посредство на ММФ (Меѓународен Монетарен Фонд). Пристапот до странско финансирање ќе биде зависен и условен од прифаќањето на условите поставени во рамките на стабилизациските пакети на ММФ. Во спротивно земјите кои што нема да се отворат за глобална односно слободна меѓународна трговија и прилив на странски инвестиции, ќе бидат осудени на неуспех. Но и покрај ваквата зависност владите во постсоцијалистичите земји реално ќе имаат огромно поле за докажување и слобода во донесувањето на сосема суверени одлуки за многу животни прашања во своите земји.[447] Неспорно е дека голем број од трансформираните постсоцијалистички

[446] Од големата квота од околу 104 милијарди долари, кои што ќе бидат директни странски инвестиции во годините од 1989 до 1999 година кон сите држави во постсоцијалистичка транзиција, околу 55% ќе бидат лоцирани во пет држави од Централноисточна Европа, најнапредните, како во стопанската преобразба, така и во преговорите во врска со членство во ЕУ. Тоа се : Чешка, Полска, Унгарија, Естонија и Словенија. Најголемата од нив, Полска ќе приграби околу 20% од вкупната квота на овие инвестиции.
[447] Гжегож Колодко, Op. cit., 90.

стопанства поради својата отвореност нанадвор веднаш ќе се заплеткаат во надворешни финансиски врски односно поради потребата од капитал и големата транзициска рецесија брзо ќе се задолжуваат, некои дури и надвор од своите можности. Тоа значи дека ќе задолжат кај развиените земји и „Светска банка" а со самото задолжување ќе мора да прифатат и одредени обврски со кои се ограничувале нивните демократски слободи. Така тие брзо ќе се фатат во стапицата на задолжувањето.[448]

Транзицијата заедно со глобализацијата како што поминува времето, се повеќе придонесува за елиминирање на структурните неправилности наследени од минатото, како и оние направени во почетните фази од транзицијата. Демократијата е една од темелните вредности на процесот на глобализација а процесот на транзиција ќе допринесе за создавање на светско демократско уредување. Со распаѓањето на социјализмот, поделбата на земјите на социјалистички и капиталистички ќе и отстапи место на поделбата на развиени земји, на земји во транзиција и на неразвиени земји. Оттаму можеме да констатираме дека транзицијата, заедно со глобализацијата ќе влијае на подобрувањето на работниот капацитет и на општата ефективност на стопанисувањето. Тоа значи дека има основа да се претпостави дека постсоцијалистичките земји ќе се карактеризираат со побрзо темпо на раст отколку просечното, во споредба со светското стопанство, а особено во споредба со развиените индустриски држави. По извесно време може да се очекува овие трансформирани стопанства да се доближат или да го достигнат нивото на развиените земји.[449]

448 Vladislav Panov: Dzozef Štiglic Nobelovac među antiglobalistma.-Печат (интернет портал Србије), септембар 5, 2011 година.
449 A. Milardović; Političke stranke – u doba tranzicije i globalizacije, CPI, Zagreb-Dubrovnik, 2006. str.95

## Заклучок

Периодот на транзиција кој што во некои земји сеуште трае ќе биде проследен со социјални и економски проблеми, со што ќе бидат отворени можности за создавање на нестабилност и кризи кои што многу лесно можеле да се претворат во кризи од пошироки размери. Значаен момент кој што ќе го забрза процесот на транзиција ќе биде смртта на Леонид Брежњев и смртта на Андропов, по што на чело на СССР ќе застане реформски ориентираниот Михаил Горбачов. Промените кои што ќе се случат во СССР ќе доведат до појава на голем број на десиденти во земјите во Источна и Централна Европа. Властите во овие земји неможеле да најдат решение и одговор на големиот број на прашања и проблеми во кои ќе се најдат. Во ситуација кога се повеќе ја губеле поддршката кај населението тие станувале се позатворени, а за да ја смират состојбата употребувале сила и се пресметувале со десидентите. Ова уште повеќе ќе го поттикне незадоволството кај народите од овие земји и желбата за реформи преку транзиција на политичките структури.

Транзицијата први ќе ја започнат Полјаците, преку т.н. „револуција на преговори" за потоа да се прошири и во другите земји како „социјалдемократизирана опозиција на реформи одвнатре" или „мирна револуција" во Унгарија, потоа „кадифена револуција" во Чехословачка, „телевизиска револуција" во Романија, граѓанска војна во СФР Југославија.[450]

Промените кои што ќе настанат во транзицискиот период, на политички план резултирале со создавање на повеќе политички партии и спроведување на избори во сите земји опфатени со транзицијата. Ова ќе води кон промена на Уставите, донесување на нови закони кои што значеле приближување кон западните демократии.

Ако го оставиме настрана политичкото и идеолошкото убедување, главен аргумент за транзицијата на општественото уредување било и сеуште е убедувањето дека спроведувањето на пазарното стопанство ќе влијае на

[450] Маргарита Пешевска, Op. cit., 170.

порастот на конкурентноста, а со тоа и на подобрување на нивото на животниот стандард и потрошувачката. Рецесијата беше очекувана појава но се очекуваше дека таа ќе трае многу кратко и дека новиот систем ќе донесе заживување и општ економски раст. Но реалноста ќе биде сосема поинаква и рецесијата на транзицискиот период ќе трае значително подолго отколку што се очекуваше, а обновата на националниот доход нема да се одвива, во некои случаи и сеуште не се одвива без проблем. Помошта од високоразвиените капиталистички земји исто така понекогаш ќе се покаже како илузија, бидејќи во реалноста често ќе се случува да не биде помош за постсоцијалистичките стопанства, туку исклучително за дел од нивната политичка елита, која што им е наклонета на наизглед дарежливите донатори во замена за реализација на нивните интереси. Наместо брзо заживување и економски раст ќе има долга рецесија која што ќе се претвори во транзициска депресија и ќе се провлекува во целата декада на 90-тите години, а на нивото од 1989 година земјите од Централна и Источна Европа ќе се вратат едвај во 2000 година. Ваквиот напредок иако не претставувал голем успех сепак ќе биде од големо значење за продолжување на процесот на транзиција и интегрирање на новите демократии во Европското демократско семејство односно Европската Унија.

И покрај сите проблеми со кои што се соочувале и ќе се соочуваат земјите од Источна Европа ќе го пронајдат својот пат до Западот и влез во Европската Унија. Повеќето земји ќе бидат примени во Европската Унија и покрај нивната неподготвеност и нецелосното исполнување на барањата и условите за членство. Примањето на овие земји во Европската Унија ќе претставува витален безбедносен и политички интерес на Западот без оглед на тоа што тие ќе претставуваат голем економски товар. Со примањето на земјите од источната граница на Австрија и Германија, кои што заедно со Полска не надминуваат повеќе од шеесет милиони жители, ќе биде направен заштитен кордон помеѓу Европската Унија и Истокот особено Русија.

Историско прашање е дали Централна и Источна Европа ќе биде рамноправен дел од новата Европа или само нејзин периферен дел, што и ќе

биде во текот на раната современа и современата историја. Кои земји успешно ќе се интегрираат во Европа? Повеќе од сигурно е дека неможе да се очекува дека само еден пат ќе биде заеднички за сите нив и дека различните историски фактори веројатно ќе одиграат одлучувачка улога во порастот на бројните разлики меѓу овие земји. Западниот дел од Источна Европа бидејќи многу долго и припаѓал на Западна Еропа, користејќи ја поволната внатрешна и меѓународна состојба но и врските кои што постоеле од средниот век па наваму, многу лесно ќе се приближи кон Западот. Останува прашањето дали останатите земји кои што успешно ќе ја завршат транзицијата ќе станат дел од Западот во кој што никогаш не биле или тоа ќе остане само нивен сон. Дали и покрај исполнувањето на условите поставени во Копенхаген од 1993 година ќе бидат поставувани нови услови за членство. Зошто некои земји како Грција, Шпанија и Португалија влегоа во ЕУ само според редоследот на нивното ослободување од диктатурата, а првите источно-европски земји кои побарале влез (освен Источна Германија) чекаа подолго од 14 години од завршувањето на Студената војна.[451] Среднорочно прашање во надворешните односи на ЕУ е ширење на членството кон Источна Европа. Тоа е реалност и се случува, но прашање е кои земји ќе бидат вклучени и кога. Проширувањето ветува не само забележителни економски и социјални промени во Источна Европа, туку и значајно реорганизирање на рамнотежата на силите внатре во ЕУ.[452]

Стравот од глобализацијата кај поголемите и економски посилни земји во Европската Унија, како што се Франција, Белгија, Германија и Австрија, ќе влијае на успорување на процесот на проширување на Унијата. Но повеќе од сигурно е дека ако Европа го исклучи Балканот од проширувањето, тој самиот ќе влезе во ЕУ, но преку илегално вселување на шверцот на дрогата и криминалот.

[451] Martin J. Dedman,The Origins and Development of the European Union 1945-95. London and New York: „Routledge", 1996 godina, str. 127.
[452] Џон МекКормик, Разбирање на Европската Унија. Скопје: „Интерграфика" 2004, стр. 224.

*Користени извори:*


1. Андов Стојан, На мој начин. Скопје 2003.
2. Ачкоска Виолета, Македонија во Југословенската федерација од 29.11.1943-08.09.1991. Скопје 2001.
3. Ачкоска Виолета, Судирот на КПЈ и ИБ во 1948 и радикализација на југословенската аграрна политика 1949-1953 со посебен осврт на Македонија. -Гласник ИНИ (Скопје),42/2 (1998)
4. Berend Ivan, Centralna i Istočna Evropa 1944-1993. Podgorica, 2001 godina
5. Beck, Ulrich. Što je globalizacija?, Vizura, Zagreb, 2001.
6. Bohlen Charles, Svedok povjesti. Zagreb 1973 godina.
7. Boniecki Jerzy, Niesamowity rok 1991. Warsaw 1992.
8. Brezezinski Zbigniev, "The birth and death of comunisim in the twentieth century". London 1990.
9. Blas Valter: Uticaj globalizacije na Istočnu Evropu. Megatrend revija br. 1, 2005.
10. Deacon Bob, The New Eastern Europe, Social Policy Past, Present and Future. London, Newbury Park: Sage Publications 1992.
11. Глигоров Киро, Македонија е се што имаме. Скопје 2002.
12. Havel Vaclav, Selected Writtings 1964-1990. Selected and edited by Paul Wilso. New York: Knopf. 1991.
13. Havel Vaclav, "Paradise Lost" in The New York Review of Books. 1992.
14. Јовиќ Борисав, Последњи дани СФРЈ: Изводи из дневника. Београд: „Политика", 1995.
15. Reisen Helmut, Disequilibrium Prices and External Debt: Europe and Latin America in the World Economy, New Haven. Yale University 1985.
16. Kowalik Tadeusz, Creating Economic Foundation for Democracy. Paper presented at UCLA, 1994.
17. Kozminski K. Andrzej, "Transition from Planned to Market Economy: Hungary and Poland Compared" in Studies in Comparative Communism. 04 December 1992.

18. Kisinder Henri , Diplomatija. Kn. II, Beograd 1999.
19. Ulc Oto, "The Rule of the political right in Post-Communist Czech-Slovakia" in democracy and Righi-Wing Politics in Eastern Europe in the 1990s. Boulder: European Monographs, 1993.
20. Wolicki Krzystof, Rozmowa z Professor Ewa Letowska. Warsaw 1992.

***Користена литература:***


1. Berend Ivan, Centralna i Istočna Evropa 1944-1993. Podgorica, 2001 godina.
2. Блажевска Катерина, Десет години македонски плурализам - Македонија(1989-1999) Скопје 2001.
3. Васовиќ В. и Гоати В., Избори и изборни систем. Београд 1993.
4. Carothers Tomas, "Weastern Civil Society Aid to Eastern Europe and the Former Soviet Union". European Constitutional Review 55/1999.
5. Dedman J. Martin,The Origins and Development of the European Union 1945-95. London and New York: „Routledge", 1996 godina.
6. Дейвид Калео, Да преосмислим бъдещето на Европа. Њу Џерси: „Воено издателство", 2003.
7. Гжегож Колодко, Глобализацијата и перспективите за развој на постсоцијалистичките земји. Скопје: „Магор", 2004.
8. Гжегож Колодко, Twenty yars of perestroika. Moskow, 2005.
9. Yoji Koyama, Транзиција и европската интеграција на Бугарија и Романија.(реферат презентиран на четвртата годишна сесија на Источноевропската конференција во Варшава), 2007.
10. Политичка мисла, Скопје: Конрад Аденауер, септември 2009.
11. Кевин Уилсън и ян ван дер Дусен, История на европейската идея. София: „Военно издателствог 2004.
12. Историја, Младинска книга. Скопје, 2009 година.
13. Историô внешне$ политики СССР 1945-1976, том II, Москва: „Наука" , 1977 година.
14. Други светски рат том III, Београд: „Народна књига", 1982 година.
15. Други светски рат том I, Београд: „Народна књига", 1982 година.
16. Публикација: Слобода и развој : во економија на слободен Пазар, 1995 година.
17. Ilic Bogdan, Perpektive razvoja zemlja u tranziciji. Beograd, 2005.

18. Ionescu D., Quest of a Model: Development Strategies Under Discusion. Report on Eastern Europe. No. 39 September 28 1990.
19. Isaacs Jeremy and Taylor Downing, Cold War. London 1998.
20. Поинаков свет е можен, - Капитал (Скопје), 28 март 2002 година.
21. Европа може да го спречи одлевањето на мозоци од новите членки, - Капитал (Скопје), 8 јуни 2004 година.
22. Јеж Б., Бела књига о распаду Југославије. Љубљана: „Дело", 1994 година.
23. Кремптон Ричард, Балкан после другог светског рата. Београд 2003.
24. Кулиќ Тодор, Ревидирана историја и нов идентитет во источна Европа. 2005.
25. Лакер Волтер, Историја Европе 1945-1992. Београд: „Клио", 1999 година.
26. Marek Dan and Michael Baun, The Czech Republic and European Union. First published 2010 by Routledge 2 Park Square, Milton Park, Abingdon, Oxon OX144RN.
27. Mandelbaum Shafiqul and Michael, Economic Transformation In Eastern Europe and the Post-Soviet States. New York: Council on Foreing Realation Press, 1993.
28. Marer Paul, The Economy o Hungary: Retrospective and Prospective. Bloomington, Indiana 1993.
29. Miljković Ivana: Dvadeset godina tranzicije u Srbiju, Presing Magazin br. 67, 19 juli 2011 godina.
30. Milardović A.; Globalizacija, PanLiber, Osijek-Zagreb-Split, 2001, str.9.
31. Milardović A., Političke stranke u doba tranzicije i globalizacije, CPI, Zagreb-Dubrovnik, 2006.
32. МекКормик Џон, Разбирање на Европската Унија. Скопје 2004.
33. Милијевиќ Предраг, Берлин шта је све у питању. Београд, 1961 година.
34. Muller Liana, Roamnias Way in to the EU. European Studies Vienna, 16 avgust 2002.

35. Naimark M. Norman, The Russians in Germany: A History of the Soviet Zone of Occupation, 1945-1949. Harvard University Press 1995.

36. Натек Карел и Марјета Натек, Државите во светот. Љубљана: „Младинска книга", 2000.

37. Ners Krzysztof and Ingrid T. Buxell, Assistance to Transition Survey. Warsaw 1995.

38. Nelson Daniel N., „Sindromes of Public Withdrawal in Postcommunism". Washington, DC: The World Bank, 1995.

39. Nove Alec, "Economics of Transition: Some Gaps and Illusions". Boulder: Wesview Press, 1995, str. 220.

40. Панев Трајан, Идеи и стремежи за обликување „Нов светски поредок" во постблоковскиот период. Годишен зборник при Филозофскиот факултет-Скопје. Кн. 23/1996.

41. Panov Vladislav: Dzozef Stiglic Nobelovac medu antiglobalistma.-Печат (интернет портал србије), септембар 5, 2011 година.

42. Pavic, R. (1999.): *Uvod u Huntingtona: opće ozračje globalnih i ekonomskih prilika*, Geografskihorizont 1-2.

43. Печујлиќ М. и В. Милиќ, Политичке странке у Југославији. Београд 1990.

44. Пешевска Маргарита, Политичките промени во земјите на Источна Европа по Втората светска војна. Годишен зборник: „Универзитет Св. Кирил и Методиј" Филозофски факултет-Скопје, книга 59, 2006 година.

45. Пешевска Маргарита, Меѓународните односи по Втората светска војна. Скопје: „Менора", 1999 година.

46. Пешевска Маргарита, Светот во транзиција. Скопје: Менора, 2002 година.

47. Семиряги М. И., Страняі Центральной и Юго-восточнои Европыі по Второй мировой войне. Москва 1972.

48. Silber Laura i Allan Litl, Смрт Југославије (Превод од англиски), Београд:„Радио Б92" 1996.

49. Silber Laura, Litl Allan, Смрт Југославије (превод од англиски). Београд: Култура, 1990.
50. Sipos Aldar and Halmai Pal, Jelenkori agrarproblemak in Magyar Tudomany. Budapest, 1993 godina.
51. Соколов А. К., В. Тяжельникова С., Курс Советской истории 1941-1991. Москва: „Вьíсшая школа" 1999.
52. Стаменковски Алекса, Одбрана НАТО. Скопје: „Ѓурѓа", 1997 година.
53. Troxel L., "The Political Spectrum in Post-Comunist Bulgaria". Boulder: East European Monographs, 1993.
54. Transition.The Newsletter about Reforming economies. The World bank, may1992, No. 5, Vol. 3.
55. Чубривиќ Илија: Глобализација или нов светски поредок, www.pretpriemac.com
56. Основана Партија за демократски просперитет. - Дневник (Скопје) XVLI/15527 (16 април 1990), стр. 2.
57. Легализирање на новите партии. - Дневник (Скопје) XVLI/15523 (12 април 1990) стр. 1.
58. Триумф на комунистите. - Дневник (Скопје) XVLI/15776 (25 декември 1990), стр. 6.
59. Коалиција на левицата. - Дневник (Скопје) XVLI/15629 (22 јули 1990),стр. 2.
60. Нова политичка партија на левицата. - Дневник (Скопје) XLVI/15616 (15 јули 1990), стр. 3.
61. Кучан Милан-Победник. - Дневник (Скопје) XLVI/15535 (24 април 1990)стр. 4.
62. Успех на опозицијата во вториот круг. - Дневник (Скопје) XLVI/15776 (25 декември 1990), стр. 1.
63. Одржани првите повеќепартиски избори во Словенија. - Дневник (Скопје) XLVI/15520 (9април 1990), стр. 1.

64. Полска е новото европско економско чудо, - Нова Македонија (Скопје), 22597 (06 06 2012) стр. 3.
65. Романија и Бугарија со огномет го одбележааа приклучувањето кон ЕУ, - Дневник (Скопје), 3265 ( 02 01 2007 година), стр. 6.
66. Германија прослави 20 години од падот на ѕидот. - Нова Македонија (Скопје) 21833 (10 ноември 2009), стр.1.
67. Триумфално враќање на Елцин. - Нова Македонија (Скопје) XLV15149 (28 март 1989).
68. Конзервативците во жестока офанзива. - Нова Македонија (Скопје) XLVI15568 (8 јули 1990), стр. 4
69. Перестројката мора да продолжи. - Нова Македонија (Скопје) XLVI/15563 (3 јули 1990), стр. 7.
70. Германија слави 20 години од падот на ѕидот. -Нова Македонија (Скопје) 21833, (9 ноември 2009), стр. 1.
71. Падот на Берлинскиот ѕид. - Македонска нација (Скопје) 9 ноември 2009 година, стр.1.
72. Французите се плашат од глобализација, - Дневник (Скопје), 07 септември 2007 година.
73. Голем успех на бившите комунисти. - Нова Македонија (Скопје) XLVII/16082 (31 октомври 1991), стр. 9.
74. Заврши тркалезната маса. - Нова Македонија (Скопје) XLV15158 (6 април 1989), стр. 6.
75. Марковиќ Анте: Југославија може и без СКЈ. - Нова Македонија (Скопје) XLVI/15445 (24 јануари 1990) стр. 4.
76. http://eu.kormany.hu/the-history-of-hungarian-eu-membership
77. http://en.poland.gov.pl/Poland%E2%80%99s,way,to,UE,458.html
78. http://europejskiportal.eu/id02en.html
79. http://dublin.msz.gov.pl/en/dublin_ie_a_56/economic_section/polands_eu_membership/
80. http://www.slovak-republic.org/eu/

81. http://www.usnews.com/opinion/blogs/economic-intelligence/2013/01/02/slovakia-showcases-the-benefits-of-the-european-union

82. http://www.mzv.cz/hague/en/general_information_on_the_czech/the_czech_republic_and_the_eu/the_czech_republic_s_way_to_the_eu.html

83. http://news.bbc.co.uk/2/hi/europe/6220591.stm

84. http://en.wikipedia.org/wiki/2007_enlargement_of_the_European_Union

85. http://www.nytimes.com/2007/01/02/world/europe/02union.html

86. http://www.mzp.cz/en/czech_republic_and_the_european_union

87. The Czech Republic entering the European Union - International ...
ieconf2000.euweb.cz/Cervenanska%20EUpaper.doc

*Содржина*

Предговор ........................................................................................1

Вовед.................................................................................................3

**Глава I: Комунизмот во Европа..................................................10**

1. Промените во земјите на Источна Европа по Втората светска војна...........................................................................................10

2. Воспоставување и функционирање на еднопартискиот систем во земјите на народна демократија.............................................13

а) Германија.................................................................................15

б) Чехословачка............................................................................33

в) Полска......................................................................................44

г) Романија....................................................................................51

д) Унгарија....................................................................................54

ѓ) СФР Југославија.........................................................................55

3. Советскиот Сојуз и неговото влијание во Источна Европа..........................................................................................61

4. Тенденциите и ободите за ослободување од влијанието на СССР до 80-те години.....................................................................71

Глава II: **Транзицијата во земјите од Источна Европа..........................................................................................78**

1. „Перестројката" во СССР и промените во Источна Европа..........................................................................................78

2. Промените во односите помеѓу Советскиот Сојуз и Западниот свет...................................................................................................86

3. Политичките промени во Источна Европа и воспоставување на демократска власт...........................................................................89

а) Падот на Берлинскиот ѕид..........................................................91

б) Распаѓање на државниот социјализам во Полска....................97

в) Распаѓање на државниот социјализам во Унгарија................100

г) Распаѓање на државниот социјализам во Чехословачка........105

д) Распаѓање на државниот социјализам во Романија.................109

ѓ) Распаѓање на државниот социјализам во СФР Југославија...114

**Глава III: Трансформацијата по 1989 година и создавање на парламентарната демократија.................................................................120**

1. Градење на парламентарната демократија.............................120

2. Транзицијата во земјите од Источна Европа кон приватна пазарна економија..........................................................................138

3. Улогата на странската помош во транзицијата кај земјите од Источна Европа..............................................................................153

4. Транзицијата и нејзиното влијание врз економската состојба...............................................................................................157

5. Појавата на национализам и десен екстремизам во земјите во транзиција.............................................................................................164

6. Влезот на земјите од Источна Европа во Европската Унија.......................................................................................................168

7. НАТО алијансата, Европската унија и нивното дејствување во време на транзицијата.......................................................................179

8. Глобалозацијата и перспективите на посткомунистичките земји.......................................................................................................183

Заклучок.................................................................................................192

Користена литература..........................................................................195

Содржина................................................................................................203